РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

Б И Л Т Е Н

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ВО СКОПЈЕ

Број 1150

Скопје, 14 јули 2017 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:

проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор

Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска - Цветановска

Бр. _____

_5.8. 2013_

Скопје

Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***ѓ***', '***ќ***', '***џ***', '***ѕ***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**è**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

УКИМ-Ректорат

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

Содржина на Билтен број 1150 од 14 јули 2017 година

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје **(м-р Сеад Абази, м-р Бојан Сусинов)**.....10
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Дамјан Деновски, Ацо Велевски, Билјана Балевска-Џуклеска, Игор Спасовски, Иван Ивановски, Сашка Велковска, Лазе Штипјанов, Шпресим Ибраими, Флора Џамтовска)**.....11-12

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) бизнис-менаџмент, по предметите: Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси, на Економскиот факултет во Скопје **(д-р Љупчо Ефтимов)**.....13-31
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Мерење на динамиката на демографските промени и нивните импликации врз одржувањето на економската и социјалната сигурност во Република Македонија: трендови и проекции** од **м-р Горан Миладинов,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....32-44
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Елена Брческа, Анита Спасеска, Софија Тодоровска, Ивана Наскова, Филип Петрушевски, Зоран Кузманов, Елена Саздова, Емилија Петреска, Ивана Стојковска Ѓорѓиевска, Елена Кекеновска, Ивана Петровска, Живко Фармакоски, Давор Крстевски, Симона Макреска, Светлана Митиќ Илиевска, Верица Симјановска, Елена Спирова, Бојана Ѓурчевска, Гордана Ефтимова, Тања Атанасова, Ивана Ангеловска, Билјана Андриеска, Урош Ташев, Виолета Анѓелкоска, Кристина Караџова, Стефани Атанасовска, Надалина Пановска, Виктор Арсов)**.....45-49
4. Преглед на промена на ментор на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Стефанија Василевска)**.....50

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Практикум по анатомија за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани радиолози** од авторите: **проф. д-р Марија Папазова, проф. д-р Јулија Живадиновиќ, доц. д-р Биљана Зафирова, н. сор. д-р Елизабета Чадиковска, н. сор. д-р Билјана Бојаџиева-Стојаноска, н. сор. д-р Аце Додевски и ас. д-р Билјана Трпковска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....51-62
2. Рецензија на ракописот **Практикум по анатомија за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани медицински сестри и техничари** од авторите: **проф. д-р Марија Папазова, проф. д-р Ники Матвеева, доц. д-р Биљана Зафирова, н. сор. д-р Елизабета Чадиковска, н. сор. д-р Билјана Бојаџиева-Стојаноска, н. сор. д-р Аце Додевски и ас. д-р Билјана Трпковска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....63-72
3. Рецензија на ракописот **Практикум по анатомија за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани логопеди** од авторите: **проф. д-р Марија Папазова, проф. д-р Ники Матвеева, доц. д-р Биљана Зафирова, н. сор. д-р Елизабета Чадиковска, н. сор. д-р Билјана Бојаџиева-Стојаноска, н. сор. д-р Аце Додевски и ас. д-р Билјана Трпковска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....73-78
4. Рецензија на ракописот **Практикум по анатомија 3 за студентите од општа медицина** од авторите: **проф. д-р Ники Матвеева, проф. д-р**

Јулија Живадиновиќ, доц. д-р Биљана Зафирова, н. сор. д-р Елизабета Чадиковска, н. сор. д-р Билјана Бојациева-Стојаноска, н. сор. д-р Аце Додевски и ас. д-р Билјана Трпковска, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....79-86

5. Рецензија на ракописот **Практикум по анатомија за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани физиотерапевти** од авторите: **проф. д-р Јулија Живадиновиќ, проф. д-р Ники Матвеева, доц. д-р Биљана Зафирова, н. сор. д-р Елизабета Чадиковска, н. сор. д-р Билјана Бојациева-Стојаноска, н. сор. д-р Аце Додевски и ас. д-р Билјана Трпковска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....87-92
6. Рецензија на ракописот **Практикум по анатомија 1 за студентите по општа медицина** од авторите: **проф. д-р Марија Папазова, проф. д-р Јулија Живадиновиќ, доц. д-р Биљана Зафирова, н. сор. д-р Елизабета Чадиковска, н. сор. д-р Билјана Бојациева-Стојаноска, н. сор. д-р Аце Додевски и ас. д-р Билјана Трпковска,** пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје.....93-102
7. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје **(м-р Мирјана Димовска, м-р Влатко Коколански, м-р Мухамед Таири, м-р Ардита Кервеши Сулејмани)**.....103
8. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје **(Катерина Николоска, Бранка Петровска-Басевска, Башким Османи, Смиљана Бундовска-Коцев, Катерина Бошковска, Тед Трајчески, Данијела Војтикив-Самоиловска, Гордана Дамјановска)**.....104-105

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Ангел Ристов)**.....106-150
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Механизми на контрола врз регулаторните органи во Република Македонија** од **м-р Аргтим Салиу,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....151-158
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Историски и правни аспекти на приватизацијата на градежното државно земјиште во Република Македонија и во Косово** од **д-р Берат Аќифи,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....159-171
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(Александра Трајковска, Ангела Мирјаноска, Сања Мирчевска, Антон Симјановски, Маја Димчева, Ристе Трајков, Тери Шатановска, Елизабета Настов, Александар Ристоски, Јованка Поп Димитрова, Олга Стрезоска, Сандра Јовановска, Александра Мицкова, Дејан Костадинов Петров, Тамара Димитровска, Слободанка Ациоска, Игор Стојчевски, Весна Богдановиќ, Хекуран Рецепи, Александра Стојковска, Димитар Димовски, Тамара Василевска, Фросина Поповска, Владимир Богоевски, Мартина Глигорова, Марија Петровска, Стефан Димовски)**.....172-176

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на физиологијата и имунологијата на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Митко Младенов)**.....177-234
2. Рецензија за оцена на доктортската дисертација **Истражување на одделни ензимски и хистолошки биомаркери, компаративна анализа кај црната мрена од аквакултура и од природна популација во реката**

Вардар од **м-р Газменд Исени,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....235-243

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во насловно звање во наставно-научните области текстилно механичко инженерство и хемија на текстилот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Емилија Тошиќ)**.....244-256
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Горазд Чепишевски, Тефик Велија)**.....257

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(Моника Стојанова, Благојче Ивановски)**.....258

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Сања Боневска, Никола Мицковски, Ана Чолакоска, Владимир Ѓоргиевски, Веле Силјаноски, Бојан Јанески, Наумче Ивановски, Мериса Биберовиќ, Ивана Бошковска, Верица Узунова, Гоце Врглески, Иван Гочев, Ивана Ангеловска, Александра Вирановска, Дејан Чабуковски, Марко Јовановски, Мартин Матески, Васко Стевоски)**.....259-262

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Љупчо Антовски)**...263-284
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(д-р Панче Рибарски)**....285-302
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Препознавање на растителни видови преку обработка на слика и машинско учење** од **м-р Петре Ламески**, пријавена на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.....303-308

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Реферат за избор на наставници во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) вокално пеење по предметот Соло пеење на Факултетот за музичка уметност во Скопје, без засновање работен однос **(м-р Славица Галиќ Петровска, м-р Весна Ѓиновска Илкова)**.....309-321
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Ефекти на наставата по предметот Музичка уметност во средни училишта од прилепскиот регион според нивоата на знаењата на учениците** од **м-р Татјана Ивановска,** пријавена на Факултетот за музичка уметност во Скопје.....322-326

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): дефендологија-50501, внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност, мирот и евроатлантските интеграции-51511(друго) на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Зорица Салтировска)**.....327-342
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини) класична археологија, грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Аситија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Антонио Јакимовски)**.....343-355
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Родовата димензија на политичката партиципација во Европската Унија и Република Македонија** од **м-р Маја Манчевска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....356-362
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Оливера Никодиновска, Нита Старова Спироска, ма Јакимовска, Сања Несторовска, Андреа Велинова, Бљерта Јакупи)**.....363

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор во звањето редовен професор во наставно-научните области: народна книжевност и теорија и историја на цивилизацијата, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Нина Анастасова Шкрињариќ)**.....364-390
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Топонимијата во Радовишко** од **м-р Зоран Спасовски,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....391-398
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Бојан Петревски)**.....399
4. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(Мирјана Липковска, Маја Трајановска)**.....400

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Данче Бошковски, Бошко Стојановски, Милена Петрушева, Јасемин Фејзула Имери, Јасна Сивевска, Кирил Самојловски, Александра Мизговска, Емилија Ѓорѓиовска, Васил Насковски, Мато Гласновиќ, Даниела Трајчевска, Ивана Вељаноска, Гордана Иловска, Мартин Арсовски, Маја Смилевска Кокаловиќ, Славица Јовановска Краљевска, Светлана Чивчиристова, Габриела Николовска, Јоана Станич, Елена Ивановска)**.....401-405

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје **(Ивана Блажевска-Ристовска, Бисерка Велковска-Блажева, Благица Ангеловска, Даница Гавриловска)**.....406-407

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-прави истражувања во Скопје **(Фидан Колев, Бојана Генова, Иван Ѓорѓиевски, Јована Богеска)**.....408

ПРЕГЛЕД

НА ОДОБРЕНА ТЕМ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**	**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата**	
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	М-р Сеад Абази	“Геотехничко моделирање на проблемот на интеракција за длабоки темели фундирани во сложени геотехнички услови“	"Geotechnical modeling of interaction for deep foundations foundered in complex geotechnical conditions"	проф. д-р Милорад Јовановски	27.06.2017 02-2/90-91
2.	М-р Бојан Сусинов	“Геотехничко моделирање на хидромеханичкото однесување на незаситени почви“	"Geotechnical modelling of hydromechanical behaviour of unsaturated soils„	проф. д-р Јосиф Јосифовски	27.06.2017 02-2/90-115

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Ред бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	**Дамјан Денковски, дипл. град. инж.,**	**„Експериментално и аналитичко истражување на однесување на механички анкери“,**	**"Experimental and analytical research of behavior of mechanical anchors"**	**доц. д-р. Денис Поповски,**	02-2/109 од 27-06-2017
2	**Ацо Велевски, дипл.град.инж**	**“Примена на веројатносни техники за проектирање на длабоки темели“,**	**"Application of theory of probability and reliability in design of deep foundations"**	**Проф. д-р Милорад Јовановски,**	02-2/110 од 27-06-2017
3	**Билјана Балевска - Цуклеска, дипл.геод.инж**	**„Израмнување на тридимензионални геодетски мрежи“,**	**"Leveling of three-dimensional geodetic networks"**	**Доц. д-р Митре Насевски**	02-2/111 од 27-06-2017
4	**Игор Спасовски, дипл.геод.инж.,**	**“Примена на современата геодетска мерна технологија за површински копови“,**	**"Application of modern geodetic measuring technology in mining measurements"**	**Проф. д-р Златко Србиноски**	02-2/112 од 27-06-2017
5	**Иван Ивановски, дипл.геод.инж., број на досие 143**	**“Функционалните карактеристики на општина Виница некогаш и денес и**	**"Functional characteristics of the Municipality of Vinica from it’s forming until today, and how to**	**Проф. д-р Јован Јованов**	02-2/108 од 27-06-2017

		како да се дојде до нивно подобрување“	**achieve a better future"**		
6	**Сашка Велковска, дипл.инж.геот.,**	**“Корелации помеѓу резултати од теренски и лабораториски геотехнички испитувања на хидројаловишен песок“,**	**"Correlations between results from field and laboratory Geotechnical investigations on sands from tailing dams "**	**доц. д-р Јован Папиќ**	02-2/107 од 27-06-2017
7	**Лазе Штипјанов, дипл.маш.инж.,**	**“Подобрување на енергетската ефикасност на објектите со примена на „АВАДУКТ ТЕРМО „ системите“**	**„Improving of energy efficiency of buildings by using the “AWADUKT TERMO” systems“**	**Проф. д-р Мери Цветковска**	02-2/104 од 27-06-2017
8	**Шпресим Ибраими, дипл.град.инж.**	**“Сеизмички одговори на А.Б. рамовски конструкции со исполна од ѕидарија со вклучена интеракција почва-конструкција“,**	**"Seismic responses of reinforced concrete frame structures with masonry infill, with soil-structure interaction included"**	**доц. д-р Коце Тодоров**	02-2/105 од 27-06-2017
9	**Флора Џамтовска, дипл.град.инж. ,**	**“Управување со ризици при реализација на инфраструктурни проекти“,**	**"Risk management of infrastuctural projects"**	**доц. д-р Маријана Лазаревска**	02-2/106 од 27-06-2017

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) БИЗНИС-МЕНАЏМЕНТ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И МЕНАЏМЕНТ НА ПЕРФОРМАНСИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултет - Скопје, објавен во весниците „Дневник” од 31.5.2017 година и „Коха” од 29.5.2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) бизнис-менаџмент, по предметите: Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1202/3 од 27.6.2017 година, донесена на седницата одржана на 23.6.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Димитар Бојаџиоски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Олгица Блажеска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Благоја Ѓорѓијовски, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) бизнис-менаџмент, по предметите: Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси, во предвидениот рок се пријави доц. д-р Љупчо Ефтимов.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Љупчо Ефтимов е роден на 18.11.1978, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 1998 година. Со високо образование се стекнал на Економскиот факултет во Скопје во 2004 година на департманот по менаџмент. Дипломирал на 17.3.2004 година, со просечен успех 9,26.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2004/2005 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на МБА - менаџмент на Економскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2009 година, со просечен успех 9,89. На 13.5.2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Еволуција на мерењето и управувањето на организациските перформанси.*

Докторска дисертација пријавил во 2009 година на Економскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Примена на Balanced Scorecard системот за управување со организациските перформанси во високото образование во Р. Македонија* ја одбранил на 13.9.2012 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Димитар Бојаџиоски, проф. д-р Бобек Шуклев, академик Таки Фити, проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски и проф. д-р Љубомир Дракулевски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

На 30.11.2012 година е избран во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје во областа бизнис-менаџмент, по предметот Менаџмент на човечки ресурси.

Во моментот е доцент. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1041 од 1.11. 2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1041 од 1.11. 2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ/Економски факултет - Скопје, кандидатот доц. д-р Љупчо Ефтимов изведува настава и вежби на прв циклус студии по предметите: Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси, на втор циклус студии по предметите: Стратегиски менаџмент на човечки ресурси, Менаџмент на перформанси и Современи предизвици на менаџментот на човечките ресурси, на студиската програма Стратегиски менаџмент на човечки ресурси и по предметот Менаџмент на човечки, на студиската програма Сметководство и ревизија.

Кандидатот бил ментор на 126 дипломски трудови.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 126 дипломски, на 34 магистерски трудови и на 6 докторски дисертации.

Кандидатот е автор на интерна скрипта за предавања по предметот Менаџмент на перформанси под наслов: Ефтимов Љупчо, (2013), *Управување со резултати*, Економски факултет - Скопје.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Доц. д-р Љупчо Ефтимов има објавено вкупно 14 научни трудови, од кои 5 труда со оригинални научни резултати објавени во научни/стручни списанија, 2 труда со оригинални научни резултати објавени во стручни/научни популарни списанија со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд со оригинални научни резултати објавен во стручно/научно популарно списание, 4 труда со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир и 1 труд објавен во зборник на трудови на високообразовна институција. Во изборниот период, доц. д-р Љупчо Ефтимов има одржано и 1 пленарно предавање и 1 секциско предавање на научни/стручни собири во земјата или во странство.

Во изборниот период, доц. д-р Љупчо Ефтимов бил учесник во 1 меѓународен и 1 национален научен проект.

Кандидатот бил ментор на 20 магистерски трудови.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.
Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Доц. д-р Љупчо Ефтимов е особено активно вклучен во стручно-апликативната работа на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатот доц. д-р Љупчо Ефтимов остварил бројни експертски активности во организација на Економскиот факултет во Скопје или по барање на други реномирани стопански институции и деловни организации како Стопанската комора на Р Македонија, НБРМ, Институтот за менаџерско и бизнис образование Концепт, М6 Едукативниот центар-Скопје, Македонската развојна фондација за претпријатија, Македонската асоцијација за човечки ресурси, ЕВН Македонија и Осигурување Македонија. За потребите на нивните вработени, менаџери, членови и клиенти има креирано и во улога на главен обучувач има реализирано преку 20 најразлични обуки наменети за личен и деловен развој.

Кандидатот бил координатор во подготовката на елаборатот за отворање на новата студиска програма на 2. циклус студии на Економскиот факултет во Скопје која поминала успешна акредитација во 2013 година и успешна реакредитација во 2017 година.

Стручен редактор е на 1 книга од проектот „Преведување на 1000 стручни и научни книги и учебници од кои се учи на врвните и најреномираните универзитети во САД и Англија а од областа на правото во Франција и Германија“, спроведени преку МОН на Република Македонија.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој на Економскиот факултет во Љубљана при Универзитетот во Љубљана, Словенија, во 2015 година.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на комисии и тела на државни и други органи, комисии на државни натпревари, како и здруженија, стручни комисии и работни групи кои се залагаат за унапредување на професијата менаџмент на човечки ресурси:

- член на Работната група за подготовка на стратегијата „Stop brain drain” за периодот 2013-2020 година при Министерството за образование и наука на Р Македонија;
- член на *Управниот одбор на Македонската асоцијација на човечки ресурси*, Скопје, Р Македонија;
- член на *Комитетот за човечки ресурси при Националниот совет за претприемништво и конкурентност на Република Македонија*;
- член на *Техничкиот комитетот за менаџмент на човечки ресурси при Институтот за стандардизација на Република Македонија*;
- член на *Советодавниот одбор на Бизнис центарот за тренинг и обука при Стопанската комора на Р Македонија;*
- член на национална жири-комисија за *избор на најдобар HR-менаџер за 2014, 2015 и 2016 година во Р Македонија,* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси;

- член на меѓународна жири-комисија за *избор на најдобрите бизнис-идеи* развиени и презентирани на меѓународната претприемачка конференција "SummerJam Croatia-Where Small Business Go Global", одржана во Пакоштане-Задар, Хрватска, во организација на Економскиот факултет во Сплит, Бизнис- инкубаторот на Економскиот факултет во Сплит и студентската организација AIESEC Croatia во периодот од 23 до 27.8.2014 година;
- член на *Комисијата за избор на најдобриот труд од областа на менаџментот на човечките ресурси од Р Македонија* номиниран на конкурсот за Европска награда за најдобар МЧР есеј за 2013 година која ја доделува European Association for People Management-EAPM.

Доц. д-р Љупчо Ефтимов активно е вклучен во работата на бројни комисии на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ, и тоа:

- член на *Централната комисија за самоевалација на Економскиот факултет во Скопје*;
- член на *Комисијата за изработка на нова предлог-систематизација на работните места на Економски факултет во Скопје во состав на УКИМ*;
- член на *Комисијата за организација на настаните: Алумни и Свечена академија по повод 65 годишнина од основањето на Економскиот факултет во Скопје;*
- член на *Работната група за истражување на пазарот заради организирање курс по Human Resource Development in Performance Driven Organization;*
- член на *Комисијата за упис на студенти*;
- член на *Библиотечниот одбор на Економскиот факултет во Скопје.*

Кандидатот е главен и одговорен уредник на стручното списание *Човечки капитал,* во издание на Македонската асоцијација за човечки ресурси, потоа е член на меѓународниот уредувачки одбор на меѓународното научно списание *Journal of Human Resource Management* од Словачка, а воедно бил и член на уредувачкиот одбор на списанието *Годишник на Економскиот факултет во Скопје*.

Кандидатот во изборниот период бил член на програмските одбори на 4 меѓународни научни конференции одржани во странство, како и член на организациските одбори на 5 меѓународни стручни конференции одржани во Р Македонија.

Бил член на 1 рецензентска комисија за избор на демонстратор.

Во изборниот период, доц. д-р Љупчо Ефтимов учествувал во изготвување и пријавување на 1 меѓународен научно-образовен и 1 развоен проект.

Кандидатот доц. д-р Љупчо Ефтимов е раководител на студиската програма Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на 2. циклус студии на Економскиот факултет во Скопје.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот. Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот доц. д-р Љупчо Ефтимов, во периодот од последниот избор во звањето доцент, заклучно со учебната 2016/2017 година, во континуитет добива позивтивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Економскиот факултет во Скопје, и тоа: по предметот Менаџмент на човечки ресурси, вкупна просечна оценка од 9.73, и по предметот Менаџмент на перформанси. вкупна просечна оценка од 9.82, за последните пет учебни години.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Љупчо Ефтимов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот (вкупно пресметани 266,7 поени, од кои во наставно-образовната дејност - 138,1 поен, во научно-истражувачката дејност – 68,1 поен и во стручно-апликативната дејност - 60,5 поени) од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Љупчо Ефтимов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област бизнис-менаџмент, по предметите: Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, доц. д-р Љупчо Ефтимов да биде избран во звањето вонреден професор во научната област бизнис-менаџмент, по предметите: Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Димитар Бојаџиоски с.р.**
2. **Проф. д-р Олгица Блажеска с.р.**
3. **Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски с.р.**

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Ефтимов Ристо Љупчо**

Институција: **Економски факултет - Скопје**

Научна област: **бизнис-менаџмент**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Одржување на настава [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби] Прв циклус студии ▪ Менаџмент на човечки ресурси 5*4*15*0.04=12 ▪ Менаџмент на човечки ресурси-втора паралелка 2014 2016 2*4*15*0.04=4.8 ▪ Менаџмент на човечки ресурси-Струга (2013) 1*4*15*0.04=2.4 ▪ Менаџмент на човечки ресурси-Велес (2014 2015) 2*4*15*0.04=4.8 ▪ Менаџмент на човечки ресурси-Проект 35/45 1*4*15*0.04=2.4 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси 5*4*15*0.04=12 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси-втора паралелка 1*4*15*0.04=2.4	61.6

	▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси-Струга (2013) 1*4*15*0.04=2.4 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси-Проект 35/45 (2013) 1*4*15*0.04=2.4 <u>Втор циклус студии</u> ▪ Стратегиски менаџмент на човечки ресурси (СМЧР) 3*40*0,05=6 ▪ Менаџмент на перформанси (СМЧР) 3*40*0,05=6 ▪ Современи предизвици на менаџментот на човечките ресурси (СМЧР) 1*40*0.05=2 ▪ Менаџмент на човечки ресурси (Сметководство и ревизија) 1*40*0,05=2	
	<u>Настава во школи и работилници</u> [раководител 1,5, учесник 1 поен] ▪ Предавач на работилницата на тема “Time management“ на Career Center-настанот во организација на АИЕСЕК ЛК Скопје, јануари 2009. ▪ Предавач на работилницата на тема “What (not) to do on your job interview“ на Career Center-настанот во организација на АИЕСЕК ЛК Скопје, јануари 2009. ▪ Говорник и водител на панел дискусијата “HR Panel” на Career Center-настанот во организација на AIESEC Македонија одржан на Економски факултет-Скопје на 21.2.2014. ▪ Говорник и модератор на 1. Панел-дискусија на „Лидерство преку вешти, смели и инспиративни индивидуи“, *Macedonian Youth to Business Forum* во организација на AIESEC Македонија и Економски факултет-Скопје, Македонија, 5.12.2014 (презентер на истражување и модератор на првата панел-дискусија). ▪ Говорник и модератор на “Application of Human Resources Management Standards in the Field of Standardizations”, *international TAIEX workshop* in organization of European Commission’s DG Enlargement in co-operation with Standardization Institute of Macedonia held in Skopje, 14.11.2014. ▪ Говорник и модератор на 1та панел дискусија на “Don’t drain your brain”, Macedonia Youth to Business Forum, [работилница], AIESEC, Skopje, 4.12.2015. ▪ Предавач на работилницата „Градење тим и тимска работа“, 2ра економска работлица Е-РА, Економски факултет-Скопје, 23.10.2014. ▪ „Стратегиско планирање на целите на Македонската асоцијација за човечки ресурси за 2013 година“	11

	работилница во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси, одржана во Берово, Македонија, 23-24.2.2013. ▪ „Стратегиско планирање на целите на Македонската асоцијација за човечки ресурси за 2014 година“ *работилница* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси, одржана во Берово, Македонија, 15-16.2.2014. ▪ „Стратегиско планирање на целите на Македонската асоцијација за човечки ресурси за 2015 година“ *работилница* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси, одржана во Скопје, Македонија, 21.6.2015. ▪ „Стратегиско планирање на целите на Македонската асоцијација за човечки ресурси за 2016 година“, *работилница* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси, одржана на Скопски саем во Скопје, Македонија, 19.3.2016.	
	<u>Одржување на теренска настава</u> [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава] ▪ Теренска настава (СМЧР) 2*20*0.04=1.6	1.6
	<u>Одржување на вежби</u> [неделен број на часови * број на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби] <u>Прв циклус студии</u> ▪ Менаџмент на човечки ресурси 5*2*15*0.03=4.5 ▪ Менаџмент на човечки ресурси-Струга (2013) 1*2*15*0.03=0.9 ▪ Менаџмент на човечки ресурси-Велес (2014 2015) 2*2*15*0.03=1.8 ▪ Менаџмент на човечки ресурси-Проект 35/45 1*2*15*0.03=0.9 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси 5*2*15*0.03=4.5 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси-Струга (2013) 1*2*15*0.03=0.9 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси-Проект 35/45 (2013) 1*2*15*0.03=0.9	14.4
	<u>Консултација со студенти 0.002</u>	7.1

	[број на студенти * бодување] <u>Прв циклус на студии</u> ▪ Менаџмент на човечки ресурси 2.003*0.002=4 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси 1394*0.002=2.78 <u>Втор циклус на студии</u> ▪ Стратегиски менаџмент на човечки ресурси 72*0,002=0.14 ▪ Менаџмент на перформанси 71*0.002=0.14 ▪ Современи предизвици на менаџмент на човечки ресурси 27*0.002=0.05	
	<u>Ментор на дипломска работа</u> [број на менторства * бодување 0.2] ▪ Менаџмент на човечки ресурси 86*0.2 ▪ Управување со резултати/Менаџмент на перформанси 40*0.2	25.2
	<u>Член на комисија за оцена или одбрана на докторат</u> [број на комисии * бодување 0.5] 6*0.5	3
	<u>Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура</u> [број на комисии * бодување 0.3] 34*0.3	10.2
	<u>Интерна скрипта од предавања</u> ▪ Автор на интерна скрипта за предавања по предметот *Управување со резултати*, 2013 година	4
	Вкупно	138.1

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	<u>Ментор на магистерска работа</u> **<u>20*1=20</u>**	20

	<u>Учесник во национален научен проект</u> **„Оспособување на малцинските жени погодени од конфликтот“, 2014** ЕУ-Оперативна програма за развој на човечки ресурси, во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), спроведен во 6 општини во Р Македонија	3
	<u>Учесник во меѓународен научен проект</u> “**Developing Next Generation Lieders through Applied Know-How**”, Erasmus + меѓународен проект, учесници М6 Едукативен центар-Скопје-лидер на проектот, Македонската асоцијација за човечки ресурси, Економски факултет-Љубљана од Словенија, AIDP-Асоцијација за управување со луѓе од Италија, Идеаплус од Скопје, во период 2016-2017 година	5
	<u>Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно/стручно списание</u> ▪ Eftimov, L., Ristovska, A., (2016): “**Importance of the Motivational Factors: Empirical Analysis of Students and Employees**”, *CEA Journal of Economics*, Vol 11, No. 2, 2016, pp.63-72 1*4*0,9=3,6 ▪ Eftimov, L., Trpeski, P., Gockov, G., Vasileva, V., (2016): “**Designing A Balanced Scorecard as Strategic Management System for Higher Education Institutions: A Case Study in Macedonia”,** *International Journal for Economic Theory and Practice and Social Issue Ekonomika*, Vol. 62, No. 2, pp.29-48 1*4*0,6=2,4 ▪ Mitroska, S., Eftimov, L. (2016): **“Calculating the Cost for Employee Turnover in the IT Industry in Macedonia by Using a Web Calculator”,** *Journal of Human Resource Management*, Vol. XIX, No.1/2016, pp.24-33. 1*4*0,9=3,6 ▪ Trpeski, P., Eftimov, L., Cvetanoska, M., (2016): “**Labor Productivity and Real Wages in Macedonia: An Overview before and after the Global Economic Crisis**”, *European Scientific Journal*, Vol. 12, No. 10 (2016), pp.352-365. 1*4*0,8=3,2 ▪ Kjosev, S., Gockov, G., Eftimov, L. (2014): “**Why is The Social Accounting Matrix Important for the Republic of Macedonia**”, *The Young Economists Journal* , Vol. 11 , No. 23 , pp. 45 – 50; 1*4*0,8=3,2	16
	<u>Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание</u> ▪ Ефтимов Љупчо, (2014): „**Европските трендови во менаџментот на човечките ресурси**“, во *Човечки*	2

	капитал Бр. 3, Март, 2014 во издание на Македонската асоцијација за човечки ресурси; стр.16-18. 1*2=2	
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор ▪ Gockov, G,. Naumovska, E., Jovanovski, K., Eftimov, L., (2015): "**Private versus Public Sector Saving-Investment Gap in the Macedonian Economy – A Comparative Study**", *Journal of International Scientific Publications Economy & Business*, Vol. 9, 2015, pp. 31-40; 1*3*0,6=1,8 ▪ Kjosev, S., Eftimov, L. (2015): **"Sustainable Development Planning - The Case of Macedonia",** *MEST Journal*, Vol. 3, No. 1 , pp. 185 - 194. 1*3*0.9=2,7	4,5
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор ▪ Eftimov, L., Kjosev, S., Trpeski, P., (2016): **"Strategic Role of Human Resource Management in Organizations in Republic of Macedonia",** In *Conference Proceedings of International Scientific Conference" Globalization Challenges and the Social- Economic Environment of the EU"* in organization of Faculty of Business and Management Sciences Novo Mesto and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 14-15.04.2016; 1*3*0,8=2,4 ▪ Zupan, N., Eftimov, L., Jovanovska, K., Petrovski, D., (2016): "**Joining efforts of employers and educational institutions to develop competent graduates**" in *Conference Proceedings of 1st International Conference "Smart Ideas and a New Concept of Economic Regeneration in Europe-SINCERE"*, Dubrovnik, Croatia 28th September – 1st October 2016. 1*3*0,6=1,8 ▪ Sasho Kjosev, Eftimov, Ljupco, (2014): "**Firefighting Unemployment In Macedonia"** In *Conference Proceedings of International Scientific Conference" Globalization Challenges and the Social-Economic Environment of the EU"* in organization of Faculty of Business and Management Sciences Novo Mesto and School of Business and Management, Novo Mesto, Slovenia, 10-11.2014; 1*3*0,9=2,7 ▪ Sasho Kjosev, Eftimov, Ljupco, (2014): **"Sustainable Development Planning - The Case of Macedonia**", In *Conference Proceedings of International Scientific Conference "Management 2014",* in organization of Faculty Of Business And Industrial Management "Union" University Belgrade And Ministry Of Education, Science And Technological Development Of Republic Of Serbia In	9,6

	Cooperation With Ministry Of Education And Science Of Ukraine, Belgrade, Serbia, 25- 26.04.2014; 1*3*0,9=2,7	
	Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир ▪ Ефтимов Љупчо, (2014): „Вработливоста на студентите и дипломците и проблемот со одлив на мозоци во Република Македонија“, Зборник на трудови од советување *Како до поголема вработливост на студентите* во организација на Македонската академија на науките и уметностите-МАНУ, Република Македонија, 14.3.2014,; стр.55-68. 1*2=2	2
	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција ▪ Ефтимов Љупчо, (2014): **„Улогата на менаџментот на човечки ресурси во услови на криза”**, *Годишник на Економски факултет-Скопје,* Том 49, стр.105-124. 1*2=2	2
	Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество ▪ “Conference for Strengthening Gestalt Therapists in CEI region”, *International Conference* in organization of Central European Initiative-CEI, Gestalt Training Institute and EMBRA Corporation, Skopje, Macedonia, 05.-06.04.2014. (*предавање со стручна презентација на тема Управување со стресот на вработените во современите организации).*	3
	Секциско предавање на научен/стручен собир ▪ Конференција за справување со причините за миграција на младите во Македонија, во организација на фондацијата „Фридрих Еберт“, Скопје, Македонија, 30.11.2015 (*секциско предавање на тема: Креирање на препораки за смалување на одливот на мозоци од Република Македонија).*	1
	Вкупно	68,1

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени

	<u>Уредник на научно/стручно списание</u> ▪ Главен и одговорен уредник на стручното списание ***Човечки капитал,*** во издание на Македонската асоцијација за човечки ресурси (2015);	2
	<u>Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание</u> ▪ Член на *Меѓународниот уредувачки одбор на меѓународното научно списание* ***Journal of Human Resource Management*** – Slovakia	1
	<u>Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма</u> ▪ Координатор во подготовката на новата студиска програма на 2. циклус студии-Стратегиски менаџмент на човечки ресурси (2012/2013)	1
	<u>Експертски активности:</u> ▪ „**Менаџерски вештини за управување со човечки ресурси**“, професионална обука во организација на Стопанска комора на Република Македонија, Скопје, 20-21.4.2017; 24-25.4.2017; 5-6.6.2017; (одржани 45 часа обука во 3 дводневни модули-во улога на главен обучувач) ▪ „**Иновативност на работното место-континуирано подобрување и иновација**“, еднодневна обука одржана во НБРМ, 29.5.2017 година (одржани 4 часа обука од вкупно 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Иновативност на работното место-континуирано подобрување и иновација**“, еднодневна обука одржана во НБРМ, 22.5.2017 година (одржани 4 часа обука од вкупно 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Управување со луѓе и развој на менаџерски вештини кај раководители**“, дводневна обука одржана во НБРМ, 8-9.5.2017 година (одржани 8 часа обука од вкупно 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Управување со луѓе и развој на менаџерски вештини кај раководители**“, дводневна обука одржана во НБРМ, 4-5.5.2017 година (одржани 8 часа обука од вкупно 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Личен развој на вработените**“, дводневна обука одржана во НБРМ, 29-30.3.2017 година (одржани 8 часа обука од вкупно 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Личен развој на вработените**“, дводневна обука одржана во НБРМ, 9-10.2.2017 година (одржани 8 часа обука од вкупно 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач)	21

	▪ „**Како до поголема ангажираност на вработените**“, еднодневна обука одржана во НБРМ, 22.12.2016 година (одржани 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Ефикасно управување со времето и водење на состаноци**“, еднодневна обука одржана во НБРМ, 29.11.2016 година (одржани 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Корпоративно управување-Corporate governance**“, петдневна обука одржана во М6 Едукативниот центар-Скопје, во рамки на Erasmus + проектот: Развивање на следната генерација лидери и менаџери низ применето знаење во период од 10-14.10.2016 година (одржани 5 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Менаџерски вештини за управување со човечки ресурси**“, едномесечна сертифицирана обука за менаџерско образование во организација на Бизнис-центар за тренинг и обука при Стопанската комора на Република Македонија, 22.9-28.10.2016 (одржани 48 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Демистификација на mystery shopping бизнисите**“, професионална обука во организација на Институт за менаџерско и бизнис-образование „Концепт“, 16.5.2016 (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Унапредување на комуникациските и професионалните вештини**“, дводневна професионална обука во организација на Македонската развојна фондација за претпријатија за невработени жени од етничките малцинства во источниот регион на РМ, одржана во Берово, 27-28.4.2016 (одржани 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Унапредување на комуникациските и професионалните вештини**“, дводневна професионална обука во организација на Македонската развојна фондација за претпријатија за невработени жени од етничките малцинства во источниот регион на РМ, одржана во Виница, 26-27.4.2016 (одржани 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Унапредување на комуникациските и професионалните вештини**“, дводневна професионална обука во организација на Македонската развојна фондација за претпријатија за невработени жени од етничките малцинства во источниот регион на РМ, одржана во Кочани, 20-21.4.2016 (одржани 8 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Што да (не) направите на вашето интервју за работа/пракса**?“, еднодневна обука одржана на Економскиот факултет во Скопје, на 7.3.2016 година (одржани 4 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Како иновативноста во набавката ја унапредува успешноста во работењето?“,** професионална обука во организација на Институт за менаџерско и бизнис-	

	образование „Концепт“, 18-19.2.2016 (одржани 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ **„Максимизирање на вредноста на Одделот за набавки во ЕВН Македонија А.Д. Скопје низ процесот на подобрување на мотивацијата на вработените и воведување на иновации во работењето“,** професионална обука, во организација на ЕВН Македонија А.Д. Скопје и Институт за бизнис-образование „Концепт“, 23-24.12.2015 (одржани 16 часа обука во улога на главен тренер и обучувач) ▪ „**Етички дилеми во работењето на осигурителните компании**“, професионална обука, во организација на Осигурување Македонија А.Д. Скопје-Виена Иншуренс Груп, Скопје, 9.6.2015; 29.9.2015; 5.11.2015 (одржани вкупно 12 часа обука во улога на главен обучувач) ▪ „**Стресот во современото работење на осигурителните компании**“, професионална обука, во организација на Осигурување Македонија А.Д. Скопје-Виена Иншуренс Груп, Скопје, 29.10.2015; 19.11.2015 (одржани вкупно 8 часа обука во улога на главен обучувач) ▪ „**Менаџерски вештини за управување со човечки ресурси**“, професионална обука, во организација на Стопанска комора на Република Македонија, Скопје, 14-15.5, 2-3.6, 11.6.2015 (одржани 45 часа обука во 3 модули-во улога на главен обучувач)	
	<u>Студија, физибилити студија, истражување на пазарот</u> [учесник/соработник 1 поен] ▪ Член на Работната група за истражување на пазарот заради организирање курс по Human Resource Development in Performance Driven Organization 0404-1079/1	1
	<u>Учество во работа на комисии за државни натпревари</u> ▪ Член на комисијата за избор, оценка и рецензија на најдобриот труд од областа на менаџментот на човечките ресурси од Р Македонија номиниран на конкурсот за Европска награда за најдобар МЧР есеј за 2013 година, која ја доделува European Association for People Management-EAPM (25.5.2013) (1 поен)	1
	<u>Учество во промотивни активности на факултетот</u> ▪ Учество во промотивни активности „Отворени денови на Економски факултет - Скопје“ во Скопје 2013, 2014, 2015 и 2016; 4 периоди * 0.5 поени= 2.0 ▪ Учество во промотивни активности на Факултетот во Радовиш во 2015 и 2016 година;	3

	2 периоди * 0.5 поени=1	
	<u>Член на национална жири-комисија</u> ▪ Член на национална жири-комисија за *избор на најдобар HR менаџер за 2016 година во Р Македонија,* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси ▪ Член на национална жири-комисија за *избор на најдобар HR менаџер за 2015 година во Р Македонија,* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси ▪ Член на национална жири-комисија за *избор на најдобар HR менаџер за 2014 година во Р Македонија,* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси	3
	<u>Член на меѓународна жири-комисија</u> ▪ Член на меѓународна жири-комисија за избор на најдобрите бизнис-идеи развиени и презентирани на меѓународната претприемачка конференција "SummerJam Croatia-Where Small Business Go Global", одржана во Пакоштане-Задар, Хрватска, во организација на Економскиот факултет во Сплит, Бизнис-инкубаторот на Економскиот факултет во Сплит и студентската организација AIESEC Croatia во периодот од 23 до 27.8.2014 година.	2
	<u>Лекторирање на трудови на македонски/странски јазик</u> ▪ Стручен редактор на преводот на книгата *Модерна индустриска организација* 4. издание, или во оригинал: "*Modern Industrial Organization"* – 4th edition, Dennis W. Carlton and Jeffrey M. Perloff, Addison Wesley, 2009.	1
	<u>Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание</u> ▪ Член на ***Уредувачкиот одбор*** на списанието ***Годишник на Економскиот факултет-Скопје,*** во периодот од 2013 – 2017	0.5
	<u>Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир</u> 9*1=9 ▪ Член на *Научниот одбор на Меѓународната научна конференција „Менаџмент 2016",* во организација на Факултетот за бизнис и индустриски менаџмент при Универзитеот Унион - Никола Тесла од Белград и Министерството на образование, наука и технлошки развој на Република Србија, одржана во Белград, Србија (5-6.5.2016 година). ▪ Член на *Научниот одбор на Меѓународната научна конференција „Менаџмент 2014",* во организација на Факултетот за бизнис и индустриски менаџмент при	9

	Универзитеот Унион - Никола Тесла од Белград и Министерството на образование, наука и технолошки развој на Република Србија, одржана во Белград, Србија (25-26.4.2014 година). ▪ Член на *Научен одбор на Меѓународната научна конференција "Fight Against Fraud & Corruption 2014-Forensics and Prevention",* во организација на Факултетот за деловно индустриски менаџмент при Универзитетот „Унион" во Белград и Министерството за труд и социјални работи на Р Србија (11-12.12.2014). ▪ Член на *Програмскиот одбор на Меѓународната научна конференција "Globalization Challenges And The Social-Economic Environment Of The EU",* во организација на Faculty of Business and Management Sciences Novo Mesto, School of Business and Management Novo Mesto, Slovenia (10-11.4.2014). ▪ Член на *Организациски одбор на 9. Меѓународна конференција "The best HR solutions for facing challenges in fast growing industries",* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси одржана во Скопје, Македонија, (31.5-1.6.2017). ▪ Член на *Организациски одбор на 8. Меѓународна конференција "Employee Engagement & Future Competencies for Economic Well-being!",* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси одржана во Скопје, Македонија, (13-14.10.2016). ▪ Член на *Организациски одбор на 7. Меѓународна конференција "HR Experience & Innovation",* во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси одржана во М6 Едукативниот центар-Скопје, Македонија (30.10.2015). ▪ Член на *Организациски одбор на 6. Меѓународна конференција "HR Standards & Best Practices"*, во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси одржана во М6 Едукативниот центар-Скопје, Македонија (03.10.2014). ▪ Член на *Организацискиот одбор на 5. Меѓународна конференција во "HR Significance and ROI in HR"*, во организација на Македонската асоцијација за човечки ресурси одржана во М6 Едукативниот центар-Скопје, Македонија (18.10.2013).	
	<u>Студиски престој во странство</u> [до 3 месеци 0.5поени] ▪ Erasmus + студиски престој во рамки на програмата за мобилност на академски кадар на University of Ljubljana, Slovenia, Faculty of economics in Ljubljana (1-7.9.2015) 1*0.5	0.5
	<u>Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект</u> [носител-2, соработник-1]	2

	▪ "Support for alternative tourism in leveraging benefits in the Cross-Border Region Polog – Diber", Cross-Border Cooperation Programme Instrument for Pre-Accession Assistance (IPA), Component II, 2010 ▪ -Doctoral studies in the field of Economics and Business at the University "Ss. Cyril and Methodius" in Skopje (DEBUSS), Submission number: 511301-TEMPUS-1-2010-1-NL-TEMPUS-JPCR, 2010	
	Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) ▪ Член на оперативната група за подготовка на Стратегијата „Stop brain drain" за периодот 2013-2020 година при Министерство за образование и наука на Р Македонија.	2
	Учество во комисии и тела на државни или други органи ▪ Член на *Комитетот за човечки ресурси при Националниот совет за претприемништво и конкурентност на Република Македонија*. ▪ Член на *Техничкиот комитет за менаџмент на човечки ресурси при Институтот за стандардизација на Република Македонија*. ▪ Член на *Советодавниот одбор на Бизнис-центарот за тренинг и обука-Охрид при Стопанската комора на Р Македонија* (17.4.2014). ▪ Член на *Управниот одбор на Македонската асоцијација на човечки ресурси*, Скопје, Р Македонија (од јуни 2012 година).	4
	Член на факултетска комисија ▪ Член на *Централната комисија за самоевалуација на Економскиот факултет во Скопје* во периодот од 26.4. 2013 – 2017. ▪ Член на *Библиотечниот одбор на Економскиот факултет во Скопје* во период од 29.11. 2013 – 28.11.2017. ▪ Член на *Комисијата за изработка на нова предлог-систематизација на работните места на Економскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ*. ▪ Член на *Рецензентска комисија за избор на демонстратор по предметите: Менаџмент на човечки ресурси и Менаџмент на перформанси*. ▪ Член на *Комисијата за организација на настаните: Алумни и Свечена академија по повод 65 годишнина од основањето на Економскиот факултет во Скопје* 1.7.2015. ▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2012/2013. ▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2013/2014. ▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2014/2015.	4,5

	▪ Член на *Комисијата за упис на студенти во учебната* 2015/2016.	
	<u>Раководител на постдипломски студии</u> ▪ *Раководител на студиската програма од 2. циклус студии - Стратегиски менаџмент на човечки ресурси на Економскиот факултет во Скопје*	2
	Вкупно	60,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	138,1
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	68,1
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	60,5
Вкупно	266,7

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски с.р.
2. Проф. д-р Олгица Блажеска с.р.
3. Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕРЕЊЕ НА ДИНАМИКАТА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКАТА И СОЦИЈАЛНАТА СИГУРНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ“ ОД М-Р ГОРАН МИЛАДИНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлука број 02-295/4 од Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, донесена на седницата одржана на 3.3.2017 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Миладинов со наслов МЕРЕЊЕ НА ДИНАМИКАТА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКАТА И СОЦИЈАЛНАТА СИГУРНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ во состав: проф. д-р Верица Јанеска (претседател), проф. д-р Весна Буцевска (ментор), проф. д-р Гордана Билибиловска (член), проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ (член), и проф. д-р Марија Ацковска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Миладинов под наслов *Мерење на динамиката на демографските промени и нивните импликации врз одржувањето на економската и социјалната сигурност во Република Македонија: Трендови и проекции* содржи 284 страници компјутерски обработен текст со 1,5 проред и големина на букви 12, со 167 библиографски единици.

Трудот е систематизиран во четири глави, заклучоци и завршни согледувања, како и библиографија.

Во воведната **(прва) глава** се образложени методолошкиот пристап (предмет, цели, тези и хипотези) и емпириският пристап, т.е. користените методи и податоци. Овде е прикажана и теоретската основа на истражувањето, а даден е

и преглед на литература од претходни истражувања. Истражувањето, главно, се темели на теоријата на демографска транзиција. Во теоретскиот осврт за многу нискиот фертилитет, меѓугенерациските трансфери, работната сила и продуктивноста застапени се различни економски теории.

За да се разбере поширокиот контекст на истражувањето, **во втората глава** под наслов ***Динамика на фертилитетот и формирање на семејството*** направени се анализи на динамиката и тенденциите на фертилитетот и промените во семејните модели во текот на подолг временски период. Во период од нешто повеќе од 30 години, населението во Македонија забележува значително опаѓање на фертилитетот. Значајна карактеристика на фертилитетот во Македонија е неговата хетерогеност според нивото на образование, етничка припадност или религиозна вероисповед, или, пак набљудувано според одделните региони во Македонија. Како и секаде во Европа, така и во Македонија постои генерален тренд да се одложуваат клучните демографски настани како што се: напуштањето на домот на родителите, стапувањето во брак и станувањето на родител. Врз интензитетот на овие промени е согледано и идентификувано и влијанието на економскиот развој и останатите општествени околности во државата.

Во **третата глава,** ***Демографските и социо-економските импликации како резултат на демографските промени*** се анализираат демографските и некои од социо-економските импликации како резултат на демографските промени, пред сè набљудувано во однос на промените во старосната структура на населението и демографското стареење на населението. Изработени се проекции за вкупното население, како и проекции според старосната и половата структура на населението во Македонија до 2026 година со примена на методот на компоненти, т.е. аналитичкиот метод. Врз основа на изработените проекции за населението според старост и ефектите од демографските промени направена е проценка на работоспособното население и коефициентите на старосна зависност до 2026 година. Исто така, моделиран е порастот на населението во Македонија и направени се проекции за порастот на населението до 2030 година со примена на универијантни модели. На крајот од оваа глава анализирани се состојбите со мобилноста и пазарот на трудот, меѓународната мобилност и нивните влијанија врз демографските процеси, со посебен осврт на искуствата во Македонија.

Во **четвртата глава,** ***Моделирања на морталитетот и примена на модели за проекции и предвидувања на економската и социјалната сигурност во Република Македонија***, се изнесени заклучоците од моделирањето и проекциите на морталитетот, каков е одразот врз трошоците за здравствена заштита, меѓугенерациските трансфери и одржливоста и еквилибриумот на пензискиот систем во Македонија до 2040, 2050, односно 2060 година. Исто така, презентирани се заклучоците за проекциите за учеството на пензиите како процент од БДП, за соодносот осигуреници-пензионери, проекциите за пензионерите до 2050 година, за веројатноста за зголемување на возраста за пензионирање, а исто така се прикажани и сценарија за зголемување и намалување на стапката на придонеси. На крајот од оваа глава е специфициран динамичен микросимулационен модел што е искористен за симулации и сценарија за ендогените променливи во моделот, а тоа се: трошоците за пензии, бројот на осигуреници и процентот на БДП наменет за трошоци за пензии под различни претпоставки на голем број од егзогените променливи во моделот. Во контекст на спроведените моделирања и проекции разгледани се и евидентирани соодветни политики и компаративни искуства од други земји поврзани за социо-економскиот развој и идните демографски трендови и е направена анализа на нивните имликации врз пензискиот систем, начинот на пензионирање и функционирањето на здравствениот и системот на социјална заштита.

Заклучоците и завршните согледувања содржат систематизација на добиените резултати и заклучоци кои произлегуваат од истражувањето, како и идни предлог-политики од страна на авторот во контекст на добиените резултати и потврдените хипотези, а кои што можат да бидат од бенефит за Република Македонија во иднина. Врз основа на теоретските и емпириските докази, дисертацијата сумира портфолио на политики кои што можат да бидат од бенефит за Македонија. Комплексната природа на демографските промени и сложените социо-економски фактори јасно го класифицираат главниот опфат на политиките. Во прв план се посочуваат политиките кои ќе влијаат на намалување на невработеноста и динамизирање на економскиот развој. Понатаму, се предлага во идните реформи на пензискиот систем да се вклучат механизми на социјална заштита со цел инклузија на населението кое не може да оствари право на пензија

и фаворизирање на политики за инвестирање во човечкиот капитал и политики за еднаков пристап на пазарот на трудот.

На крајот од докторската дисертација е прикажана библиографијата. Во функција на реализација на истражувачките цели користена е обемна домашна и странска литература од најразлични извори (учебници, книги, публикации, стручни списанија, годишници, прирачници, извештаи, документи, интернет извори и сл.). Преовладуваат насловите од странската литература и англосаксонското говорно подрачје, но не е за занемарување и наведената домашна литература. Сумарно, докторската дисертација содржи 168 библиографски единици.

Предмет, цели и задачи на истражувањето

Предмет на оваа докторска дисертација е анализа на микро- и макроинтеракцијата помеѓу индивидуалното однесување, демографските промени и економските и социјалните промени во Република Македонија. Поконкретно, истражувањето се фокусира на методите и техниките за проценување и проекции на потенцијалните ефекти од комплексните демографски процеси, како и на согледувањето на импликациите од демографските промени (нискиот фертилитет и стареењето на населението) врз пензискиот систем, пазарот на труд, социјалната сигурност, здравствената заштита и економската благосостојба во државата. Во рамките на тезите претставени се три значајни трансмисиони механизми според кои опаѓањето на населението може да има негативни последици. Со ова истражување се настојува да се даде придонес во правец да се подобрат и да се стекнат нови сознанија за демографските промени и стареењето на населението, со посебен осврт на нивните импликации во општеството.

Краток опис на применетите методи

За истражувањето кое е предмет на оваа докторска дисертација користени се официјални податоци за периодот 1992-2015 година објавени од Државниот завод за статистика, Фондот за ПИОМ и други релевантни институции од Република Македонија. Покрај споменатите институции, извор на податоци за ова истражување беа и урнек-проектираните податоци за различни демографски

индикатори за Македонија, според различни сценарија изработени од страна на други реномирани меѓународни институции. Претставени се повеќе познати методи за проучување и анализирање на популационите трендови и на демографските и социо-економските импликации како резултат на демографските промени. Во таа насока, предложени се и неколку нови методи и пристапи, како и неколку модификации и проширувања на постојните методи за проучување и анализирање на споменатите прашања. Истражувањето се темели главно на статистичкиот, економетрискиот, демографскиот и математичкиот метод. При моделирањата и проекциите до 2030, 2040, 2050 или 2060 година во најголем дел беше користен економетрискиот софтвер EViews.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Врз основа на идентификуваните емпириско-истражувачки резултати, исто како и врз основа на теоретските проучувања, произлегоа низа резултати од истражувањето кое е предмет на оваа докторска дисертација, што сублимирано ги претставуваме во продолжение:

- Како последица на демографските трендови, се предвидува процес на стареење на населението и на намалување и стареење на работната сила. Процесот на стареење ќе ги промени постојните социјални и економски односи.

- Во период од нешто повеќе од 30 години во Македонија се забележува процес на значително опаѓање на фертилитетот. Така, вкупната стапка на фертилитет (TFR) се намали од 2,98 деца по жена во 1970 на 1,95 деца по жена во просек во 1995 година, кога, всушност, фертилитетот во Македонија падна под нивото за замена. Забележителна карактеристика на фертилитетот во Македонија е неговата хетерогеност според нивото на образование, етничка припадност или религиозна вероисповед или, пак, набљудувано според одделните региони во Македонија. Друга значајна карактеристика за фертилитетот е релативно малиот број на раѓања надвор од бракот: само 11,0% изнесува учеството на живородени деца надвор од брак во 2015 година, споредено со околу 10% на почетокот на новиот милениум и околу 7% на почетокот на 90-тите години.

- Помеѓу променливите: вкупна стапка на фертилитет, стапка на невработеност и стапка на пораст на просечните плати постои Granger каузалност. Утврдена е и еднонасочна каузалност со негативна насока од стапката на пораст на просечните плати врз вкупната стапка на фертилитет.

- Резултатите од VAR-моделот јасно и недвосмислено го потврдуваат доминантниот економски пристап за фертилитетот кој што беше развиен од страна на Gary Becker (1981), кој ја објаснува негативната врска помеѓу порастот на приходот на домаќинствата и фертилитетот со воведувањето на концептот квалитет или инвестирање по дете.

- Анализата на промените во старосните групи покажува дека досегашните и идните тенденции се мошне неповолни за идниот демографски развој во нашата држава, што се потврдува и со проекциите на реномираните меѓународни институции кои се однесуваат за Македонија. Така, во периодот до 2050 година се очекува значително зголемување на старото население 65+ и континуирано опаѓање на учеството на младите под 20 години. Учеството на лицата 65+ во вкупното население во Р Македонија се предвидува да биде 19% до 2030 и се очекува да достигне 27% во 2050 година. Додека учеството на населението од 0 до19 годишна возраст се очекува да биде 20% од вкупното население во 2030 и да достигне до 18% во 2050 година во Македонија.
- Нискиот фертилитет и емиграциите придонесоа да имаме специфичен модел на пораст во Македонија карактеристичен за постарите кохорти од населението (2% за лицата 65+ и -1.53% за лицата од 0 до 19 години за периодот 1996-2015 година). Според добиените параметри од оценетиот универијантен модел се очекува дека во наредниот период до 2030 година, стапката на пораст на населението да се намалува. Така, според добиените проекции од AR(1) моделот, ако стапката на пораст на населението во Македонија во 2015 изнесувала 0,13%, во 2016 и 2017 година се очекува да се намали на 0,12% и на 0,10% респективно. Намалувањето константно ќе продолжи започнувајќи од 2018 година. Тоа значи дека во 2020 ќе биде сè уште позитивна, 0,05% и ќе остане позитивна до 2022 година.

Почнувајќи од 2023 се очекува негативна стапка на пораст, а за 2025 се проценува да биде на ниво од -0,04% , а до 2030 година стапката на пораст на населението се очекува да се спушти под -0,10% , при што не се исклучени и влијанијата на случајните и непредвидени интервенции во моделот. Со ARMA-моделот резултатите за проекциите покажуваат тенденција на порапидно и поголемо опаѓање на стапката на пораст на населението за наредниот период до 2030 година.

- Според проекциите на населението изработени со методот на компоненти, т.е. аналитичкиот метод со варијанта за константни стапки на фертилитет, морталитет и хипотеза затворено за миграции, населението во Македонија во наредниот период ќе се зголемува до почетокот на 2021, а за 2026 година како во однос на 2021 година, така и во однос на 2016 година се забележува негово намалување.
- Со помош на методот на директно пресметување е одредено дека првата демографска дивиденда за периодот од 1996 до 2015 година придонела за зголемување на околу 18,20% на БДП по жител набљудувано кумулативно за истиот период во Македонија.
- Според проценките и анализите од изработените проекции на населението за 2021 и 2026 година и од согледувањата на проекциите за движењето на овие соодноси на подолг рок, објавени од страна на ОН, без сомнение се очекува понатамошна тенденција на забрзано зголемување на вредностите на коефициентот на вкупната старосна зависност (од 47,6 пред почетокот на 2026, до ниво од 70 во 2050 година), зголемување на старосната зависност на старите (од 24,1 пред 2026, до околу 40 до 2050 година) и стагнирање на нивото на старосна зависност на младите во наредните декади (околу 24 - 25).
- Според добиените проекции од регресиониот модел за трошоците за здравствена заштита и практично се потврдува дека зголемувањето на учеството на постарите (стареењето на населението) во вкупното население комбинирано со зголемување во очекуваното траење на животот (долговечноста) има јасно влијание врз сè повисоките трошоци во здравството и овие променливи се сметаат за клучен детерминирачки фактор во објаснувањето на сè поголемите трошоци во здравството.

Проектираност износ на издатоци за здравствена заштита во 2040 година е со скоро тројно зголемување на трошоците во однос на 2015 година, а во однос на почетниот период за 1995 година, зголемувањето на вкупните трошоци за здравствена заштита се проценува да биде за повеќе од шест пати. Ова се реперкусии од процесот на демографско стареење и овој тренд се очекува да се зголемува сè повеќе во иднина.

- Врз основа на оценетиот регресионен модел за Македонија за периодот 1992-2015 година беа направени проекции за соодносот на трансферите, т.е. проекции за одржливоста или еквилибриумот на пензискиот систем сè до 2060 година. Соодносот на трансфери го дава односот на просечната пензија во однос на просечниот бруто домашен производ по вработено лице, што е директна мерка за продуктивноста. Овој однос на трансфери може да се намали или како резултат на намалување на просечната пензија или како резултат на тоа што продуктивноста се зголемува. Феноменот на намалување на соодносот на трансфери во Македонија за наредниот период се претпоставува дека ќе биде под влијание на намалувањето на просечните пензии во однос на нето-платите и на зголемувањето на продуктивноста и забрзаниот економски раст. Соодносот на трансфери ќе се намалува интензивно почнувајќи од 2025 година, па натаму.

- Со помош на динамичкиот ARMA-модел направени се проекции за пензиските трошоци што ќе се одвојуваат од страна на буџетот и проекции за соодносот осигуреници-пензионери до 2060 година. Согласно со проекциите од моделите после 2030 година се очекува поизразено намалување на пропорцијата за пензиски трошоци што ќе се одвојуваат од страна на Буџетот кога се очекува да се спушти под 6% во периодот пред 2050, а во периодот 2050-2060 година се очекува да се движи помеѓу 4% и 5%. Соодносот помеѓу осигурениците и пензионерите според проекциите се очекува значително да се намалува по 2030 година, а пред 2050 година, т.е. околу 2048 и овој сооднос се очекува да биде 1,2 осигуреника на 1 пензионер, за до 2060 година да се достигне критичното ниво на соодносот од 1 осигуреник на 1 пензионер. Во оваа насока се и добиените резултати од регресионите модели за проекциите за пензионерите и проекциите за соодносот на осигуреници-пензионери кои покажуваат дека бројот на

пензионерите во наредниот период до 2050 година континуирано ќе расте, достигнувајќи над 430.000 пензионери во 2050 година, а трендот на соодносот ни кажува дека сé помалку осигуреници ќе плаќаат за сè поголем број на пензионери, достигнувајќи ниво од 1,23 осигуреник на 1 пензионер во 2050 година. Според добиените проекции за финансиската одржливост на пензискиот систем веќе во периодот од 2040 до 2045 па сè до 2060 година се забележува значителен тренд на стабилизирање и придвижување кон достигнување финансиски еквилибриум, кога се очекува дека волуменот на наплатените придонеси од работниците ќе се приближува кон износот на пензии што се исплаќаат на пензионираните лица.

- Во контекст на спомнуваните мерки за одржливоста на пензиските системи добиени се резултати од две сценарија за зголемувањето на дефицитот на Фондот за периодот 2010-2080 година, со намалена и со зголемена стапка на придонеси. Доколку стапката на придонес би била 21,2% во целиот проекциски период од 70 години, тогаш просечната вредност на процентот на дефицитот од БДП за стапка на придонес од 21,2% во наредните 70 години би бил намален за 50,26% , во однос на просечната вредност на процентот на дефицитот од БДП за првото сценарио со намалените стапки на придонеси.

- Со примена на динамичките микросимулациони модели утврдени се ефектите од одредени демографски и економски променливи врз ендогените променливи во моделот: процентот од БДП наменет за пензии, вкупните трошоци за пензии и бројот на осигурениците. Користејќи детерминистички и стохастички симулации и Gauss-Seidel-алгоритамот и модел со систем од 3 равенки добиени се 3 идни сценарија за вкупните пензиски трошоци, за процентот од БДП наменет за пензии и за бројот на осигуреници во иднина модифицирајќи одредени демографски и социо-економски карактеристики со одредени претпоставки или варијанти за да се случат. Трошоците за вкупните пензии ќе се зголемат повеќе од трикратно во однос на 2015 доколку во периодот 2016-2050 година продолжи континуирано зголемување на пропорцијата на стари лица 65+ (1,6%-1,9%) просечно годишно, намалување на невработеноста за 1,5%

или 2%, зголемување на стапката на реалниот пораст на БДП (3,5% и 4,5%), умерено зголемување на вкупната стапка на фертилитет за 0,3%, намалување на соодносот осигуреници-пензионери за 1,4% годишно, задржување на стапката на морталитет на исто ниво околу 1% и до 2050 година и намалување на просечната пензија во однос на нето-платата за 1% во просек годишно. Разликата кај вкупните трошоци за пензии и во првото и во второто сценарио е многу мала, околу 3 милијарди денари зголемување според второто сценарио каде што има варијанта за поголемо зголемување на пропорцијата на старите (1,9%) но во исто време и поголемо зголемување од 4,5% на стапката на реалниот пораст на БДП во однос на првото сценарио (3,5%).

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Миладинов со наслов МЕРЕЊЕ НА ДИНАМИКАТА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКАТА И СОЦИЈАЛНАТА СИГУРНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ претставува научно истражување од областа на демографијата. Кандидатот елаборира значајна и актуелна проблематика поврзана со демографските промени и нивниот одраз на економската и социјалната сигурност. Научната значајност на ова истражување се согледува во разбирањето на процесот на демографско стареење и какви ефекти има стареењето врз поединците и врз општеството и како се поврзани економската и социјална сигурност со демографските промени. Главниот придонес на ова истражување е преку анализирање и проучување на новите стекнати податоци и состојби од оваа област да се даде одговор на предизвиците во однос на тоа како може системот на социјална сигурност и пазарот на трудот да се приспособат на идните демографски промени и под кои услови можат да бидат задоволени императивите на меѓугенерациската солидарност. Како особено значаен научен предизвик во текот на истражувањето се наметнаа прашањата за зголемување на возраста за пензионирање, зголемување и намалување на придонесите за пензии како најчесто споменувани мерки за одржливоста на пензискиот систем, како и ставовите за идниот дизајн на пензискиот систем и за пензионирањето. Во дисертацијата, кандидатот дава преглед на повеќето конвенционални индикатори и предлага нови алтернативни индикатори за мерење на демографското стареење (проспективна или стандардизирана медијална возраст, сооднос на проспективна старосна

зависност, просечно преостанато очекувано траење на животот на населението, пропорција на преостанато очекувано траење на животот помалку или еднакво од 15 години и сл.), при што се разгледани и анализирани нивните индивидуални предности и ограничувања. Направени се опсежни предвидувања и проекции на старосната и половата структура на населението, работната сила, коефициентите на старосна зависност, морталитетот, понатаму на трошоците на здравствениот систем, меѓугенерациските трансфери, пензискиот систем како и на бројот на пензионерите и осигурениците и нивниот сооднос користејќи економетриски модели и други пристапи и методи. Овие нови проекции за Македонија ќе рефлектираат емпириски трендови и ќе овозможат нови проектирани податоци за наведените области сè до 2050, т.е. 2060 година.

Докторската дисртација ја содржи потребната теоретска и методолошка заснованост која овозможува оригинален, критичен и аналитичен пристап кон научно-теоретските и апликативните истражувања.

Докторската дисретација на кандидатот м-р Горан Миладинов со наслов МЕРЕЊЕ НА ДИНАМИКАТА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКАТА И СОЦИЈАЛНАТА СИГУРНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Трудот обработува актуелна тема, имајќи го предвид постојаниот интерес за анализа на состојбите и трендовите на движењето на населението и неговите социо-економски импликации како од страна на владините институции и државата, така и од страна на стручната јавност и кај пошироката јавност, медиумите и сл. Овие прашања добиваат сè поголема тежина поради фактот што развиениот свет сè повеќе ги чувствува последиците од демографското стареење. Оттука произлегува и потребата за постојано следење на состојбите во оваа област бидејќи ефектите и/или импликациите од нив можат да се одразат негативно врз различни домени од општествениот живот како и врз економијата на државата во наредниот период. Според тоа, утврдувањето на спецификите на демографските промени, примената на нови модели и нови пристапи и доаѓањето

до нови сознанија секогаш претставуваат актуелна тема за демографите. Изгледите за рапидно стареење алармираат на краткорочни прогнози со специфични цели за планирање програми и буџети, но политиките мора да се вклопат и во некоја долгорочна рамка во којашто владите, законодавствата, работните организации, приватните компании и масовните медиуми мора да обрнат повеќе внимание на врската помеѓу стареењето и националниот интерес, исто така и на импликациите од стареењето врз одржливоста на социјалните и економските системи.

Врз основа на теоретските и емпириските докази, дисертацијата сумира портфолио на политики кои што можат да бидат од бенефит за Македонија. Комплексната природа на демографските промени и комплицираните социо-економски фактори јасно го класифицираат главниот опфат на политиките. Во прв план се посочени политиките кои ќе влијаат на намалување на невработеноста и динамизирање на економскиот развој. Понатаму, се предлага во идните реформи на пензискиот систем да се вклучат механизми на социјална заштита со цел инклузија на населението кое не може да оствари право на пензија и фаворизирање на политики за инвестирање во човечкиот капитал и политики за еднаков пристап на пазарот на трудот.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата за оцена на докторскиот труд му предлага на Наставно–научниот совет на Економскиот факултет–Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје:

1. да го прифати Извештајот за содржината, оценката и предлогот на докторскиот труд на тема МЕРЕЊЕ НА ДИНАМИКАТА НА ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ И НИВНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕКОНОМСКАТА И СОЦИЈАЛНАТА СИГУРНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ, изработен од м-р Горан Миладинов;
2. да определи Комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да определи ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија за оцена и одбрана

1. Проф. д-р Верица Јанеска, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Весна Буцевска, ментор, с.р.

3. Проф. д-р Гордана Билбиловска, член, с.р.

4. Проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, член, с.р.

5. Проф. д-р Марија Ацковска, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Елена Брческа**	**„Импликациите од „невозможниот триаголник“ во монетарната политика во одбрани земји и случајот на Република Македонија“**	**“Implications of the “impossible trinity” on monetary policy in selected countries and the case of Republic of Macedonia“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02/1202/42 од 23.06.2017 година
2.	**Анита Спасеска**	**„Компаративна анализа на монетарните стратегии во неколку поранешни социјалистички земји“**	**“Comparative analysis of the monetary strategies in several former socialist countries“**	проф. д-р Михаил Петковски	02/1202/43 од 23.06.2017 година
3.	**Софија Тодоровска**	**„Независност на централните банки во Југоисточна Европа, со посебен акцент на Народна банка на Република Македонија“**	**“Independence of central banks in South East Europe with special accent on the National Bank of the Republic of Macedonia“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02/1202/44 од 23.06.2017 година
4.	**Ивана Наскова**	**„Искуствата на земјите од Југоисточна Европа и предизвиците на македонската економија на патот кон ЕУ и ЕМУ“**	**“The experience of South East Europe countries and the challenges for the Macedonian economy on the road to EU and EMU“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02/1202/45 од 23.06.2017 година
5.	**Филип Петрушевски**	**„Фискална политика во услови на Глобалната економска криза – со посебен осврт на Република Македонија“**	**“Fiscal policy under conditions of the global economic crisis – with special focus on the Republic of Macedonia“**	доц. д-р Борче Треновски	02/1202/46 од 23.06.2017 година

6.	**Зоран Кузманов**	**„Нето каматната маргина и профитабилноста на македонските банки во услови на ниски каматни стапки и регулаторни промени“**	**: “Net interest margin and profitability of Macedonian banks in low-interest environment and regulatory changes“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02/1202/47 од 23.06.2017 година
7.	**Елена Саздова**	**„Банкарските гаранции и нивната примена во трите најголеми банки во Република Македонија“**	**“Bank guarantees and their implementation by the three largest banks in Macedonia“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02/1202/48 од 23.06.2017 година
8.	**Емилија Петреска**	**„Техники и модели за монетарни проекции на централните банки – случајот на Народна банка на Република Македонија“**	**“Monetary forecast techniques and models of central banks – the case of the National bank of the Republic of Macedonia“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02/1202/49 од 23.06.2017 година
9.	**Ивана Стојковска Ѓорѓиевска**	**„Методологија и детерминанти на кредитниот рејтинг на банките“**	**“Methodologies and determinants of bank credit ratings“**		02/1202/51 од 23.06.2017 година
10.	**Елена Кекеновска**	**„Режими на девизните курсеви и финансиската стабилност во избрани земји во Југоисточна Европа“**	**“Exchange-rate arrangements and financial fragility in selected Southeastern European countries“**	доц. д-р Кирил Јовановски	02/1202/50 од 23.06.2017 година

11.	**Ивана Петровска**	**„Влијанието на каматниот распон врз профитабилноста на банките – осврт на банкарскиот сектор на Република Македонија“**	**“The correlation between interest rate spread and bank profitability – overview of the banking sector in the Republic of Macedonia“**	доц. д-р Елена Наумовска	02/1202/52 од 23.06.2017 година
12.	**Живко Фармакоски**	**„Влијанието и ефектите од „Брегзит“ врз економиите на земјите членки на Европската Унија и Република Македонија“**	**„The impact and the effects of “Brexit” on the economies of the member states of the European Union and the Republic of Macedonia“**	проф. д-р Ѓорѓи Гоцков	02/1202/53 од 23.06.2017 година
13.	**Давор Крстевски**	**„Анализа на монетарната и фискалните политики во еврозоната низ призмата на теоријата за оптимално валутно подрачје“**	**“Analysis of monetary and fiscal policies in the euro area in context of the theory of optimal currency area“**	доц. д-р Кирил Јовановски	02/1202/54 од 23.06.2017 година
14.	**Симона Макреска**	**„Влијанието на монетарната политика врз профитабилноста на банките во Македонија“**	“**The influence of monetary policy on bank profitability in Macedonia“**	доц. д-р Кирил Јовановски	02/1202/55 од 23.06.2017 година
15.	**Светлана Митиќ Илиевска**	**„Кредитната политика на комерцијалните банки: случајот на НЛБ групацијата“**	**“The credit policy of commercial banks : the case of the NLB group“**	проф. д-р. Михаил Петковски	02/1202/56 од 23.06.2017 година
16.	**Симјановска Верица**	**„Квалитетот на услугата и задоволството на потрошувачите од банкарските услуги на мало“**	**“Service quality and customer satisfaction of retail bank services“**	проф. д-р Анита Циунова-Шулеска	02/1202/57 од 23.06.2017 година

17.	**Елена Спирова**	**„Влијание и примена на интернет маркетинг стратегии во компаниите во Република Македонија“**	**“The impact and the implementation of internet marketing strategies in the companies of the Republic of Macedonia”**	проф. д-р Сашо Јосимовски	02/1202/58 од 23.06.2017 година
18.	**Бојана Ѓурчевска**	**„Корпоративното управување и влијанието на корпоративните скандали врз корпоративната репутација“**	**“Corporate governance and the impact of corporate scandals on corporate reputation”**	проф. д-р Љубомир Дракулевски	02/1202/59 од 23.06.2017 година
19.	**Гордана Ефтимова**	„**Комуникациското перење на мозокот“**	**“Communicational brainwashing”**	проф. д-р Кирил Постолов	02/1202/60 од 23.06.2017 година
20.	**Тања Атанасова**	**Предуслов за успешно трансгенерациско претприемништво во фамилијарните бизниси“,**	**“Innovations – prerequisite for successful transgenerational entrepreneurship in family businesses”**	проф. д-р Љубомир Дракулевски	02/1202/33 од 23.06.2017 година
21.	**Ивана Ангеловска**	**„Даночната евазија преку оф шор компании како форма на измама“**	**“Offshore evasion as a form of fraud“**	проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска	02/1202/34 од 23.06.2017 година
22.	**Билјана Андриеска**	**„Улогата на сметководството на менаџментот во креирање на конкурентска предност во производствени претпријатија во Република Македонија“**	**“The role of management accounting in creating competitive advantage in manufacturing companies in the Republic of Macedonia“**	доц. д-р Марина Трпеска	02/1202/35 од 23.06.2017 година

23.	**Урош Ташев**	**„Оптималното управување со трошоците кај производствените друштва - стратегија за успешно остварување на планираните деловни цели“**	**“The optimal cost management in the production companies - a strategy for successful realization of the planned business targets“**	доц. д-р Марина Трпеска	02/1202/36 од 23.06.2017 година
24.	**Виолета Анѓелкоска**	**„Системи за финансиско планирање и контрола како основно средство за опстанок и раст на малите и средни претпријатија“**	**“Financial planing and control systems as essential tools for survival and growth of the small and medium enterprises“**	доц. д-р Марина Трпеска	02/1202/37 од 23.06.2017 година
25.	**Кристина Карацова**	**„Системот на урамнотежени индикатори како модел за управување со организациските перформанси во Пивара Скопје АД”**	**“Balanced scorecard system as a model for managing organizational performance in Pivara Skopje AD”**	доц. д-р Љупчо Ефтимов	02/1202/38 од 23.06.2017 година
26.	**Стефани Атанасовска**	**„Влијанието на обуките за меки вештини врз перформансите на вработените во СЕАВУС ДООЕЛ Скопје”**	**“The impact of the soft skills trainings on the employee performance in Seavus LTD Skopje”**	доц. д-р Љупчо Ефтимов	02/1202/39 од 23.06.2017 година
27.	**Надалина Пановска**	**„Улогата на кариерното советување во унапредување на индивидуалниот и организациски развој”**	**“The role of career counseling in enhancing the individual and organizational development”**	доц. д-р Љупчо Ефтимов	02/1202/40 од 23.06.2017 година
28.	**Виктор Арсов**	**„Анализа на улогата и функциите на интермедијаторите во растот и развојот на осигурителната индустрија во Република Македонија”**	**“Analyses of the intermediaries’ role and functions for the growth and development of the insurance industry in Republic of Macedonia”**	доц. д-р Игор Ивановски	02/1202/41 од 23.06.2017 година

П Р Е Г Л Е Д
ПРОМЕНА НА МЕНТОР

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за промена на ментор
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Стефанија Василевска	,,Квантитативна анализа на избрани фактори врз развојот на македонската економија''	,,Quantitative analysis of the impact of selected factors on the development of the Macedonian economu''	Проф.д-р Весна Буцевска	02-1202/11 од 23.06..2017 год

РЕЦЕНЗИЈА

НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО АНАТОМИЈА за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани радиолози“ ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ПАПАЗОВА, ПРОФ. Д-Р Д-Р ЈУЛИЈА ЖИВАДИНОВИЌ, ДОЦ. Д-Р БИЉАНА ЗАФИРОВА, Н. СОР. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЧАДИКОВСКА, Н. СОР. Д-Р БИЛЈАНА БОЈАЏИЕВА-СТОЈАНОСКА, Н. СОР. Д-Р АЦЕ ДОДЕВСКИ И АС. Д-Р БИЛЈАНА ТРПКОВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, од 10.5. 2017, бр. 02-2317/97, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „ПРАКТИКУМ ПО АНАТОМИЈА за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани радиолози“ од авторите: проф. д-р Марија Папазова, проф. д-р Јулија Живадиновиќ, доц. д-р Биљана Зафирова, н. сор. д-р Елизабета Чадиковска, н. сор. д-р Билјана Бојаџиева-Стојаноска, н. сор. д-р Аце Додевски и ас. д-р Билјана Трпковска, наменет за студентите на Медицинскиот факултет, тригодишни стручни студии за дипломирани радиолози, избрани се проф. д-р Ники Матвеева и проф. д-р Климе Ѓоревски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	ПРАКТИКУМ ПО АНАТОМИЈА 1+2 за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани радиолози
Назив на предметната програма:	Анатомија со хистологија
Назив на студиската програма:	Тригодишни стручни студии за дипломирани радиолози
Фонд на часови и ЕКТС-кредити:	А1-30 + 15; 4,5 ЕКТС кредити А2-30 + 15; 4 ЕКТС кредити
Предметот Анатомија со хистологија на Медицинскиот факултет за тригодишни стручни студии за дипломирани радиолози, е задолжителен предмет со фонд на часови за А1- 30 + 15, број на ЕКТС-кредити 4,5, се слуша во прв семестар; за А2- 30 + 15, број на ЕКТС-кредити 4, се слуша во втор семестар од прва година студии.	
Реден број на изданието:	прво издание

Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи за А1- 92 страници, за А2- 52 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот за А1 е поделен во 10 поглавја и 136 слики.Текстот за А2 е поделен во 15 поглавја и содржи 51 слика.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Ники Матвеева, с.р.

Проф. д-р Климе Ѓоревски, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р НИКИ МАТВЕЕВА

Краток опис на содржината:	Ракописот за А1 се состои од 10 поглавја систематизирани соодветно на вежбите предвидени за изведување на практичната настава по анатомија, во состав на предметот Анатомија со хистологија. **1.Вовед во анатомија** **Коски на горниот екстремитет** - клучна коска (clavicula) - лопатка (scapula) - рамена коска (humerus) - радиус (radius) - лакотна коска (ulna) - коски на шаката (ossa manus) **Зглобови на горниот екстремитет** - зглобови на рамениот појас - рамен зглоб (art. humeri) - зглоб на лактот (art. cubiti) - зглобови на коските од подлактот - зглобови на шаката (artt. manus) **2. Коски на долниот екстремитет** - карлична коска (os coxae) - карлица (pelvis osseus) - бутна коска (femur) - чашка (patella) - голеница (tibia) - лисница (fibula) - коски на стапалото (ossa pedis) **Зглобови на долниот екстремитет** - зглобови на карлицата - зглоб на колкот (art. coxae) - зглоб на коленото (art. genus) - зглобови на коските од потколеницата - зглобови на стапалото (artt. pedis) **3. Коски на трупот** 'Рбетен столб (columna vertebralis)

	- прешлени (vertebrae) - крстна коска (os sacrum) - опашна коска (os coccygis) - 'рбетен столб во целина Коски на градниот кош - градна коска (sternum) - ребра (costae) - граден кош во целина **Зглобови на трупот** - зглобови на 'рбетниот столб - зглобови на градниот кош **4. Коски на главата** Коски на черепот (ossa cranii) Коски на лицето (ossa faciei) **Зглобови на главата и вратот** - виличен зглоб (art. temporomandibularis) - горен зглоб на главата (art. atlantooccipitalis) - долен зглоб на главата (art. atlantoaxialis mediana et lateralis) - окципитоаксијален спој (syndesmosis occipitoaxialis) **5. Топографска анатомија на горен екстремитет** **Мускули на горниот екстремитет** - мускули на рамото - мускули на надлактот - мускули на подлактот - мускули на шаката **Нерви на горниот екстремитет** - рамен нервен сплет (plexus brachialis) **6. Топографска анатомија на долен екстремитет**

	Мускули на долниот екстремитет - мускули на колкот - мускули на натколеницата - мускули на потколеницата - мускули на стапалото **Нерви на долниот екстремитет** - слабински нервен сплет (plexus lumbalis) - крстен нервен сплет (plexus sacralis) **7. Мускули на трупот** - мускули на ѕидовите на градниот кош - мускули на ѕидовите на стомакот - слаби места на ѕидовите на стомакот - мускули на карлицата **Мускули на главата** - површински мускули на глава - длабоки мускули на глава **Мускули на вратот** - мускули на предна страна на вратот - мускули на задна страна на вратот **Нерви на трупот и главата** - меѓуребрени нерви (nn. intercostales) - карличен нервен сплет (plexus pudendus) - тртичен нервен сплет (plexus coccygeus) - вратен нервен сплет (plexus cervicalis) **8. Топографска анатомија на граден кош** Респираторен систем **9. Топографска анатомија на граден кош** Кардиоваскуларен систем - срце **10. Топографска анатомија на граден кош** Кардиоваскуларен систем – крвни садови Ракописот за А2 се состои од 15 поглавја, систематизирани соодветно на вежбите предвидени за изведување на практичната настава по анатомија, во состав на предметот Анатомија со хистологија.

	1. Дигестивен систем - усна празнина (cavum oris) - голтник (pharynx) - хранопровод (esophagus) **2**. **Топографска анатомија на стомак** **3. Дигестивен систем** - желудник (gaster) - тенко црево (intestinum tenuae) - дебело црево (intestinum crassum) **4. Дигестивен систем** - црн дроб (hepar) и жолчни патишта - систем на портална вена (v.portae) - панкреас (pancreas) - слезина (lien) **5. Урогенитален систем** - бубрег (ren) **6. Урогенитален систем** - изводни уринарни патишта на бубрегот - мочовод (ureter) - мочен меур (vesica urinaria) - одводна мочна цевка (urethra) **7. Топографска анатомија на карлица** 8. **Урогенитален систем** Внатрешни машки полови органи **9. Урогенитален систем** Внатрешни женски полови органи **10. Сетилни органи** **11. Вежби од централен нервен систем** Морфологија на 'рбетен мозок (medulla spinalis) **12. Вежби од централен нервен систем**

	Морфологија на мозочно стебло (truncus encephalicus) **13. Вежби од централен нервен систем** Морфологија на мал мозок (cerebellum) **14. Вежби од централен нервен систем** Морфологија на голем мозок (telencephalon) **15. Вежби од централен нервен систем** Мозочни комори
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е во целост усогласен со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	Корекции не се потребни.
Оцена на ракописот:	Ракописот е напишан јасно, концизно и разбирливо.
Категоризација:	практикум
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија за А1 содржи 92 страници (формат А4); за А2 содржи 52 страници напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот за А1 е поделен во 10 поглавја и содржи 136 слики, текстот за А2 е поделен во 15 поглавја и содржи 51 слика. Ракописот е оригинален труд кој опфаќа материјал потребен за успешно реализирање на практичната настава по предметот Анатомија.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како практикум, наменет за студентите од тригодишните стручни студии за дипломирани радиолози на Медицинскиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

Проф. д-р Ники Матвеева, с.р.

III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. КЛИМЕ ЃОРЕВСКИ

7.	Данијела Војтикив-Самоиловска	"Депресија по мозочен удар и нејзините мултифакториелни предиктори: резултати од проспективна, лонгитудинална студија"	Depression after stroke and its multifactorial predictors: results of a prospective, longitudinal study	Проф. д-р Анита Арсовска	03.07.2017 0905 - 3338/32

8.	Валон Зејнулаху	"Асоцираност на хипербилирубинемијата, бројот на леукоцити и вредноста на Ц-реактивниот протеин (ЦРП) при рана клиничка дијагноза на комплициран и некомплициран апендицитис"	Association of hyperbilirubinemia, leukocyte count and CRP value in the early clinical diagnosis of complicated and non-complicated appendicitis	Проф. д-р Викторија Чалоска-Иванова	03.07.2017 0905 - 3338/33
9.	Гордана Дамјановска	"Генерички лекови-ефикасна и безбедна алтернатива"	Generic medicines-efficient and safe alternative	Проф. д-р Никола Лабачевски	03.07.2017 0905 - 3338/34

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ,,ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, донесена на седницата одржана 28 јуни 2017 година, определени сме за членови на Комисијата за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право.

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право, објавен на 14 јуни 2017 година во дневниот весник „Дневник", во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Ангел Ристов, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

Комисијата констатира дека кандидатот доцент д-р Ангел Ристов ги доставил сите потребни документи наведени во конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област граѓанско материјално право и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Ангел Ристов е роден на 19 септември 1976 година во Неготино. По завршувањето на основното образование се запишал во УСО „Св. Кирил и Методиј", општа гимназија, која ја завршил со одличен успех и е прогласен за најдобар ученик во генерацијата 1991/1995 година. Во периодот од 1993 до 1995 година бил претседател на средношколската младина во Неготино и активно учествувал и во работата на Унијата на средношколци на Република Македонија.

На Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се запишал во учебната 1995/96 година-отсек правни студии. Студиите ги завршил во редовен рок и дипломирал во јули 1999 година, со највисок просек во својата генерацијата - 9,86, за што бил награден од деканот на Факултетот. За постигнатиот успех во студирањето добил награда од фондацијата „Франк Харкорд Манинг" од Лондон, Велика Британија, која се доделува на шест најдобри студенти на факултетите од општествените науки. По повод празникот 24 Мај, бил награден со пофалница од ректорот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј", во знак на признание за постигнатиот најдобар успех во студирањето на Правниот факултет за учебната 1998/99 година. Постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје ги завршил во јули 2003 година со среден успех - 9,66.

Во наставниот процес бил вклучен како демонстратор по предметите општ дел на граѓанско право и Стварно право врз основа на одлуките на Наставно-научниот совет за учебните години 1998/1999, 1999/2000, 2000/2001, 2001/2002 и 2002/2003 година. Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први" во Скопје од 19.5.2003 година, избран е во звањето соработник-помлад асистент на научната област граѓанско материјално право.

Во периодот од октомври 2003 до април 2004 година бил на отслужување на воениот рок во Школата за резервни офицери во Армијата на Република Македонија и се стекнал со чин поручник во резерва.

Во декември 2007 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први" е реизбран во истото звање - помлад асистент на научната област граѓанско материјално право и ги извршува асистентските должности на предметите семејно и наследно право. Покрај тоа, кандидатот извршувал и други обврски од наставно-научната работа на Факултетот: секретар на Институтот за граѓанско право (2004-2006), член на Наставно-научниот совет на Факултетот, член на Комисијата за спорт на Факултетот, заменик член на Комисијата за јавни

набавки (2004-2008), секретар на комисии за одбрана на магистерски и докторски дисертации.

На 18.6.2008 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје го одбранил магистерскиот труд под наслов „Правните лица како субјекти на имотноправниот однос“ и се стекнал со академски степен магистер на правни науки, од областа на граѓанското право. Во соработничкото звање асистент на научната област граѓанско право е избран на 4.6.2009 година. На 8 ноември 2009 година му беше доделено признание од Советот на Општина Неготино за достигнувања од областа на образованието.

Докторирал на 26.10.2010 година пред Специјализираниот научен совет по правни науки на Вишата атестациона комисија на Владата на Република Бугарија на Правниот факултет при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“, на тема „Етажната сопственост во македонското и бугарското право.“ Со решение бр. 14-1107/5 од 20.9.2012 година на Министерството за образование и наука на Република Македонија, докторската диплома со бр. 34890 му е призната за завршен трет циклус докторски студии и стекнат научен степен - доктор на правни науки.

На 21.12.2012 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје избран е во наставничкото звање доцент на научната област граѓанско материјално право.

Со согласност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во учебните 2013-2014 година; 2014-2015; и 2015-2016 година ја спроведувал наставата по предметите: Семејно право и Наследно право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Од април 2016 година е претседател на Институтот за правно-економски истражувања и едукација Iuridica Prima.

Активно ги говори англискиот, францускиот и бугарскиот јазик, а се служи и со рускиот јазик.

- **Ангажираност во наставно-образовните и програмските активности на Правниот факултет „Јустинијан Први” vo Скопје**

Од последниот избор за доцент асистент на научната област граѓанско материјално право (21.12.2012 година), кандидатот доц. д-р Ангел Ристов учествувал во наставата по предметите: Семејно право и Наследно право, Граѓанско право-применета програма, Современи наследноправни системи, Граѓанско право применета програма – наследно право, Социлогија на семејството, Европско семејно право и Новите репродуктивни технологии и правото.

- **Учество на конференции, семинари и советувања**

Од изборот во соработничкото звање помлад асистент на научната област граѓанско право до денес, учествувал на повеќе семинари, расправи и проекти, и тоа:

- семинар организиран од Сојузот на студенти на Правниот факултет, политички студии, одржан во Охрид, 16-18. 12. 2004 година, одржано предавање на тема „Правните лица во граѓанското право”;
- креирање на модул програма за обука во рамките на проектот Ромаверзитас/ФИООМ, Скопје, 27.12.2004 година;

- предавач-тренер на модул програма за обука од областа на стварното право, Ромаверзитас/ФИООМ, Скопје, 16.4-16.6.2005;
- учество на дебатата ,,Ромите во високото образование", Клуб на пратеници, Скопје, 8.4.2003;
- работилница ,,Креирање на комуникациски вештини", Ромаверзитас/ФИООМ, Скопје, 17.4 и 22.5.2005 година;
- менторство на студенти Роми во организација на Ромаверзитас/ФИООМ, Скопје, академска 2004/05 и 2005/06;
- научна расправа на тема ,,Законската рамка на тековната судска реформа", Скопје, 15.3.2006 година, во рамките на проектот ,,Евроинтеграцијата на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија";
- „Обезбедување на побарувањата во правото и праксата-законска регулатива и судска пракса", Здружение на граѓани ТАЗ, Скопје, 8 и 9 февруари, 2007 (со труд);
- Семинар за полагање правосуден испит, Здружение на граѓани ТАЗ, Скопје, 3 март 2007;
- Копаоничка школа на природното право (20 г. јубилејна), Здружение на правници на Србија, Копаоник, декември 2007 (со труд);
- 19. Синдикална школа, УПОЗ, Струга, февруари 2008 (со труд);
- Семинар за специјализирана обука за полагање на правосуден испит, во организација на Асоцијацијата за правно-економски истражувања и едукација Јуридика, Скопје, април 2008 (со презентација);
- „Кодификација на граѓанското и трговското право во Република Македонија", МАНУ, Скопје, јуни 2008;
- „Новини, актуелности и проблеми во заложното право на РМ и Катастарот на надвижности", Асоцијација Јуридика, Скопје, 20-21 јуни 2008 година (со презентација);
- „Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија", Асоцијација „Јуридика", Скопје, 10 октомври 2008 (со труд) и
- Копаоничка школа на природното право, Здружение на правници на Србија, Копаоник, декември 2008 (со труд).

По изборот во соработничкото звање асистент, кандидатот Ангел Ристов учествувал на следниве семинари и конференции:

- семинар „Актуелните проблеми на странските инвестиции, примената на законот за катастар на недвижности и новините во подзаконските акти, реализацијата на заложното право и распределувањето на оставинатa во позитивното право на РМ" Јуридика, Струмица, 27-28 февруари 2009 година (со труд);

- семинар „Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија" Јуридика, Скопје, 10 октомври 2009 година (со труд);

-семинар „Актуелните прашања во примената на правните прописи од трудовото и административното законодавство", Јуридика, Скопје, 1 декември 2010 година;

-семинар „Актуелните прашања во примената на правните прописи од заложното, наследното и трудовото законодавство", Јуридика, Струмица, 17-19 септември 2010 година;

-Научна конференција по повод 20 годишнината од основањето на Правниот факултет во Велико Трново, *Ius est ars boni et aequi,* Република Бугарија, 14-16 април 2011 година;

-семинар „Актуелните прашања проблеми во правните и економските односи во правниот систем на Република Македонија“, Јуридика, Струмица, 30 септември- 2 октомври 2011 година;

-Редовно стручно советување на нотарите од Република Македонија, Охрид, 11-13 ноември 2011 година;

-Копаоничка школа на природното право, Копаоник, 11-13 декември 2011 година;

- научна конференција на Форумот на млади истражувачи, ГИЗ, МАНУ, Скопје, 11 јануари 2012 година,

-Научна конференција „Кодификација на граѓанското и трговското право во Република Македонија“, МАНУ, Скопје, 12 јануари 2012 година

-Научна конференција „Насилството во семејството“, Правен факултет-Белград, 9 март 2012 година.

По изборот во звањето доцент на научната област граѓанско материјално право (21.12.2012) учествувал на следниве научни конференции:

- 3rd Regional Conference of the Civil Law Forum for South East Europe 11-12 March 2013, Tirana, Albania (со труд);

- Меѓународен семинар на извршители од Македонија и Албанија, Комора на извршители на Република Македонија, Драч, Албанија, 30 мај – 2 јуни 2013 (со труд);

- 69 средба на правници, Здружение на правниците на Република Македонија, Охрид, 24-26 октомври 2013;

- Советување – „Новините и дилемите во семејното и наследното право“ Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 16 ноември 2013 (со труд);

- International conference, Legal Reform in EU Accession Process, VIII Harmonius School of Law Zlatibor, Srbija 5-8 XII 2013 (со труд);

- Семинар на извршители, Комора на извршители на Република Македонија, Охрид, 13-15 декември 2013 (со труд);

- Конференција „Новини во семејното и наследното право во Граѓанскиот законик на Република Македонија“ Адвокатска комора на Република Македонија, Скопје, 28 април 2014 година (со труд);

- 70 средба на правниците, Здружение на правниците на Република Македонија, Охрид, 8-10 мај 2014;

- Меѓународна научна конференција „Усогласување на правото на Србија со правото на европската унија“ Правен факултет Ниш, 16 мај 2014 година (со труд);

- Семинар “Актуелните прашања од областа на работните односи, медијацијата, адвокатурата, нотаријатот и извршителите во семејните и наследните односи“, Јуридика, Скопје, 29.5.2014 (со презентација);

- Меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 11-13 септември 2014 (со презентација);

- Нотарски денови, Нотарска комора на Република Македонија, х. Инекс Горица, Охрид, 18-19 10.2014 година;

- Семинар „Актуелни прашања во прекршочната постапка поврзани со УЈП законодавство и судска пракса“ Јуридика, Скопје, 04.12.2014;

- Семинар „Импликацијата од примената на концептот на Јавно приватно парнтерство, привремените вработувања и статусот на вработените во јавната администрација во општините во функција на локален економски развој“, Јуридика, Скопје, 04.02.2015;

- Меѓународна конференција Охридска школа на правото „Новите предизвици во уредувањето на правните односи во духот на европските вредности“ Јуридика, Охрид, 14-17 мај 2015 (со труд);

- Семинар „Актуелните проблеми и дилеми поврзани со Законот за финансиска дисциплина“ Јуридика, Скопје, 26 јуни 2014;

- Семинар Актуелни прашања од доменот на трудовото право, пензиското осигурување и вработување преку агенциите за привремени вработувања, Јуридика, Скопје, 17.09.2014;

- Меѓународен семинар на извршители, Комора на извршители на Република Македонија, Сандански, Р. Бугарија, 7 - 10 мај 2015 (со труд);

- Нотарски денови, Нотарска комора на Република Македонија, Охрид, 31 октомври – 1 ноември 2015 година;

- Советување на тема „Актуелните прашања од областа на договорното право и работните односи„ Јуридика, Скопје 17.6.2015;

- X Harmonius School of Law, Acces to Justice - How much does it cost?, Zlatibor, Serbia, 26-29 november, 2015 (со труд);

- Копаоничка школа на природното право, Здружение на правниците на Србија, Копаоник, 13-17 декември 2015;

- Конференција „Потребата од промени во вршењето на родителското право во македонското семејно законодавство“ Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје 9 март 2016 (со излагање);

- Меѓународна конференција- Меѓународен институт за човекови права и мир во Каен Амбасада на Франција во Македонија, Правен факултет Јустинијан Први Скопје 13.4.2016 (со труд);

- 74 Средба на правниците, Здружение на правниците на Република Македонија, Охрид, 12-14 Мај 2016;

- Семинар за развод на брак, Јуридика Прима, Скопје 30 мај 2016 (со труд).

- Меѓународна конференција „Актуелни правни ризици и предизвици во извршувањето“ Комора на извршителите на Република Македонија, х. Буши Скопје, 04.06.2016;

- Семинар „Граѓанскиот законик и актуелните прашања поврзани со разводот и вршењето на родителското право по развод на брак“, Јуридика Прима, Скопје 27 октомври 2016 (со труд);

- Семинар „Новите предизвици и актуелни прашања во македонското кривично законодавство и судската пракса“ Јуридика Прима, Скопје, 22 ноември 2016;

- XI Harmonius School of Law, Acces to Justice - How much does it cost?, Zlatibor, Serbia, december 2016 (со труд);

-Семинар на тема „Новините во Законот за општа управна постапка и нивната рефлексија врз работата и актите на органите што го применуваат ЗОУП“ Јуридика Прима, Скопје, 22 декември 2016;

- Семинар на тема „Граѓанскиот законик и реформата на македонското наследно право“, Јуридика Прима, Скопје, 9 февруари 2017 (со труд);

- Семинар на тема семинар на тема: „Примената на Законот за заштита на лични податоци: потреба од усогласување со Регулативата за заштита на лични податоци на ЕУ и нејзините импликации врз работењето на правните лица“ Јуридика Прима, Скопје, 15 март 2017 година;

- Национална конференција „Воведување на заедничко родителство по развод“, Скопје, 21 март 2017 година (со излагање);

- Меѓународна конференција „Глобализацијата и правото“ Правен факултет Универзитет во Ниш, 21-22 април 2017 година (со труд);

- Конференција „Развојот и работата на нотаријатот“ Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 27 април 2017 (со труд);

- Меѓународна научна конференција Охридска школа на правото „Ефикасната заштита на човековите права и слободи: реалност или идеал“ Јуридика Прима, Охрид 12-14 мај 2017 година, (со труд);

- Меѓународна научна конференција „Национално и меѓународно право – актуелна питања и теме“ 26 мај 2017 година Косовска Митровица (со труд).

- **Учество на проекти**

Од 2011 година е член на Комисијата за семејно и наследно право за изработка на Граѓанскиот законик на Република Македонија.

Од 2016 година е носител на проектот „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, во организација на Институтот за правно-економски истражувања и едукација Iuridica Prima.

- **Научни и стручни трудови**

Од примањето на Факултетот до првиот реизбор во звањето соработник-помлад асистент на научната област граѓанско право (декември 2007), кандидатот Ангел Ристов изработил 14 стручни и научни трудови, рецензирани од страна на Комисијата за избор, и тоа:

1. „Градење на туѓо земјиште како начин на стекнување на правото на сопственост“, семинарски труд (необјавен), 2003, се состои од 39 страници текст, со проред 1,5.

2. ,,Извори на граѓанското право во Република Македонија”, *Зборник во чест на Миле Хаџи Василев,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј” Правен факултет „Јустинијан Први” во Скопје, 2004, се состои од 24 страници текст, со проред 1,5.

3. ,,Политичките партии како субјект во имотноправните односи”, *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, во чест на Тодорка Оровчанец, Универзитет* „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 2006- Skopje, се состои од 15 страници текст, со проред 1,5.

4. ,,Статусот на верските заедници и религиозните групи во имотно-правните односи”, *Godi{nik na Pravniot fakultet „Justinijan Prvi” во Skopje, во чест на Strezo Strezovski*, Универзитет „Св. Крил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, 2006, се состои од 13 страници текст, со проред 1,5.

5. ,,Правото на доградби и надгради како начин на стекнување на правото на сопственост”, *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први”во Скопје, во чест на Димитар Поп Георгиев,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Правен факултет „Јустинијан Први” - Скопје, 2006, се состои од 19 страници текст, со проред 1,5.

6. ,,Правната способност на правните лица во руското и во македонското граѓанско право”, *Зборник трудови од меѓународната конференција “Актуелните прашања на државата и правото во Руската Федерација и Република Македонија”,* се состои од 13 страници текст, со проред 1,5.

7. „Организации за управување со зградите во етажна сопственост“, *Судиска ревија,* Здружение на судиите на РМ, бр. 3-4, декември 2006, се состои од 16 страници текст, со единечен проред.

8. „Хипотеката како инструмент за обезбедување во позитивното право на Република Македонија”, труд презентиран на семинарот „*Обезбедување на побарувањата во правото и праксата-законска регулатива и судска пракса*” Здружение на граѓани ТАЗ, 8 и 9 февруари, Скопје, 2007, се состои од 26 страници, со единечен проред.

9. „Стекнување на право на сопственост на стан” *Нотариус,* стручно списание на Нотарската комора на РМ, бр. 7, Скопје, февруари 2007, се состои од 25 страници текст, со проред 1,5.

10. „Одржувачката како начин на стекнување на правото на сопственост” *Судиска ревија,* Здружение на судиите на РМ, бр. 1-2, 2007, се состои од 16 страници текст, со единечен проред.

11. „Казнената одговорност на правните лица“ *Зборник во чест на Фрањо Бачиќ,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први” Скопје, 2007, се состои од 19 страници текст, со проред 1,5.

12. „Правниот статус на облиците на месна самоуправа“, *Судиска ревија,* Здружение на судиите на РМ бр. 3-4 Скопје, декември 2008; се состои од 16 страници текст, со проред 1,5.

13. „Имотот на единиците на локалната самоуправа“ презентиран на семинарот „Актуелните проблеми во правото и практиката на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија“, Асоцијација „Јуридика“, Скопје, 10 октомври, 2008; се состои од 16 страници текст, со проред 1,5.

14. „Некои проблеми во врска со договорната хипотека” (необјавен труд), се состои од 26 страници текст, со проред 1,5.

По реизборот во звањето помлад асистент (декември 2007), до изборот во соработничко звање асистент, кандидатот Ангел Ристов ги изготвил и ги објавил следниве научни и стручни трудови, рецензирани од страна на Комисијата за избор:

15. „Заштита на правото на сопственост пред Европскиот суд за човекови права“ *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Борислав Благоев,* Скопје, 2007, се состои од 24 страници текст, со проред 1,5.

16. „Долготраен закуп на земјоделско земјиште (емфитеуза) – реалност или неостварена желба“, *Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на Панта Марина,* Скопје, 2007, се состои од 15 страници текст, со проред 1,5

17. ,,Pravo dugotrajnog zakupa građevinskog zemljišta“, *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, br. 11, tom III, Beograd, 2007, се состои од 12 страници текст со проред 1

18. ,,Остварување на надомест на штета во работен однос“ *Деветнаесетта синдикална школа,* УПОЗ, Струга, 21-23 февруари, 2008, се состои од 12 страници, текст со проред 1,5.

19. ,,Правото на долготраен закуп на градежно земјиште во македонското стварно право“, *ПРАВНИК,* Здружение на правниците на Република Македонија, бр. 194 и 195-196, Скопје, 2008, се состои од 23 страници текст, со проред 1,5.

20. ,,Земјишната јавност во француското граѓанско право“, *Зборник во чест на Владимир Митков,* Правен факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје, 2008, се состои од 14 страници текст, со проред 1,5.

21. ,,Правните лица во граѓанското право на Руската Федерација“, *Зборник во чест на Томислав Чокревски,* Правен факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје, 2008, се состои од 14 страници текст, со проред 1,5.

22. ,,Преносот на сопственоста како средство за обезбедување на побарувањата (фидуцијарна сопственост)“, *Зборник во чест на Стефан Георгиевски,* Правен факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје, 2008.

23. ,,Правните лица како субјекти на имотно-правниот однос“, магистерски труд (необјавен) одбранет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први“ во Скопје, 18 јуни 2008.

24. „Načelo superficies solo cedit u makedonskom stvarnom pravu“, *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, br. 11, tom III, Beograd, 2008.

Од изборот во соработничкото звање асистент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, заклучно до изборот во звањето доцент (21.12.2012) кандидатот Ангел Ристов ги објавил следниве рецензирани трудови:

Учебници и монографии:

1. Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследното право во Република Македонија,* Културна установа „Блесок“, Скопје, 2010; монографијата се состои од 424 страници текст.

2. Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследувањето во Европа,* Културна установа „Блесок“, Скопје, 2011; рецензиран учебник за магистерски студии по предметот современи наследноправни системи, се состои од 540 страници текст.

3. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Граѓанско применето право, Наследно право,* Културна установа „Блесок“, Скопје, рецензиран учебник за магистерски студии по предметот граѓанско право применета програма, дел: наследно право; се состои од 199 страници текст.

4. Dejan Mickovik, Angel Ristov, & all, “Law, Public Health Care System and Society, Volume 8, AVM, Munchen, 2012; монографија.

5. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, група автори, „Био-медицински потпомогнато оплодување во Република Македонија“ *Предизвици на биоетиката во Македонија,* Скопје, 2012; монографија.

Научни и стручни трудови:

25. Angel Ristov „Pravo dugotrajnog zakupa poljoprivrednog zemljišta - emfiteuza u makedonskom i uporednom pravu“, *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, br. 11, tom III, Beograd, 2009; се состои од 11 страници текст, со проред 1.

26. Ангел Ристов „Заштитата на сопственоста пред Европскиот суд за човекови права“, *Судиска ревија,* Здружение на судиите на Република Македонија, бр. 1-2, Ноември 2009; се состои од 24 страници текст, со проред 1,5.

27. Ангел Ристов „Еврохипотека - единствено заложно право во рамките на Европската Унија“, *Асоцијација Јуридика,* Струмица, март 2009; се состои од 7 страници текст, со проред 1.

27. Ангел Ристов „Еврохипотека - единствено заложно право во рамките на Европската Унија“, *Асоцијација Јуридика,* Струмица, март 2009;

28. Ангел Ристов „Вонбрачната заедница и статусот на вонбрачните партнери во наследното право“ *Асоцијација Јуридика,* Струмица, 26-28 февруари 2010;

29. Ангел Ристов „Поимот правно лице“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје во чест на Тодор Рушков,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2010;

30. Ангел Ристов „Настанување на правното лице“ *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, бр. 215, март 2010;

31. Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Дали се потребни промени во наследното право на Република Македонија“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје во чест на проф. Ганзовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2011;

32. Ангел Ристов „Наследни редови“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје во чест на проф. Ганзовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2011;

33. Љиљана Спировиќ Трпеновска Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Современите тенденции во наследното право“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Никола Матовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2011;

34. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Наследното право од античкото до современото општество“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Ѓорѓи Марјановиќ,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2011;

35. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов „Промените во семејството и реформите во семејното право во Европските земји“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Наум Гризо,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2011;

36. Ангел Ристов, „Вонбрачна заедница“, Меѓународна научна конференција по повод 20 годишнината од основањето на Правниот факултет во Велико Трново, *Ius est ars boni et aequi,* Република Бугарија, 14-16 април 2012;

37. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Кодификација на граѓанското право во Европа – утопија или реалност“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Петар Манѓовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2011 (во печат);

38. Ангел Ристов, „Појава и историски развој на правните лица“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Петар Манѓовски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, (во печат);

39. Dejan Micković, Angel Ristov, Naslednopravni položaj vanbračnih drugova u savremenim zakonodavstvima, *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu,* Zagreb, 2012 (во печат);

40. Љиљана Спировиќ Трпеновска, Ангел Ристов, „Правото на нужен дел во македонското и споредбеното право наследно право“, *Правник,* бр. 225, јануари 2011;

41. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов „Проблеми при наследувањето на обврските и реализацијата на правата на доверителите – дилеми и предлози“ Семинар „Актуелни прашања и проблеми во правните и економските односи во правниот систем на Република Македонија“ *Јуридика,* Банско Струмица, 30 септември – 2 октомври 2011;

42. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Реформите во семејното и наследното право и ингеренциите на нотарите“ Редовно стручно советување на нотарите од Република Македонија 11-13 ноември 2011 година, публикуван во стручното списание, *Нотариус*, Скопје, декември 2011;

43. Angel Ristov ,,Evropski građanski zakonik – utopija ili realnost“, Kopaonička škola prirodnog prava, *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, Beograd, br.12-2011;

44. Ангел Ристов, Катерина Кочковска, „Правото на претставување, правото на прираснување и наследничката трансмисија во македонското наследно право, “*Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“во Скопје во чест на проф. Кики Манѓова Поњавиќ“,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2012;

45. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Наследување врз основа на правото на претставување“ *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Љиљана Спировиќ Трпеновска,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2013;

46. Ангел Ристов, „Правото на претставување, правото на прираснување и наследничката трансмисија“, *Нотариус,* бр. 22, Нотарска комората Република Македонија, 2013;

47. Ангел Ристов „Дали е потребен договорот за наследување во македонското наследно право“, *Нотариус*, бр. 19, Скопје, декември 2011 година;

48. Ангел Ристов, „Брачен договор – непознаница, реалност или нужност во современото македонско семејно право“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје во чест на проф. Љиљана Спировиќ Трпеновска,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2013 година;

49. Angel Ristov, Harmonizacija naslednog prava u EU, *Revija za Evropsko pravo,* Udruženje za Evropsko pravo, Kragujevac, 2012;

50. Dejan Mickovik, Angel Ristov, Biomedical Assisted Fertilization in Macedonia, Serbia and Croatia: Ethical and Legal Aspects, *SEE LAW REVIEW*, 2014;

51. Dejan Mickovik, Angel Ristov, The Legal Regulation of the Nonmarital Cohabitation in the Macedonian Family Law, *International Survey of Family Law,* 2012;

52. Dejan Mickovik, Angel Ristov, Porodično nasilje u makedonskom kaznenopravnom i porodičnopravnom zakonodavstvu, *Porodično nasilje,* Beograd, 2012;

53. Dejan Micković, Angel Ristov, Bračni ugovor u makedonskom i uporednom pravu, *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, Beograd, 2012;

54. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Положбата на брачниот другар во македонското и споредбеното наследно право, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје во чест на проф. Тодор Пеливанов,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2012;

55. Angel Ristov, "The legal Status of the Marital Home in the Macedonian and Comparative Law", *Iustinianus Primus Law Review,* Skopje, No. 5, 2012;

56. Ангел Ристов, *Автономија на волјата и нејзините граници во македонското наследно право,* Научна конференција во Тирана, Република Албанија, во организација на Германската фондација ГИЗ 2013 година;

Од изборот во наставно-научното звање доцент (21.12.2012), кандидатот д-р Ангел Ристов ги објавил следниве научни и стручни трудови:

57. Dejan Mickovik, Angel Ristov, „Parental rights and responsabilities after divorce in Macedonia“, *International Survey of Family Law,* 2013, се состои од 17 страници текст со проред 1,5.

Во овој труд, авторите го анализираат правното регулирање на вршењето на родителското право по разводот на брак во македонското семејно законодавство. Тие констатираат деека Законот за семејството на Република Македонија не содржи прецизна одредба со која се предвидува дека родителите можат да продолжат заеднички да го вршат родителското право и по разводот на брак. Ова предизвикува сериозни проблеми во практиката, поради тоа што родителот кај кој детето е доверено на чување по разводот на брак во најголем број случаи самиот ги носи сите значајни одлуки за детето и неговите права и интереси, а другиот родител, најчесто таткото, има само право да одржува лични контакти со детето и обврска да плаќа издршка. Авторите сметаат дека е неопходно во Законот за семејството да се воведде прецизна одредба според која заедничкото вршење на родителското право и по разводот на брак би бил основен принцип, а само доколку е тоа во итнрес на детето судот би можел да одлучи родителското право да го врши само едниот родител. Ова е во согласност со најдобриот интерес на детето, како и со Конвенцијата на ОН за правата на детето и современите тенденции во законодавства.

58. Ангел Ристов, Правниот статус на семејниот дом во македонското и споредбеното семејно право, *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, 2013, се состои од 14 страници текст, со проред 1,5.

Во овој труд, авторот го анализира правниот статус на семејниот дом кој е од суштествено значење за постоењето на бракот, семејството и остварувањето на семејните односи. Ова од причина што речиси сите функции на семејството (биолошка, емоционална, културна, социјална, воспитно-образовна и др.), се поврзани или зависат од неговото постоење. Според авторот, семејниот дом не претставува само недвижен имот кој често има најголема имотна вредност во семејниот имот, туку и место кое обезбедува спокој, психолошко и емоционално засолниште на членовите на семејството. Поаѓајќи од анализата на постојното македонско законодавство, проблемите во практиката, како и решенијата од споредбеното право, авторот укажува дека е очигледна потребата од регулирањето на посебна правна заштита на семејниот дом. Воведувањето на

оваа новина би претставувало една од клучните реформи во македонското семејно право, со што тоа ќе се приближи до другите современи семејни права.

59. Ангел Ристов, „Дали е потребен брачниот договор во македонското законодавство“ *Нотариус,* бр. 23, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, јули 2013, се состои од 16 страници текст со проред 1,5.

Во трудот авторот, истакнува дека македонското семејно законодавство, за разлика од другите современи законодавства, не го уредува брачниот договор. Причина за ова е фактот што основна претпоставка за постоењето на договорниот имотен режим и договорното уредување на имотните односи на брачните партнери е законското уредување на брачниот договор. Од друга страна, според авторот во практиката, брачниот договор се склучува врз основа на начелото на слободно уредување на облигационите односи. Имајќи ја предвид ваквата правна празнина, авторот укажува дека е можно да се очекува судовите, нотарите и адвокатите да се соочат со бројни дилеми, како што се прашањата кои односи брачните партнери можат со брачен договор да ги уредат, кој и кога може да го склучи брачниот договор, каква треба да биде неговата форма и др. Со цел да се одговори на овие прашања како и на основното прашање - дали е потребно законско уредување на брачниот договор во македонското законодавство, во трудот авторот подробно го анализира домашното и споредбеното право.

60. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Правниот статус на семејниот дом во македонското и споредбеното семејно право“, *Годишник во чест на проф. Марјан Марјановски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2014 (во печат), се состои од 21 страница текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот истакнува дека семејниот дом претставува нужност без која не може да се замисли постоењето на семејството и остварувањето на неговите функции. Тој претставува централно средиште кое ги поврзува брачните партнери, родителите и децата во остварувањето на семејните права и должности. Поаѓајќи од ова, во современите семејни законодавства семејниот дом ужива посебна правна заштита, како за време на постоењето на бракот, така и кога бракот е разведен, а брачните партнери имаат заедничк малолетни деца. Според авторот, ова прашање станува особено чувствително кога брачниот партнер кому децата се доверени на чување и воспитување го нема самостојно решено станбеното прашање. Поради тоа, мошне честа појава по разводот на бракот е продажбата на семејниот дом и преселбата на децата во нова средина, што има негативно влијание врз нивниот развој. Во трудот се презентираат аргументите во корист на посебната правна заштита на семејниот дом, се анализира постојното законодавство и проблемите кои се присутни во практиката. Тргнувајќи од наведеното, како и врз основа на решенијата од споредбеното право, на крајот од трудот се даваат предлози за посебна заштита на семејниот дом во македонското семејно право.

61. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Феноменот семејно насилство Европа и во Македонија“, *Годишник во чест на проф. Славко Милосавлевски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2014 (во печат), се состои од 25 страници текст со проред 1,5.

Во трудот авторите го истражуваат семејното насилство, а посебно насилството над жените, што претставува еден од најраширените облици на повреда на човековите права и слободи во современите општества. Во овој труд, авторите го анализираат семејното насилство и укажуваат на тешките физички и психолошки последици кое тоа ги предизвикува на неговите жртви. Покрај ова, авторите даваат преглед на најзначајните меѓународни документи кои се однесуваат на семејното насилство, како и анализа на одлуките на Европскиот суд за човекови права во сферата на семејното насилство во кои во најголем број

на случаи жртви се жените. Авторите укажуваат дека во новите меѓународни документи, како и во практиката на Европскиот суд за човекови права семејното насилство се смета за повреда на основните човекови права и дека тоа претставува форма на дискриминација во однос на жената. Во трудот, исто така, се дава преглед на состојбата со семејното насилство во Република Македонија, се анализира кривичноправната и семејноправната заштита на семејното насилство и се предлага да се донесе посебен Закон за семејно насилство, како и други мерки со кои се очекува да дојде до намалување на застапеноста на семејното насилство.

62. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Вршењето на родителското право по разводот на брак во македонското семејно право“, *Годишник во чест на проф. Гале Галев,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2014 (во печат), се состои од 13 страници текст со прпред 1,5.

Во овој труд, авторите го анализираат правното регулирање на вршењето на родителското право по разводот на брак во македонското семејно законодавство. Тие констатираат деека Законот за семејството на Република македонија не содржи прецизна одредба со која се предвидува дека родителите можат да продолжат заеднички да го вршат родителското право и по разводот на брак. Ова предизвикува сериозни проблеми во практиката, поради тоа што родителот кај кој детето е доверено на чување по разводот на брак во најголем број случаи самиот ги носи сите значајни одлуки за детето и неговите права и интереси, а другиот родител, најчесто таткото, има само право да одржува лични контакти со детето и обврска да плаќа издршка. Авторите сметаат дека е неопходно во Законот за семејството да се воведе прецизна одредба според која заедничкото вршење на родителското право и по разводот на брак би бил основен принцип, а само доколку е тоа во интерес на детето судот би можел да одлучи родителското право да го врши само едниот родител. Ова е во согласност со најдобриот интерес на детето, како и со Конвенцијата на ОН за правата на детето и современите тенденции во законодавства.

63. Angel Ristov, “The Freedom of the Testamentary Disposition in the Macedonian Succession Law”, *Iustinianus Primus Law Review,* Skopje, No. 7, 2013; се состои од 15 страници текст со проред 1,5.

Во овој труд, авторот во фокусот на истражувачкото внимание го има начелото на автономија на волјата во сферата на наследното право. Според авторот, една од најзначајните карактеристики на континенталното право, за разлика од англо-саксонското, е ограничувањето на автономијата на волјата во сферата на тестаменталното располагање. Во трудот авторот прави анализа на начелото на автономија на волјата и на неговите граници во важечкото македонско наследно право со цел да ја утврди неговата застапеност и граници на примена, во насока на утврдување на потребата од промени во постојните законски решенија со давање на конкретни предлози и решенија

64. Ангел Ристов, „Актуелните проблеми во извршувањето на побарувањата на доверителите во македонското семејно и наследно право“, *Семинар на извршители 30 мај – 2 јуни 2013 Драч Албанија,* Комора на извршители на Република Македонија, 2013; се состои од 20 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот ги анализира актуелните и позначајните проблеми кои се појавуваат во постапката за извршување на побарувањата на доверителите во македонското семејно и наследно право. Врз основа на направената анализа, авторот констатира дека тие се последица на старите законски решенија кои не

соодветствуваат со променетите општествени прилики, промените во семејството и семејните односи, како и решенијата од споребеното право. Извршителите најчесто се соочуваат со проблеми при извршувањето на дел од заедничкиот имот на брачниот партнер кој се јавува како извршен должник, како и во случаи кога извршниот должник ќе умре, а побарувањето на доверителот се уште не е намирено. Со цел да се оствари поголема правна сигурност, да се олесни постапката за извршување и извршителите да бидат поефикасни во реализацијата на правата на доверителите, авторот врз основа на проблемите во практиката, како и решенијата од споредбеното право, наведува повеќе предлози со кои може да се очекува подобрување на законската регулатива и надминување на наведените проблеми во практиката.

65.Dejan Mickovik, Angel Ristov, „Les changements dans les rapports conjugaux et familiaux dans les pays européens et dans la République de la Macédoine“,Facta Universitatis, Pravni fakultet Nis, 2013; се состои од 12 страници текст со проед 1,5.

Во трудот авторите ги анализираат брзите промени во брачниот и во семејниот живот, што се случуваат во европските земји во изминативе неколку децении се предмет на анализа на овој труд. Авторите посебно се задржуваат на зголемувањето на бројот на разведените бракови, намалувањето на бројот на склучените бракови, се поголемиот број вонбрачни заедници и деца родени надвор од брак, како и на зголемувањето на бројот на монородителските и рекомпонираните семејства. Во текстот се анализираат и основните причини кои доведуваат до промени во бракот и во семејството, како и правното регулирање на бракот и семејството во услови кога се случуваат длабоки и брзи трансформации во овие заедници во сите европски земји. Авторите заклучуваат дека денес во европските земји не постои еден, универзален и општоприфатен семеен модел, како што тоа беше во минатото, туку постојат плурализам на семејни модели.

66.Dejan Micković, Angel Ristov, „Kodifikacija naslednog prava u Republici Makedoniji“, *Pravni život,* Udruženje pravnika Republike Srbije, 2013;

Во трудот, авторите укажуваат дека наследното законодавство на Република Македонија, од неговото востановување па сè до денес, нема претрпено поголеми промени и реформи. Според нив, по осамостојувањето на Република Македонија настанаа значајни промени во општествениот и политичкиот живот. Поради тоа неминовна е потребата од воведување на промени и во сферата на уредувањето на наследните односи. Во трудот тие ги елаборираат најзначајните промени во сферата на наследното право кои се предвидени во Преднацртот на Граѓанскиот законик на Република Македонија, поаѓајќи од проблемите во практиката, како и решенијата од споредбеното право.

67. Dejan Micković, Angel Ristov, „Harmonizacija porodičnog i naslednog prava u evropskim zemljama“, *Harmonius,* br. 1, Beograd, 2013; се состои од 25 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите ги анализираат основните дилеми поврзани со процесот на хармонизација и кодификација на европските законодавства во областа на културата, традицијата и обичаите. Авторите сметаат дека во оваа фаза на развојот на европските интеграции, најдобар пристап е постепена хармонизација на семејноправните норми во европските земји, а не создавање на еден единствен униформиран начин на уредување на семејните односи преку создавање на единствена европска кодификација. Ова се однесува и на наследното право кое и понатаму треба да остане во надлежност, на

националните права. Сепак, со оглед на тоа што бројот на транснационални оставини се повеќе се зголемува во ЕУ се одвива процес на хармонизација на правилата од меѓународното приватно право. Во таа смисла се предлага донесување на европска регулатива со која би се уредило наследувањето со странски елемент и би се олеснила процедурата во остварувањето на наследните права, преку воведување на европскиот сертификат за наследување и регистарот на тестаменти.

68. Ангел Ристов, „Реформите во наследното и семејното право во Република Македонија“, *Советување – „Новините и дилемите во семејното и наследното право“,* Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 16 ноември 2013; се состои од 21 страница текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот потенцира дека македонското наследноправно и семејноправно законодавство, од неговото востановување па сè до денес, нема претрпено поголеми промени и реформи. Имајќи предвид дека во моментот се одвива најголемата реформа во македонското граѓанско право, драматичните промени кои се случуваат во семејството, семејните и наследноправните односи во современите општества, како и проблемите кои се присутни во практиката, авторот констатира дека се неопходни реформи во наследното и во семејното право. Овие реформи своето место треба да го најдат во Граѓанскиот законик на РМ, а од нив се очекува да се надминат проблемите во практиката, да се усогласат законските решенија со општествените прилики и потребите на граѓаните, како и да се хармонизира нашето наследно и семејно право во одредени аспекти со правото државите членки на Европската Унија.

69. Ангел Ристов, „Основните реформи во наследното и семејното законодавство на Република Македонија“ *Семинар на извршители,* 13-15 декември, Охрид, Комора на извршители на Република Македонија, 2013; се состои од 22 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот подробно се задржува на предложените реформи во сферата на семејното и наследното право, со оглед на тоа што во моментот се одвива најголемата реформа во македонското граѓанско право преку изготвувањето на Граѓанскиот законик на Република Македонија. Во таа насока, авторот констатира дека се неопходни реформи во наследното и во семејното право. Причина за ова се драматичните промени кои се случуваат во семејните односи, на кои не е имуно ниту нашето општество, современите тенденции и реформите во семејните и наследните права, како и проблемите кои се присутни во практиката. Овие реформи своето место треба да го најдат во Граѓанскиот законик на Република Македонија. Од нив се очекува да овозможат да се надминат проблемите во практиката, да се усогласат законските решенија со општествените прилики и потребите на граѓаните, како и да се хармонизира нашето наследно и семејно право со правото на државите членки на Европската Унија.

70. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Кодификација на семејното право во Република Македонија“, *Зборник радова Правног факултета у Палама,* 2013; се состоиод 25 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите истакнуваат дека македонското семејно законодавство, од неговото востановување по Втората светска војна па сè до денес, нема претрпено поголеми промени и реформи. По осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, настанаа големи и значајни промени во општествениот, правниот и политичкиот систем. Во македонското општество, како и во другите современи општества, во последните неколку децении, се случуваат драматични трансформации во брачните и семејните односи кои ја

наметнуваат потребата од одредени промени во сегашните законски решенија кои создаваат проблеми во практиката. Имајќи предвид дека е во тек најголемата реформа во македонското граѓанско право, авторите констатираат дека се неопходни реформи во сферата на регулирањето на семејните односи кои своето место ќе го најдат во Граѓанскиот законик на Република Македонија. Од овие реформи се очекува да се надминат проблемите во практиката, да се усогласат законските решенија со општествените прилики и потребите на граѓаните, како и да се хармонизира нашето семејно право со правото на државите членки на Европската Унија.

71. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Реформите во наследното право предвидени во Преднацртот на Граѓанскиот законик на Република Македонија“, *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, јануари 2014, се состои од 11 страници текст со проред 1,5.

Во овој труд, авторите го анализираат наследното законодавство на Република Македонија, кое од неговото востановување па сè до денес, нема претрпено поголеми промени и реформи.Од друга страна, по осамостојувањето на Република Македонија настанаа исклучително значајни промени во општествениот, правниот и политичкиот систем. Во текстот, авторите се задржуваат на најзначајните промени во сферата на наследното право кои се предвидени во Преднацртот на Граѓанскиот законик на Република Македонија.Во текстот се дава анализа на предвидените решенија, како што се воведувањето на договорот за наследување, правото на вонбрачниот партнер да стане законски наследник, менување на правната природа на правото на нужен дел и друго.

72. Dejan Mickovik, Angel Ristov, Family Law in the New Civil Code of the Republic of Macedonia: Key Issues and necessary reforms, *International Survey of Family Law,* Jordan publishing, Bristol, 2014; се состои од 17 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите укажуваат дека во Република Македонија е во тек изработката на Граѓанскиот закон чиј составен дел ќе биде и семејното право. Авторите даваат анализа за местото на семејното право во граѓанската кодификација. Тие се заложуваат да се извршат реформи при кодификацијата на семејното право и даваат предлози за измени и дополнувања на македонското семејно законодавство во однос на правното регулирање на вонбрачната заедница, како и потребата од регулирањето на брачниот договор. Во трудот, авторите се залагаат за усвојување на терминот родителска одговорност во Граѓанскиот закон на Македонија и укажуваат на потребата да се предвиди законска можност да се земе предвид мислењето на детето кога се носат одлуки за неговите права и интереси. Во трудот, авторите се залагаат и за предвидување на посебен правен статус и заштита на семејниот дом.

73. Angel Ristov, “The New Challenges in the Regulation of Marriage and Non Marital Union,” *Harmonius,* Belgrade, 2014; се состои од 16 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот ги анализира драматичните промени кои се случуваат во бракот и семејството и нивното влијание врз уредувањето на семејните односи во европските семејни законодавства. Авторот од направеното истражување заклучува дека во сите европски држави се случуваат речиси исти промени кои се изразуваат преку зголемување на бројот на разведени бракови, зголемување на бројот на вонбрачни заедници и вонбрачно родени деца и др. Како резултат на наведените промени, авторот констатира дека во современите општества

бракот повеќе не ужива монопол, туку, напротив, добива конкуренција преку вонбрачната заедница, а во некои држави и преку регистрираните заедници на лица од ист пол и истополовиот брак. Анализирајќи ја состојбата во Македонија, авторот констатира дека во нашето општество се уште доминираат традиционалните семејни вредности. Сепак, поаѓајќи од пресудите на Европскиот суд за човекови права по однос на правото на семеен и приватен живот, авторот смета дека во блиска иднина и овие прашања ќе бидат ставени дневен ред.

75. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, "Новини во уредувањето на посвојувањето во Македонија" *Годишник во чест на проф. Симеон Гелевски,* Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2014; се состои од 21 страница текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите детално го анализираат институтот посвојување од аспект на позитивното семејно законодавство во Република Македонија, со посебен акцент на најновите законски измени во оваа сфера. Покрај анализата на постојното законодавство, во трудот авторите ги презентираат и решенијата со кои е уредено посвојувањето во споредбеното право. Од направената анализа на важечкото законодавство, проблемите во практиката, како и решенијата од сподребеното право на крајот од трудот, авторите предлагаат конкретни решенија за надминување на проблемите во практиката.

76. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „За дозволеноста на брачниот договор: Брак од љубов или брак од интерес, *Правник,* бр. 284, Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, 2015; се состои од 12 страници текст со проред 1,5.

Брачниот договор претставува еден од најкотроверзните договори кој предизвикува бројни морални, етички, правни, филозофски и религиозни дилеми. И покрај ова, брачниот договор е суштествен и неизоставен дел во најголемиот дел на современи семејни законодавства. Со него се овозможува брачните партнери договорно, по своја волја, да ги уредат своите имотни односи на начин што повеќе им одговара на нивните желби, прилики и состојби. Во трудот, авторот истакнува дека во македонското законодавство брачниот договор законски не е уреден, иако во практиката се склучува врз основа на начелото на слободно уредување на облигационите односи. Ваквата состојба предизвикува бројни дилеми кај судиите, нотарите и адвокатите пред се за дозволеноста на брачниот договор, за неговата форма, содржина, последици и др. Поради ова, според авторот, неминовно е законското регулирање на брачниот договор во нашето семејно законодавство.

77. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Улогата и значењето на нотарите во Француското право", *Нотариус,* бр. 26, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 2015; се состои од 19 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите прават анализа на улогата и значењето на нотарите во Франција кадешто нотарската професија има долготрајна традиција. Нотарот претставува јавен службеник кој е одговорен за примање на сите правни акти и договори за кои договорните страни сакаат да стават печат за нивната автентичност, за да се осигура и обезбеди датумот на нивното склучување, за да може тие да се чуваат и да се обезбедат веродостојни копии од нив. Нотаријатот, односно работата на нотарската служба, во Франција е под надлежност на Министерството за правда. Нотарите се именуваат со декрет од страна на министерот за правда. Канцеларијата на нотарот географски е лоцирана во

областа во која тој живее. Правните акти и дела кои нотарот ги изготвува имаат доказна и обврзувачка сила. Нотарот ги советува и ги информира граѓаните и правните лица за прашања кои се однесуваат од сферата на приватното, семејното, трговското, финансовото, компаниското и управното право. Од направеното истражување, авторите констатираат дека улогата на нотарот во однос на приватното право е многу значајна, со оглед на тоа што тој подготвува акти кои се однесуваат на имотните односи помеѓу брачните партнери, како што се брачните договори, подароците помеѓу брачните партнери, тестаментите, распределувањето на наследството и др.

78. Ангел Ристов, „Актуелни прашања и дилеми поврзани со остварувањето на побарувањата во имотноправните односи во македонското право“, *Меѓународен семинар на извршители,* Сандански, Р Бугарија, 7 – 10 мај 2015; се состои од 19 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот ги лоцира правните решенија кои им создаваат проблеми на извршителите во извршувањето, со цел тие да се надминат за да се постигне побрзо и поефикасно заштита на граѓаните. Според авторот, во правосудниот систем на Република Македонија една од најзначајните и најуспешните реформи кои беа направени во судството беше востановувањето на функцијата извршител и пренесување на надлежностите во извршувањето на судските одлуки и извршните исправи од судот на извршителите. Со тоа, судовите беа растоварени од голем број судски предмети, а нивното извршување стана побрзо, поефикасно, поадекватно и понавремено. Во своето едно деценискo постоење, авторот забележува дека извршителите ја потврдија укажаната доверба, со своето работење, високиот степен на професионализам, ефикасност и ефективност. Во трудот, авторот подробно се осврнува на статусот на извршителот, на проблемите со кои тие се соочуваат во стварноправните, облигационите, семејните и наследните односи, давајќи предлози за нивно надминување.

79. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Наследноправната положба на брачниот партнер во современите законодавства”, *Зборник на трудови,* Правен факултет, Пале, Република Српска, 2015.

Во современите наследни законодавства, законските наследници се определуваат врз основа на сродството, брачната врска и други клучни фактори поврзани со оставителот. Денес, за разлика од порано, брачната врска добива се поголемо значење во сферата на наследувањето. Основна причина за подобрување на наследноправната положба на брачниот другар се промените кои се случуваат во бракот, семејството и семејните односи, а кои произлегуваат од современите општествени услови на живеење. Овие промени имаат значително влијание врз реформите во наследните права кои одат во правец на подобрување на наследноправната положба на брачниот другар. Во трудот, авторите најпрвин даваат историски осврт на наследноправната положба на брачниот другар, а потоа ќе се задржуваат на анализата на положбата на брачниот другар во наследувањето во современите законодавства. Освен тоа, посебно внимание е посветено на положбата на брачниот другар во македонското законодавство. Врз основа на анализата на македонското законодавство, проблемите што се јавуваат во практиката, како и тенденцијата за подобрување на наследноправната положба на брачниот другар во современите законодавства, авторите даваат конкретни предлози за подобрување на положбата на брачниот другар во македонското наследно право.

80. Ангел Ристов, „Вонбрачната заедница во македонското семејно право“, *Охридска школа на правото,* Том 1, мај 2015; се состои од од 25 страници текст со проред 1,5.

Вонбрачната заедница претставува верна „сенка“ која го следи бракот од неговото настанување во човештвото се до денес. Во современите општества, како резултат на бројни фактори, вонбрачната заедница станува се повеќе застапена форма на заедница на живот која претставува сериозна закана и алтернатива на бракот. Во трудот, авторот прави анализа на причините за појавата и се поголемиот пораст на бројот на вонбрачни заедници. Покрај ова, во трудот се прави и сеопфатна анализа на решенијата со кои се уредува вонбрачната заедница во споредбеното право. Врз основа на анализата на решенијата со кои се уредува вонбрачната заедница, проблемите од практиката, како и решенијата од споредбеното право, авторот на крајот дава свои предлози за темелно уредување на вонбрачната заедница.

81. Ѓорѓи Радојков, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Актуелни прашања во судската пракса во семејните спорови“, *Правник,* бр.284, Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, декември 2015; се состои од 13 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите истакнуваат дека во Република Македонија во тек е најголемата реформа во правниот систем досега, преку изготвување на Граѓанскиот законик во кој составен дел ќе биде уредувањето на семејните односи. Со оглед на тоа што семејното право во Македонија нема претрпено позначајни промени, и покрај тоа што битно се променија општествените околности, се очекува од сите делови на Граѓанскиот законик, тоа да претрпи најголеми промени. Во таа смисла, авторите најпрвин ги лоцираат решенијата кои создаваат бројни проблеми во практиката со посочување на конкретни примери од судската практиката. Во вториот дел од трудот, врз основа на решенијата од споредбеното право, авторите ги изложуваат конкретните предлози кои се дел од реформата на семејното законодавство, како што се: воведувањето на брачниот договор, попрецизното уредување на имотните односи на брачните партнери, воведувањето на заедничкото вршење на родителското право по развод на брак, промените во концептот на давање на издршка и др.

82. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Правото на детето на лични и непосредни контакти со другиот родител и блиските роднини“, *Правник,* бр. 286, Здружение на правници на Република Македонија, февруари 2016; се состои од 13 страници текст со проред 1,5.

Правото на детето да одржува лични и непосредни контакти со родителот со кој не живее и другите блиски роднини, произлегува од правото на детето да живее со двајцата свои родители. Во случај кога заедницата на живот на двајцата родители ќе престане да постои, ова право се надоместува со одржување на лични и непосредни контакти на детето со родителот со кој што не живее заедно и другите блиски роднини. Остварувањето на правото на детето на контакт, загарантирано со Конвенцијата за правата на детето, е од пресудно значење за правилниот развој на детето кое има потреба од двајцата родители. Во трудот, авторите го обработуваат правото на детето на контакт, преку анализа на случајот „Митови против Република Македонија“, укажувајќи на проблемите во практиката кои ги создава важечкото законодавство и неефикасноста на надлежните државни органи во неговото остварување, како и на потребата од реформи во законската регулатива.

83. Ангел Ристов, „Принципот на лаицитет и неговото значење“ Меѓународна конференција, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 13.4.2016; се состои од шест страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот го истражува принципот на лаицитет, кој претставува една од најзначајните прогресивни правни вредности прифатени во поголем број современи општества. Оваа цивилизациска придобивка се изразува и се манифестира во правниот живот, според авторот, низ три аспекти. *Првиот* аспект е еднаквоста според која без разлика на вероисповедта, дали веруваат во Бог или се атеисти, сите граѓани се еднакви пред законот. *Вториот* аспект, кој произлегува од еднаквоста, е слободата на вероисповед загарантирана од страна на државата. Врз основа на неа, секој граѓанин е слободен да ја избере својата вероисповест, да ја практикува, да верува или воопшто да не верува во ниту една вероисповед. Пред државата и нејзините закони, сите религии се еднакви. Не постои ниту една привилигирана религија и се отфрла концептот на конфесионална држава. *Третиот* аспект се изразува преку одвоеноста на црквата и другите религиозни организации од државата и нивното влијание врз јавниот живот и институтциите на државата. И обратно, преку немешањето на државата во религиозните работи на црквата и верските организации. Со цел подобро да се утврди содржината и значењето на овој принцип, авторот во трудот посебно внимание посветува на неговиот поим, етимолошко значење, појава и историски развој, различните концепти на лаицитет во светот, со посебен осврт на Македонија.

84. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Брачниот договор во Македонија и во Хрватска“, *Загребско-скопски колоквиум,* Универзитет во Загреб, 2016; се состои од 19 страници текст со проред 1,5.

Во овој текст, авторите го анализираат брачниот договор во македонското и во хрватското семејно законодавство. Освен тоа, авторите даваат приказ на поимот, историскиот развој и на карактеристиките на брачниот договор. Во трудот се прави анализа и на застапеноста на брачниот договор во европските законодавства како и на различните законски решенија во однос на регулирањето на брачниот договор во одделни европски земји. Во трудот, посебен акцент е ставен на анализа на аргументите pro et contra прифаќањето и регулирањето на брачниот договор во современите законодавства. Врз основа на анализата на законските решенија за брачниот договор во европските законодавства, како и на решенијата предвидени во Република Македонија и Република Хрватска, авторите даваат предлози за измени и дополнувања на македонското и хрватското законодавство со цел посоодветно да се регулира брачниот договор во Македонија и во Хрватска.

85. Ангел Ристов, „Правната не/сигурност во македонското семејно и наследно право“, *Охридска школа на правото,* Јуридика Прима, Том, 3, Скопје, 2016; се состои од 24 страници текст со проред 1,5.

Принципот на правна сигурност претставува еден од најзначајните принципи за владеење на правото. Неговото непочитување и повредување преку честото менување на прописите, носењето на „технички-бирократски“ закони, неедначаквата примена на правните прописи и неуедначената судска практика, придонесува за појава на правна несигурност. За овој феномен придонесуваат и застарените решенија кои создаваат проблеми во практиката. Во трудот, авторот, освен за општото значење на принципот на правна сигурност во граѓанското право, посебно се задржува на правните правила од областа на семејното и наследното право. Притоа, авторот не само што ги лоцира правилата кои придонесуваат за правната не/сигурност, туку и врз основа на проблемите од

практиката и решенијата од споредбеното право предлага решенија како тие да се надминат.

86. Dejan Mickovik, Angel Ristov, "Family Law in the Civil Code of the Republic of Macedonia", *Journal of Civil & Legal Sciencies,* Vol. 5 issue 1, 2016; се состои од 16 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите ги презентираа најзначајните реформи во македонското семејно право кои што треба да бидат имплементирани во Граѓанскиот законик на Република Македонија. Во трудот се изложени аргументите зошто семејното право треба да биде составен дел од Граѓанскиот законик. Притоа, авторите предлагаат повеќе промени со цел постигнување на повисок степен на заштитена интересите на децата и семејството. Авторите предлагаа подробни решениј за уредување на вонбрачната заедница, како и воведување на брачниот договор со кој ќе се овозможи договорно уредување на имотните односи на брачните партнери. Исто така, авторите се залагаат за воведување на заедничко и одговорно родителство по развод на бракот да биде востановено како основно правило, воведувајќи го правото на детето да го искаже своето мислењево случај кога теба да го искаже своето мислење. На крајот, авторите сметаа дека Граѓанскиот законик треба да обезбеди посебна заштита и на семејниот дом во интерес на децата.

87. Angel Ristov, "Justice is expensive: Case Mitovi v. Republic of Macedonia" *Iustinuanus Primus Law Review* No. 14, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje, 2016; се состои од 20 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот темелно го анализира правото на детето да одржува лични и непосредни контакти со родителот со кој не живее и другите блиски роднини преку случајот Митови против Македонија. Според авторот, загарантираното право на детето да живее и да биде одгледувано од двајцата свои родители, во случај кога заедницата на живот на двајцата родители ќе престане да постои, се надоместува со правото на одржување на лични и непосредни контакти на детето со родителот со кој што не живее заедно и другите блиски роднини. Остварувањето на правото на детето на контакт, загарантирано со Конвенцијата за правата на детето, е од пресудно значење за правилниот развој на детето кое има потреба од двајцата родители. Во трудот, авторот укажува на низа слабости присутни во важечкото законодавство кои придонесуваат за бројни проблеми во практиката поврзани со остварувањето на оваа право. Анализата на случајот „Митови против Република Македонија", истакнува авторот, укажува и на неефикасноста на надлежните државни органи во неговото остварување, како и на потребата од реформи во законската регулатива.

88. Ангел Ристов, „Промените во брачните и семејните односи и нивното влијание на правилниот развој на децата" Проект „Правата на детето како клучен фактор во образованието, *Јуридика Прима,* Скопје, 1.7.2016; се состои од 16 страници текст со проред 1.

Во трудот, авторот ги анализира промените во брачните и семејните односи кои се случуваат во последните деценииии укажувајќи дека тие имаат големо влијание на односите во семејството, а со тоа и врз правилниот развој на децата. Според авторот, за разлика од минатото кога постоеше еден доминантен модел на нуклеарно семејство, составено од родители и деца, денес во современите општества различните правно признати форми на животни заедници придонесуваат за појавата на нови видови модели на семејства и на појавата на плурализам на семејства (монородителски, рекомпонирани и др.). Речиси во сите современи општества е присутна тенденцијата на зголемување на бројот на разведени бракови и зголемување на бројот на монородителски семејства. Се зголемува и расте бројот на вонбрачни заедници и деца родени

надвор од брак. Постојано се намалува бројот на склучени бракови, а годишната возраст на брачните партнери бележи нагорна линија. На глобално ниво се бележи пораст на семејното насилство врз жените и децата. Сите овие појави негативно се одразуваат врз правилниот развој на децата, како и на нивното воспитување и образование. Со цел да се надминат или превенираат овие проблеми во заклучоците, авторот предлага низа мерки кои законодавецот и надлежните органи треба да ги инкорпорираат во законската регулатива и да ги преземат во рамките на своето работење.

89. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Новите предлози за реформи во кодификацијата на македонското наследно право“ *Нотариус,* бр. 29, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, декември 2016, се состои од 15 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите ги елаборираат најновите предлози за раформи во кодификацијата на македонското наследно право. Во Република Македонија во 2011 година започна процесот на кодификација на граѓанското право, што ќе биде една од најголемите реформи во македонскиот правен систем од неговото постоење. Со донесувањето на Граѓанскиот законик авторите очекуваат да се постигне нов квалитет во регулирањето на односите на граѓанското право, како и да се надминат постојните правни празнини, проблеми и противречности во законската регулатива. Ова особено се однесува на Законот за наследување, кој нема претрпено позначајни промени речиси седум децении. Во трудот, авторите подробно се задржуваат на новопредложените реформи укажувајќи на нивната потреба врз основа на проблемите присутни во практиката, како и врз основа на решенија од споредбеното право.

90. Ангел Ристов, „Дали е потребна семејната книга во македонското право“ *Нотариус,* бр. 30, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 2016; се состои од 10 страници текст со проред 1,5.

Во овој труд, авторот се обидува преку истражување на домашното законодавството и проблемите во практиката да одговори на прашањето дали е потребна семејната книга во македонското право. Според авторот, податоците со кои се потврдуваат личните и семејните состојби на граѓаните се од големо значење во правните односи. Поради тоа, во трудот се прави подробна анализа на постојното законодавство, како и на проблемите во практиката со кои се соочуваат граѓаните и нотарите во оставинската постапка, со цел да се одговори на прашањето дали се потребни одредени промени и во уредувањето на матичните книги. Ова од причина што е во тек најголемата реформа во нашето право преку изготвувањето на Граѓанскиот законик, како и потребата од приближување на нашето право со современите европски законодавства во насока на обезбедување поголема правна сигурност и олеснување на пристапот до информации од матичните книги за граѓаните и правниците од практиката (нотари, извршители, адвокати). За разлика од нашето законодавство кое во оваа сфера нема претрпено позначајни промени повеќе од седум децении, авторот ги посочува решенијата од споредбеното право кое ги познава и уредува семејните книги кои ги содржат сите значајни податоци кои се однесуваат на родителите и на нивните заеднички деца. Укажувајќи на аргументите и предностите кои ги овозможува семејната книга, авторот се залага за нејзино воведување во македонското право како чекор кон понатамошна електронска дигитализација на матичните книги со цел полесен пристап на граѓаните до нивните лични и семејни податоци и олеснување на работата на нотарите.

91. Dejan Mickovik, Angel Ristov, „The Reforms of the Inheritance Law in the Process of Codification of the Macedonian Civil Law“ *Harmonius,* Belgrade, 2016; се состои од 19 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите образлагаат дека во Македонија е во тек една од најголемите реформи во правниот систем преку изготвувањето на Граѓанскиот законик. Составен дел од граѓанската кодификација ќе биде и наследното право. Според авторите, и покрај модерните тенденции поврзани со наследувањето, македонското наследно право нема претрпено позначајни промени повеќе од седум децении. Во трудот, авторите ги презентираат најзначајните предлози содржани во Нацртот на Книга 4 Наследноправни односи, кои беа изготвени како резултат на порблемите во практиката, како и современите решенија од споредбеното наследно право. Помеѓу нив, според авторите, најзначајна реформа ќе биде подобрувањето на положбата на брачниот партнер, преку предвидувањето на правото на доживотно плодоуживање на брачниот дом во рамките на вториот законски наследен ред. Авторите сметаат дека предлозите за подобра заштита на доверителите во рамките на процесот на наследувањето е придонесе за постигнување на повисок степен на правна сигурност. Предвидувањето на посебен режим за наследување на земјоделско земјиште и фарми, наследувањето на семеен бизнис и компании, авторите исто така сметаат дека ќе придонесат за подобро и поправично располагање со оставината во наследноправните односи.

92. Ангел Ристов: *„Уредувањето на имотните односи во текот на бракот и по разводот на брак“* Семинар за развод на брак, Јуридика Прима, Скопје, 30 мај 2016; се состои од 13 страници текст со проред 1.

Во трудот, авторот се занимава со истражување на уредувањето на имотните односи за време на бракот, како и по разводот на бракот. Од направената анализа авторот заклучува дека во сферата на имотните односи на брачните партнери не се донесени никакви позначајни промени повеќе од седум децении. Во услови на пазарна економија и приватна сопственост, авторот смета дека ваквите решенија создаваат големи проблеми во практиката поврзани со извршувањето на заедничкиот имот на брачните партнери, разводот на бракот, делбата на заедничкиот имот и др. Постојните решенија одат во прилог на доминација на законскиот имотен режим, не оставајќи простор за волјата и желбите на брачните партнери поинаку нив да ги уредат. Оттука, авторот консатира дека се неминовни промени во идните реформи на семејното законодавство во насока на обезбедување на поголема слобода во уредувањето на имотните односи помеѓу брачните партнери со воведувањето на можноста за склучување на брачен договор во кој тие ќе ги уредат своите имотни односи. Покрај ова, авторот укажува и на слабостите и недореченостите на постојните законски решенија со кои се уредува посебниот и заедничкиот имот предлагајќи како тие да бидат надминати.

93. Ангел Ристов *„Брачниот договор и реформата во уредувањето на брачните имотни од носи“* Семинар „Граѓанскиот законик и актуелните прашања поврзани со разводот и вршењето на родителското право по развод на брак“, Јуридика Прима, Скопје, 27 октомври 2016; се состои од 16 страници текст со проред 1.

Во трудот, авторот го анализира брачниот договор како еден од најкотраверзните договори, со кој се овозможува брачните партнери договорно, по своја волја, да ги уредат своите имотни односи на начин што повеќе им одговара на нивните желби, прилики и состојби. Во македонското законодавство, брачниот договор законски не е уреден. Во практиката, авторот констатира дека тој се склучува врз основа на начелото на слободно уредување на облигационите односи. Законската неуреденост на овој институт наметнува бројни прашања поврзани со страните, формата, предметот и сл. Затоа, авторот заклучува дека е неминовно потемелно регулирање на брачниот договор во

нашето семејно законодавство по примерот на законодавствата кои темелно го уредуваат овој договор.

94. Ангел Ристов, „Правната сигурност како клучен фактор за владеење на правото“, *Правник,* бр. 295-296, Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, 2016; се состои од 16 страници тескт со проред 1,5.

Во трудот, авторот го анализира принципот правна сигурност како еден од најзначајните принципи за владеење на правото. Неговото непочитување, повредување, преку честото менување на прописите, носењето на „технички“ бирократски закони, нееднаквата примена на правните прописи и неуедначената судска пракса, придонесуваат за појава на феноменот правна несигурност. За неговата присутност во правниот живот влијаат и застарените решенија во законодавството кои создаваат проблеми во практиката. Во трудот, авторот освен за општото значење на принципот правна сигурност во граѓанското право, посебно се задржува на правните правила од областа на семејното и наследното право. Притоа, авторот не само што ги лоцира правилата кои придонесуваат за правната несигурност, туку и врз основа на проблемите од практиката и решенијата од споредбеното право предлага решенија како тие да се надминат.

95. Ангел Ристов, „Најзначајните реформи во Книга IV – Наследноправни односи од Нацртот на Граѓанскиот законик на Република Македонија, Семинар на тема „Граѓанскиот законик и реформата на македонското наследно право“, Јуридика Прима, Скопје, 9 февруари 2017; се состои од 14 страници со проред 1,5.

Во овој труд, авторот ги анализира најзначајните реформи кои се предвидени во Нацртот на Граѓанскиот законик на Република Македонија, како што се предвидувањето на правото на плодоуживање на надживеаниот брачен партнер, подобрување на положбата на доверителите, издвојување на делот од заедничкиот имот на брачните партнери, посебен режим на наследување на земјделско земјиште и фарми, како и на наследување на акции и удели и др. Освен наведените позначајни реформи, имајќи ги предвид проблемите кои се јавуваат во практиката, интересите на учесниците во оставинската постапка, како и решенијата предвидени во поголем број граѓански законици во Европа, авторот ги посочува и други реформи, како што е предвидување на одредба за промените во своерачниот тестамент, воведувањето на тајниот тестамент, предвидување кога се применува законското наследување, подробно дефинирање на поимот сродство, линиите и степените на сродство, дефинирање на содржината на тестаментот, подобро уредување на наследничката трансмисија, дефинирање на поимот тестамент, како и задолжително предвидување на причината за исклучување од наследство.

96. Angel Ristov, “Macedonian Civil Code and the reforms in the marital property regime of the spouses”, *Collection of papers,* National and International Law - Current Issues and Topics, tom 1, Faculty of Law, University in Prishtina – Kosovska Mitrovica, 2017; се состои од 17 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот истакнува дека во сферата на имотните односи на брачните партнери македонското семејно законодавство нема претрпено позначајни промени со децении. Со оглед на тоа што Република Македонија е во тек изготвувањето на Граѓанскиот законик, авторот смета дека се неопходно темелни измени во однос на ова прашање. Во таа смисла, авторот се залага за воведување на брачниот договор како една од позначајните реформи. Покрај ова, авторот смета дека е неопходна и темелна реформа на уредувањето на посебниот и заедничкиот имот на брачните партнери со што би се надминале постојните проблеми во практиката.

97. Ангел Ристов, „Уредувањето на имотните односи на брачните партнери: љубов без сметка или чиста сметка долга љубов“, *Годишник во чест на проф. Миодраг Мицајков,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2017 (во печат); се состои од 19 страници текст со проред 1,5.

Во овој труд, авторот го анализира уредувањето на имотните односи на брачните партнери, како значаен и неизсоставен дел од секојдневниот живот. Со склучувањето на бракот помеѓу брачните партнери не настануваат само лични, туку и имотни односи. Од моментот на склучувањето на бракот, а понекогаш и порано, истакнува авторот, брачните партнери стапуваат во бројни имотни односи поврзани со секојдневните потребите на брачната заедница и семејството. За времетраење на бракот, брачните партнери стекнуваат движен и недвижен имот, земаат кредити, вложуваат во инвестиции, удели на друштва, штедни влогови, основаат фирми и сл. Додека љубовта трае и нема финансиски проблеми, брачните партнери не размислуваат за карактерот на имотните односи во кои стапуваат и режимот на имотот кој го стекнуваат. Кога љубовта ќе престане, ќе се јават недоразбирања и финансиски проблеми тогаш на „сцена“ доаѓаат на ред прашањата за делба на заедничкиот имот и определување „што е мое, а што е твое.“ Од овие причини, авторот истакнува дека прецизното уредување на имотните односи е од големо значење за мирот и спокојот во брачните и семејните односи, како и за правилниот развој на децата. Во таа смисла, во трудот авторот се залага и предлага решенија за подобро уредување на брачните имотни односи, што е од исклучително значење за правната сигурност во прометот.

98. Ангел Ристов, Дали се потребни нови видови на тестаменти во македонското наследно право, *Годишник во чест на проф. Димитар Бајалциев,* Правен факултет „Јустинијан Први“ (во печат).

Во трудот, авторот го анализира прашањето дали се потребни нови видови на тестаменти во македонското наследно право, поаѓајќи од проблемите присутни во практиката, како и решенијата предвидени во споредбеното право. Согласно важечкото право законски предвидената форма за составување на тестаментот претставува суштествен услов за полноважност на тестаментот. Ова од причини што тестаментот ќе се исполни дури по смртта на завештателот, така што строгата форма на тестаментот претставува единствена гаранција дека ќе биде доследно почитувана вистинската волја на завештателот. Законот за наследувањето од 1996 година ги предвидува следниве форми на тестаменти: своерачен, судски, дипломатско-конзуларен, меѓународен, воднички и устен. Со оглед на тоа што е во тек кодификацијата на граѓанското право во Македонија, авторот ја предочува потребата од воведување на нотаскиот тестамент, тајниот тестамент, како и писмениот тестамент пред сведоци, со цел да се овозможи поголема автономија на волјата на граѓаните во сферата на тестаменталното наслеување.

99. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Местото на семејното право во Граѓанскиот законик на Република Македонија, *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, 2014 година; се состои од 14 страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторите се занимаваат со прашањето за местото на семејното право во граѓанското право воопшто, како и во актуелниот Граѓански законик на Република Македонија. Во рамките на аргументите кои авторите ги излагаат во трудот, тие врз основа на темелната анализа на повеќе од 20 граѓански

законици и законодавства сметаат дека местото на семејното право е во рамките на граѓанското право како негов составен дел. Авторите истакнуваат дека сега е вистинскиот момент да се коригира погрешното издвојување на семејното законодавство од граѓанското право, кое во минатото беше направено од политички причини. Освен аргументите во прилог на враќањето на семејното право како составен дел од пандектната кодификација на граѓанското право, во трудот авторите се задржуваат и на позначајните новини кои се предлагаат во реформата на семејното право во Македонија.

100. Ангел Ристов, За потребата од промени во улогата на Центарот за социјална работа во уредувањето на личните и непосредните контакти со детето по развод на брак, *Академик,* Скопје, 2016 година; се состои од седум страници текст со проред 1,5.

Во трудот, авторот ја елаборира потребата од проемени во улигата на Центарот за социјална работа генерално во сферата на брачните и семејните односи, како и во поглед на надлежноста за уредувањето на личните и непосредните контакти со детето по развод на бракот. Според авторот, во нашето семејно право постои *подвоеност* во однос на надлежноста на државните органи за одлучувањето во вршењето на родителското право по развод на бракот помеѓу судот и Центарот за социјална работа. *Судот* е надлежен да одлучува за доверувањето на чување и воспитување на заедничките деца и за нивното издржување по разводот на бракот врз основа на мислењето на Центарот за социјална работа и откако ќе ги испита сите околности (чл. 80 ст. 2 ЗС). *Центарот за социјална работа* е надлежен во уредувањето на личните односи и непосредните контакти со децата на родителот кај кого не се децата при што ги има истите овластувања како и кога родителите се во брак. Имајќи ја предвид ваквата поставеност на надлежните органи во одлучувањето за вршењето на родителското право по развод на бракот, може да се забележи дека Центарот за социјална работа има *многу широки овластувања* кои се од непосредно значење за развојот на децата, за разлика од судот. Ваквото решение е *во спротивност* со Конвенцијата за правата на детето на ООН, која по однос на уредувањето овие прашања предвидува *судска контрола* и надлежност на судот секогаш кога се одлучува за правата и интересите на детето (чл. 9). Во таа насока, во трудот авторот се залага за целосна реформа и ревидирање на улогата и надлежностите на Центарот во сферата на брачните и семејните односи.

101. Ангел Ристов, „Договорното наследување како „фактички“ основ за наследување во македонското право“ *Охридска школа на правото,* Јуридика Прима, Скопје 2017 (во печат).

Во овој труд, авторот ги анализира т.н. наследноправни договори, кои во практиката најчесто се користат од страна на граѓаните како „фактички“ основ за определување на наследници. И покрај контраверзноста и бројната судска практика, особено за договорот за доживотна издршка, одредбите со кои се уредени овие договори немаат претрпено позначајни промени повеќе од седум децении. Во трудот авторот укажува на потребата од промени во нивното уредување, како и воведување на договорот за наследување, што ќе биде една од позначајните реформи во наследното право во идниот Граѓански законик на Република Македонија. Во последниве децении, во практиката на нотарите станаа многу популарни и договорите за подарок со задржување на правото на владение или правото на плодоуживање, како и договорот за подарок *mortis causa*. Анализирајќи ги спецификите на овие договори, во трудот авторот ги лоцира и причините поради кои граѓаните во планирањето на наследувањето многу ретко се одлучуваат да состават тестамент. Тие многу често се одлучуваат за договорно „наследување“ поради желбата да располагаат со својот имот во

случај на смрт исклучиво по своја волја, која нема да биде поништена или редуцирана по нивната смрт. Причина за застапеноста на овие договори во практиката се и застарените законски решенија за нужното наследување, како и фискалните давачки. Со цел да се оствари поефикасна заштита на правото на граѓаните да располагаат со својот имот во случај на смрт, авторот дава свои предлози за промени во регулативата со цел надминување на постојните проблеми и злоупотреби.

Од изборот во наставно-научното звање доцент (21.12.2012), кандидатот д-р Ангел Ристов како ко/автор ги објавил следниве учебници и монографии:

6.Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право,* Културна установа „Блесок“, Скопје, 2013 (рецензиран учебник); се состои од 336 страници текст.

Четвртото изменето и дополнето издание на учебникот „Семејно право“, од авторите: Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блескок“ од Скопје во 2013 година, е резултат на потребата да се обезбеди учебник за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, пред сè за подготовка на испитот семејно право и наследно право, а поради исцрпеност на поранешното издание. Во учебникот се вградени измените и дополнувањата на Законот за семејството кои се однесуваат на посвојувањето, семејното насилство и старателство на малолетни лица жртви на трговијата со луѓе. Освен тоа, во ова издание на учебникот, новина е тоа што се дава и детален преглед на позначајните теми и актуелни прашања од сферата на правното регулирање на семејството. Покрај ова, во учебникот се обработени и темите за историскиот развој на семејството и семејното право, како и прашањата за промените во семејството и реформите во семејното право во современото општество. Во учебникот, исто така, обработена е и темата за хармонизација на семејното право во Европа, како и особено значајното прашање за семејните вредности околу кое се водат расправи и полемики во сите европски земји. Значајно обележје на учебникот се и деловите што се посветени на уредувањето на одредени важни и актуелни семејноправни институти од споредбеното семејно право. Тие му даваат дополнителен квалитет на учебникот, поради тоа што им овозможуваат на студентите да ги прошират своите знаења со решенијата од семејните законодавства на Франција, Германија, Италија, Швајцарија, Велика Британија, Австрија, Унгарија, Шведска, Данска, Русија, Чешка, Хрватска, Србија и други земји. Покрај ова, за одбележување е и застапеноста на бројните судски пресуди по одредени важни и актуелни прашања и правни празнини како од домашната судска практика, така и од практиката на Европскиот суд за човекови права. Со тоа, авторите на овој учебник успеале да направат добар спој на теоријата со практиката која е од несомнено значење за младите студенти и правници.

7.Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследно право,* Блесок, Скопје, 2014, се состои од 256 страници текст.

Учебникот „Наследно право“, од авторите Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блескок“ од Скопје во 2014 година, е првенствено наменет за студентите на правните факултети во Република Македонија, а е изработен според наставната програма на Правниот факултет „Јустинијан Први“, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје. Во учебникот се разработени наследно-правните институти и основните прашања од сферата на наследното право и наследувањето согласно Законот за наследувањето од 1996 година. Со оглед на тоа што е во тек најголемата реформа на граѓанското право во нашиот правен систем, и Комисијата формирана од страна на Владата на Република Македонија работи на подготовка на

Граѓанскиот закон на Република Македонија, во учебникот се нотирани и одредени слабости во постојните законски решенија и дадени се предлози како подобро да се регулираат наследноправните односи во Граѓанскиот закон, чиј составен дел ќе биде и наследното право.

Покрај позитивните прописи од сферата на наследното право, во учебникот се презентирани и голем број судски одлуки кои се однесуваат на одредени актуелни и спорни прашања поврзани со практичната примена на Законот за наследувањето. Со тоа, авторите успеале да направат добар спој на теоријата со практиката, што е од големо значење за младите студенти и правници. Во учебникот, исто така, дадени се и решенија од сферата на регулирањето на наследноправните односи од споредбеното право. Освен тоа, обработени се и актуелни и значајни прашања како што е тестаменталната слобода во континенталното право и англосаксонското право, судската практика на Европскиот суд за човекови права и прашањето за хармонизацијата на наследноправните норми во европските земји. За одбележување е и фактот што учебникот содржи голем број текстуални и шематски примери за определување на наследниците и на големината на наследните редови, со што на студентите им се овозможува полесно да ја совладаат материјата.

8. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право,* Стоби Трејд, Скопје, 2015; се состои од 336 страници текст.

Учебникот „Семејно право“, од авторите Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, е резултат на потребата да се обезбеди основен учебник за студентите на правните факултети во Република Македонија. Изданието се јавува и како резултат на потребата од одредени измени и дополнувања во законската регулатива кои се однесуваат на надзорот при вршењето на родителското право и во однос на условите и постапката за посвојување. Во учебникот се дава и детален преглед на позначајните теми и актуелни прашања од сферата на правното регулирање на семејството. Авторите во учебникот не ги обработуваат само класичните семејноправни институти. Напротив, тие од многу поширок социолошки и исторископравен аспект ги анализираат и темите за историскиот развој на семејството и семејното право, како и прашањата за промените во семејството и реформите во семејното право во современото општество. Во учебникот е обработена и темата за хармонизација на семејното право во Европа, како и особено значајното прашање за семејните вредности околу кое се водат расправи и полемики во сите европски земји. Авторите во учебникот посветиле внимание и на правното уредување на одредени важни и актуелни семејноправни институти од споредбеното семејно право. Со тоа учебникот добива еден дополнителен квалитет и тежина, овозможувајќи им на студентите да се запознаат со семејните законодавства на Франција, Германија, Италија, Швајцарија, Велика Британија, Австрија, Унгарија, Шведска, Данска, Русија, Чешка, Хрватска, Србија и други земји. Учебникот изобилува со бројни судски пресуди како од домашната, така и од практиката на Европскиот суд за човекови права.

9. Дејан Мицковиќ. Ангел Ристов, *Закон за наследувањето,* Стоби Трејд, Скопје, 2015; се состои од 326 страници текст.

Основната цел на оваа книга е да се даде краток преглед на најзначајните реформи кои, според авторите, треба да бидат прифатени во уредувањето на наследноправните односи во Граѓанскиот законик на Република Македонија. Овие предлози произлегоа од анализата на постојните законски решенија и проблемите кои тие ги предизвикуваат во практиката. Освен тоа, предлозите за реформа се темелат и на опсежната анализа на наследноправната теорија, како и на сеопфатно истражување на законските решенија од сферата на наследувањето во повеќе од дваесет европски наследноправни законодавства.

Исто така, предлозите за реформи кои се дадени во оваа монографија произлегоа и од јавните расправи во кои судиите, нотарите, адвокатите и извршителите ги изнесоа своите ставови и мислења во однос на првата работна верзија на Книга 4 – Наследноправни односи од Граѓанскиот закон на Република Македонија.

Во оваа книга посебно внимание е посветено на судската пракса во сферата на наследувањето. Во книгата се дадени повеќе од 400 судски одлуки од наследноправната сфера од Врховниот суд и Апелационите судови на Република Македонија, како и на судовите од Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Презентирањето на судските одлуки од поранешните југословенски републики, со кои Македонија дели исти или слични законски решенија и има иста правна традиција, има за цел да ги надополни постојните правни празнини во домашното законодавство за кои нашата судска пракса се нема произнесено. Покрај ова, во книгата е содржана целокупната наследноправна материја со која се уредуваат наследноправните односи во Република Македонија. Имајќи предвид дека во Европа постојано се зголемува бројот на оставини со странски елемент – транснационални оставини, меѓу кои спаѓаат и оставините на државјани на Република Македонија, во книгата се презентирани и најновите одлуки на европските институции кои се насочени кон хармонизација на европските наследни законодавства, полесното расправање на оставинските постапки со странски елемент. Ова се постигнува со влегувањето во сила на Уредбата за наследување од 2012 година донесена од Европскиот парламент и Европскиот совет со која се предвидува единствено право и надлежен орган за расправање на оставините, како и воведување на европски сертификат (потврда) за наследување, со кој, без водење на посебни постапки, во сите држави членки на ЕУ се докажува положбата и статусот на наследник, со што се олеснува остварувањето на наследните права. Во книгата, на крајот се дадени и неколку одлуки на Европскиот суд за човекови права со кои се решаваат спорови поврзани со наследувањето и наследните права.

10. Ангел Ристов, *Правни лица,* Стоби Трејд, Скопје, 2015 (рецензирана монографија), се состои од 220 стрници текст.

Монографијата „Правни лица“ од авторот Ангел Ристов, произлегува како резултат на потребата од попродлабочено истражување и проучување на правните лица како значаен субјект во имотноправните односи во современите општества. И покрај тоа што правните лица се појавиле многу одамна, како последица на забрзаниот индустриски развој и зголемениот стоковно-паричен промет, тие се јавуваат во центарот на вниманието на правната наука и граѓанските кодификации кон крајот на 19 и почетокот на 20 век. За разлика од минатото, денес интересот на науката во однос на истражувањето на правните лица е значително опаднат и речиси да го нема. Од друга страна, правните лица во современите општества добиваат се поголемо значење во имотно-правните односи, без кои не може да се замисли современиот начин на живеење. Имено, во глобалниот светски пазар, како и во националните економии денес, доминираат правните лица кои се занимаваат со производство, со трговија и услуги, градежништво, банкарство финансии и др. Покрај ова, во секојдневниот правен промет, граѓаните повеќе стапуваат во имотноправни односи со правните лице. Во таа смисла, со истражувањето на правните лица во оваа монографија, авторот дава скромен придонес кон надополнувањето на оваа празнина во домашната правна наука, разрешувајќи ги бројните дилеми поврзани со правните лица кои се однесуваат на поимот правно лице, причините за нивното настанување, функциите и суштината, правниот субјективитет, видовите на правни лица, како и нивниот престанок. Во монографијата, авторот дава детален преглед на овие прашања, од теоретски аспект, користејќи бројна домашна и странска литература. Истовремено, во монографијата авторот го анализира позитивното право, како и решенијата со кои се уредуваат правните лица во

законодавствата на голем број европски држави. При истражувањето на правните лица, авторот не се задржува само на постарите граѓански кодификации (на Франција, Германија, Шпанија, Грција и др.), туку и на решенијата со кои се уредуваат правните лица во поновите граѓански кодификации (на Русија, Украина, Холандија, Грузија, Литванија и др) .

11. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Граѓанско применето право, Наследно право,* второ издание, Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Скопје, 2015; се состои од 199 страници текст.

Основната цел на оваа книга е студентите да се запознаат со примената на нормите од наследното право во практиката. Структурата и содржината на книгата се конципирани така за да се реализира предвидената цел. Имено, покрај објаснувањето на основните институти од сферата на наследувањето, во книгата се дадени и голем број на судски одлуки што ќе им овозможи на студентите детално да се запознаат со практичната примена на нормите од наследното право. Покрај ова, дадени се и коментари на позначајните судски одлуки. Во книгата се содржани и голем број на примери на обрасци на поднесоци поврзани со наследувањето, решенија, заклучоци, тужби, приговори, тестаменти, договори за отстапување на имот за време на живот и доживотна издршка и други документи што надлежните органи ги издаваат пред и во текот на оставинската постапка.

12. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Закон за семејството,* Стоби Трејд, Скопје, 2015; се состои од страници текст.

Во оваа книга се презентирани најзначајните промени што се случуваат во брачните и семејните односи во европските земји. Освен тоа, во книгата е дадена и детална анализа на реформите во семејното право во современите европски законодавства. Посебно место во оваа книга е посветено на неопходните реформи во македонското семејно законодавство. Во таа смисла, како позначајно, авторите предлагаат: промени во уредувањето на вонбрачната заедница, уредувањето на брачниот договор, предвидувањето на посебна заштита на семејниот дом, суштински реформи во родителското право во насока на обезбедување на поголема заштита на правата и интересите на децата, промени во уредувањето на законскиот имотен режим на брачните партнери, воведување на медијација во брачните и семејните спорови и поголем број на други промени. Предлозите за овие промени произлегуваат од анализата на постојните законски решенија и проблемите кои тие ги предизвикуваат во практиката. Освен тоа, предлозите за реформата на семејното право се темелат и на анализа на семејноправната теорија, на сеопфатно истражување на законските решенија од современите европски семејни законодавства, како и на судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Во оваа книга, посебно внимание е посветено и на судската пракса во сферата на семејните односи. Во таа смисла, во книгата се дадени речиси 300 судски одлуки од областа на семејните односи од Врховниот суд и апелационите судови на Република Македонија, како и од судовите од поранешните југословенски републики, со кои Македонија има иста правна традиција. Одлуките на судовите од регионот кои се презентирани во книгата имаат за цел да се надополнат постојните правни празнини во домашното законодавство за кои нашата судска практика се нема произнесено. Покрај ова, во книгата е даден пречистениот текст на Законот за семејството, како и одредбите од Законот за сопственост и други стварни права кои се однесуваат на имотните односи на брачните и вонбрачните партнери. На крајот, во книгата се дадени и најзначајните одлуки на Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на брачните и семејните односи.

Имајќи ја предвид содржината на оваа книга, таа првенствено е наменета на судиите, адвокатите, извршителите и нотарите кои преку неа ќе бидат во можност да се запознаат со предлозите за реформа на семејното законодавство, но и да имаат корист од богатата судска практика на македонските судови, судовите од регионот и Европскиот суд за човекови права. Освен тоа, оваа книга е наменета и на граѓаните со цел да им овозможи полесно и поефикасно остварување на нивните права кои произлегуваат од семејните односи.

13. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследно право,* Стоби Трејд, Скопје, 2016; се состои од 315 страници текст.

Учебникот „Наследно право“ е првенствено наменет за студентите на правните факултети во Република Македонија, а е изработен според наставната програма на Правниот факултет „Јустинијан Први“, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје. Во учебникот се разработени наследноправните институти и основните прашања од сферата на наследното право и наследувањето според позитивните законски прописи во Република Македонија, а пред сè Законот за наследувањето од 1996 година. Имајќи предвид дека е во тек реформа на граѓанското право, и Комисијата формирана од страна на Владата на Република Македонија работи на подготовка на Граѓанскиот закон на Република Македонија, во учебникот се нотирани и одредени слабости во постојните законски решенија и предлози како подобро да се регулираат наследноправните односи во Граѓанскиот закон, чиј составен дел ќе биде и наследното право.

Во учебникот, покрај позитивните прописи од сферата на наследното право, презентирани се и голем број судски одлуки кои се однесуваат на одредени актуелни и спорни прашања поврзани со практичната примена на Законот за наследувањето, а дадени се и решенијата од сферата на регулирањето на наследноправните односи од споредбеното право. Освен тоа, обработени се и актуелни и значајни прашања како што е тестаменталната слобода во континенталното и англосаксонското право, судската пракса на Европскиот суд за човекови права и прашањето за хармонизацијата на наследноправните норми во европските земји.

Покрај за студентите, се надеваме дека учебникот ќе биде корисен и за правниците од практиката, адвокати и извршители, а очекуваме дека ќе биде особено корисен за нотарите, кои, како повереници на судот, имаат значајни ингеренции во сферата на наследувањето.

14. Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Реформата на наследното право во Република Македонија,* Стоби Трејд, Скопје, 2016; се состои од 244 страници текст.

Оваа монографија претставува теретска основа за расправата и идните решенија во делот наннаследното право, кое што ќе биде уредено во Книга 4 од Граѓанскиот законик. Со изработката на Граѓанскиот законик се очекува целокупната материја од сферата на граѓанското право, вклучувајќи го и наследното право да биде уредена во еден законски текст. Во оваа монографија, авторите прават темелна анализа на постојите законски решенија кои создаваат проблеми и дилеми во практиката и се даваат предлози за реформи, кои се базираат на наследноправната теорија од европските држави, како и на решенијата од споредбеното право. Покрај позначајните предложени реформи, во монографијата се елаборирани и други прашања кои што се однесуваат на промените во наследноправните односи. Пред да се премине на анализата на законските решенија предвидени во Законот за наследување, како и на решенијата од споредбеното право и да се дадат предлози за измени и дополнувања на македонското законодавство, авторите даваат и приказ на глобалните тенденции во европските наследноправни системи, кои се патоказ и за реформите што се неопходни и во македонското наследно законодавство.

15. Дејан Мицковиќ, Елена Игновска, Ангел Ристов, *Новите репродуктивни технологии и правото,* Скопје, 2017. Се состои од страници текст.

Учебникот „Новите репродуктивни технологии и правото“, од авторите: Дејан Мицковиќ, Елена Игновска и Ангел Ристов, во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2016 година, е резултат на потребата да се обезбеди учебник за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, пред сè за подготовка на испитот по изборниот предмет Новите репродуктивни технологии и правото. Учебникот е посветен на една од поновите правни дисциплини со кои се уредуваат и изучуваат репродуктивните технологии и нивното значење за репродукцијата и настанувањето на родителството. Во таа насока, учебникот посебно внимание посветува на појавата и примената на репродуктивните технологии од историски, медицински, етички и др. аспекти. Учебникот ги обработува основните поими и концепти поврзани со примената на репродуктивните технологии и правото, како што се репродукцијата, прокреацијата, инсеменацијата, оплодувањето и зачнувањето и др. Покрај другото, авторите детално се задржуваат на најзначајните меѓународни извори со кои се уредуваат прашања поврзани со новите репродуктивни технологии и правото. За одбележување е фактот што во учебникот е посветено посебно внимание и на судската практика на Европскиот суд за човекови права, со оглед дека се анализирани бројни судски пресуди кои се поврзани со новите репродуктивни технологии. Посебен акцент во учебникот авторите стават на најзначајните прашања кои се поврзани со репродуктивните технологии, кои во правничката и поширокатa јавност создаваат бројни етички, правни, морални, филозофски и религиозни дилеми, како што се: семејствата настанати од сама жена со донација на сперма, правото на детето зачната со репродуктивни технологии да ги дознае своите биолошки родители, сурогат мајчинството, постхумната репродукција и правниот статус на ембрионот. Во трудот, при обработувањето на најважните прашања се прикажани бројни решенија од споредбеното право (од европските законски регулативи и САД), како и становишта на теоријата. Во учебникот, на крајот авторите го анализираат и постојното законодавство со кое е уредено биомедицински потпомогнатото оплодување во Република Македонија. Значајно е да се истакне дека авторите, врз основа на анализата на постојните проблеми што се јавуваат во практиката во Република Македонија, како и врз анализата на решенијата од споредбеното право, даваат предлози и за измени и дополнувања на Законот за биомедицински потпомогнато оплодување, со кои ќе се обезбеди подобро остварување и заштита на правата на учесниците во биомедицински потпомогнатото оплодување, а особено ќе се обезбеди подобра заштита на правата и на интересите на децата.

- **Оценка од самоевалуација**

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на првиот циклус правни студии по предметната програма семејно право и наследно право, кандидатот е континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки, и тоа: за академската 2012/2013 година - со просечна оценка 4,7, за академската 2013/2014 година - со просечна оценка 4,7, за академската 2014/2015 година - со просечна оценка 4,88, за академската 2015/2016 година - со просечна оценка 4,84 и за академската 2016/2017 со просечна оценка 4,8.

Заклучна оцена и предлог на Комисијата

По разгледувањето на документите, Комисијата констатира дека единствениот кандидат, д-р Ангел Ристов, ги исполнува условите предвидени во конкурсот.

Имајќи ги предвид севкупните активности на кандидатот д-р Ангел Ристов во претходниот период, а особено учеството на бројни семинари во земјата и во странство, објавените учебници и монографии, големиот број на објавени трудови во научни и стручни списанија, успешното и совесно извршување на работните обврски, како и високите оценки дадени од страна на студентите, Комисијата смета дека д-р Ангел Ристов успешно ќе ги извршува работните обврски на научната област граѓанско материјално право.

Поради сево ова, членовите на Комисијата имаат особена чест и задоволство, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, да го поднесат следниов

П Р Е Д Л О Г

д-р Ангел Ристов да се избере во наставно-научното звање вонреден професор на научната област граѓанско материјално право.

К о м и с и ј а

1. Проф. д-р Арсен Јаневски, редовен професор с.р.
2. Проф. д-р Родна Живковска, редовен професор с.р.
3. Проф. д-р Дејан Мицковиќ, редовен професор с.р.

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Ангел Ристов

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

Научна област: граѓанско материјално право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**		**Поени**
1.	**Одржување на настава**		
1.1.	**Од прв циклус студии** **Семејно и наследно право** учебна 2012/2013 учебна 2013/2014 учебна 2014/2015 учебна 2015/2016 учебна 2016/2017	 2,5*15*0,04 = 1,5 2,5*15*0,04 = 1,5 1,66*15*0,04 = 0,96 1,66*15*0,04 = 0,96 1,66*15*0,04 = 0,96	5,88
1.2.	**Од втор циклус студии**		

	мастер: граѓанско материјално право и граѓанско процесно право **Современи наследно-правни системи** учебна 2012/2013 2,5*15*0,05 = 1,88 учебна 2013/2014 2,5*15*0,05 = 1,88 учебна 2014/2015 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2015/2016 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2016/2017 1,66*15*0,05 = 1,25 **Граѓанско право – применета програма** учебна 2012/2013 0,25*15*0,03 = 0,11 учебна 2013/2014 0,25*15*0,03 = 0,11 учебна 2014/2015 0,25*15*0,03 = 0,11 учебна 2015/2016 0,25*15*0,03 = 0,11 учебна 2016/2017 0,25*15*0,03 = 0,11 **Новите репродуктивни технологии и правото (опционен)** учебна 2012/2013 2,5*15*0,05 = 1,88 учебна 2013/2014 2,5*15*0,05 = 1,88 учебна 2014/2015 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2015/2016 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2016/2017 1,66*15*0,05 = 1,25 **Европско семејно право (опционен)**	7,51 0,55 7,51

	учебна 2012/2013	0,5*15*0,05 = 0,37	
	учебна 2013/2014	0,5*15*0,05 = 0,37	
	учебна 2014/2015	0,33*15*0,05 = 0,25	
	учебна 2015/2016	0,33*15*0,05 = 0,25	1,47
	учебна 2016/2017	0,33*15*0,05 = 0,25	
	Социологија на семејството (опционен)		
	учебна 2012/2013	0,5*15*0,05 = 0,37	
	учебна 2013/2014	0,5*15*0,05 = 0,37	
	учебна 2014/2015	0,33*15*0,05 = 0,25	
	учебна 2015/2016	0,33*15*0,05 = 0,25	1,47
	учебна 2016/2017	0,33*15*0,05 = 0,25	
2.	**Настава во школи и работилници**		
2.1.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Неготино, на 8.4.2016 година.		1
2.2.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Кавадарци, на 11.4.2016 година.		1
2.3.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Пробиштип, на 20.5.2016 година.		1
2.4.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“ одржана во Општина Прилеп, ОУ „Блаже Конески“ на 25.5.2016 година		1
2.5.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Виница, ОУ „Гоце Делчев“, на 31.5.2016 година.		1
2.6.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“,		1

	одржана во Општина Радовиш, Дом на културата, на 12.9.2016 година.	
2.7.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Крива Паланка, Дом на културата, на 29.9.2016 година.	1
2.8.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Делчево ОУ „Ванчо Прке“, на 6.10.2016 година.	1
2.9.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Чаир, ОУ „Битолски конгрес“, на 13.10.2016 година.	1
2.10.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Ѓорче Петров ОУ „Браќа Миладиновци“, на 26.10.2016 година.	1
2.11.	Специјализирана работилница насловена „Семејството и правата на детето како клучен фактор во образованието“, одржана во Општина Гази Баба ОУ „Стив Наумов“, на 13.3.2017 година.	1
3.	**Подготовка на нов предмет**	
3.1.	**Предавања** Права на детето Партнерско право	2
4.	**Консултации со студенти** учебна 2012/2013 300*0,002 = 0,6 учебна 2013/2014 300*0,002 = 0,6 учебна 2014/2015 300*0,002 = 0,6 учебна 2015/2016 300*0,002 = 0,6 учебна 2016/2017 300*0,002 = 0,6	3

5.	**Член на комисија на оценка или одбрана на докторат** 3*0,5	1,5
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** 140*0,3	42
7.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	
7.1.	**Коавтор** Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право,* Културна установа „Блесок“, Скопје, 2013; Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право,* Стоби Трејд, Скопје, 2015; Дејан Мицковиќ, Елена Игновска, Ангел Ристов, *Новите репродуктивни технологии и правото,* Скопје, 2017.	18
8.	**Интерна скрипта од предавања**	
8.1.	Европско семејно право	4
9.	**Научно-популарна книга**	
10.	**Пакет материјали за одреден предмет** Социологија на семејството Европско семејно право	2
	Вкупно поени од претходен избор	47,72
	Вкупно	**108,89**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (научноистражувачка):**	**Поени**
1.	**Ментор на магистерска работа** 63*1	63

2.	**Учесник во национален научен проект**	
2.1.	Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2013-2017	5
3.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
3.1.	Civil Law Forum for South East Europe, GIZ-South East European Law School, 2013	5
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	
4.1.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Правниот статус на семејниот дом во македонското и споредбеното семејно право“, *Годишник во чест на проф. Марјан Марјановски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2014 (во печат).	3,6
4.2.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Феноменот семејно насилство Европа и во Македонија“, *Годишник во чест на проф. Славко Милосавлевски,* Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2014 (во печат).	3,6
4.3.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Вршењето на родителското право по разводот на брак во македонското семејно право“, *Годишник во чест на проф. Гале Галев,* Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2014 (во печат).	3,6
4.4.	Dejan Micković, Angel Ristov, „Kodifikacija naslednog prava u Republici Makedoniji“, *Pravni život,* Udruženje pravnika Republike Srbije, 2013.	3,6
4.5.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, “Новини во уредувањето на посвојувањето во Македонија” *Годишник во чест на проф. Симеон Гелевски,* Правен Факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 2014.	3,6
4.6.	Ангел Ристов, „Уредувањето на имотните односи на брачните партнери: љубов без сметка или чиста сметка долга љубов“, *Годишник во чест на проф. Миодраг Мицајков,* Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2017 (во печат).	4
4.7.	Ангел Ристов, Дали се потребни нови видови на тестаменти во македонското наследно право, *Годишник во чест на проф.*	4

	Димитар Бајалџиев, Правен факултет „Јустинијан Први“ 2017 (во печат);	
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание**	
5.1.	Ангел Ристов, Правниот статус на семејниот дом во македонското и споредбеното семејно право, *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, 2013.	2
5.2.	Ангел Ристов, „Дали е потребен брачниот договор во македонското законодавство“ *Нотариус,* бр. 23, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, јули 2013.	2
5.3.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Реформите во наследното право предвидени во Преднацртот на Граѓанскиот законик на Република Македонија“, *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, јануари 2014.	1,8
5.4.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „За дозволеноста на брачниот договор: Брак од љубов или брак од интерес, *Правник,* бр. 284, Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, 2015.	1,8
5.5.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Улогата и значењето на нотарите во Француското право“, *Нотариус,* бр. 26, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 2015.	1,8
5.6.	Ѓорѓи Радојков, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Актуелни прашања во судската пракса во семејните спорови“, *Правник,* бр.284, Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, декември 2015.	1,6
5.7.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Правото на детето на лични и непосредни контакти со другиот родител и блиските роднини“, *Правник,* бр. 286, Здружение на правниците на Република Македонија, Февруари, 2016.	1,8
5.8.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Новите предлози за реформи во кодификацијата на македонското наследно право“ *Нотариус,* бр. 29, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, декември 2016.	1,8
5.9.	Ангел Ристов, „Дали е потребна семејната книга во македонското право“ *Нотариус,* бр. 30, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 2016.	2
5.10.	Ангел Ристов, „Правната сигурност како клучен фактор за владеење на правото“, *Правник,* бр. 295-296, Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, 2016.	2

5.11.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Местото на семејното право во Граѓанскиот законик на Република Македонија, *Правник,* Здружение на правниците на Република Македонија, 2014.	1,8
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научнопопуларно списание со меѓународен уредувачки одбор**	
6.1.	Dejan Mickovik, Angel Ristov, „Parental rights and responsabilities after divorce in Macedonia“, *International Survey of Family Law,* 2013.	2,7
6.2.	Angel Ristov, “The Freedom of the Testamentary Disposition in the Macedonian Succession Law”, *Iustinianus Primus Law Review,* Skopje, No. 7, 2013.	3
6.3.	Dejan Mickovik, Angel Ristov, „Les changements dans les rapports conjugaux et familiaux dans les pays européens et dans la République de la Macédoine“,Facta Universitatis, Pravni fakultet Nis, 2013.	2,7
6.4.	Angel Ristov, “The New Challenges in the Regulation of Marriage and Non Marital Union,” *Harmonius,* Belgrade, 2014.	3
6.5.	Dejan Mickovik, Angel Ristov, Family Law in the New Civil Code of the Republic of Macedonia: Key Issues and necessary reforms, *International Survey of Family Law,* Jordan publishing, Bristol, 2014.	2,7
6.6	Angel Ristov, “Justice is expensive: Case Mitovi v. Republic of Macedonia” *Iustinuanus Primus Law Review* No. 14, Faculty of Law Iustinianus Primus, Skopje, 2016.	3
6.7.	Dejan Mickovik, Angel Ristov, „The Reforms of the Inheritance Law in the Process of Codification of the Macedonian Civil Law“ *Harmonius,* Belgrade, 2016.	2,7
7.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
7.1.	Ангел Ристов, „Принципот на лаицитет и неговото значење“ Меѓународна конференција, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје, 13.4.2016.	2
7.2.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Брачниот договор во Македонија и во Хрватска“, *Загребско-скопски колоквиум,* Универзитет во Загреб, 2016.	1,8

8.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки**	
8.1.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Кодификација на семејното право во Република Македонија“, *Зборник радова Правног факултета у Палама,* 2013.	2,7
8.2.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Наследноправната положба на брачниот партнер во современите законодавства”, *Зборник на трудови,* Правен факултет, Пале, Република Српска, 2015.	2,7
8.3.	Ангел Ристов, „Вонбрачната заедница во македонското семејно право“, *Охридска школа на правото,* Том 1, мај 2015.	3
8.4.	Ангел Ристов, „Правната не/сигурност во македонското семејно и наследно право“, *Охридска школа на правото,* Јуридика Прима, Том, 3, Скопје, 2016.	3
8.5.	Angel Ristov, “Macedonian Civil Code and the reforms in the marital property regime of the spouses”, *Collection of papers,* National and International Law - Current Issues and Topics, tom 1, Faculty of Law, University in Prishtina – Kosovska Mitrovica, 2017.	3
8.6.	Ангел Ристов, „Договорното наследување како „фактички“ основ за наследување во македонското право“ *Охридска школа на правото,* Јуридика Прима, Скопје 2017 (во печат).	3
10.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
10.1.	Национална конференција „Воведување на заедничко родителство по развод“, Скопје, 21 март 2017 година.	2
10.2.	Семинар на тема „Граѓанскиот законик и реформата на македонското наследно право“, Јуридика Прима, Скопје, 9 февруари 2017.	2
10.3.	Семинар „Граѓанскиот законик и актуелните прашања поврзани со разводот и вршењето на родителското право по развод на брак“, Јуридика Прима, Скопје, 27 октомври 2016.	2
10.4.	Семинар за развод на брак, Јуридика Прима, Скопје, 30 мај 2016.	2
10.5.	Конференција „Потребата од промени во вршењето на родителското право во македонското семејно законодавство“ Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 9 март 2016.	2

10.6.	Конференција „Новини во семејното и наследното право во Граѓанскиот законик на Република Македонија“ Адвокатска комора на Република Македонија, Скопје, 28 април 2014.	2
10.7.	Семинар на извршители, Комора на извршители на Република Македонија, Охрид, 13-15 декември 2013.	2
10.8.	Советување – „Новините и дилемите во семејното и наследното право“ Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 16 ноември 2013.	2
11.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
11.1.	Меѓународна научна конференција Охридска школа на правото „Ефикасната заштита на човековите права и слободи: реалност или идеал“ Јуридика Прима, Охрид, 12-14 мај 2017.	3
11.2.	Меѓународна конференција „Глобализацијата и правото“ Правен факултет Универзитет во Ниш, 21-22 април 2017	3
11.3.	XI Harmonius School of Law, Acces to Justice - How much does it cost?, Zlatibor, Belgrade, december 2016.	3
11.4.	Меѓународна конференција- Меѓународен институт за човекови права и мир во Каен Амбасада на Франција во Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 13.4.2016.	3
11.5.	X Harmonius School of Law, Zlatibor, Serbia, 26-29 november, 2015.	3
11.6.	Меѓународен семинар на извршители, Комората на извршители на Република Македонија, Сандански, Р Бугарија, 7 – 10 мај 2015.	3
11.7.	Меѓународна конференција Охридска школа на правото „Новите предизвици во уредувањето на правните односи во духот на европските вредности“ Јуридика, Охрид, 14-17 мај 2015.	3
11.8.	Меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, 11-13 септември 2014.	3
11.9.	Меѓународна научна конференција „Усогласување на правото на Србија со правото на Европската Унија“ Правен факултет, Ниш, 16 мај 2014.	3
11.10.	International conference, Legal Reform in EU Accession Process, VIII Harmonius School of Law Zlatibor, Srbija 5-8 XII 2013	3
11.11.	Меѓународен семинар на извршители од Македонија и Албанија, Комора на извршители на Република Македонија, Драч, Албанија, 30 мај – 2 јуни 2013.	3

11.12.	3rd Regional Conference of the Civil Law Forum for South East Europe 11-12 March 2013, Tirana, Albania.	3
	Вкупно поени од претходен избор	138,48
	Вкупно	**212,4**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (стручно-апликативна):**	**Поени**
1.	**Стручна монографија**	
1.1.	Ангел Ристов, *Правни лица,* Стоби Трејд, Скопје, 2015.	7
1.2.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Реформата на наследното право во Република Македонија,* Стоби Трејд, Скопје, 2016.	6,3
2.	**Книга од стручна област**	
2.1.	**Коавтор** Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследно право,* Блесок, Скопје, 2014	6,3
2.2.	Дејан Мицковиќ. Ангел Ристов, *Закон за наследувањето,* Стоби Трејд, Скопје, 2015	6,3
2.3.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Граѓанско применето право, Наследно право,* второ издание, Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Скопје, 2015	6,3
2.4.	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Закон за семејството,* Стоби Трејд, Скопје, 2015	6,3
2.5	Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Наследно право,* Стоби Трејд, Скопје, 2016	6,3
3.	**Студија, физибилитистудија, истражување на пазарот**	
3.1.		1

3.2.		1
4.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**	
4.1.	Промоција на студиските програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2016-2017	1
5.	**Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик**	
5.1.	**Статија**	0,25
6.	**Член во комисија за изработка на закон**	
6.1.	Член на Работна група за облигационо право при Комисијата за изработка на Граѓанскиот законик на Република Македонија, 2012-2017	5
7.	**Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт**	
7.1.		
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
8.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	
8.1.	Член на меѓународниот уредувачки одбор на смисанието „Harmonius“	0,5
8.2.	Главен и одговорен уредник на „Охридската школа на правото“, 2015-2017	0,5
	Вкупно поени од претходен избор	33,8
	Вкупно	**54,05**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**108,89**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**212,4**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**54,05**
Вкупно поени од претходен избор	220
Вкупно	**375,34**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. Проф. д-р Арсен Јаневски, редовен професор, с.р.

2. Проф. д-р Родна Живковска, редовен професор, с.р.

3. Проф. д-р Дејан Мицковиќ, редовен професор, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕХАНИЗМИ НА КОНТРОЛА ВРЗ РЕГУЛАТОРНИТЕ ОРГАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р АРГТИМ САЛИУ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 1.6.2017 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Аргтим Салиу** под наслов: **Механизми на контрола врз регулаторните органи во Република Македонија**, во состав: **проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, проф. д-р Димитар Гелев, проф. д-р Ана Павловска Данева (ментор) и проф. д-р Изет Зеќири од Универзитетот Југоисточна Европа во Тетово.**

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание ја прочита и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Механизми на контрола врз регулаторните органи во Република Македонија“, изработена од кандидатот м-р Аргтим Салиу, опфаќа текст од 205 страници во компјутерска техника со проред 1,5 и Times New Roman 12, 278 фусноти и 149 странски и домашни библиографски единици, законски прописи, извештаи и електронски извори. Структурата на дисертацијата се состои од кратка содржина, вовед, три глави, заклучок и преглед на користена литература.

Во **воведот,** кандидатот ги поставува предметот на истражувањето, целите на истражувањето, појдовните хипотези и методолошката рамка на истражување.

Предмет на оваа докторска дисертација е анализа на правната положба и статусот на регулаторните тела, конкретно начинот на спроведување на контрола и механизми на контрола и набљудување, односно политичката контрола врз регулаторните тела кои ги основа Собранието на Република Македонија.

Целта на истражувањето на оваа докторска дисертација е да се утврдат дали само политичката контрола од страна на Собранието, односно контролата само од страна на пратениците е доволна за отчетноста на регулаторните тела. За таа цел, кандидатот врши анализа на отчетноста на регулаторните тела според правилата на законодавството, транспарентноста на регулаторните тела, засегнатите страни кои учествуваат во оценувањето и надзорот врз регулаторните тела, законската регулатива која се однесува на работата на регулаторните тела и краток компаративен осврт на регулаторните тела во земјите од регионот, ЕУ и САД.

Појдовните хипотези или прашања кои ги поставува кандидатот се:

1) Дали отчетноста, односно политичката контрола само од страна на пратениците во Собранието на Република Македонија е доволна за контрола и транспарентност на регулаторните органи?
2) Дали има потреба од зајакнување на механизмите на контрола на Собранието на Република Македонија врз регулаторните органи, преку пратениците, како и посоодветно вклучување и на претставниците од бизнис-заедницата, експерти, невладините организации и медиумите во работата на регулаторните органи?

Методолошката основа на истражувањето ја сочинуваат дескриптивниот, наративниот и компаративниот метод, кои треба да послужат за анализа, објаснување и опишување на механизмите на контрола врз регулаторните тела во Република Македонија со кратка компаративна анализа со земјите од САД и ЕУ.

Истражувањето и самата докторска дисертација вклучува и анализа на најрелевантните дела во науката за регулаторниите тела и нормативните акти од САД и Европската Унија, но посебно се фокусира на анализа на законската и подзаконската регулатива, институционалната поставеност и на функционирањето на независните регулаторни органи во Република Македонија.

1. Првата глава, со наслов „Теоретски аспекти на правниот статус на регулаторните тела“, е систематизирана во две тематски единици. Во првата подглава, кандидатот врши поимно определување на регулаторните тела и дава теоретски осврт на ставовите на вторите кои се занимаваат со анализа на оваа проблематика како што се Даниел Дризнер, Адам Смит и Фабризио Гиларди. Имено, кандидатот ја наведува дефиницијата според која под регулаторни агенции се подразбираат тела на кои им се доделени одредени законски надлежности: да поставуваат обврзувачки правила (донесување правила) или да донесуваат обврзувачки одлуки во одредени случаи (носење решенија, решавање за поединечни права и обврски). Овие тела можат да се дефинираат како јавни организации со регулаторни моќи кои не се ниту избрани од народот, ниту директно управувани од избраните функционери. Имено, независните регулаторни агенции се дел од трендот на „создавање на агенции“, тренд кој е карактеристичен за земјите на ОЕСР, а кој го промовира ставот дека политиките најдобро се спроведуваат „на дистанца“ од извршната власт. Она што го истакнува кандидатот е дека регулаторните органи, како независни агенции, играат клучна улога во зајакнувањето на владеењето на правото и поддржувањето на слободната пазарна економија. Но, при основањето на нови независни регулаторни органи важно е да се земат предвид јавниот интерес и целисходноста за нивното постоење. Во рамките на втората подглава, кандидатот дава краток осврт на различните школи и теоретски правци за законитоста како принцип на работа на регулаторните органи.

2. Втората глава под наслов „Компаративни искуства за статусот и улогата на регулаторните органи“ е систематизирана во две тематски единици. Во рамките на првата подглава, кандидатот го објаснува правниот статус на регулаторните тела во САД. Она што го истакнува кандидатот согласно со компаративното истражување е дека во САД постојат локални, државни и федерални регулаторни агенции, кои служат како средства за посредување на стратешкото управување со владините цели, на пример: чист воздух, безбедни патишта и безбедна храна. Регулаторните агенции во САД претставуваат една од

најмоќните алатки кои им се достапни на јавните администратори и камен-темелник за современата јавна политика во САД. Имено, идејата за регулаторна агенција за прв пат постигнува напредок во САД, и, во голема мера, е американска институција. Првата агенција е Комисијата за меѓудржавна трговија (КМТ), основана од страна на Конгресот во 1887 година да го регулира железничкиот сообраќај (а подоцна и моторните превозници, внатрешната пловидба и нафтените компании). Утврдувањето на владина контрола во другите индустрии довело до создавање на многу други регулаторни агенции моделирани по КМТ, а главна меѓу нив е Федералната комисија за трговија (ФКТ, 1914), Федералната комисија за комуникации (ФКК, 1934), како и Комисијата за хартии од вредност (КХВ, 1934). Воедно, во овој период имало сличен развој и во државните и општинските власти. Други понови агенции се Комисијата за еднакви можности за вработување (КЕМВ, 1964), Агенцијата за заштита на животната средина (АЗЖС, 1970), Агенцијата за безбедност и здравје при работа (АБЗП, 1971), Комисијата за безбедност на потрошувачки производи (КБПП, 1972) и Нуклеарната регулаторна комисија (НРК, 1975).

Во рамките на втората подглава, кандидатот врши анализа на правниот статус на регулаторните тела во ЕУ. Имено, многубројни агенции во Европската Унија се основани за спроведување на политиката во одредени области, со цел поедноставување на процедурите, обезбедување на рентабилност, приближување на екстернализираните активности до крајните корисници и подобрување на видливоста на Европската Унија.

Голем дел од нив се извршни агенции под директен надзор на Европската комисија. Меѓутоа, многуте формирани автономни регулаторни агенции наметнале низа проблеми поврзани со одговорноста и надзорот од страна на институциите на ЕУ. Емпириските наоди покажуваат дека факторите кои се специфични за секоја земја се важни: растот на бројот на независни регулаторни тела во 90-тите години се должи делумно на потребата за регулирање на новоформираните пазари, како и на политичкиот и институционален контекст на секоја земја. Сепак, во помала или поголема мера, речиси сите демократски земји во светот ја прифатиле агенцификацијата во последните неколку децении, на пример: во Обединетото Кралство се насобраа околу 600 такви агенции во 2004 година, во Соединетите Американски Држави имаа повеќе од 1 000 агенции, Шведска над 100, Ирска околу 60 агенции. Додека, пак, во западна Европа само во периодот од 1980 до 2002 година, бројот на независните регулаторни агенции пораснал од 15 на околу 90.

За разлика од извршните агенции, кои се основани за ограничен временски период преку единствена правна основа, за преземање на јасно дефинирани задачи во управувањето на програмите на ЕУ (на пример, Европски совет за истражување, Извршна агенција за истражување), регулаторните агенции ги презентираат проблемите во однос на нивните односи со институциите и јавната одговорност.

Нивното *ad hoc* формирање во текот на годините, како и недостатокот на еден сет на правила за работа, довело до барања за реформи на нивното управување и до долготрајна меѓуинституционална дебата за нивната одговорност. Оваа дебата се фокусирала на прашањата поврзани со судирот на интереси на членовите на управните одбори, недостатокот на вистински и ефективен надзор на агенциите, меѓу другото, поради големината на нивните управни одбори, и нивната позиција во политичкиот и административниот систем на ЕУ воопшто. Имено, меѓуинституционалната дебата за одговорноста

на регулаторните агенции започнала во 2001 година со Белата книга за европското владеење на Комисијата преку утврдување на потребата од воспоставување на јасна рамка за одговорностите на регулаторните агенции и утврдување на барањата за транспарентност. Додека, пак, од 2012 година почнува заедничкиот пристап кон регулаторните агенции, при што работата на работната група резултираше со правно необврзувачки Заеднички пристап кон регулаторните агенции договорен во 2012 година од страна на Европскиот парламент, Советот и Комисијата, кои ги фиксирале принципите за создавање на регулаторните агенции врз основа на објективна проценка на влијание, нивниот преглед и изборот во однос на членовите на агенциите. Посебен акцент во рамките на оваа подглава, кандидатот посветува и на анализа на овластувањата на Европската агенција за животна средина.

3. Третата глава насловена како „Регулаторните тела во системот на организација на власта во Република Македонија“ е систематизирана во седум тематски единици. Во рамките на оваа глава, кандидатот на детален начин ги наведува и ги објаснува видовите регулаторни тела во Република Македонија, нивниот правен статус, правата и обврските, правната неусогласеност на обемот на нивните надлежности, видовите на надзор врз регулаторните тела, како и политичките влијанија и контрола врз нив. За таа цел, во оваа глава се анализираат сите регулаторни тела во Република Македонија, нивните права, обврски и надлежности, организациона структура, персонал итн. Во рамките на првата подглава, кандидатот го објаснува правниот статус на регулаторните органи во Република Македонија. Имено, кандидатот наведува дека независните регулаторни органи се формирани во сите земји и многу сектори. Во Република Македонија, нивното основање започнува од 2002 година, кога е основана Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС (Агенција за супервизија на осигурувањето – АСО - 2002 година, Комисија за хартии од вредност - 2005 година, Агенција за цивилно воздухопловство - 2006 година и Агенција за електронски комуникации – АЕК - 2008 година), но раст на нивниот број се забележува од 2009 година, кога е основана Регулаторната комисија за домување - 2009 година (Агенција за пошти - 2010 година, Регулаторна комисија за енергетика - 2011 година, Агенција за регулирање на железничкиот сектор - 2012 година и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - 2013 година). Регулаторните органи во РМ имаат статус на правно лице со запишување во судскиот регистар и нивната работа е јавна. Согласно со соодветните законски и јавни прописи врз основа на кои се основаат регулаторните органи, Република Македонија е основач на регулаторните тела, а основачките права ги има Собранието на Република Македонија. Имено, независните институции што ги основа Собранието на Република Македонија можат да се поделат на: комисии, агенции и дирекции. Регулаторните органи се основаат како самостојни и непрофитни органи со статус на правно лице, со јавни овластувања утврдени со закон. Важно е да се истакне и дека регулаторните тела сами управуваат со својот имот и средства.

Она на што укажува кандидатот е дека треба да се направи дистинкција помеѓу регулаторните органи и независните комисии. Според соодветната законска регулатива, комисиите на регулаторните органи именуваат директор на регулаторното тело, по пат на јавен конкурс, со петгодишен мандат, со можност за уште еден последователен мандат, додека, пак, независните комисии избираат претседател од редот на членовите, со мандат од четири години, со право на уште

едно именување. Регулаторните органи носат одлуки со кои се регулираат одредени области од интерес на граѓаните, а државата не се меша, како на пример: одредување на цената за струја, греење, издавање на фреквенции за аудиодифузери, заштита на конкурентноста и забрана на монополот. Додека, пак, независните агенции комисии не носат одлуки кои ги засегаат граѓаните, тие само контролираат одделни органи на власта и одговараат пред органот што ги бира. За да го објасни ваквото разграничување, кандидатот го наведува и ставот на авторите на публикацијата: Транспарентност и отчетност на агенциите: Компаративна анализа на пет регулирани сектори во Србија и во Македонија, издадена од Транспаренси интернешнл – Македонија (Скопје, 2015 година), според кои постојат две категории на агенции, и тоа: независни агенции (независни регулаторни агенции – НРА и контролни агенции – НКА) и агенции подредени на министерството. Па оттука, се констатира дека имаме различни модели на агенции, како што се: независни нерегулаторни агенции, независни регулаторни агенции и агенции што не се независни (што работат во рамките на министерската хиерархија).

На пример, како независни нерегулаторни агенции во Република Македонија ги имаме: Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија. Како агенции што работат во рамките на министерската хиерархија ја имаме: Управата за животна средина и др. А како регулаторни органи што ги основа Собранието на Република Македонија се: Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за пошти, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Регулаторната комисија за енергетика, Регулаторната комисија за домување, Агенцијата за електронски комуникации – АЕК.

Што се однесува до контролата над независните регулаторни органи, постојат два вида на контрола: надворешна контрола (од страна на Собранието, од страна на клиентите/граѓаните што се корисници на јавни услуги или услуги од општ интерес (член 103, став 3 од Законот за општа управна постапка), ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија) и внатрешна контрола (од страна на Комисијата/управен одбор на регулаторните органи).

Регулаторните органи се одговорни пред претставничкото тело и во тој случај станува збор за политичка одговорност, односно за парламентарна контрола над регулаторите. Што се однесува до независните регулаторни органи во Република Македонија, тие за својата работа одговараат пред Собранието на Република Македонија како нивен основач. Тие за својата работа се должни до Собранието на Република Македонија да достават годишен извештај за работата за претходната година и годишна програма за работа за наредната година.

Во рамките на оваа подглава, кандидатот ги наведува и собраниските комисии кои се од значење за контрола на регулаторните органи како што се: Комисијата за економски прашања, која е надлежна за контрола на Регулаторната комисија за енергетика и Комисијата за заштита на конкуренцијата, Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија, која врши контрола над работењето на Државниот завод за ревизија, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Државната комисија за жалби по јавни набавки, Комисијата за

транспорт, врски и екологија на Собранието на Република Македонија, која е надлежна за контрола на работењето на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за пошти, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Агенцијата за цивилно воздухопловство. Додека, пак, четврта собраниска комисија која има улога на следење на работата на регулаторните органи е Комисијата за труд и социјална политика, а во нејзина надлежност е контролата на работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.

4. Докторската дисертација завршува со „Заклучок“, во кој се резимираат резултатите од истражувањето и се даваат завршни согледувања за механизмите за контрола врз регулаторните тела во Република Македонија. Имено, кандидатот констатира дека со законите што го регулираат формирањето и функционирањето на регулаторните органи е утврдено дека тие се самостојни и независни во извршувањето на законските надлежности и дека изборот на кадрите се врши по пат на јавно објавен конкурс во кој се содржани и критериумите што се бараат, а изборот, по правило, го врши Собранието на Република Македонија, по предлог на надлежната собраниска комисија за избор и именување. Но, наспроти ваквата законска поставеност и критериумите за стручност и компетентност, во практиката е присутно големото политичко влијание при изборот на кадрите во регулаторните органи, што понатаму се реперкуира со влијание на владејачката гарнитура врз донесувањето на нивните одлуки. Персоналниот состав на советот на регулаторните органи во Република Македонија е доказ дека политиката доминира и врз нивната работата, бидејќи се знае кој предлага и гласа за членови на совет или комисии на регулаторни органи, а тоа е владејачкото мнозинство во Собранието. Оттука, наместо независност, професионалност и објективност, регулаторните органи, најчесто, при одлучувањето покажуваат двојни стандарди, селективен однос и пристрасност.

Поради тоа, кандидатот смета дека регулаторните органи треба целосно да се фокусираат на работата во сопствената област, неоптоварени со дневнополитичките прашања, работи што го одвлекуваат вниманието и повеќекратните притисоци што се случуваат во политичкото опкружување. Регулаторните органи, според кандидатот, треба доследно да ги извршуваат утврдените законски надлежности, за еднаков третман на граѓаните и правните лица. Со тоа ќе се придонесе кон зајакнување на нивната одговорност и транспарентност, и ќе се зајакне довербата кон регулаторните органи. Јакнењето на работата на регулаторните органи и подобрувањето на регулативата се дел од приоритетите за претстојниот период, што е, исто така, предвидено во важечкото право на Европската Унија како еден од условите за напредување во процесот на пристапување кон Европската Унија.

Како најистакнати пречки во однос на независноста на регулаторните тела, кандидатот ги истакнува: прво, високо политизираното опкружување што не посветува доволно внимание на улогата и положбата на независните агенции и, второ, континуираното недоволно обезбедување на ресурси за агенциите.

Па оттука, како мерки и препораки за независните регулаторни органи, кандидатот ги предлага следниве активности:

- строго почитување на законските критериуми за избор на членови во независните комисии/одбор и во регулаторните тела;
- законските критериуми треба да бидат јасни и прецизни и да одговараат на значењето на позициите во регулаторите;

- предвидување стручна комисија која ќе треба да биде составена од претставници од повеќе органи и организации (како НВО, стопански комори, академска заедница), која ќе ги предлага кандидатите за Комисијата за прашања за изборите и именувањата при Собранието на Република Македонија;
- да се смени начинот на предлагање на кандидатите за членови во независните комисии и во регулаторните органи, во кој Владата ги предлага кандидатите за дел од регулаторните органи со вклучување независни експерти од соодветната фела и претставници од стопанските комори, сè со цел да се ограничи политичкото влијание врз нивното именување од страна на извршната власт;
- потребно е да се предвиди судска заштита против одлуките за именување на членови во независните комисии и регулаторните органи преку измена и дополнување на соодветната регулатива; задолжително образложение за причините поради кои одреден кандидат или кандидати биле одбиени за членови во регулаторно тело; да се најдат и да се постават механизми и постапки за да се обезбеди баланс меѓу законските одредби и широките дискрециони овластувања во работата на регулаторните органи;
- преку изготвување ефективни стратегии за комуникација со јавноста ќе треба да се зголемат транспарентноста, отчетноста, професионалноста на работата и надлежностите на независните комисии и на регулаторните органи, со што овие органи ќе бидат поблиску до граѓаните и поширокатa јавност;
- за непочитување на принципите за транспарентност, отчетност и професионалност, да се предвидат соодветни законски мерки;
- потребно е поголемо запознавање на граѓаните и поширокатa јавност со меѓународните стандарди кои се однесуваат на работата, надлежностите и независноста на независните регулаторни органи и комисии;
- потребно е да се посветува повеќе внимание и да се вклучат во набљудувањето и дискусиите сите заинтересирани општествени актери за работата, надлежностите и професионалноста на регулаторните органи.

II. Оцена, заклучок и предлог

Докторската дисертација под наслов „Механизми на контрола врз регулаторните органи во Република Македонија“, изработена од кандидатот м-р Аргтим Салиу, претставува самостоен научен труд во кој на академски прифатлив начин се елаборира значајна и исклучително комплексна материја. Трудот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот, односно ставовите на авторот за предметот на поставеното истражување.

Дисертацијата се истакнува со исклучителна вредност, бидејќи применува нормативно правен, теоретски и компаративен пристап во анализата на меѓународните акти и позитивното право во Република Македонија, САД и ЕУ. Дотолку повеќе, во дисертацијата се изложени и е даден критички осврт на прашањата кои се однесуваат на статусот на регулаторните тела, начинот на нивното основање и изборот на членовите, начинот и механизмите на контрола на овие органи. Воедно, кандидатот преку спроведеното истражување ги воочуваа недоследностите во поглед на функционирањето и контролата над регулаторните тела во РМ и дава конкретни препораки и мерки кои треба да се преземат за да може и de facto овие органи да бидат транспарентни, отчетни и независни во своето работење, а од друга страна да се зголеми довербата на граѓаните во овие институции. Оваа тема е посебно значајна затоа што

постоењето на независни регулаторни агенции и нивното функционирање е во интерес на демократизацијата на општеството и социо-економскиот развој. Имено, регулаторните органи, како независни агенции, играат клучна улога во зајакнувањето на владеењето на правото и поддржувањето на слободната пазарна економија.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторска дисертација што ги задоволува стандардите за изработка на научни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Аргтим Салиу ѝ причинува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.

Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.

Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.

Проф. д-р Ана Павловска Данева (ментор), с.р.

Проф. д-р Изет Зеќири, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТОРИСКИ И ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ГРАДЕЖНОТО ДРЖАВНО ЗЕМЈИШТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВО КОСОВО“ ОД Д-Р БЕРАТ АЌИФИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 25.6.2017 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот доц. д-р Берат Аќифи со наслов **Историски и правни аспекти на приватизацијата на градежното државно земјиште во Република Македонија и во Косово”**, во состав: проф. д-р Родна Живковска (претседател), проф. д-р Владо Бучковски (ментор), проф. д-р Билјана Поповска (член), проф. д-р Александар Стојков (член) и проф. д-р Абдула Алиу (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот доц. д-р Берат Аќифи, со наслов **Историски и правни аспекти на приватизацијата на градежното државно земјиште во Република Македонија и во Косово**, содржи 218 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со фусноти, библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 8 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Како основна цел на истражувањето на ова истражување е да се дојде со сознание за тоа колку со подобро запознавање на законската регулатива поврзана за градежно земјиште што ќе се овозможи поефикасно спроведување на законските одредби, колку институциите односно катастарот има компетентност во реализирањето на своите обврски, кои мерки треба да се преземат да се намали загадувањето на биолошката разновидност.
Според тврдењето на кандидатот, предмет на анализа е законската поставеност на при-ватизацијата на градежното земјиште со посебен акцент на тоа колку населението е запознаено со приватизацијата на градежно земјиште, колку катастарот има капацитет да ги применува законските решенија и да ги запазува роковите и како влијаат градежните активности врз биолошката разновидност.

Во првата глава, кандидатот го третира историскиот развој на правото на сопственост во римското право.

Тој смета дека Римската историја како една во античкиот, но и во современиот свет, дава можност за следење на развојот на менувањето на едно

општество, менувањето на правото, а, секако, како него значаен дел и правото на сопственост.

Според тоа, тој истакнува дека од зачетоците на Рим, па се до законот за 12 таблици се одвива процес на трансформирање на гениталната сопственост во семејна, а потоа и во приватна сопственост. Но, сепак, се истакнува неговата значајност за Римјаните, бидејќи тогаш за прв пат се појавува приватната сопственост која ги исфрла општествената и семејната сопственост. Исто така, важно е тоа што се нормира размената, т.е. манципацијата која е една од основните начини за стекнување сопственост во старото цивилно право. Уште тогаш сопственоста била заштитувана со rei vindicatio и actio negatoria.

Исто така, во овој дел кандидатот го опишува правото на сопственост во класичното римско право, во постклasичното римско право, во феудализмот, во капитализмот и правото на сопственост во социјализмот, според која карактеристика за сопственоста во овој периоди се разликува со свои особини, карактеризирано со општествена уреденост во тие историски периоди.

Последниот дел е посветен на правото на сопственост според Уставот на Република Македонија и Законот за сопственост и други стварни права, па се до запишувањето на сопственоста во јавна книга според кое Законот за катастар на недвижности предвидува видови на запишување со укнижување, предбележување и прибележување.

Втората глава е со наслов **ПРАВНОТЕОРЕТСКА ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПОИМОТ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**. Кандидатот ги елаборира, според правната теорија, земјиштата како вид на недвижни ствари и индивидуализацијата на земјиштата со нумерички податоци согласно со Законот за катастар на недвижности. Според Законот за градежно земјиште, градежно земјиште е она земјиште кое може да биде градежно изградено и неизградено земјиште кое е планирано за градење со урбанистички план или урбанистичка планска документација. Урбанистичката планска документација за градежно земјиште е во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Во овој дел, кандидатот ја третира **сопственоста на градежно земјиште според п**равната доктрина која во суштина оперира со повеќе дефиниции за сопственост. Сопственоста или посед е каков било физички и нематеријален ентитет што е во сопственост на личност или група на луѓе или правно лице како корпорација. Следствено на ова, сопственоста служи за доброто на сопственикот и создава права и обврски. Градежното земјиште може да биде во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Македонија и Собранието, градежното земјиште може да биде во сопственост според законските прописи. Но, исто така, градежното земјиште може да биде во сопственост на домашни и странски физички и правни лица, под услови утврдени со законската регулатива. Како и на другите ствари сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и сето она што со него е трајно поврзано, а се наоѓа на површината или под неа, ако со законите поинаку не е определено.

Исто така во овој дел кандидатот го третира, според законската регулатива, институтот на сопственоста на градежно земјиште на физички и правни лица, кое вклучува и право на градење на земјиштето и користење на земјиштето кога едно лице се стекнало со право на сопственост се вклучува и правото на пренесување и правото на градење на други лица. Самото стекнување на правото на сопственост се стекнува со правно дело, закон и судска одлука. Со самото пренесување на правото на сопственост, сопствениците на кои правото на сопственост им е пренесено, должни се земјиштето наменски да го користат и не

смеат да го користат на начин кој го ограничува нормалното користење на другите сопственици на објектот.

Следниот дел се фокусира на земјиштето, сопственост на Република Македонија, кое може да се отуѓува и да се дава под долготраен закуп и краткотраен закуп. Самото отуѓување се врши со јавно наддавање и со непосредна спогодба. Врз основа на ваквото нешто , градежното земјиште исто така може да се разменува со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, а може да се разменува и со градежно земјиште во сопственост на физички и правни лица на кое е предвидено изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон.

Во овој дел се објаснува и правниот третман на неизградено градежно земјиште со право на градење, каде што сопственикот на земјиште предвидено со закон на градежни објекти, стекнува право на сопственост не само на земјиштето на кое што е сопственик, туку и на градежниот објект кој го изградил на земјиштето. Што се однесува до терминот градење, тој е објаснет во Законот за градење, додека правото поврзано со градење е објаснето во Законот за сопственост и други стварни права. Правото на градење е дефинирано како право на сопственикот на земјиште предвидено со закон за градежни објекти, да изгради објект на тоа земјиште. Градењето се врши согласно со градежните прописи и притоа се стекнува со право на сопственост на градежниот објект кој го изградил на земјиштето, пришто е битно правото да го запише во јавните книги за запишување на правата на недвижностите. Уредувањето на градежното земјиште опфаќа планирање од една страна, проектирање, и изведување на објектите од комуналната инфраструктура. Тоа се прави според урбанистичките планови, урбани-стичката планска документација или проект за инфраструктура утврден со закон.

Кандидатот дава преглед и на **уредувањето на градежното земјиште** кое го вршат општините, општините во градот Скопје, кое уредување се врши врз основа на Програма за уредување на градежното земјиште, што ја донесува советот. Уредувањето на градежното земјиште, општините, општините во градот Скопје го вршат преку јавно претпријатие, трговско друштво или друго правно лице кое има овластување за вршење на комунална или јавна услуга согласно со закон. Уредувањето на градежното земјиште општините можат да го вршат во облик на приватен партнер, односно со склучување на договор со приватен партнер. При самата постапка, општините ги земаат предвид принципите на транспарентност, јавност и еднаквост на учесниците.

Третата глава носи наслов насловена **Уредувањето на градежното земјиште**. Кандидатот го анализира правниот третман на објекти каде што според класификацијата објектите можат да бидат објекти од прва категорија и објекти од втора категорија. Во законот се точно наведени градбите од прва категорија и градбите од втора категорија.

Потоа, тој ги објаснува градбите од втора категорија според законот за градење, наведени се градбите кои спаѓаат во оние од втора категорија, каде се сместени градбите од областа на културата, градби наменети за примарна и секундарна заштита, градби за потребите на верските заедници, технолошки индустриски развојни зони формирани од правни лица,индустриски градби,стопански градби деловни градби. Во оваа група се вметнуваат и градбите за индивидуално домување, викенд куќи, градба за колективно домување, градба за потребите на агроберзи, трговски центри, хотели, рекреативни центри, градби за научно истражувачка дејност, катни гаражи, пазари, општински патишта,придружно услужни објекти на општинските патишта утврдени со закон, електронски комуникациски мрежи и средства.

Кандидатот се задржува на одредбите од Законот за градење поврзани со рокови, во кој период треба да се изградат градбите. Кандидатот смета дека дека

со законската регулатива точно е определено во кој временски период треба да се изградат градбите од прва категорија од кога одобрението за градење е дадено. Согласно со Законот за градење, градбите од прва категорија треба да се изградат во рок не подолг од десет години кога одобрението за градење станало правосилно. Имено, за разлика од градбите од прва категорија, градбите од втора категорија треба да се изградат во рок од шест години од кога одобрението за градење станало правосилно.
Потоа, кандидатот се задржува во отстранувањето на објект или негов дел кое се врши во случај на оштетување на објектот ако постои опасност за негово уривање.

Следниот дел се фокусира на постапката на надлежен орган во отстранувањето на објект или негов дел. Во тој контекст се напоменува дека сопственикот на објектот е должен да преземе итни мерки за отстранување на објектот, односно да го означи објектот како опасен со соодветни ознаки. Сопственикот е, исто така, должен да постави заштитна ограда до отстранувањето на опасноста и да поднесе барање за добивање на одобрение за отстранување до надлежниот орган. Ако сопственикот на објектот не ги заврши работите, тоа ќе го изврши надлежниот орган. Со барањето за одобрение за отстранување се доставува доказ за сопственост на објектот и проект за отстранување на објект и негов дел.

Се дава преглед и се анализира и уредувањето на градежно земјиште и висината за надоместокот за уредувањето на градежното земјиште кое исто така зависи и од степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура, која ја утврдуваат општините. Поглавјето завршува со тоа што во поглед на правната судбина на изградените објекти се применува начелото superficies solo cedit, поточно градежното земјиште и објектот изграден на градежното земјиште претставуваат една сложена ствар. Ова начело е објаснето во повеќе трудови и претставува неизбежен поим кога зборуваме за сопственоста, но и градежното земјиште. Со истекот на рокот на договорот за долготраен закуп, она што со тоа право било правно одвоено од земјиштето, станува прираст на земјиштето, односно станува сопственост на сопственикот на земјиштето при што станува збор за начелото superficies solo cedit.

Кандидатот смета дека главна ствар е земјиштето, а објектот е споредна ствар затоа што ја следи судбината на земјиштето како главна ствар. Исклучокот е возможен кога постои: право на долготраен закуп на градежно земјиште во корист на друго лице или друго право, кога постои право на концесија или јавно приватно партнерство и право на службеност.

Четвртата глава која носи наслов „Начинот и постапка на отуѓување, давање под долготраен и краткотраен закуп на градежното земјиште во сопственост на Република Македонија“ е посветена на начинот и условите на користењето на земјиштето кое е определувано со закон, на пример, гробиштата како ствари во општа употреба се уредени со Законот за гробишта. Со градежното земјиште управува Владата на Република Македонија. Располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија опфаќа можност тоа да се отуѓи, да се даде на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство, да се даде под долготраен закуп, под краткотраен закуп, да се разменува и на него да се востановува друго стварно право.

Кандидатот објаснува како се запишуваат во катастарот, согласно со Законот за катастар на недвижности, правата на недвижностите, што подразбира дека и правата на градежното земјиште се запишуваат во катастарот на недвижности. Недвижности, согласно со Законот за катастар на недвижности, се: згради, посебни делови од згради, други објекти, како и други недвижности што се запишуваат во катастарот на недвижностите. Во катастарот на недвижности се

запишуваат: правото на сопственост, другите стварни права, фидуцијарниот пренос на правото на сопственост, правото на лизинг, правото на закуп на земјоделско земјиште, правото на концесија како и други факти. Податоците што се запишани во катастарот на недвижности се содржани во базата на податоци која претставува електронска база на податоци. Податоците се содржани со катастарските планови и во збирката на исправи.

Значаен дел е посветен на основните начела во катастарскиот систем според кои се врши запишувањето во катастарот на недвижности како: начелото на конститутивност, начелото на јавност, начелото на точност и верба во запишувањето, како и други начела.

За да се опфати значењето во целост на катастарот на недвижности, кандидатот дава дефинирање на геодетско катастарскиот информационен систем (ГИКС).

Потоа, кандидатот се задржува на градежното земјиште- сопственост на Република Македонија, кое може да се отуѓува и да се дава под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба, доколку со урбанистички план на градежната парцела не се предвидува изградба на градби од јавен интерес утврдени со закон или ако се предвидува изградба на градби од јавен интерес утврдени со закон, а надлежниот државен орган се откаже од потребата за изградба на градби од јавен интерес утврдени со закон, со одлука на Владата на Република Македонија.

На крајот од овој дел се обработува размената на градежно земјиште-сопственост на Република Македонија, кое може да се размени со градежно земјиште во сопственост на физички и правни лица, како субјекти на правен промет со градежно земјиште. Ова се прави кога е предвидена изградба на објекти од јавен интерес согласно со законската регулатива. Битна улога во постапките кои се поврзани со градежното земјиште игра и државното правобранителство. Државното правобранителство се дефинира како државен орган кој ги заштитува имотните права и интереси на Република Македонија а за нивно непочитување презема мерки и правни средства и други работи утврдени со законската регулатива.

Петтата глава насловена **Право на долготраен закуп на градежното земјиште** е поделена на два дела. Во првиот дел се анализира правото на долготраен закуп, според кое носител на правото на долготраен закуп е домашно и странско физичко или правно лице, со кој закупот преминува врз основа на правно дело или судска одлука. Правото на долготраен закуп може да трае најмалку пет, а најмногу 99 години. Носителот на правото на долготраен закуп е должен на сопственикот на градежното земјиште да му плаќа закупнина.

Според кандидатот, правото на долготраен закуп на градежно земјиште престанува со: пропаѓање на објектот; откажување од правото од страна на носителот на правото на долготраен закуп и со исполнување на условите за раскинување на договорот.

Како и кај другите престанувања на правата, престанувањето на правото на долготраен закуп на градежно земјиште се запишува во јавната книга на недвижностите врз основа на писмената изјава дадена од договорните странки или по запишување на рокот. Самото запишување, односно престанувањето произведува правно дејство од денот на запишувањето во јавната книга на недвижностите.

Во вториот дел се анализира правото на краткотраен закуп според законската регулатива Засновањето на краткотрајниот закуп на територијата на Република Македонија може да биде во корист на домашни и странски правни лица.

Краткотрајниот закуп може да трае најмногу до пет години. Градежното неизградено земјиште може да се даде под краткотраен закуп заради поставување на времени објекти, согласно со Законот за градење. Градежното

изградено и градежното неизградено земјиште може да се даде под краткотраен закуп, заради организирање на градилиште, врз основа на проектот на подготвителни работи, пропишан согласно со Законот за градење.

Доколку градежното земјиште е предвидено со урбанистичка планска документација за плажи, може да се даде под краткотраен закуп. Времени објекти може да се поставуваат на начин утврдени со Законот за градење, Законот за локалната самоуправа и Законот за градот Скопје.

Кандидатот го анализира правото на трајно користење на градежно земјиште, гледано од теоретски начин, во Република Македонија, согледано низ четири етапи.

Правото на трајно користење се дава за градежното земјиште- сопственост за градежното земјиште сопственост на Република Македонија наменето за изградба на објекти за потребите на државните органи, јавните претпријатија и други субјекти основани од Владата на Република Македонија. Во оваа група не можеме да ги изоставиме општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на трајно користење е без надоместок. Притоа правото на трајно користење не смее да се пренесува на трети лица, а за правото на трајно користење Владата на Република Македонија донесува одлука.

Кандидатот се задржува во засновање на право на градежното земјиште-сопственост на Република Македонија кое може да се заснова на стварна службеност, од страна на лицето кое е носител на правото на градење на објект од јавен интерес.

Шестата глава која носи наслов **Приватизација на градежно земјиште** е посветена на правната легислатива на Република Македонија, каде што со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост се уредуваат приватизацијата, долготрајниот закуп, времениот закуп, одземањето и престанувањето на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост, на кое право на користење имаат физички и правни лица.

Со оглед на тоа, приватизацијата на градежно земјиште во државна сопственост е стекнување на право на приватна сопственост на градежното земјиште во државна сопственост на кое право на користење имаат физички и правни лица. Корисници на градежно земјиште, според законската легислатива, се физички и правни лица кои правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост го стекнале со правна основа и физичките и правните лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници на земјиштето во катастарот на земјиште, односно не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано, односно запишано како сопственост на Република Македонија.

Корисниците на градежното земјиште во државна сопственост се должни да поднесат барање за приватизација на начин и во постапка утврдени во Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост за стекнување на право на сопственост. Сопственикот на градежното земјиште кое се приватизирало има право градежното земјиште да го држи, целосно да го користи и да располага со него по своја волја. Градежното земјиште што е во општа употреба и градежното земјиште што со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела е наменето за добро во општа употреба е во државна сопственост и не е предмет на приватизација. По исклучок, предмет на приватизација може да биде градежното земјиште на кое право на користење имаат лицата кои се поранешни сопственици на градежното земјиште и физичките и правните лица кои за стекнатото право на користење на градежното земјиште платиле надоместок, а кое со важечките акти за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела е наменето за

добро во општа употреба, а намената во моментот на одлучувањето по поднесеното барање за приватизација не е реализирана.

Околноста дали намената на градежното земјиште во моментот на одлучување по поднесеното барање е во целост или делумно реализирана се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи преку увид на лице место извршен од страна на вешто лице-геометар. Доколку околноста дали намената на градежното земјиште во моментот на одлучувањето не може да се утврди на овој начин, таа се утврдува преку известување од страна на општината каде што се наоѓа градежното земјиште кое е предмет на барањето за приватизација во рок од 15 дена, од денот на доставувањето на барањето од органот на државната управа надлежен за имотно- правните работи. Во постапката за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка доколку со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост поинаку не е определено.

Во делот посветен на начинот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост може да се приватизира од државна сопственост во сопственост на домашни и странски физички и правни лица корисници на градежното земјиште, согласно со одредбите од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, односно Законот за сопственост и други стварни права.

Градежно изградено и неизградено земјиште на кое постојат со кориснички права, односно запишани во катастарот на недвижности во идеални делови се приватизира сразмерно на големината на идеалниот дел од сокорисничкото право.

Во овој дел, исто така поопширно се разработуваат условите за приватизација на градежно земјиште на физички лица кои немаат обврска за плаќање надомест, услови за приватизација на градежно земјиште на физички лица со надомест, услови за приватизација на градежно земјиште на правни лица кои немаат обврска за плаќање надомест, услови за приватизација на правни лица со надомест, услови за приватизација на градежно земјиште кое не е опфатено со актите за урбанистичко планирање, надомест за приватизација на градежно земјиште, постапка за приватизација на градежното земјиште.

Во **седмата глава,** кандидатот ја анализира приватизацијата на имоти во Косово, како резултат на процесот на транзиција кој го поминале сите посткомунистички земји. Транзицијата во Косово има неколку специфични особини за разлика од Македонија и другите држави во регионот. Процесот на приватизација во Косово почна со големо доцнење, предизвикано поради војната и неспособноста на УНМИК мисијата која создаде негативно влијание во овој потфат. што резултираше со влошување на финансиската состојба и зголемување на можноста за декапитализација на имотот- отуѓување.

Кандидатот објаснува дека во процесот на приватизација во Косово, вредноста на капиталот на претпријатијата што биле приватизирани се обезвреднување на прретпријатијата и пљачкосување, но и уништување на претпријатија од власта инсталирана во Косово пред и за време на војната, пред се поради исклучително лошото управување на претпријатијата од орган на УНМИК во последните три години.

Потоа кандидатот се осврнува на слабиот придонес на УНМИК и на Агенцијата за доверба на Косово преку овластувањата за да спроведува приватизација на јавни и општествени претпријатија и управување со процесот на приватизација. На овој начин на Косово е посебен случај во смисла на недостаток на вклученост на локалните владини институции, научни и стручни, во одредувањето на својата стратегија за приватизација и следење. Процесот на

успешна приватизација, што е предуслов за развој на современата пазарна економија, отворање на нови работни места и стекнување на право на членство во европската интеграција е сигурно еден од најважните предизвици со кои се соочува Косово, како регион каде што и започна подоцна процесот на приватизација во Југоисточна Европа.

Точно е дека дури и во предвоено Косово биле инсталирани одредени законски прописи за започнување и спроведување на овој процес како суштински процес, но, поради познатите околности, една деценија практично не се случи ништо.

Осмата глава е посветена на **Катастар на недвижности. Појавата на катастарот и неговата застапеност во меѓународното право** како сеопфатен регистар на сопственост, поточно на недвижностите кои им припаѓаат на одделните субјекти во една држава. Повеќето земји и нивните правни системи имаат воспоставено, покрај административните системи, и **катастар на недвижности**, во кој поединечно се запишуваат правата над недвижностите со користење на правна документација, со тоа што катастарот станува основен извор на податоци во случај кога настануваат спорови помеѓу граѓаните.

Кандидатот опишува кратка историја на појавата на катастарот, која е забележана уште во римското право, кога римските императори барале потврди за своето право на сопственост врз некои недвижности кои им припаѓале на приватни лица, со цел на тоа земјиште да засноваат државна сопственост и да можат да остваруваат приходи од тие недвижности, со што полесно можеле да го покоруваат народот, кој морал да им плаќа еден вид закупнина. После распаѓањето на Римската Империја, примената на катастарот стагнирала, за во XVI и XVII век да се појави повторно, за прв пат во Холандија. Со појавата на капитализмот, потребата од постоење на катастар се зголемила со цел капиталистите да можат да воспостават контрола на земјиштето, кое било средство за производство, а кога се појавила приватната сопственост се користел како средство за подобро определување на данокот. Денес, речиси и да нема земја во која катастарот не наоѓа и нема свое место во граѓанско правната практика. Воспоставени се разни начини и методи на запишување, а една од најнапредните придобивки е 3D- катастарот, кој има за цел правилно да се запишат и прикажат сите нови градби кои постојано растат насекаде низ светот, тунели, патишта, мрежи на електрична енергија, водоводна мрежа и слично, потребата од детално и правилно запишување на сите сопственост со точно означена површина и електронски опис на местото каде што се наоѓа, како и поголема пристапност и транспарентност на катастарот кон граѓаните, со што граѓаните ќе можат постојано да имаат пристап кон податоците кои ги поседува агенцијата за катастар.

Кандидатот го третира и Катастарот во Република Македонија кој е регулиран со Законот за катастар на недвижност, кој датира уште од 1947 година преименувана во Републичка геодетска управа, а со цел да биде зголемена нејзината ефикасност, со новиот Закон за катастар на недвижности од 2008 година, Државниот завод за геодетски работи се преименува во Агенција за катастар на недвижности.

Кандидатот го анализира и востановувањето на катастарот на недвижности, како и организација и начинот на работа на Агенцијата за катастар на недвижности.

Осмата глава заршува со еден осврт на начини на запишување на правата на недвижностите во катастарот на недвижности, и тоа: укнижување, предбележување и прибележување и правните основи за запишување во Агенцијата за катастар на недвижности.

Во **заклучните согледувања**, кандидатот ја потврдува основната хипотеза на оваа докторска дисертација дека дека паралелно со развојот на човекот се развива и правото на сопственост низ различните форми на човечко организирање на општеството.

Сопственоста постоела секогаш, единствено се менувала нејзината форма соодветно за одреден историски период. Сопственоста во Република Македонија е уредена по нејзиното осамостојување, и тоа со Уставот на Република Македонија кој го гарантира правото на сопственост, со доминантен вид на приватна сопственост, но и постоење на јавна и државна сопственост. Правото на сопственост подетално го регулира Законот за сопственост и други стварни права.

Со оглед на тоа, приватизацијата на градежно земјиште во државна сопственост е стекнување на право на приватна сопственост на градежното земјиште во државна сопственост на кое право на користење имаат физички и правни лица. Градежното земјиште што е во општа употреба и градежното земјиште што со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела е наменето за добро во општа употреба е во државна сопственост и не е предмет на приватизација.

По исклучок, предмет на приватизација може да биде градежното земјиште на кое право на користење имаат лицата кои се поранешни сопственици на градежното земјиште и физичките и правните лица кои за стекнатото право на користење на градежното земјиште платиле надоместок, а кое со важечките акти за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела е наменето за добро во општа употреба, а наменета во моментот на одлучувањето по поднесено барање за приватизација не е реализирана.

Исто така, со новите измени на законот градежното изградено земјиште на кое се изградени станови, деловни простории, визби, гаражи и други посебни објекти од станбени и деловни згради што имаат два или повеќе станови, односно деловни простории и други посебни делови кои се во сопственост на различни физички или правни лица, а на кое земјиште во катастарот на недвижности не е е запишано право на користење на сопствениците на становите или посебните делови од објекти, односно земјиштето е сопственост на Република Македонија, се приватизира во заедничка сопственост на физичките и правни лица како етажни сопственици во рамки на градежната парцела чија површина е дефинирана со актите за урбанистичко планирање со кои се утврдува градежната парцела“.

Предмет на истражување

Предметот на истражување на овој докторски труд, како што кажува и самиот наслов, се однесува на повеќе сегменти кои влијаат на ефикасноста на спроведувањето на законската регулатива за градежно земјиште. Во тој контекст, изразито значајна компонента се должностите на инвеститорот, организационите работи на управителот на градбата, правата и обврските во однос на градежното земјиште, кои лица можат да стекнат право на сопственост врз градежно земјиште, права на градителот, каква може да биде проектната документација, во кои случаи се врши отстранување на објект, правата кои се запишуваат во катастарот, кои субјекти се јавуваат во правен промет на градежно земјиште, како и другите стварни права врз градежното земјиште.

Во овој труд кандидатот го претставува поимот сопственост разработен во повеќе книги во Македонија, а подетално е разработено во книгата и во коментари на закони од областа на граѓанското право на професорката Родна Живковска.

Овие трудови во кои е споменато и градежното земјиште и сопственоста даваат одговор на прашањето за функционалноста на законодавството,

компетентноста на институциите и преземањето на мерките со градежните активности, што беше предмет на овој труд.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Според многу автори, кои третираат теми од ова подрачје, се: “European Legal History: Sources and Institutions” од O. F. Ferguson et. al. (Oxford University Press 2005) , “European Legal History: A Cultural and Political Perspective” од Randall Lessafer (Cambridge University Press 2009), “The Common Legal Past of Europe” од Manlio Bellomo (The Catholic University of America Press 1995).
Групче,А.,,Стварно право,, Скопје,1985 год; Живковска,Р.,,Стварно право,, Скопје 2005; Живковска,Р, Пржеска,Т.,,Право на урбанизам и градење – Практикум,,Скопје, 2005; Живковска,Р, Пржеска,Т.,, *Збирка на прописи од стварното право – Практикум*, Европа 92, Скопје 2010; Живковска,Р,,Закон *за сопственост и други стварни права (со регистар на поими)*, Скопје, 2007.
Живковска,Р, Пржеска,Т; Општ дел на граѓанското право – Практикум, Европа 92, 2011; FIG Statement on the Cadastre, International Federation of Surveyors, FIG Bureau, Canberra, Australia,1995;Спаркс П., Европско стварно право, Просветно дело, Скопје, 2009; Ковачевић Куштримовић,Р., Лазић,М.,, Увод у грађанско право,Ниш, 2006.
Постојат бројни монографии і научни списанија кои го покриваат оваа подрачје кои се: Кауфман,J., Стјудлер, Д.,,ВИЗИЈА ЗА ИДЕН КАТАСТАРСКИ СИСТЕМ, (Превод на македонски јазик: Митко Пиштолов и Билјана Петрушевска), Јули 1998 година; Knopfli, R. Was ist eine kartographische Generalisierung? Vermessung, Photogrammetrie, Kulturtechnik 7/93, p. 444f, July; Gjorgjiev V.,,National report MACEDONIA (Act. 1.3),декември,2013; Eidg. Vermessungsdirektion,E.,INTERLIS - A Data Exchange Mechanism for Land Information Systems. Version 1, Revision 1a, November,1997 ЗЕЛС, Прирачник за полагање на испит за стекнување на овластување за спроведување на постапки за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, Скопје, 12 мај 2011.

Краток опис на применетите методи

Методолошката рамка на трудот се состои од повеќе научни методи. Во текот на истражувањето и пишувањето на докторската дисертација се употребени општи, посебни и специфични методски постапки и техники со кои се спроведува истражувањето, вклучувајќи го историскиот метод (нужен заради специфичната област), понатаму анализа и синтеза, методот на класификација, дескрипција, индуктивно-дедуктивниот метод, методот на компилација и методот на компарација. Употребата на сите наведени методи резултира со опишување, анализа и објаснување на темите кои се предмет на истражувањето, а, пак, методот на синтеза овозможува сублимација на произлезените сознанија, од што може да се изведе соодветна научна предикција. Од методолошките техники и постапки се употребени следниве:
- **анализа на содржина,** со која се анализирани законските и подзаконските акти во областа на приватизацијата на градежното земјиште, објавени трудови, како и други научни трудови од оваа област;
- **анкета**, која се спроведуваше на граѓаните по случаен избор и со која се анкетирани 100 испитаници. Од посебно значење е имотно-правната статистика, со посебен преглед на извештаите се со цел да се утврди бројот на решени и бројот на нерешени предмети од година во година, се до завршување на рокот на поднесување на барања за приватизација.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Со оглед на специфичноста на областа, ова истражување дава детална слика за историскиот развој на градежното земјиште, кои како корисници на градежно земјиште се физички и правни лица кои правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост го стекнале со правна основа и физичките и правните лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници на земјиштето во катастарот на земјиште, односно не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано, т.е запишано како сопственост на Република Македонија.

Значењето на трудот се состои во тоа што тој се обидува да докажува дека градежното земјиште е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита на начин и под услови утврдени со закон. Уредувањето на градежното земјиште е дејност од јавен интерес.

Со Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост се уредуваат приватизацијата, долготрајниот закуп, времениот закуп одземањето и престанувањето на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост, на кое право на користење имаат физички и правни лица.

Околноста дали намената на градежното земјиште во моментот на одлучување по поднесеното барање е во целост или делумно реализирана се утврдува од страна на органот на државната управа надлежен за имотно-правните работи, преку увид на лице место извршен од страна на вешто лице-геометар.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот д-р Берат Аќифи, со наслов **Историски и правни аспекти на приватизацијата на градежното државно земјиште во Република Македонија и во Косово**, претставува истражување во областа на граѓанското право. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е од големо значење за стекнување сознанија од постапката за приватизација на закуп на градежно земјиште во државна сопственост, до каде е уредувано приватизацијата, долготрајниот закуп, времениот закуп одземањето и престанувањето на правото на користење на градежното земјиште во државна сопственост, на кое право на користење имаат физички и правни лица.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Берат Аќифи, со **“Историски и правни аспекти на приватизација на градежното државно земјиште во Република Македонија и Косово”,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Механізми розвитку правових позицій Європейського суду з прав людини в тлумаченні інституту права власності// Наук. зб. Тенденції розвитку фінансових систем України та Республіки Болгарія за умов глобалізації Зб. матеріалів Міжнародного науково-практичного симпозіуму 29 листопада 2009 року. – Софія, 2009 – С.201-204.

[2]. Концепція «майна» в міжнародному праві та застосування принципу автономності поняття// Соціально-політичні протиріччя та проблеми соціального партнерства

країн Чорноморського басейну: Зб. Наук. Тез (За матеріалами міжнародної науково-практичної конференції). – Одеса.: Вид-во "Овідій", 2009. – С.123-125.

[3]. Berat Aqifi, Parimet e menaxhimit korporativ të shoqërive aksionare në R.e Shqipërisë dhe R. e Maqedonisë – Aspekte Komparative; Durrës, 2013

[4]. Berat Aqifi, "The importance of the principles of Ole – Land Commission in European Civil Law" from " The International Conference for Business, Technology and Innovation，2014".

[5]. Б.Аќифи, НОВА ГЛОБАЛНА ГЕОСТРАТЕГИЈА, БРИКС – ИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ПЕРСПЕКТИВИ – Sv. Nikole, 2014

[6]. Berat Aqifi, "Principles of Modern Contract Law" from " The International Conference for Business, Technology and Innovation，2014"

[7]. Berat Aqifi "COMPETITIVE ABILITY ON HUMAN RECOURCES IN THE CONTEMPORARY TRADE ASSOCIATIONS"; Romania, 2014

[8]. Berat Aqifi, "THE MARKET IN TERMS OF LIMITED COMPETITION " The International Conference for Tirana Universitet Business，2015".

[9]. Mentor Shaqiri, Berat Aqifi,Shanset dhe sfidat e procesit të privatizimit në Kosovë, The International Conference for Tirana Universitet Business，2015".

[10]. Orhan ÇEKU, Berat AQIFI Instrumentet e së Drejtës Ndërkombëtare për mbrojtjen e të Drejtës Pronësore, THE 7th INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE, ULQIN, 2015

[11]. The right of ownership of immovable property and registration under the Law on Kosovo; " The International Conference for Business, Technology and Innovation，2015"

[12]. THE ACTA AGREEMENT AND MACEDONIA;KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol.13.3eprints.ugd.edu.mk/16037/1/TRUD%20ДРАЧ-2016.pd

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот се: дисертацијата овозможува појасен увид во утврдувањето на бројот на населението кое е запознаено со законската регулатива за градежно земјиште и осознавање на поширокото општествено мислење дали луѓето во РМ се задоволни од законската регулатива за градежно земјиште воопшто; осознавање од тоа кои би биле ефектите од запознавањето на граѓаните со комплетната законска поставеност на постапката за приватизација на закуп на градежно земјиште во државна сопственост; осознавање на условите и законските решенија кои ги поседува органот при решавањето на предметите поднесени од страна на барателите; осознавање на бројот на решени и нерешени предмети од година во година и на што се должи тоа; идентификување на дополнителни можности за доближување на законската рамка до населението.
Подрачјето на примена и ограничувањата се: граѓанско право, историја на правото, европско приватно право.

Можните понатамошни истражувања се: предметот на дисертацијата е широко поставен, и остава можност за понатамошни истражувања и тоа каков ќе биде крајниот

епилог на веќе поднесените барања кои се во постапка на решавање во постапката за приватизација на закуп на градежно земјиште во државна сопственост; анализа на законската регулатива поврзана со постапката за приватизација на закуп на градежно земјиште во државна сопственост, во која мера институциите ја извршуваат својата задача, како и во која мера населението може да им се доближи на законските рамки и измените во правната регулатива.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **д-р Берат Аќифи** со наслов **Историски и правни аспекти на приватизација на градежното државно земјиште во Република Македонија и во Косово”.**

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Родна Живковска, претседател с.р.**
2. **Проф. д-р Владо Бучковски, ментор, с.р.**
3. **Проф. д-р Билјана Поповска, член, с.р.**
4. **Проф. д-р Александар Стојков, член, с.р.**
5. **Проф. д-р Абдула Алиу, член, с.р.**

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од

28-06-2017 година

Кандидат	**Тема**	**Ментор**	**Датум**	**Одлука број**
Александра Трајковска	Банки и банкарски системи – случајот на Република Македонија (Banks and Banking Systems – Case of the Republic of Macedonia)	доц.д-р Дарко Спасевски	28.06.2017	02-901/ 87
Ангела Мирјаноска	„Влијанието на аудиовизуелната политика на Европската унија врз законодавството на Република Македонија (The impact of the audiovisual policy of the EU on the legislation of the Republic of Macedonia)	проф.д-р Татјана Петрушевска	28.06.2017	02-901/ 88
Сања Мирчевска	Европски директиви за осигурување на имот (European Directives for Asset Insurance)	проф.д-р Татјана Петрушевска	28.06.2017	02-901/ 89
Антон Симјановски	Правно уредување на европските структурни и инвестициони фондови (Legal Regulation of European Structural and Investment Funds)	проф.д-р Татјана Петрушевска	28.06.2017	02-901/ 90
Маја Димчева	Анализа на Базелските стандарди (Analyses of Basel Standards)	проф.д-р Татјана Петрушевска	28.06.2017	02-901/ 91
Ристе Трајков	Европски правила за осигурување со осврт на животното осигурување	проф.д-р Горан Коевски	28.06.2017	02-901/ 92

	(European Rules for Insurance and Life Insurance)			
Тери Шатановска	Поведување и правни последици од отворањето на стечајната постапка (Commencement and Legal Consequences of Opening Insolvency Proceeding)	доц.д-р Дарко Спасевски	28.06.2017	02-901/ 93
Елизабета Настов	Престанок на правната и деловната способност (Loss of Passive and Active Legal Capacity)	проф.д-р Родна Живковска	28.06.2017	02-901/ 94
Александар Ристоски	Статусот и надлежностите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (The Status and Jurisdiction of the Agency for Financial Support of Agriculture and Rural Development)	проф.д-р Родна Живковска	28.06.2017	02-901/ 95
Јованка Поп Димитрова	Доверливоста како принцип на арбитражното судење (Confidentiality as a Principle in Arbitration)	Татјана Зороска Камиловска	28.06.2017	02-901/ 96
Олга Стрезоска	Правен статус на ембрионот со посебен осврт на старателство на ембрион (Legal Status of Embryo with Emphasis on Embryo Custody)	доц. д-р Ангел Ристов	28.06.2017	02-901/ 97
Сандра Јовановска	Семејното насилство и порастот на малолетничката деликвенција (Domestic Violence and Icreasment of Juvenile Deliquency)	доц. д-р Ангел Ристов	28.06.2017	02-901/ 98
Александра Мицкова	Поделба на заедничкиот имот по развод на брак и престан на вонбрачна заедница (Division of Mutual Property after Divorce and Separation of the Extramarital Partners)	доц. д-р Елена Игновска	28.06.2017	02-901/ 99

Дејан Костадинов Петров	Влијанието на управувачката структура во банките врз процесите на корпоративно управување (The Effects of the Governance Structure in Banks on the Processes of Corporate Governance)	проф.д-р Александар Климовски	28.06.2017	02-901/ 100
Тамара Димитровска	Казненоправните аспекти на измамите во Европската Унија (Criminial Law Aspects of the Frauds in the EU)	проф.д-р Никола Тупанчески	28.06.2017	02-901/ 101
Слободанка Аџиоски	Ефективна одбрана во кривичните постапки во Република Македонија (Effective Defence in the Criminal Procedures in Republic of Macedonia)	проф.д-р Гордан Калајџиев	28.06.2017	02-901/ 102
Игор Стојчевски	Изрекување и извршување на паричната казна (Determination and Implementation of the Monetary Fine)	проф.д-р Методија Каневчев	28.06.2017	02-901/ 103
Весна Богдановиќ	Казненоправна заштита од недозволеното производство и трговија со наркотични дроги (Criminal Law Protection from the Illegal Production and Trade of the Narcotic Drugs)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	28.06.2017	02-901/ 104
Хекуран Реџепи	Анализа на кривичните постапи водени пред Основниот суд во Тетово во период од 2010 до 2016 година во однос на кривичните дела од областа на семејното насилство	доц. д-р Бобан Мисоски	28.06.2017	02-901/ 105
Александра Стојковска	Малолетниците како активни и пасивни субјекти на кривични дела (Juveniles as Active and Passive Perpetrators of Crimes)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	28.06.2017	02-901/ 106

Димитар Димовски	Правото на антиципаторна самоодбрана на државите (The Right of States to Anticipatory Self-Defens)	проф.д-р Елена Михајлова Стратилати	28.06.2017	02-901/ 107
Тамара Василевска	Меѓународните механизми за заштита на ранливите групи и LGBT популацијата (International Mechanisms for the Protection of Vulnerable Groups and the LGBT Population)	проф.д-р Елена Михајлова Стратилати	28.06.2017	02-901/ 108
Фросина Поповска	Видливите религиозни симболи во судската практика на Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правдата (Visible Religious Symbols in the Jurisprudence of the European Court of Human Rights and the European Court of Justice)	проф.д-р Љубомир Фрчкоски	28.06.2017	02-901/ 109
Владимир Богоески	Уредувањето на транснационалните работни односи како дел од слободното движење на услуги во Меѓународното приватно право на Европската унија (Transnational Employment Relationships within the Framework of Free Movement of Services in the European Union Private International Law)	проф.д-р Тони Дескоски	28.06.2017	02-901/ 110
Мартина Глигорова	Политиката на Европската унија за медиумската писменост версус Република Македонија (The European Union Policy on Media Literacy Versus The Republic of Macedonia)	проф.д-р Татјана Петрушевска	28.06.2017	02-901/ 111
Марија Петровска	Справувањето на меѓународната заедница со финансирањето на тероризмот (The International Community's	проф.д-р Сашо Георгиевски	28.06.2017	02-901/ 112

	Mechanisms for Coping with The Financing of Terrorism)			
Стефан Димовски	Надлежности и улога на Управата за безбедност и контраразузнавање и полицијата во откривање на потешките форми на организиран криминал (Jurisdiction and Role of the Agency for Homeland Security and Inteligence and the Police in the Investigation of the Serious Forms of Organized Crime)	проф.д-р Гордан Калајџиев	28.06.2017	02-901/ 113

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИЗИОЛОГИЈАТА И ИМУНОЛОГИЈАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.6.2017 година, донесе одлука со бр.02-1135/3 од 4.6.2017 година за формирање на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на **физиологијата и имунологијата** на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен во јавните гласила „Нова Македонија", и „Коха" на 1.6.2017 година, во определениот рок се пријави само кандидатот д-р Митко Младенов, вонреден професор на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија во состав: д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Христо Гагов, редовен професор на Биолошкиот факултет во Софија, Р Бугарија и д-р Дине Митров, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, има чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Кандидатот д-р. Митко Младенов е родена на 17. 2. 1975 година во Ново Село, Струмица, каде што го завршил основното и средното образование (УСО "Јане Сандански"-Струмица, природно-математичка гимназија). Во академската 1993/1994 година се запишал на студии по биологија, биохемиско-физиолошка насока, при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил 1998 година со просечен успех 8,60.

Во академската 1999/2000 година се запишал на постдипломски студии на Институтот за биологија (биохемиско-физиолошка насока) при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На 17.3.2004 година го одбранил магистерскиот труд под наслов: ***Влијанието на витаминот С врз метаболизмот на глутатионот кај хипертермички експонирани стаорци во функција на возраста***, со што се стекнал со научен степен магистер на биолошки науки, биохемиско-физиолошка насока.

На 1. 11. 1999 година бил назначен за стручен соработник на Одделението за општа физиологија при Заводот за физиологија и биохемија на Институтот за биологија, а на 29.10.2002 година бил избран во звањето помлад асистент на истото Одделение. Во звањето асистент бил избран на 30.9.2004 година, а на 27. 5.2007 година бил реизбран во истото звање. Во звањето доцент на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје бил избран на 28. 4. 2008 година. Во звањето вонреден професор на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје бил избран на 28.12. 2012 година.

Во периодот 2004-2007 година работел на својата докторска дисертација на Институтот за биофизика при Бугарската академија на науките во Софија, Република Бугарија. Во овој период по 6 месеци годишно престојува во Лабораторијата за биофизика на клетка при Бугарската академија на науките, каде што ја изработил докторската дисертација под наслов: ***Студија на сигналната верига на грелиноt кај хумана мезентеријална и феморална артерија од морско прасе,*** а ја одбранил на 17.11.2007 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје, со што се здобил со научен степен доктор на биолошки науки.

Наставно-образовна дејност

Од 1999/2000 година до 2007/2008 година, кандидатот д-р Митко Младенов успешно ја изведувал практичната настава по предметите: Општа физиологија, Анатомија со физиологија на човек и Имунологија при Институтот за биологија, како и Физиологија на невроендокрин систем за студентите од институтите за психологија и дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

По изборот во звањето доцент, д-р. Младенов започнал да ја изведува наставата по предметите: Општа физиологија I и Општа физиологија II за студентите на насоката аналитичка биохемија при Институтот за хемија. Во овој период самостојно ја вовел конципирал и изведувал наставата по предметите: Клеточни мембрани и рецептори и Биофизика на клетка за студентите по молекуларна биологија, како дел од новите наставни програми за прв циклус студии на Институтот за биологија. Покрај оваа, почнувајќи од академската 2011/2012 година, д-р Младенов започнал со изведување на наставата по Физиологија за студентите од првиот циклус студии на Факултетот за физичка култура спорт и здравје во Скопје. Од учебната 2009/2010 година, д-р Младенов е вклучен во реализација на наставните програми на вториот и третиот циклус студии по биологија по следниве предмети:

- Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации
- Одбрани поглавја од биофизика на клетка
- Современи истражувања во биохемија и физиологија
- Метаболички процеси.

Во изминатиот период, наставно-образовната активност на д-р. Младенов била насочена во подготовка на две интерни скрипти за изведување на практичната

настава и тоа како коавтор на интерна скрипта-практикум „Општа физиологија" и интерна скрипта-практикум „Имунологија". Овие скрипти се наменети за студентите на првиот циклус студии по биологија на Природно-математичкиот факултет. По изборот во звањето доцент, д-р Младенов го превел и адаптирал насловот „Меѓуклеточни комуникации", наменет за студентите на насоката молекуларна биологија на првиот циклус студии на Институтот за билогија.

Во изминатиот период под менторство на д-р Младенов биле изработени и одбранети 24 дипломски работи, а бил член и во комисиите за одбрана на други 68 дипломски работи. Од изборот за доцент, д-р Младенов бил ментор на 11 магистерски труда и член на комисии за оцена и одбрана на 31 магистерска и 3 специјалистички труда. Д-р Младенов бил ментор на 3, коментор на 2 и член во комисија за оцена и одбрана на 12 докторски дисертации. Средната оценка од студентите на спроведуваните анкети за проф. Младенов изнесува 9,28.

Научно-истражувачка дејност

Во периодот по изборот за вонреден професор, д-р Митко Младенов покрај успешното ангажирање во реализација на теоретската настава, активно и успешно ја раководи научноистражувачката работа во Лабораторијата за општа физиологија и имунологија на Институтот за биологија при ПМФ.

Интересно е да се напомене дека истражувањата на д-р Младенов се насочени воглавно во испитување на интрацелуларната трансдукција на различни нивоа во организмот. Имено тука предничат сигналните механизми на ниво на мазните мускулни клетки како и срцевиот мускул. Притоа д-р Младенов користи современи електрофизиолошки техники (patch clamp и техника за мерење на мембранскиот потенцијал во ткиво) со помош на кои врши биофизичка карактеризација на одделните сигнални молекули инволвирани во регулацијата на определени механизми од интерес. Понатаму, д-р Младенов постигнал значајни резултати и во областа на испитување на механизмите на регулација на дијабетот. Особено овде вреди да се одбележат постигнатите резултати за улогата на H_2O_2 и хепцидинот во регулацијата на дијабетот. Исто така д-р Младенов дал значаен придонес и во проучувањето на процесите на зараснување на коските преку следење на процесите индуцирани од циркулаторните леукотриените како посебни регулатори на процесот на зараснување на коските. Во основа сите истражувања на д-р Младенов се однесуваат на испитување на улогата на цитокините во идукција на најразлични механизми, но пристапот за следење на ваквите процеси е различен (преку јонски канали, транспортери, пумпи или интрацелуларни ензими). Во оваа насока, д-р Младенов навлегува до таа мера што со дел од своите соработници од странство изработуваат и симулирани модели за промените во преносот на потенцијалот кај инфламаторна демиелинизирачка полиневропатија, но овојпат преку моделирање на функцијата на јонските канали на ниво на мембраната на нервните влакна.

Проф. д-р Митко Младенов учествувал во реализација на **12** научноистражувачки проекти (**3** проекти по изборот за вонреден професор). Резултатите од научноистражувачката работа ги има објавено во **52** оригинални научни труда (од кои **45** со фактор на влијание и **7** во списанија со меѓународен уредувачки одбор), како и презентирано во **13** соопштенија (**7** соопштенија по изборот за вонреден професор) на научни собири од меѓународен карактер. Д-р Младенов досега одржал **6** предавања на покана на референтен странски универзитет.

Научните трудови на д-р Младенов до изборот за вонреден професор се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 740 од 1.10.1999, бр. 811 од 30.9.2002, бр. 857 од 15.9.2004, бр. 918 од 27.4.2007, бр. 939 од 1.4.2008 и бр. 1043 од 30.11.2012 година).

Во изминатиот петгодишен период, д-р Младенов учествувал во реализација на **3** меѓународни научноистражувачки проекти.

Од посебно значење за Институтот за биологија и ПМФ во Скопје е опремувањето на Лабораторијата за општа физиологија и имунологија со опрема донирана на д-р Младенов од Факултетот за природни науки во Цирих, Швајцарија.

Од изборот за вонреден професор до денес **(2012-2017)**, д-р Младенов има објавено **35** оригинални научни трудови (прилог Образец за избор на наставник во сите наставно-научни звања), од кои **33** со фактор на влијание и **2** во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор. Д-р. Младенов исто така има презентирано **13** соопштенија (**7** соопштенија по изборот за вонреден професор) на научни собири од меѓународен карактер.

Објавените трудови со **бр. 9.1, 9.3 и 9.43** се однесуваат на испитување на клиничките импликации на ниските нивоа на *хепцидин кај пациенти со дијабет тип 2*, како и на улогата на инсулинската терапија во идукцијата на механизмите за корекција на нискиот хепцидин. Во оваа насока се и трудовите со бр. (**9.7** и **8.2**), каде што авторот ја разработува идејата за дијабет -индуцираните конвертирачки механизми на артеријалната релаксација во контракција преку дијабет индуцираната продукција на H_2O_2 од периваскуларното адипозно ткиво. Притоа, како надополнување се истражувањата објавени во трудот со **бр. 9.18**, кои го докажуваат реверзибилниот регулаторен ефект на *цистатион γ-амалиазата* од периваскуларното адипозно ткиво врз функцијата на скелетно-мускулните артерии изолирани од дијабетични стаорци. Овие истаражувања ќе помогнат во разбирањето на механизмите на оштетување на периферните артерии во услови на дијабет.

Од друга страна, научните истражувања на д-р Младенов (**трудови бр. 9.2, 9.10, 9.12-9.15, 9.36, 9.38 и 9.39)** се однесуваат на проучување на ефектите на механо-сензитивноста врз функцијата на кардиомиоцитите во услови на зголемена инфламација. Имено, со група научници од Руската Федерација, д-р Младенов работи на расветлување на биоелектричните промени на функцијата на кардиомиоцитната мембрана индуцирани со пооделни цитокини (IL-6, IL-2, IL-1β, IL-13, IL-18, VEGF, итн.), при што детално се задржуваат на

детерминирањето на “stretch”-индуцираните сигналните каскади посредувани со механо-сензитивните канали. Овие испитувања се очекува да дадат нови резултати во насока на расветлување на процесите на ремоделирање на срцевиот мускул.

Во трудовите со **бр. 9.5, 9.6 и 9.37** со истата група научници од Москва, д-р Младенов работи детално на испитување на интеракциите помеѓу различните групи цитокини молекули кај пациенти со нарушен срцев ритам. Имено целта на ваквите испитувања е преку изнаоѓање на асоцијација помеѓу таргетираните цитокини да се изврши понатамошна квалификација на високо асоцирачката таргет молекула со нарушувањето на срециовиот ритам. Посебен осврт д-р Младенов овде дава на проинфламаторните IL-6 и IL-18, како потенцијални серум индикатори асоцирани со нарушувањата на срцевиот ритам. Секако овие индикатри во склоп со останатите клинички маркери само ја надополнуваат сликата за посочените нарушувања.

Во трудот **бр. 9.42,** д-р Младенов ги испитува асоцијациите на коронарната срцева болест со 11 единечни нуклеотидни полиморфизми на генот за IL-6 и генот на рецепторот за IL-6 кај руската популација. Покрај асоцијациите во оваа студија се анализирани и интеркциите на испитуваните нуклеотидни полиморфизми со цела класа на интерлеукини, со цел да се дефинираат коваријанти на тагираните полиморфизми асоцирани со коронарната срцева болест. Ваквата популациона студија исфрли резултати кои во иднина ќе помогнат да се таргетираат нуклеотидни полиморфизми кои можат да се земат како потенцијален индиктор за појава на срцева артериска болест.

Во трудот **бр. 9.41** се прикажани резултати за ефектите на (2E,6E)-2,6-bi's (2-bromobenzylidene) cyclohexanone (соединение синтетизирано во консултации со колегите од Институтот за хемија) со цел изнаоѓање на подобри терапевтски супресори на оксидативните и инфлматорните нарушувања како пропратен процес на експериментално индуцирана кадиомиопатија. Имено, во животински модели преку индукција на крдиомиопатија, групата на д-р Младенов веќе го има докажано високиот антиоксидативен потенцијал на оваа соединение а во моментов интензивно работи и на докажување на неговите антиинфламаторни ефекти.

Истражувањата во трудот **бр. 9.45** опфаќаат испитувања кои д-р Младенов ги реализирал во соработка со група научници од Институтот за кардиоваскуларна физиологија на Медицинскиот факултет во Манхајм, Германија. Имено во овој труд за прв пат е покажана улогата на азотниот моноксид во индукција на релаксација на мазната мускулатура на крвните садови преку сигнализација која ги таргетира калциум зависните калиумови канали со голема спроводливост. Покрај деталната биофизичка карактеризација на каналите, овде се испитани и сигналните патишта индуцирани од страна на азотниот моноксид. Овие испитувања расветлуваат сосема нови механизми за релаксациските ефекти на азотниот моноксид, кои можат да помогнат во неговата поширока терапевтска примена.

Во трудовите **бр. 9.8 и 9.16,** презентирани се резултати за интернодалните акциони потенцијали и кинетиката на нивните струјни компоненти кај

симулирана инфламаторна демиелинизирачка полиневропатија при температурен интервал од 20 °C-42°C. Имено, овде д-р Младенов во соработка со група научници од Р Бугарија изработува модел на инфламаторната демиелинизирачка полиневропатија преку биофизичка детализација на јонските канали во мембраната на нервното влакно. Секако во овој случај е исклучено влијанието на цитокините (кои се во основата на неговите истаржувања), и акцентот е ставен на биофизичките механизми на кондукција на акционите потенцијали при различен тепературен опсег. Овие истражувања можат да помогнат да се има во предвид ефектот на поширокиот температурен интервал при третманот на оваа многу сериозно заболување.

Истражувањата во трудовите под **бр. 9.4, 9.9, 9.23 и 9.44** опфаќаат испитувања кои д-р Младенов ги вршел со колеги од Стоматолошкиот факултет во Скопје и истражувачка група од Р Хрватска во насока на утврдување на процесот на зараснување на коските. Имено улогата на проф. Младенов е да утврди кои системски фактори се покренуваат при процесот на зараснување на коските. Добиените резултати укажуваат на промени во продукцијата на леукотриените кои понатаму би можеле да бидат таргетирани како потенцијални фактори инволвирани во процесот на зарастување на коските.

Истражувањата под **бр. 9.11, 9.17, 9.19 и 9.20,** како и истражувањата под **бр. 8.1, 9.21, 9.22 и 9.40** биле насочени кон испитување на промените во инфламацијата, липидната пероксидација и тромбоцитната активација поврзани со стареењето на организмите. Имено во првата подгрупа трудови д-р. Младенов работи на испитување на ефектите на D-галактозата и хромот врз продукцијата на слободни радикали и индукцијата на сенесценцијата на ниво на еритроцити и митохондријална фракција од хепар и мозочно ткиво. Во втората подгрупа трудови испитувањата се насочени кон утврдување на превентивните ефекти на витамините С и Е кај претходно наведените анимални модели при што детално се опишани инетракциите на двата суплемента со пооделните индуцирани реакции (системска инфламација, липидна пероксидација и тромбоцитна активација). Резултатите од овие испитувања ќе помогнат во разбирањето на механизмите од гореспоменатите реакции, како и во доброто детерминирање на суплементарната терапија кај нив.

Стручно-апликативна дејност

Во изминатиот петгодишен период, д-р Младенов бил вклучен во повеќе активности од поширок интерес. Имено, д-р Младенов е член на Друштвото на биохемичари на Република Македонија и секретар на Друштвото на физиолози на Република Македонија. Исто така, во периодот од 2012 до 2016, д-р Младенов бил член на: Комисијата за меѓународна соработка на УКИМ, Комисијата за благосостојба на животните при УКИМ и Комисијата за надворешна евалуација на УКИМ.

Во периодот 2014/2015 - 2015/2016 е член на оценувачката комисија за државните натпревари по биологија, чиј организатор е Друштвото на биолози на Македонија.

Во периодот од 2011/2012 година до 2015/2016 година, д-р Младенов бил раководител на третиот циклус студии на Институтот за биологија при ПМФ, при што учествувал во изработката на елаборатите за 4 студиски програми на третиот циклус и една од првиот циклус студии.

Од изборот за вореден професор до денес, проф. Младенов рецензирал 5 труда поднесени за печат во престижни интернационални списанија со висок импакт - фактор.

Во последните пет години, д-р Младенов остварил осум студиски престои во времетраење од еден или два месеца на покана на странски универзитети во својство на визитинг - истражувач.

Како резултат на постигнатите резултати во науката, д-р Младенов бил избран за најдобар научник на УКИМ од областа на природните науки за 2015 година.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, целокупната наставна и научна активност и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во мислењето дека д-р Митко Младенов во својата досегашна работа покажал забележителни резултати, како на полето на наставно-образовната, така и на полето на научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Во изминатиот период сериозно и совесно ги извршувал поставените задачи и постојано стручно и научно се усовршувал. Особено би сакале да ги истакнеме неговите педагошки квалитети и воведувањето нови наставно-научни дисциплини во областа на молекуларната биологија. Притоа би сакале да одбележиме дека со својата научно-истражувачка дејност проф. д-р. Младенов Митко има голем придонес во меѓународната афирмација на Институтот за биологија и Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Сето оваа укажува дека д-р. Митко Младенов ги има исполнето интерните критериуми за избор во звањето редовен професор според Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот.

Според тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Митко Младенов, досегашен вонреден професор, да биде избран во наставно-научното звање редовен професор по група предмети од областа на физиологија и имунологија.

Рецензентска комисија

Д-р Ицко Ѓоргоски, с.р.

редовен професор на Институтот за биологија, ПМФ во Скопје

Д-р Христо Гагов, с.р.

редовен професор на Биолошкиот факултет, во Софија, Р. Бугарија

Д-р Дине Митров, с.р.

редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р. Митко Иван Младенов

Институција: Институт за биологија, Природно-математички факултет-Скопје

Научна област: физиологија и имунологија

НАСТАВНО ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
	Одржување настава	
1.	**Одржување настава од прв циклус на студии**	
1.1	**1999/2000 (практична настава)**	
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10)	4.5
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4)	1.8
	Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	

		1.35
1.2	**2000/2001 (практична настава)** Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6) Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6) Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3) Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3) Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3) Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3) Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10) Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4) Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	2,7 2,7 1,35 1.35 2.7 2.7 4.5 1.8 1.35
1.3	**2001/2002 (практична настава)** Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6) Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6) Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3) Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3) Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3) Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3)	2,7 2,7 1,35 1.35 1.35

	Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4)	4.5
	Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	1.8
		1.35
1.4	**2002/2003 (практична настава)**	
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6)	
	Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3)	2,7
	Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1,35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4)	4.5
	Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	1.8
		1.35
1.5	**2003/2004 (практична настава)**	
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6)	
	Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3)	2,7
	Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1,35

	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4)	4.5
	Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	1.8
		1.35
1.6	**2004/2005 (практична настава)**	
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4)	4.5
	Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	1.8
		1.35
1.7	**2005/2006 (практична настава)**	

	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10)	4.5
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4)	1.8
	Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	1.35
1.8	**2006/2007 (практична настава)**	
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6)	2,7
	Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3)	1,35
	Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3)	1.35
	Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3)	1.35
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10)	4.5
	Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4)	

	Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	1.8 1.35
1.9	**2007/2008 (практична настава)** Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, III семестар, 6+6) Општа физиологија (биохемиско-физиолошка насока, IV семестар, 6+6) Општа физиологија (наставна насока, III семестар, 3+3) Општа физиологија (наставна насока, IV семестар, 3+3) Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, III семестар, 3+3) Анатомија и физиологија на човек (биологија и хемија, IV семестар, 3+3) Физиологија на нервно-ендокрин систем (I семестар 10+10) Физиологија на нервно-ендокрин систем (II семестар 4+4) Имунологија (биохемиско-физиолошка насока, VIII семестар, 3+3)	 2,7 2,7 1,35 1.35 1.35 1.35 4.5 1.8 1.35
1.10	**2009/2010 (теоретска настава)** Општа физиологија I (насока аналитичка биохемија, III семестар, 3+3) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 0+2) Анатомија и физиологија на човек, (III семестар, 4+5)	 1,8 1,8 1.2 0.9

	Физичка антропологија (Студии по етнологија, III семестар, 2+1)	2,4 1.2
1.11	**2010/2011 (теоретска настава)** Општа физиологија I (насока аналитичка биохемија, III семестар, 3+3) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 0+2) Анатомија и физиологија на човек, III семестар, 4+5) Физичка антропологија (Студии по етнологија, III семестар, 2+1)	 1,8 1,8 1.2 0.9 2,4 1.2
1.12	**2011/2012 (теоретска настава)** Општа физиологија I (насока аналитичка биохемија, III семестар, 3+3) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 2+2) Физичка антропологија (Студии по етнологија, III семестар, 2+1) Физиологија со физиологија на спорт (ФСЗО, II семестар, 1+1)	 1,8 1,8 1.2 1.2 1,2 0,6

1.13	**2012/2013 (теоретска настава)** Општа физиологија I (насока аналитичка биохемија, III семестар, 3+3) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 2+2) Физичка антропологија (Студии по етнологија, III семестар, 2+1) Физиологија со физиологија на спорт (ФСЗО, II семестар, 1+1)	1,8 1,8 1.2 1.2 1,2 0,6
1.14	**2013/2014 (теоретска настава)** Општа физиологија I (насока аналитичка биохемија, III семестар, 3+3) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 2+2) Физичка антропологија (студии по етнологија, III семестар, 2+1) Физиологија со физиологија на спорт (ФСЗО, II семестар, 1+1)	1,8 1,8 1.2 1.2 1.2 0.6
1.15	**2014/2015 (теоретска настава)**	

	Општа физиологија I (насока аналитичка биохемија, III семестар, 3+3) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 2+2) Физичка антропологија (Студии по етнологија, III семестар, 2+1) Физиологија со физиологија на спорт (ФСЗО, II семестар, 1+1)	1,8 1,8 1.2 1.2 1,2 0,6
1.16	**2015/2016 (теоретска настава)** Молекуларна физиологија (насока молекуларна биологија, IV семестар, 4+4) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 2+2) Физиологија со физиологија на спорт (ФСЗО, II семестар, 1+1)	2,4 1,8 1,2 1,2 0,6
1.17	**2015/2016 (теоретска настава)** Молекуларна физиологија (насока молекуларна биологија, IV семестар, 4+4) Општа физиологија II (насока аналитичка биохемија, IV семестар, 3+3) Клеточни мембрани и рецептори (молекуларна биологија, VI семестар, 2+2) Биофизика на клетка (биохемиско-физиолошка и молекуларна биологија, III семестар, 2+2)	2,4 1,8 1,2

	Физиологија со физиологија на спорт (ФСЗО, II семестар, 1+1)	1,2 0,6
2.	**Одржување настава од втор циклус на студии**	
2.1	**2010/2011**	
	Одбрани поглавја од биофизика на клетка (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации (3+3)	2,25
2.2	**2011/2012**	
	Одбрани поглавја од биохемија и физиологија (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од биофизика на клетка (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации (3+3)	2,25
2.3	**2012/2013**	
	Современи истражувања во биохемија и физиологија (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од биохемија и физиологија (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од биофизика на клетка (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации (3+3)	2,25
2.4	**2012/2013**	
	Современи истражувања во биохемија и физиологија (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од биохемија и физиологија (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од биофизика на клетка (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации (3+3)	2,25
2.5	**2014/2015**	
	Современи истражувања во биохемија и физиологија (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од биохемија и физиологија (3+3)	2,25
	Одбрани поглавја од биофизика на клетка (3+3)	2,25

	Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации (3+3)	2,25
2.6	**2015/2016** Современи истражувања во биохемија и физиологија (3+3) Одбрани поглавја од биохемија и физиологија (3+3) Одбрани поглавја од биофизика на клетка (3+3) Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации (3+3)	 2,25 2,25 2,25 2,25
2.7	**2016/2017** Современи истражувања во биохемија и физиологија (3+3) Одбрани поглавја од биохемија и физиологија (3+3) Одбрани поглавја од биофизика на клетка (3+3) Одбрани поглавја од меѓуклеточни комуникации (3+3)	 2,25 2,25 2,25 2,25
3.	**Подготовка на нов предмет** 2009/2010: Општа физиологија I (предавања+вежби) 2010/2011: Општа физиологија II (предавања+вежби) 2010/2011: Клеточни мембрани и рецептори (предавања+вежби) 2009/2010: Биофизика на клетка (предавања+вежби) 2009/2010: Физичка антропологија (предавања+вежби) 2011/2012: Физиологија со физиологија на спорт (предавања+вежби) 2015/2016: Молекуларна физиологија (предавања+вежби)	 1,5 1,5 1,5 1,5 1,5 1,5 1,5 1,5
4.	**Консултации со студенти** 2009/2010 -74; 2010/2011 -69; 2011/2012 -161; 2012/2013 - 198; 2014/2015 - 203; 2015/2016 - 218; 2016/2017 - 142; **Вкупно:** 1065	 2,13

5.	**Ментор на дипломска работа** 2009/2010 - 3; 2010/2011 - 3; 2011/2012 - 3; 2012/2013 - 2; 2013/2014 - 2; 2014/2015 - 2; 2015/2016 - 6; 2016/2017 - 3; **Вкупно: 24**	4,8
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат:** 6.1 Механизми на хиперактивност индуцирани со воздушна хипероксија во белодробниот паренхим кај неонатални стаорци (2010) 6.2 Влијанието на метадонот врз катехоламинските метаболити кај хероински зависници во република Македонија (2010) 6.3 Компаративна студија на биохемиските маркери на коскен метаболизам кај послеменопаузни жени со примарна остеопороза. Ефекти од бисфосфонатната терапија (2010) 6.4 Влијанието на витаминот Е врз липидната пероксидација инфламацијата и тромбоцитната активност во функција на возраста и хипертермичката експозиција кај белиот лабораториски стаорец (2014) 6.5 Развој и стандардизација на методи за формулација на терапевтски радиофармацевтици, базирани на моноклонални антитела и пептиди – DOTA RITUXIMAB и супстанца P (2015) 6.6 Влијанието на храна добиена со почвено – фолијарна биофортификација со цинк и железо врз хематопоезата кај бел лабораториски стаорец (2015) 6.7 Истражување на динамиката на мукоатхезија (2015) 6.8 Ефектот на колаген индуцираниот артритис врз некои параметри на имунолошкиот статус кај белиот лабораториски стаорец (2015) 6.9 Проценка на влијанието на диететските суплементи од шипка и семки од грозје врз параметрите на оксидативниот стрес во крвта на работните кучиња при АРМ, пред и после вежбање (2016) 6.10 Ефекти на никотинот од различни ориентalски сорти на тутун врз продукција на простагландин Е2 кај бел лабораториски стаорец (2017)	0,5 0,5 0,5 0,5 0,5 0,5

	6.11 Нови инфламаторни биомаркери во серум кај деца со бронхијална астма и инфламација асоцирана со туберкулоза (2017)	0,5
	6.12 Low hepcidin in diabetes mellitus type II: examining the molecular links and its clinical implications (2017)	0,5
		0,5
		0,5
		0,5
		0,5
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа:**	
	7.1 Тиазолидин индуцирана супресија на оксидативниот стрес при акутна хипертермичка експозиција во функција на возраста кај белиот лабораториски стаорец (2010)	
	7.2 Одредување на специфични ИгГ и ИгМ антитела за вирусите на заразни заушки мали сипаници и рубеола со имуноензимски методи (2010)	0,3
	7.3 Преваленца на инфицираност со *Helicobacter pylori* кај популацијата во демирхисарскиот регион (2011)	
	7.4 Ефектот на витаминот Е врз оксидативниот стрес при акутна хипертермичка експозиција кај белиот лабораториски стаорец (2011)	

	7.5 Ефектите од третманот со фортифициран леб врз еритропоезата кај Wistar стаорци (2011)	0,3
	7.6. Алергени од *Artemisia campestris. L., Betual pendula roth, Pleum pretense L i Daucus carota L,* и нивниот ефект на некои компоненти од имуниот систем кај бел лабораториски стаорец (2011)	0,3
	7.7 Ефектот на витаминот Е врз маркерите на оксидативниот стрес во зависност од возраста кај белиот лабораториски стаорец (2012)	
	7.8 Антиоксидативен ефект на витаминот Е во мозочна митохондријална фракција кај хипертермички експонирани стаорци во функција на возраста (2012)	0,3
	7.9 Серопреваленца на хепатит С кај доброволни крводарители од источниот регион на Република Македонија (2012)	0,3
	7.10 Улогата на витаминот Е во превенцијата на липидната пероксидација и ендогената антиоксидантна заштита при акутна хипертермичка експозиција кај белиот лабораториски стаорец (2012)	0,3
	7.11 Коскените маркери како ран индикатор на ефикасноста на бисфосфонатната терапија кај постменопаузални жени со остеопороза (2012)	
	7.12 Влијанието на тироидните хормони врз кардиоваскуларниот систем преку следење на некои параметри на липопротеинскиот метаболизам (2012)	0,3
	7.13 Концентрација на TSH и слободен Т4 во зависност од возраста и терапијата во регионот на Општина Гевгелија (2012)	
	7,14 Влијанието на периндоприл и кандесартан врз нивото на серотонин во серум кај бел лабораториски стаорец со дијабетична нефропатија (2012)	0,3
	7.15 Ефектот на витаминот С врз липидната пероксидација и тромбоцитната активација при парацетамол предизвикана нефропатија кај Wistar стаорци (2013)	0,3
	7.16 Концентрација на Anti-mullerian хормонот како маркер за оваријална резарва кај здрава женска популација во Р.Македонија (2013)	

	7.17 Детерминирање на степенот на тромбоцитна активација и липидна пероксидација при хром предизвикана нефропатија кај Wistar стаорци (2014)	0,3
	7.18 Промени во метаболизмот на железото кај инсулин зависна популација со Diabetes mellitus тип 2 (2014)	
	7.19 Влијание на топлотниот стрес и аспиринот врз оксидативниот статус и нивото на HSP 70 во панкреас кај дијабетични животни (2014)	0,3
	7.20 Оксидативен статус кај пациенти на хемодијализа – влијание на витамин Е и поврзаност со ренална анемија (2014)	0,3
	7.21 Целуларно и плазмено ниво на оксидирани протеини како ризик фактори во прогресијата на атеросклерозниот процес (2014)	
	7.22 Влијание на пролактинот врз фертилноста кај жените (2014)	
	7.23 Лабораториски методи во дијагнозата на миелопролиферативните неоплазми во хематологијата (2014)	0,3
	7.24 Евалуација на нивоата на серотонин во тромбоцити и во крвната плазма и абнормалностите во тромбоцитната и ендотелната функција како маркери за рекурентно депресивно растројство (2015)	0,3
	7.25 D-galaktoza индуцирана сенесценција како модел за испитување на оксидативни нарушувања (2015)	
	7.26 Ефектот на аторовастатинот врз антиоксидантниот статус кај стеатозни пациенти (2015)	0,3
	7.27 D-galaktoza индуцирани промени во антиоксидативниот статус на ниво на еритроцитарен хемолизат кај белиот лабораториски стаорец (2015)	
	7.28 Математичка детализација на моделот на Хоџкин-Хаксли во динамиката на јонската хомеостаза (2016)	0,3
	7.29 Влијание на антибиотската терапија врз нивото на протеини од акутната фаза кај бактериска пневмонија (2016)	
	7.30 Влијанието на никотинот врз ослободувањето на проинфламаторните цитокини кај пациенти со орални заболувања (2017)	0,3
	7.31 Влијание на третманот со тиазолидин врз антиоксидантниот статус на ниво на срцето и белите	

	дробови при хипертермичка експозиција кај белиот лабораториски стаорец (2017)	0,3 0,3 0,3 0,3 0,3 0,3 0,3 0,3 0,3

		0,3 0,3 0,3 0,3 0,3
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа:** 8.1 Антиоксидативни ензими кај пациенти зависници од алкохол и дрога (2010) 8.2 Промени во некои параметри на мастниот метаболизам кај алкохоличари (2012) 8.3. Испитување на протеини во ликвор кај некои специфични невролошки болести (2016)	0,2 0,2 0,2

9.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа:** 2007/2008 - 6; 2008/2009 - 3; 2009/2010 - 12; 2010/2011 - 9; 2011/2012 - 11; 2012/2013 - 9; 2013/2014 - 7; 2014/2015 - 4; 2015/2016 - 6; 2016/2017 - 1; Вкупно: 68	6,8
10.	**Интерни скрипти од вежби:** 10.1 Ѓоргоски, И., **Младенов, М.** Хаџи-Петрушев, Н. (2016): Практикум по Општа физиологија, ПМФ, Скопје 10.2 Ѓоргоски, И., **Младенов, М.** Хаџи-Петрушев, Н. (2016): Практикум по Имунологија, ПМФ, Скопје	3 3
11.	**Пакет материјали за:** 11.1 Биофизика на клетка: 11.3 Меѓуклеточни комуникации: 11.2 Молекуларна физиологија:	 1 1 1
12.	**Вкупно**	**334,73**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Ментор на докторски дисертации:** 1.1 Механизми на хиперактивност индуцирани со воздушна хипероксија во белодробниот паренхим кај неонатални стаорци (2010) 1.2 Влијанието на витаминот Е врз липидната пероксидација инфламацијата и тромбоцитната активност во функција на возраста и хипертермичката експозиција кај белиот лабораториски стаорец (2014)	3

	1.3 Нови инфламаторни биомаркери во серум кај деца со бронхијална астма и инфламација асоцирана со туберкулоза (2017)	3 3
2.	**Коментор на докторски дисертации** 2.1 Проценка на влијанието на диететските суплементи од шипка и семки од грозје врз параметрите на оксидативниот стрес во крвта на работните кучиња при АРМ, пред и по вежбање (2016) 7.2 Low hepcidin in diabetes mellitus type II: examining the molecular links and its clinical implications, (2017)	1,5 1,5
3.	**Ментор на магистерска работа:** 3.1 Тиазолидин индуцирана супресија на оксидативниот стрес при акутна хипертермичка експозиција во функција на возраста кај белиот лабораториски стаорец (2010) 3.2 Ефектот на Витаминот Е врз оксидативниот стрес при акутна хипертермичка експозиција во зависност од возраста кај белиот лабораториски стаорец (2011) 3.3 Антиоксидативен ефект на витаминот Е во мозочна митохондријална фракција кај хипертермички експонирани стаорци во функција на возраста (2012) 3.4. Детерминирање на степенот на тромбоцитна активација и липидна пероксидација при хром предизвикана нефропатија кај Wistar стаорци (2014) 3.5 Промени во метаболизмот на железото кај инсулин зависна популација со Diabetes mellitus тип 2 (2014) 3.6 D-galaktoza индуцирана сенесценција како модел за испитување на оксидативни нарушувања (2015) 3.7 Ефектот на аторовастатинот врз антиоксидантниот статус кај стеатозни пациенти (2015)	 1 1 1

	3.8 D-galaktoza индуцирани промени во антиоксидативниот статус на ниво на еритроцитарен хемолизат кај белиот лабораториски стаорец (2015)	1
	3.9 Ефектот на витаминот С врз липидната пероксидација и тромбоцитната активација при парацетамол предизвикана нефропатија кај Wistar стаорци (2013)	1
	3.10 Улогата на витаминот Е во превенцијата на липидната пероксидација и ендогената антиоксидантна заштита при акутна хипертермичка експозиција кај белиот лабораториски стаорец (2012)	1
	3.11 Влијание на третманот со тиазолидин врз антиоксидантниот статус на ниво на срцето и белите дробови при хипертермичка експозиција кај белиот лабораториски стаорец (2017)	1 1 1 1 1
4.	**Раководител на национален научен проект:** 4.1 2012-2013: Влијанието на продуктите од метаболизмот на арахидонската киселина врз сигнализацијата на грелинот кај малите артерии. Од програмата на УКИМ за поддршка на научната активност на единиците.	

		6
5.	**Национален координатор на меѓународен научен проект:** 5.1 2013-2014. “Academic synapsing in the Balkans”, within the DAAD program “Akademischer Neuaufbau Südosteuropa (Stabilitätspakt SOE) _ZV ab 2014” 5.2 2011-2012. Establishment of new academic and scientific cooperation between the partners from Balkan countries. (DAAD)	6 6
6.	**Учесник во национален научен проект:** 6.1 1999-2002: Влијанието на третманот со витамин Ц врз нивото hsp на при хипертермичка експозиција кај белиот лабораториски стаорец. Министерство за образование на наука. 6.2 2003-2006: Ефектите на витамините Ц и Е врз некои имунолошки параметри при хипертермичка експозиција кај белиот лабораториски стаорец. Министерство за образование на наука. 6.3 2006-209: Улогата на caspase-9 во процесот на хипертермички предизвикана апоптоза. Министерство за образование и наука.	3 3 3
7.	**Учесник во меѓународни научни проекти:** 7.1 (2005-2008). Ghreline as a contractile regulator in small arteries. (Bulgarian Ministry of Sciences)	5

	7.2 (2008-2013). Die Rolle der Calmodulin-abhängigen Kalzium Kinase II in der myogenen Antwort. (DFG). 7.3 (2011-2012). Regulation by Sphingosine Kinase 1 in Smooth Muscle Cells from Hamster a. gracilis. sponsored by FEBS. 7.4. (2013-2014). Grelin induced mesenteric artery contraction mediated by ciclooxigenases. grant from BASILEUS IV – European exchange program. 7.5 (2014-2019). "Cross-talk between mechanosensitivity and inflamation", within the Russian Ministry of Science - Russian Federation. 7.6 (2016-2017). Композитни материјали врз база на биополимери и керамички честици за инженеринг на ткива со контролирана испорака на лекови" финансиран од Универзитетската Агенција за Франкофонија.	5 5 5 5 5
8.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:** 8.1. Jovana Ilievska, Viktor Cicimov, Emilija Antova, Icko Gjorgoski, Nikola Hadzy-Petrushev, **Mitko Mladenov**: *Heat-induced oxidative stress and inflammation in rats in relation to age*. Research in Physical Education, Sport and Health 2016; 5:123-130 8.2. Radoslava Emilova, Daniela Dimitrova, **Mitko Mladenov**, Teodora Daneva, Kremena Mitova, Plamen Padeshki, Lubomir Lubomirov, Mariela Chichova, Hristo Gagov: *H2O2 as a regulator of vascular contraction*. Annuaire de l'Université de Sofia St. Kliment Ohridski, Faculte de Biologie 2015, 100, 76-81. 8.3. Icko Gjorgoski, Snezhana Peshevska, **Mitko Mladenov**, Nikola Hadzy-Petrushev, Biljana Atanasovska (2008). Determination of the Efficacy of the different therapeutic treatments at patients with generalized paradenthopaty measured trough changes in dentine pulp PGF2α. *Biologia Macedonica*, 61, 163-174. 8.4. Icko Gjorgoski, Mire Spasov, **Mitko Mladenov**, Nikola Hadzy-Petrushev, Jordanka Dimovska, Verica Ovnarska, Dragi Rtovski (2006/2007). *The impact of high ambiental temperature on the protein and nucleic acid concentration in rat's thymus during intrauterine and early postnatal period. Biologia Macedonica*, 59/60, 51-66. 8.5. Icko Gjorgoski, **Mitko Mladenov**, Jordanka Dimovska, Tanja Vitkovska, Trajche Stafilov (2002/2003). *Suppressory effect of*	2,4 2,4

	vitamin C on the apoptotic processes in function of aging and acute heat exposure at Wistar rats. Ann. Biol. Macedonia 55/56, 119-134.	
	8.6. **Mitko Mladenov**, Icko Gjorgoski, Jordanka Dimovska, Vase Tanska, Trajche Stafilov (2002/2003). *Antioxidative effect of vitamin C on the processes of lipid peroxidation in function of aging and acute heat exposure at Wistar rats. Ann. Biol. Macedonia* 55/56, 135-150.	
	8.7. Icko K. Gjorgoski, **Mitko Mladenov**, Jordanka Dimovska (2000/2001) *the importance of some antioxidant enzymes and vitamin C at Wistar rats during hyperthermic exposure. Ann. Biol. Macedonia*, 53/54, 103-110.	2,4
		2,4
		2,4
		2,4
		2,4

9.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:**	
	9.1 Driton Vela, Ramadan B. Sopi, **Mitko Mladenov**: *Low hepcidin in diabetes mellitus; examining the molecular links and its clinical implications*. Canadian Journal of Diabetes 04/2017; DOI:10.1016/j.jcjd.2017.04.007 **(IF 2.42)**	
	9.2 Viktor Kazanski, Vadim Mitrokhin, **Mitko Mladenov**, Andre Kamkin: *Cytokine Effects on Mechano-Induced Electrical Activity in Atrial Myocardium*. Immunological Investigations 01/2017; 46(1)., DOI:10.1080/08820139.2016.1208220 **(IF 1.82)**	
	9.3 Driton Vela, Jovica Leshoski, Elizabeta S. Gjorgievska, Nikola Hadzi-Petrushev, Muharrem Jakupaj, Ramadan B. Sopi, **Mitko Mladenov**: *The Role of Insulin Therapy in Correcting Hepcidin Levels in Patients with Type 2 Diabetes Mellitus*. Oman Medical Journal 12/2016; 32(3):195-200., DOI:10.5001/omj.2017.37 **(IF 0.94)**	6,81
	9.4 Marko Blaskovic, Dragana Gabrić, Nichola J. Coleman, Ian J. Slipper, **Mitko Mladenov**, Elizabeta Gjorgievska: *Bone Healing Following Different Types of Osteotomy: Scanning Electron Microscopy (SEM) and Three-Dimensional SEM Analyses*. Microscopy and Microanalysis 12/2016; 22(06):1170-1178., **(IF 1.89)**	
	9.5 Andrey Shim, Artyom Aksyonov, Vadim Mitrokhin, Irina Lovchikova, Michail Konoplyannikov, Alexey Konev, Alexander Zotov, Roman Ovchinnikov, Emilija Antova, **Mitko Mladenov**, Andre Kamkin: *Serum interleukin-6: Association with circulating cytokine serum levels in patients with sinus arrhythmia and patients with coronary artery disease*. Cellular Immunology 12/2016; 310:178-183., **(IF 3.17)**	4,81
	9.6 Mitrokhin VM, Shim AL, Aksyonov AA, Zotov AS, Konev AV, Ovchinnikov RS, **Mladenov IM**, Kamkin GA: *Circulating interleukin-18: Association with IL-8, IL-10 and VEGF serum levels in patients with and without heart rhythm disorders*. International Journal of Cardiology 07/2016; 215:105-109. **(IF 6.19)**	
	9.7 R Emilova, D Z Dimitrova, **M Mladenov**, N Hadzi-Petrushev, T Daneva, P Padeshki, R Schubert, M Chichova, L Lubomirov, D Simeonovska-Nikolova, H Gagov: *Diabetes Converts Arterial Regulation by Perivascular Adipose Tissue from Relaxation into H2O2 -Mediated Contraction*. Physiological research / Academia Scientiarum Bohemoslovaca 01/2016; 65(5):799-807. **(IF 1.64)**	3,77
	9.8 Diana Stephanova, Mariya Daskalova, **Mitko Mladenov**: *Internodal action potentials and their current kinetics in simulated chronic inflammatory demyelinating polyneuropathy at 20°C–42°C*. Comptes rendus de l'Académie bulgare des sciences: sciences mathématiques et naturelles 01/2016; 69(1):99-104. **(IF 0.23)**	4,64
	9.9 Gabric D., Blaskovic M., Gjorgievska E., **Mladenov M**., Tasic B., Juric I.B., Ban T.: *Evaluation of Bone Healing After Osteotomies Prepared With Er:YAG Laser in Contact and Noncontact Modes and Piezosurgery-An Animal Study*.	

	Journal of oral and maxillofacial surgery: J Oral Maxillofac Surg 01/2016; 74:18-28. **(IF 1.92)**	
	9.10 R.S. Ovchinnikov, V.M. Mitrokhin, **M.I.Mladenov**: *Effects of vascular endothelial growth factor-b on the bioelectric activity of rat atrial myocardium under normal conditions and during gradual stretching*. Journal of biological regulators and homeostatic agents 12/2015; 29(4):835-840. **(IF 2.04)**	
	9.11 **M.Mladenov**, M.Gokik, N. Hadzi-Petrushev, I. Gjorgoski, N. Jankulovski: *The Relationship Between Antioxidant Enzymes and Lipid Peroxidation in Senescent Rat Erythrocytes*. Physiological research / Academia Scientiarum Bohemoslovaca 12/2015; 64:893-896. **(IF 1.65)**	5,04
	9.12 V.M. Mitrokhin, **M.I. Mladenov**, A.G. Kamkin: *IL-1 provokes electrical abnormalities in rat atrial myocardium*. International immunopharmacology 10/2015; 28:780-784. **(IF 2.96)**	
	9.13 R.S. Ovchinnikov, V.M. Mitrokhin, **M.I. Mladenov**: *Effects of Interleukin-17A on the bioelectric activity of rat atrial myocardium under normal conditions and during gradual stretching*. Cytokine 07/2015; 76(2)., DOI:10.1016/j.cyto.2015.06.016 **(IF 3.49)**	
	9.14 Aksyonov, V.M. Mitrokhin, **M.I. Mladenov**: *Effects of Interleukin-2 on Bioelectric Activity of Rat Atrial Myocardium under Normal Conditions and during Gradual Stretching*. Immunology letters 06/2015; 167(1)., DOI:10.1016/j.imlet.2015.06.009 **(IF 2.86)**	7,31
- Сите употребени инсектициди при ова истражување иницираа значајни промени врз кинетиката на ензимите EROD и B(a)PMO, зголемувајќи ја нивната активност за неколку пати во споредба со контролните групи, што значи дека овие хемиски материи предизвикуваат индуцибилност кај овие биохемиски параметри.
- Индуцибилноста на кинетичката активност на EROD кај трите истражувани органи, а особено во црниот дроб, кај групата на риби од загадениот локалитет на реката Вардар и групите на риби третирани со инсектициди, беше поизразена за разлика од индуцибилноста на B(a)PMO.
- Хербицидите употребени при ова истражување, во споредба со контролните групи, иницираа само промени во активноста на EROD и B(a)PMO, но не предизвикаа индуцибилност.
- Мерењето на активноста на MFO кај рибите е добар параметар за проценување на квалитетот на водата, како и за детекција на присуството на мутагени материи во неа.
- Класичните морфолошки параметри кај рибите (кондицискиот фактор и органо-соматските индекси) можат да ни обезбедат корисни информации за проценка на генералната здравствена состојба на испитуваниот вид риба. Овие индекси регистрирани кај рибите од нашиот експеримент, како и кај рибите од природната популација изловени од реката Вардар, покажаа дека еден дел на испитуваните единки се генерално со добра здравствена кондиција.
- Хистопатолошката анализа на таргет органите (црниот дроб, бубрезите и гонадите) покажа поголем број на патолошки промени кои се веројатно резултат на влијанието на пестицидите, бидејќи истите промени беа забележани како кај третираните единки со пестициди од аквакултура, така и кај единките изловени по градот Велес. За разлика од овие два органи, кај гонадите беа евидентирани минорни промени, што укажува дека испитуваните единки се со релативно добро репродуктивно здравје.
- Добиените резултати од реализираните експериментални тестови ни кажуваат дека овие супстанции можат да се сметаат за супстанции со голема токсичност за рибите, и долгорочната изложеност на овие супстанции може да влијае и врз самата кондиција на рибите, како и врз биохемиските и хистолошките биомаркери.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов „Истражувања на одделни ензимски и хистолошки биомаркери. Компаративна анализа кај црната мрена од аквакултура и од природна популација во реката Вардар", поднесена од кандидатот м-р Газменд Исени, претставува оригинален научен труд од особено значење и интерес. Во докторската дисератација е анализирано влијанието на пестицидите врз црната мрена од различни аспекти, со помош на бројни квалитативни и квантитативни ензимски и хистолошки методи кои се применуваат во токсичката патологија. Во ова истражување се испитувани бројни параметри кај единки одгледувани во аквакултура и кај единки од црна мрена изловени од реката Вардар од два локалитета, референтен и загаден регион со пестициди.

Со ензимска анализа на EROD и B(a)PMO на ниво на црниот дроб, бубрезите и жабрите паралелно со анализа на главните метрички карактеристики и со анализа на микроскопски видливи лезии на црниот дроб, бубрезите и гонадите, кандидатот дава широка слика за бројни случувања кои можат да се корелираат со енвиронменталниот статус и здравјето на рибите. Кандидатот ги дискутира детално и ги интерпретира вистинито резултатите од своите истражувања, ги компарира и донесува врз база на тоа соодветни заклучоци. Анализата на прикажаните резултати обезбедува неопходна техничка експертиза на бројната документација презентирана во форма на многу табели, графици и микрофотографии кои и даваат особена тежина на оваа дисертација.

Покрај фундаменталната тежина, резултатите обезбедени во оваа дисертација имаат голема практична вредност со оглед на тоа што презентираните податоци покажуваат дека промените во испитуваните параметри кај рибите изловени по градот Велес се резултат на загадувањето на водата и тоа, пред сé, со пестициди. Поради ова, кандидатот укажува на потребата од иден мониторинг на состојбата во овој екосистем.

Врз база на сето горе изнесено, Рецензентската комисија смета дека докторската дисертација под наслов „Истражувања на одделни ензимски и хистолошки биомаркери. Компаративна анализа кај црната мрена од аквакултура и од природна популација во реката Вардар", изработена од м-р Газменд Исени, е самостоен, оригинален и валиден научен труд кој е од голем интерес не само за истражувачите туку, е и од делумен интерес за ихтиолозите, токсиколозите, еколозите, но и за јавноста и одговорните институции кои имаат одговорности како во одржувањето на квалитетот на животната средина, така и во менаџментот со води во Република Македонија.

Поради овие причини, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да ја одобри докторската дисератација изработена од кандидатот м-р Газменд Исени и да дозволи нејзина јавна одбрана.

Рецензентска комисија

Д-р Нецбедин Беадини, редовен професор,

Природно-математички факултет - Тетово, Р Македонија, с.р.

Д-р Маја Јорданоова, редовен професор,

Природно-математички факултет - Скопје, Р Македонија, с.р.

Д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор,

Природно-математички факултет - Скопје, Р Македонија, с.р.

Д-р Нада Митева, редовен професор во пензија,

Природно-математички факултет - Скопје, Р Македонија, с.р.

Д-р Катерина Ребок, доцент,

Природно-математички факултет - Скопје, Р Македонија, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТЕКСТИЛНО МЕХАНИЧКО ИНЖЕНЕРСТВО И ХЕМИЈА НА ТЕКСТИЛОТ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Техолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XX редовна седница одржана на 5.7.2017 год. (решение бр. 02-1084/1 од 5.7.2017 год.), именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник во насловно звање **во наставно-научните области текстилно механичко инженерство и хемија на текстилот**, во состав:

1. д-р Магдалена Пренџова, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
2. д-р Биљана Манговска, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
3. д-р Игор Јорданов, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во насловно звање во наставно-научните области текстилно механичко инженерство и хемија на текстилот објавен во дневните весници ,,Нова Македонија" од 24-26 јуни 2017 год., и ,,Koha" од 24-27 јуни 2017 год., се пријави д-р Емилија Тошиќ, асистент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Емилија Тошиќ е родена на 26.2.1984 год. во Штип, Р Македонија.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

2002 год. Средно текстилно училиште ,,Димитар Мирасчиев" во Штип, Р Македонија.

2007 год. **Додипломски студии (VII/1 степен).**

Квалитетни својства на конфекциските производи по различни постапки на доработка

Технолошко-металуршки факултет,

насока: конфекциско инженерство,

Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р Македонија.

Просечна оценка: 8,68.

2010 год. **Постдипломски студии (VII/2 степен).**

Оптимизација на процес доработка на памучни плетенини од памук

Технолошко-металуршки факултет,

Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р Македонија.

Просечна оценка: 9,42.

2017 год. **III циклус студии - докторски студии.**

Еколошки памучни биоактивни материјали на база на хитозан

Технолошко-металуршки факултет,

Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј", Скопје, Р Македонија.

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

2011-2014 год. **Помлад асистент** на ТМФ, УКИМ, Скопје,

по предметите:

Хемиска текстилна технологија 1, Хемиска текстилна технологија 2, Технологија на печатење, Познавање и нега на текстилот, Технологија на предење, Неткаен текстил.

2014- год. **Асистент** на ТМФ, УКИМ, Скопје,

по предметите:

Текстилни влакна 1, Текстилни влакна 2, Структура и дизајн на преѓите, Подготовка и доработка на текстил и облека, Боење текстил и облека, Печатење на текстилот, Неткаен текстил, Познавање и нега на облеката, Испитување на текстилот, Технологија на облеката 1.

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Емилија Тошиќ, по изборот во звањето помлад асистент, во учебните 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 година континуирано е ангажирана во изведувањето вежби по предметите: Хемиска текстилна технологија 1, Хемиска текстилна технологија 2, Технологија на печатење, Познавање и нега на текстилот, Технологија на предење и Неткаен текстил.

Во учебните 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 година, по изборот во звањето асистент ги изведува вежбите по предметите: Текстилни влакна 1, Текстилни влакна 2, Структура и дизајн на преѓите, Подготовка и доработка на текстил и облека, Боење текстил и облека, Печатење на текстилот, Неткаен текстил, Познавање и нега на облеката, Испитување на текстилот, Технологија на облеката 1.

Исто така, учествува во подготовка на изведување на колоквиуми и писмени испити, консултации со студентите и помагање на студентите во изработката на нивните дипломски работи, како и во промотивни активности на ТМФ, Скопје.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Како асистент, кандидатката д-р Емилија Тошиќ е учесник во еден научноистражувачки проект, финансиран од УКИМ, Скопје.

По изборот во звањето помлад асистент до денес, како автор, д-р Емилија Тошиќ има објавено 3 труда во референтно научно списание со фактор на влијание, 3 труда во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор, 2 труда во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд во зборник на трудови од научен/стручен собир и 7

труда, објавени во зборник на апстракти на конференција. Таа е коавтор на 1 труд во научно/стручно списание и 1 труд, објавен во зборник на апстракти на конференција.

6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во стручно-апликативната дејност, д-р Емилија Тошиќ активно работи во повеќе области поврзани со испитување на текстилните материјали. Таа учествува во изработката и толкувањето на лабораториските анализи на текстил по барање на клиенти.

Д-р Емилија Тошиќ активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Кандидатката учествувала во повеќе промотивни активности на Факултетот, на конгресите за образование на отворените денови на Факултетот. Таа била дел и од тимот за натпреварот за наноматеријали спроведени во средните училишта низ Р Македонија.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престои во Словенија.

Таа е вклучена и во дејностите од поширок интерес како член на Алумни-асоцијацијата на добитници на признанието ,,Инженерски прстен" Р Македонија.

7. ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Самоевалуација 2012 год.

- Хемиска текстилна технологија — средна оценка 9,9
- Неткаен текстил — средна оценка 10

Самоевалуација 2013 год.

- Структура и дизајн на преѓите — средна оценка 9,2
- Познавање и нега на облеката — средна оценка 10

Самоевалуација 2014 год.

- Структура и дизајн на преѓите — средна оценка 9
- Познавање и нега на облеката — средна оценка 9,72

- Текстилни влакна 1 — средна оценка 8,9
- Текстилни влакна 2 — средна оценка 9,67
- Испитување на текстилот — средна оценка 9,5
- Технологија на облеката 1 — средна оценка 9,1

Самоевалуација 2015 год.

- Структура и дизајн на преѓите — средна оценка 8,2
- Подготовка и доработка на текстил и облека — средна оценка 9,5
- Текстилни влакна 1 — средна оценка 8,4
- Технологија на облеката 1 — средна оценка 9,5

Самоевалуација 2016 год.

- Структура и дизајн на преѓите — средна оценка 8,7
- Подготовка и доработка на текстил и облека — средна оценка 8,7
- Текстилни влакна 1 — средна оценка 8,9
- Технологија на облеката 1 — средна оценка 8,9
- Испитување на текстилот — средна оценка 9,3
- Текстилни влакна 2 — средна оценка 9,4
- Познавање и нега на облеката — средна оценка 8,8
- Боење текстил и облека — средна оценка 9,3

8. АКТИВА РЕФЕРИРАНА ВО БИЛТЕН бр. 1085, стр. 166-169 од 15 октомври 2014, за избор во звањето асистент и бр. 1015, стр. 191-196 од 15 септември 2011, за избор во звањето помлад асистент.

1. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно списание со фактор на влијание - 3
2. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор - 3
3. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание - 1

4. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор - 2
5. Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир - 1
6. Трудови презентирани на конгреси и симпозиуми во странство - 2
7. Трудови презентирани на конгреси и симпозиуми во Р Македонија - 6
8. Проекти - 1

a. Учесник: национални - 1.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на изнесените активности на д-р Емилија Тошиќ по изборот во звањето помлад асистент до денес, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката реализирала интензивна активност во наставата, научноистражувачката и апликативната дејност.

Од приложените трудови објавени во списанија со фактор на влијание и во зборници на научни собири се гледа дека научноистражувачката работа на д-р Емилија Тошиќ е во областа на хемијата на текстилот, особено во областа добивање антимикробни текстилни материјали и следење на својствата на текстилните производи по повеќекратно перење и по разни мокри доработки.

Паралелно со научноистражувачката работа, д-р Емилија Тошиќ во овој период беше интензивно влкучена во апликативната дејност, т.е. пуштање во работа на текстилната лабораторија и активна работа на голем број испитувања.

Од високите позитивни оценки од самоевалуацијата се гледа дека д-р Емилија Тошиќ професионално и квалитетно ги изведува вежбите по предметите на кои е избрана.

Врз основа на горенаведеното и во согласност со новите критериуми за избор на наставник според Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во повисоко звање со вкупно 128,35 бодови и нашата позитивна оценка во однос на нејзината наставно-образовна, научноистражувачка и апликативната активност, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Емилија Тошиќ, досегашен асистент, да биде **избрана за наставник во насловно звање-насловен доцент во наставно-научните области: текстилно механичко инженерство и хемија на текстилот**.

Образец

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ЕМИЛИЈА Радован Тошиќ

(име, татково име и презиме)

Институција: Технолошко-металуршки факултет - Скопје

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: 22301 Текстилно механичко инженерство

22302 Хемија на текстилот

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) - прв циклус студии = ч · нед. · 0,03**	
	Хемиска текстилна технологија 1 (3+3), 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014.	**4,05**
	Хемиска текстилна технологија 2 (3+2), 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014.	**2,7**
	Технологија на печатење (2+2), 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014.	**2,7**
	Технологија на предење (3+3), 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014.	**4,05**
	Неткаен текстил (3+1), 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014.	**1,35**
	Структура и дизајн на преѓите (3+1), 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**1,35**

	Текстилни влакна 1, (3+3), 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**4,05**
	Текстилни влакна 2, (3+3), 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**4,05**
	Подготовка и доработка текстил и облека (3+2), 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**2,7**
	Боење текстил и облека (3+2), 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**2,7**
	Испитување на текстилот (3+3), 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**4,05**
	Технологија на облеката 1 (3+3), 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**4,05**
2	**Консултации со студенти = број · 0,002**	
	2011-2017 вкупно 200 студенти.	**0,4**
	Вкупно	**38,20**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Одбранета докторска теза**	**8**
2	**Одбранета магистерска работа**	**4**
3	**Учесник на национален научен проект = број · 3**	
	1. Влијание на природата на шевот, повеќекратното перење, природата на детергентот врз брчкањето на шевовите и својствата на машки кошули, (финансиран од УКИМ, Скопје, 2015).	**3**
4	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор = 6 + и.ф.**	
	1. E. Toshikj, I. Jordanov, G. Demboski, B. Mangovska, Influence of Multiple Laundering on Cotton Shirts Porperties, Tekstil ve Konfeksiyon, Vol. 26, No. 4, 2016, pp. 393-399 (**IF=0.287**).	**3,77**
	2. E. Toshikj, I. Jordanov, V. Dimova, B. Mangovska, The Influence of Non-Selective Oxidation on Differently Pre-Treated Cotton Yarns Properties, MATERIALS SCIENCE (MEDŽIAGOTYRA), Vol. 22, No. 3, 2016, pp. 429-434 (**IF=0.393**).	**3,84**

	3. Toshikj E., Demboski G., Jordanov I., Mangovska B., Influence of Seam Type and Laundering on Seam Puckering and Functional Properties of Cotton/Polyester Shirt Fabrics, AATCC Review, Vol. 15, No. 2, March/April 2015, pp. 41-49 (**IF=0.239**).	**3,74**
	4. E.Toshikj, B.Mangovska, Analyses of Some Undesirable Effects in Industrial Exhaust Dyeing of Knitted Fabrics of Different Grade of Cotton With Reactive Dyes, Tekstil, Vol. 61, No. 1-6, 2012, pp. 48-54.	**5,4**
	5. Toshikj E., Mangovska B., Effect of Laundering of Cotton Knitted Fabrics with Different Detergents on the Dimensional Stability and Colour Fastness, Tekstilna Industrija, Vol. 59, No. 2, 2011, pp. 5-11.	**5,4**
	6. Toshikj E., Mangovska B., Pretreatment of Knitted Fabrics Made of Different Cotton Fibres, Tekstilna Industrija, Vol. 54, No. 4, 2010, pp. 4-11.	**5,4**
5	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание = 4**	
	1. Biljana Mangovska, Igor Jordanov, **Emilija Toshikj,** Properties of Pigment Dyed Fabrics after Different Finishing Techniques, Journal of Modern Textile Science and Engineering, Vol. 5, No. 1, 2014, pp. 1-16.	**3,2**
6	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор = 3**	
	1. **Emilija Toshikj,** Igor Jordanov, Biljana Mangovska, Low-, Meddle- and High-Level of Oxidized Cellulose Obtained by Different Oxidation Systems, 8th Central European Conference of Fiber-Grade Polymers, Chemical Fibers and Special Textiles, Zagreb, Croatia, 16-18 September 2015, pp. 147-152.	**2,4**
	2. Toshikj E., Atkovska K., Jordanov I., Mangovska B., Comparation of Functional Groups Content Determined by Different Methods, Textile Science and Economy VII 7th International Scientific-Professional Conference, Zrenjanin, Serbia, 25-31 May 2015, pp. 112-117.	**1,8**
7	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир = 2**	
	1. E. Toshikj, I. Jordanov, G. Demboski, B. Mangovska, Influence of Multiple Laundering of Cotton Shirt's Properties, 6th International Conference of Textile, Tirana, Albania, 20 November 2014, pp. 92-99.	**1,2**
8	**Апстракти објавени во зборник на конференција = број · 1**	
	1. Emilija Toshikj, Goran Demboski, Igor Jordanov, Biljana Mangovska, Influence of Seam Type and Laundering on Seam Puckering of Cotton Shirting Fabrics, XXIV Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 11-14 September 2016, pp. 328.	**1**
	2. Emilija Toshikj, Igor Jordanov, Biljana Mangovska, Influence of Sodium Bromide (NaBr) Presence on TEMPO Oxidation, XXIV Congress of	**1**

	Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 11-14 September 2016, pp. 309.	
	3. Igor Jordanov, Vesna Dimova, Biljana Mangovska, **Emilija Tošić,** Dyeing of Cotton with Curcuma Longa Using Different Mordants, 10th Symposium "Novel Technologies and Economic Development", Leskovac, Serbia, 22-23 October 2013, pp. 213.	**1**
	4. Toshikj E., Jordanov I., Mangovska B., Non-Selective Oxidation on Different Pretreated Cotton Yarns, XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 05-09 September 2012, pp. 346.	**1**
	5. Toshikj E., Jordanov I., Mangovska B., Selective Oxidation on Different Pretreated Cotton Yarns,XXII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 05-09 September 2012, pp. 345.	**1**
	6. Toshikj E., Mangovska B., Effect of Different Detergents in the Laundering of Cotton Knit Fabric to its Dimensional Stability, 9th Symposium "Novel Technologies and Economic Development", Leskovac, Serbia, 21-22 October 2011, pp. 209.	**1**
	7. Tosik E., Mangovska B., Pre-Treatment of Knitted Fabrics Made of Different Grade Cotton Fibers, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 23-26 September 2010, pp. 161.	**1**
	8. Tosik E., Mangovska B., Jordanov I., Grozdanov A., Dimova V, Non-Cellulosic Impurities on Raw Cotton from Different Origin and Their Influence on Whiteness, XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 23-26 September 2010, pp. 162.	**1**
	Вкупно	**59,15**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Извршител во акредитирана лабораторија = број · 1**	
	Извршител во акредитирана Текстилна лабораторија за испитување на ТМФ, Скопје, 2015 - денес.	**1**
2	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија = број · 1**	
	Извршена анализа на:	**1**

	1. Извештај за извршена анализа на плетенина, UNIPRES, 9.4.2015 (Емилија Тошиќ, Игор Јорданов).	
	2. Извештај за извршена анализа на плетенина, ЕМТ ДОО-Штип, 24.4.2015 (Емилија Тошиќ, Игор Јорданов).	**1**
	3. Извештај за извршена анализа на текстилен материјал, Дона М, 31.12.2015 (Емилија Тошиќ).	**1**
	4. Извештај за извршена анализа на плетенина, Исткомерц Санда ДОО Скопје, 11.2.2016 (Емилија Тошиќ, Игор Јорданов).	**1**
	5. Извештај за извршена анализа на CFM ECR Continuous Filament Mat 300G-100M и CFM 300 G&VEIL 50 G, Ламинати ком ДОО, 21.7.2016 (Емилија Тошиќ, Игор Јорданов).	**1**
	6. Извештај за извршена анализа на етикета, Inteks+KO, 1.3.2017 (Емилија Тошиќ, Игор Јорданов).	**1**
	7. Извештај за извршена анализа на плиш плетенина, Maximum Image BVA, 11.4.2017 (Емилија Тошиќ, Игор Јорданов).	**1**
3	**Превод - книга/учебник = број . 3**	
	3Д текстилни зајакнувачи за композитни материјали/уредник Антонио Миравете; [превод од англиски јазик Емилија Тошиќ], Скопје: Арс ламина, 2011, XIV, 320 стр.: илустр: 25 cm. Превод на делото: 3-D textile reinforcements in composite materials/edited by Antonio Miravete, ISBN 978-608-229-058-4.	**3**
4	**Учество во промотивни активности на Факултетот = број . 0,5**	
	Отворен ден на ТМФ, Скопје - 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**6**
	Отворен ден на УКИМ, Скопје - 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**6**
	Презентации во рамките на натпреварот за наноматеријали-материјали на иднината, на средните училишта, под покрвителство на министерот за образование и наука, Струга, Р Македонија, 2013, 2014.	**1**
	Научноистражувачка текстилна лабораторија, промоција на Текстилната лабораторија пред учениците од средните школи на Р Македонија, Технолошко-металуршки факултет, Скопје – 2015/2016, 2016/2017.	**1**
5	**Учлен на факултетска комисија = број . 0,5**	

	Член на пописна комисија на ТМФ - 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017.	**3**
	Вкупно	**28**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Член на Алумни-асоцијацијата на добитници на признанието ,,Инженерски прстен", Р Македонија.	**1**
	Член на Организационен одбор на Регионалната текстилна конференција: Одржлив развој на текстилната индустрија во Скопје, Р Македонија, 2012.	**1**
2	**Студиски престој странство = број . 0,5 (до три месеци)**	
	1. Институт за текстил на Факултетот за природни науки и инженерство при Универзитетот во Љубљана, Словенија, 11-27 октомври 2015.	**0,5**
	2. CEEPUS Winter School-Design Week 2012 in frame CEEPUS III (agreement CEE-PUS-165/12), University of Maribor, Faculty of Mechanical Engineering, Department of Textile Materials and Design, Slovenia, 14-20 October, 2012.	**0,5**
	Вкупно	**3**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:	**38,2**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ:	**59,15**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ:	**28**
ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС:	**3**

Вкупно	**128,35**

Рецензентска комисија

1. Д-р Магдалена Пренџова, редовен професор
Технолошко-металуршки факултет,

Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, с.р.

2. Д-р Биљана Манговска, редовен професор во пензија
Технолошко-металуршки факултет,

Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, с.р.

3. Д-р Игор Јорданов, вонреден професор
Технолошко-металуршки факултет,

Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, с.р.

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Горазд Чепишевски	,, Нанокомпозити со јаглеродни наноструктури за гасни сензори “	“Nanocomposits with carbon nanostructures aimed for gas sensors”	проф.д-р Перица Пауновиќ	23.6.2017 02-1000/1
2.	**Тефик Велија**	,,Производство на овошни сокови со стевија„	,, Production of fruit juices with stevia,,	доц.д-р Елена Величкова Никова	23.6.2017 02-1003/1

Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од II-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 3.07.2017 година

Кандидат	Наслов на труд МК	Наслов на труд ENG	Ментор	Одлука на ННС на ФЗНХ
Моника Стојанова	Влијание на некои стартер култури врз квалитетот на индустриски произведен македонски традиционален колбас.	Influence of some starter cultures on the quality of industrially produced Macedonian traditional sausage.	Проф. д-р Олга Најденовска	Бр. 02-647/24 од 3.07.2017 год.
Благојче Ивановски	Оцена на македонски генотипови пченица во однос на нивниот генетски диверзитет и селекциската вредност за подобрување на продуктивните својства.	Assessment of Macedonian wheat genotypes for their genetic diversity and breeding value for improvement of productive traits.	Проф. д-р Мирјана Јанкуловска	Бр. 02-647/25 од 3.07.2017 год

Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд
од наставно-научниот совет (март-јуни 2017) на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје

1. Безжични и мобилни комуникации

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1.	Сања Боневска	Подобрување на покриеноста и капацитетот на LTE радиопристапна мрежа со примена на засилувачи	Improving the coverage and capacity of a LTE radio access network by using amplifiers	Проф. д-р Зоран Хаџи - Велков	02-642/32 од 22.3.2017

2. Применета математика и актуарство

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Никола Мицковски	Анализа и моделирање на финансиските параметри на пазарот на електрична енергија	Analysis and modeling of financial parameters of the electricity market	Проф. д-р Билјана Јолевска-Тунеска	02-642/33 од 22.3.2017

3. Компјутерски мрежи - Интернет на нешта

ред. бр.	Студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Ана Чолакоска	Проектирање и реализација на филтер за мрежни пакети	Design and implementation of a hardware module for network packet filtering	Проф. д-р Аристотел Тентов	02-642/34 од 22.3.2017

4. Електроенергетски системи

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Владимир Ѓоргиевски	Интегрирано моделирање и оптимални текови на моќност во комплексни енергетски системи	Integrated Modeling and Optimal Power Flows in Multi-Carrier Energy Systems	Проф. д-р Мирко Тодоровски	02-642/35 од 22.3.2017

5. Електрични машини и автоматизација

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Веле Сиљаноски	Современи решенија на заштита на индустриски постројки	Modern Solutions for Protection of Industrial Substations	Проф. д-р Антон Чаушевски	02-642/36 од 22.3.2017

6. Проектен менаџмент

Ред. бр.	Студент	Тема на македонски јазик	Тема на англиски јазик	Предложен ментор	број на одлука ННС
1	Бојан Јанески	Трошоци за имплементирање на мерки и стандарди за зачувување на животна средина кај компаниите	Costs of implementing the measures and standards to preserve the environment for companies	проф. д-р Антон Чаушевски	02-642/37 од 22.3.2017
2	Наумче Ивановски	Анализа на методологии и ризици при развој на софтверски проекти	Analysis of Methodology and Risk in the Development Process of Software Projects	проф. д-р Соња Геговска-Зајкова	02-1024/26 од 15.5.2017

7. Обновливи извори на енергија

Ред. бр.	Студент	Тема на македонски јазик	Тема на англиски јазик	Предложен ментор	број на одлука ННС
1	Мериса Биберовиќ	Исплатливост на автономни фотоволтаични системи во услови на размена на електрична енергија помеѓу производителот и дистрибутерот	Cost efficiency of the autonomous photovoltaic systems in the terms of exchange of electricity between producer and the distributor	Проф. д-р Атанас Илиев	02-642/38 од 22.3.2017

8. Компјутерско системско инженерство и автоматика

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Ивана Бошковска	Модернизација на систем за управување на брзината на линија за поцинкување челичен лим	Speed Control System Modernization for Hot Deep Galvanizing Line	Проф. д-р Миле Станковски	02-642/39 од 22.3.2017

9. Комуникациски и информациски технологии

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС

1	Верица Узунова	Подобрување на квалитетот на живот со ИКТ и концептот паметен град-предизвици, анализа и можности за имплементација во град Струмица	Improvement of the Life Quality with ICT and the Smart City Concept – Challenges, Analysis and Possibilities for Implementation in the City of Strumica	Проф. д-р Александар Ристески	02-828/16 од 19.4.2017

10. Компјутерски мрежи и е-технологии (КМЕТ)

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Гоце Врглески	Генератор на случајни броеви применет во моделите за аерозагадување	Generator of random numbers applied to the models for air pollution	проф. д-р Коста Митрески	02-828/17 од 19.4.2017

11.Автоматика, роботика и системско инженерство

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Иван Гочев	Кооперативно управување на повеќе-агентски системи	Cooperative control of mulyi-agent systems	Проф. д-р Миле Станковски	02-1024/25 од 15.5.2017

11. Применета математика во ЕИТ

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС
1	Ивана Ангеловска	Повеќедимензионална регресиона анализа	Multidimensional Regression Analysis	Проф. д-р Анета Бучковска	02- 1278/25 од 21.6.2017

12. Комуникациски и информациски технологии

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на одлука ННС

1	Александра Вирановска	Оптимизација со помош на Segment Routing за мрежи подготвени за ид-нината	Optimization with Segment Routing for Future Ready Networks	Проф. д-р Борислав Поповски	02-1278/26 од 21.6.2017
2	Дејан Чабуковски	Дизајн на ниско-буџетен отпорен на грешки и безбеден податочен центар	Design of low cost fault tolerant and secure data center	Проф. д-р Тони Јаневски	02- 1278/27 од 21.6.2017

13. Обновливи извори на енергија

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	број на од-лука ННС
1	Марко Јовановски	Развој на систем за непрекинато напојување базиран на обновливи извори на енергија	Development of System uninterrupted power supply based on rene-wable energy sources	Проф. д-р Влатко Стоилков	02- 1278/28 од 21.6.2017
2	Мартин Матески	Развој на модел за Smart Home како активен учесник во дистрибутивна мре-жа со интеграција на обновливи извори на енергија	Model development for a Smart Home as an active participant in the distribution grid with the integration of renewable energy sour-ces	Проф. д-р Влатко Стоилков	02- 1278/29 од 21.6.2017
3	Васко Стевоски	Аспектот на еколош-ките барање за за-штита на животната средина кај хидро-енергетски про-изводни капацитети	The aspect of the eco-logical requirements for environmental pro-tection in hydro power generation facilities	Проф. д-р Антон Чаушевски	02- 1278/30 од 21.6.2017

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ ИНФОРМАТИКА И НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 15 јуни 2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 23, донесена на 22 јуни 2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марјан Гушев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Катерина Здравкова, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Пеце Митревски, редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски технологии, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.

Како членови на Рецензентската комисија, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, во предвидениот рок се пријави само кандидатот Љупчо Антовски, доктор на информатички науки, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

3. Биографски податоци и образование

Кандидатот вонр. проф. д-р Љупчо Антовски е роден на 27.5.1977, во Скопје. Средно образование завршил во СУ “Раде Јовчевски Корчагин” во 1996 година. Со високо образование се стекнал на Електротехничкиот факултет во Скопје, во 2001 година. Дипломирал во февруари 2001 година, со просечен успех 9,83. Кандидатот активно се служи со македонскиот и англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил на 10.12.2003 година, со просечен успех 10,00. На 10.12.2003 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Мобилни плаќања“.

Докторска дисертација пријавил во 2003 година на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дисертацијата на тема: „Модел на мобилни и безжични јавни електронски сервиси“ ја одбранил на 10.1.2008 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Марјан Гушев, проф. д-р Смиле Марковски,

проф. д-р Миле Станковски, проф. д-р Дилип Пател, проф. д-р Маргита Кон-Поповска. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област информатика.

На Заводот за програмско инженерство при Институтот за информатика на Природно- математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е ангажиран како демонстратор од октомври 2001 година, во февруари 2002 е избран за помлад асистент, во април 2004 година како асистент, а во мај 2007 година е реизбран за асистент. Во март 2008 година е избран за доцент во сите области од информатиката. Во септември 2011 година преминува да работи на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. На 22.11.2012 година е избран во звањето вонреден професор во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на факултетот. Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1041 од 1.11.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1041 од 1.11.2012 година за последниот избор, рецензиите од претходните избори, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот д-р Љупчо Антовски изведува настава на предметите: Е-бизнис, Менаџмент во ИКТ, Анализа на софтверските потреби, Безжични и мобилни технологии, Управување со софтверски проекти, Архитектура и организација на компјутери, Анализа на софтверски барања, Дизајн и архитетура на софтвер, Менаџмент информациски системи, Мобилни платформи и програмирање, Мобилни апликации и Управување со ИКТ проекти на прв циклус студии, на предметите: Анализа на софтверски барања, Менаџмент на ИКТ, Инженерство на барањата, Управување со софтверските проекти, Управување со ИКТ проекти, Менаџмент информациски системи, Дизајн и архитектура на софтвер, Напредно управување со софтверски проекти, Напредно инженерство на софтверски барања на втор циклус студии, и на предметите: Управување со софтверски процеси и Анализа и спецификација на софтверски барања на трет циклус студии.

Кандидатот бил ментор на 11 дипломски работи. Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена или одбрана на 26 дипломски работи, 16 магистерски трудови и на 3 докторски дисертации.

Кандидатот подготвил 3 нови предмета на прв циклус, 2 нови предмета на втор циклус и 2 нови предмета на трет циклус студии. Редовно одржувал консултации со студенти на сите циклуси студии.

Научноистражувачка дејност/

Д-р Љупчо Антовски има објавено вкупно 11 научни трудови од областите информатика и компјутерска техника и информатика, 3 труда, во меѓународни научни списанија, 7 труда во меѓународни научни публикации и 1 труд во зборници од научни собири.

Д-р Љупчо Антовски бил раководител на 6 национални научни проекти. Кандидатот учествувал како член во 3 научни проекти. Кандидатот бил ментор на 1 магистерски и 2 докторски трудови.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Љупчо Антовски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот. Врши стручна дејност во дизајн или изработка на 10 информациски системи, како и изработка на 7 нови софтверски пакета во 7 проекти.

Кандидатот д-р Љупчо Антовски остварил експертски активности во 2 проекта, а бил и координатор во подготовката на елаборат за 1 нова студиска програма.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на 2 стручни комисии при Факултетот: Комисија за соработка со јавноста и Наставна комисија.

Во изборниот период, д-р Љупчо Антовски учествувал во изготвување и пријавување на 7 научни проекти. Кандидатот бил член на програмски одбор на 3 меѓународни научни собири.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Љупчо Антовски, во извештајниот период во сите извештаи за самоевалуација на Факултетот, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Љупчо Антовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Љупчо Антовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, д-р Љупчо Антовски да биде избран во звањето редовен професор во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Гушев, претседател **с.р.**

Проф. д-р Катерина Здравкова, член **с.р.**

Проф. д-р Пеце Митревски, член **с.р.**

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Љупчо Антовски

Институција:
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство - Скопје

Научна област:

сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1	Одржување на настава - прв циклус (Прилог 1)	46,20
2	Одржување на настава - втор циклус (Прилог 1)	26,70
3	Одржување на настава - трет циклус (Прилог 1)	4,80
4	Консултации со студенти - прв циклус (Прилог 1)	4,738
5	Консултации со студенти - втор циклус (Прилог 1)	0,182
6	Консултации со студенти - трет циклус (Прилог 1)	0,006
7	Подготовка на нов предмет – предавања (Прилог 1)	7,00
8	Ментор на дипломска работа (11*0.2)	2,20
9	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (вкупно 3*0,5)	1,50
10	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (16*0,3)	4,80
11	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (26*0,1)	2,60
	Вкупно	**100,726**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1	Ментор на докторска дисертација (2*3,0) (Прилог 2)	6,00

2	Ментор на магистерска работа (1*1,0) (Прилог 2)	1,00
3	Учесник во меѓународен научен проект (2*5,0) (Прилог 2)	10,00
4	Раководител на национален научен проект (6*6,0) (Прилог 2)	36,00
5	Учесник во национален научен проект (1*3,0) (Прилог 2)	3,00
6	Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (Прилог 2)	18,20
8	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (Прилог 2)	16,50
9	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (Прилог 2)	1,80
10	Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација) (Прилог 2)	4
	Вкупно	**96,50**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста**	**Поени**
1	Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма (Прилог 3)	1,00
2	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија (2*1,0) (Прилог 3)	2,00
3	Дизајн или изработка на информациски систем (10*1,0) (Прилог 3)	10,00
4	Изработка на нов софтверски пакет (6*2,0) (Прилог 3)	12,00
5	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (3*1,0) (Прилог 3)	3,00
6	Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (6*1,0+1*0,5) (Прилог 3)	6,50
7	Раководител на лабораторија (Лаб. за мобилно и сеприсутно семантичко искуство)	1,00
8	Член на факултетска комисија (2*0.5) (Прилог 3)	1,00

9	Координатор на студиска програма (1*1,0) (Прилог 3)	1,00
10	Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.) (1*2,0) (Прилог 3)	2,00
	Вкупно	**39,50**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**100,726**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**96,50**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**39,50**
Вкупно	**236,726**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Марјан Гушев,
претседател с.р.

Проф. д-р Катерина Здравкова, член
с.р.

Проф. д-р Пеце Митревски, член
с.р.

Прилоī 1

Наставно-образовна дејност

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на вонр. проф. д-р Љупчо Антовски во периодот од октомври 2012 до јуни 2017

Одржување на настава - прв циклус									
Година	**Семестар**	**Предмет**	**Часови предавања/неделно**	**Часови вежби/неделно**	**Часови лаб. вежби/неделно**	**Подготовка на нов предмет**	**Студенти**	**Поени**	
								Одржување настава	**Консултации со студенти**
2012/13	зимски	Е-бизнис	2				34	1,2	0,068
		Менаџмент во ИКТ	6				78	3,6	0,156
		Анализа на софтверските потреби	2				34	1,2	0,068
2012/13	летен	Безжични и мобилни технологии	2				41	1,2	0,082
		Управување со софтверски проекти	2				63	1,2	0,126
		Архитектура и организација на компјутери	4				272	2,4	0,544
2013/14	зимски	Анализа на софтверски барања	2				22	1,2	0,044
		Дизајн и архитетура на софтвер	2				19	1,2	0,038
		Менаџмент информациски системи	3			✓	30	1,8	0,06
2013/14	летен	Управување со софтверски проекти	2				58	1,2	0,116
		Архитектура и организација на компјутери	2				125	1,2	0,25
		Безжични и мобилни технологии	2				26	1,2	0,052

2014/15	зимски	Анализа на софтверски барања	2				13	1,2	0,026
		Мобилни платформи и програмирање	2			✓	115	1,2	0,23
		Дизајн и архитектура на софтвер	2				89	1,2	0,178
2014/15	летен	Архитектура и организација на компјутери	2				126	1,2	0,252
		Мобилни апликации	1			✓	59	0,6	0,118
		Управување со ИКТ-проекти	2				127	1,2	0,254
2015/16	зимски	Анализа на софтверски барања	2	1	2		20	2,55	0,04
		Дизајн и архитектура на софтвер	2	1	2		18	2,55	0,036
		Менаџмент информациски системи	2				115	1,2	0,23
		Мобилни платформи и програмирање	2				89	1,2	0,178
2015/16	летен	Архитектура и организација на компјутери	2				125	1,2	0,25
		Мобилни апликации	1				25	0,6	0,05
		Управување со ИКТ-проекти	2				160	1,2	0,32
2016/17	зимски	Анализа на софтверски барања	2	1	2		13	2,55	0,026
		Дизајн и архитектура на софтвер	2	1	2		25	2,55	0,05
		Менаџмент информациски системи	2				111	1,2	0,222
		Мобилни платформи и програмирање	2				78	1,2	0,156
2016/17	летен	Архитектура и организација на компјутери	2				136	1,2	0,272
		Мобилни апликации	2				64	1,2	0,128
		Управување со ИКТ-проекти	1				59	0,6	0,118

ВКУПНО	46,20	4,738

Одржување на настава - втор циклус									
								Поени	
Година	Семестар	Предмет	Часови предавања/неделно	Часови вежби/неделно	Часови лаб. вежби/неделно	Подготовка на нов предмет	Студенти	Одржување настава	Консултации со студенти
2012/13	зимски	Анализа на софтверски барања	2				10	1,5	0,02
2013/14	зимски	Анализа на софтверски барања	2				5	1,5	0,01
		Менаџмент на ИКТ	1				2	0,75	0,004
		Инженерство на барањата	2				3	1,5	0,006
2013/14	летен	Управување со софтверските проекти	2				5	1,5	0,01
2014/15	зимски	Анализа на софтверски барања	2				2	1,5	0,004
		Инженерство на барањата	2				2	1,5	0,004
2014/15	летен	Управување со ИКТ проекти	1				5	0,75	0,01
2014/15	зимски	Менаџмент на ИКТ	1				2	0,75	0,004

2015/16	зимски	Менаџмент на ИКТ	1				3	0,75	0,006
		Инженерство на барањата	2				1	1,5	0,002
2015/16	зимски	Управување со софтверските проекти	1				2	0,75	0,004
2016/17	зимски	Менаџмент информациски системи	2				5	1,5	0,01
		Дизајн и архитектура на софтвер	2	1	2		3	2,85	0,006
		Анализа на софтверски барања	2	1	2		2	2,85	0,004
		Напредно управување со софтверски проекти	1			✓	12	0,75	0,024
		Инженерство на барањата	2				2	1,5	0,004
		Менаџмент на ИКТ	1				9	0,75	0,018
2016/17	летен	Напредно инженерство на соф. барања	2			✓	11	1,5	0,022
		Управување со ИКТ-проекти	1				5	0,75	0,01
					ВКУПНО			26,70	0,182

Одржување на настава - трет циклус								
Година	**Семестар**	**Предмет**	**Часови**	**Часови**	**Часови**	**Подгото**	**Студен**	**Поени**

								Одржување настава	**Консултации со студенти**
2012/14	зимски	Анализа и спец. на софтверски барања	2			✓	1	1,8	0,002
2012/14	летен	Управување со софтверски процеси	2			✓	1	1,5	0,002
2015/16	зимски	Анализа и спец. на софтверски барања	2				1	1,5	0,002
					ВКУПНО			4,80	0,006

Прилоī 2

Научно-истражувачка дејност

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор						
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Списание**	**Година**	**Фактор на влијание**	**Поени**
1	AE Konstantinidou, C Vrasidas, G Armenski, L Brcik, A Smeets, L Antovski, GE Thomopoulou, G. Petrusevska, S. Seiwerth, H. van Krieken, A. Lazaris	Pediatric and Perinatal Pathology: Poster# 275 ACQUIRING DIAGNOSTIC EXPERIENCE IN PLACENTA PATHOLOGY THROUGH HIPON WEB COURSE, (Abstract)	Journal of Pathology Vol. 46, S2: page S124, 2014 (if)	2014	✓	1
2	Thomopoulou GH, Salla Ch, Tsopanomichalou M, Eirini Klapsinou E, Kalfa M, Karoumpalis J, Antovski L, Petrusevska G, Lazaris AC.	Acquiring diagnostic experience in cytopathology of pancreatic tumours through HIPON web course, (Abstract)	Journal of Cytopathology, Vol. 25, Suppl.1, pp. 22-78	2014		1
3	Ljupcho Antovski, Florinda Imeri	Review of Software Reuse Processes	International Journal of Computer Science Issues, Vol. 10, Issue 6, No 2, November 2013, ISSN (Print): 1694-0814 | ISSN (Online): 1694-0784	2013		5,4
4	Imeri, F., & Antovski, L.	An Empirical Study on Software Reuse in Small IT Companies in the Balkan Region	International Journal Of Computers & Technology, 9(2), 1040-1048.	2013		5,4
5	Trajkovski, J., & Antovski, L.	Risk Management Framework That Meets the Implementation Challenges in	International Journal of Human Capital and	2013		5,4

		IT-Centric Micro and Small Companies.	Information Technology Professionals (IJHCITP), 4(2), 16-26. doi:10.4018/jhcitp.2013040102			
			ВКУПНО			**18,2**

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Година**	**Поени**
1	Pance Ribarski and Ljupcho Antovski	Distributed Private Key Generator for ID-Based Public Key Infrastructure	ICT INNOVATIONS 2016, Springer Communications in Computer and Information Science Series (CCIS), (прифатен и презентиран, во фаза на публикација)	2016	2,70
2	Aleksandar Bahtovski, Ljupcho Antovski	Cloudlet Requirements Engineering and Verification	ICT Innovations 2016 Web proceedings (прифатен и презентиран, во фаза на публикација)	2016	2,70
3	Olga Riccioni, Charalambos Vrasidas, Luka Brcic, Goce Armenski, Ljupcho Antovski, Sven Seiwerth, Annemieke Smeets, J. Han J.M. van Krieken, Andreas C. Lazaris	"HIPON Project: Acquiring Medical Experience through an E-learning Platform. A New Perspective in Pathology Education"	International Conference, New Perspectives in Science Education, 20-21 March 2015, Florence, Italy	2015	1,80
4	Riccioni, Olga, Maria Solomou,	Learning Authentically through HIPON Platform	In Conference Proceedings. The Future of Education, p. 76.	2015	1,80

	Goce Armenski, Charalambos Vrasidas, Luka Brcic, Ljupcho Antovski, Annemieke Smeets, Sven Seiwerth, J. Han JM van Krieken, and Andreas C. Lazaris.		libreriauniversitaria. it Edizioni, 2015		
5	Florinda Imeri, Ljupcho Antovski, Mentor Hamiti	Empirical Analysis of Quality Models in Practice in Small IT Companies in SEE Region	Elsevier, Procedia - Social and Behavioral Sciences 191 (2015) ,pp.969 – 974, doi:10.1016/j.sbspro.2015.04.490	2015	2,40
6	Dukovska, S.C., Janeska-Sarkanjac, S. and Antovski, L.	Behavioral Attribute Driven System for Smart Targeting,	ICT Innovations 2014 Web proceedings ISSN 1857-7288, pp 23-29	2014	2,40
6	Ribarski, P., Antovski, Lj.,.	Comparison of ID-based blind signatures from pairings for e-voting protocols,	37th International Convention on Information and Communication Technology, Electronics and Microelectronics, MIPRO 2014 – Proceedings pp.1541-1546	2014	2,70
			ВКУПНО		**16,50**

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Година**	**Поени**
1	Ljupcho Antovski, Elena Janevska	Web System For Interlocutor's Availability	Proceedings of the 10th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Bitola, 2013	2013	1,80
			ВКУПНО		**1,80**

Учество на научно/стручно собир со реферат (усна презентација)

Реден број	Автори	Наслов	Конференција	Година	Поени
1	Pance Ribarski and Ljupcho Antovski	Distributed Private Key Generator for ID-Based Public Key Infrastructure	ICT Innovations 2016	2016	1,00
2	Aleksandar Bahtovski, Ljupcho Antovski	Cloudlet Requirements Engineering and Verification	ICT Innovations 2016	2016	1,00
3	Dukovska, S.C., Janeska-Sarkanjac, S. and Antovski, L.	Behavioral Attribute Driven System for Smart Targeting,	ICT Innovations 2014	2014	1,00
4	Ljupcho Antovski, Elena Janevska	Web System For Interlocutor's Availability	10th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Bitola, 2013	2013	1,00
			ВКУПНО		**4,00**

Ментор на магистерска работа				
Ред. бр.	**Кандидат**	**Наслов**	**Година**	**Поени**
1	Марија Димовска	Хибриден модел за препораки кај електронска трговија	2016	1,00
			ВКУПНО:	**1,00**

Ментор на докторска дисертација				
Ред. бр.	**Кандидат**	**Наслов**	**Година**	**Поени**
1	Панче Рибарски	Применлив модел за електронско гласање кај клиентски уреди со ограничени карактеристики	2017	3,00
2	Флоринда Имери	Влијанието на развојот на софтвер базиран на компонент врз изградбата на квалитетни информатички системи	2014	3,00

ВКУПНО:	**6,00**

Учество во национални научни проекти					
Ред. бр.	**Финансиран**	**Проект**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
1	ФИНКИ	Препораки кај е-трговија	2015-2016	раководител	6,00
2	ФИНКИ	Масовно електронско гласање	2011-2012	раководител	6,00
3	ФИНКИ	Рамки за повторно користење код, управување со ризик и сигурни апликации – фаза 2	2013-2014	раководител	6,00
4	ФИНКИ	Колаборативно филитрирање кај е-трговија	2016-2017	раководител	6,00
5	ФИНКИ	Интелигентни системи за препорачување во системи за е-трговија	2016-2017	учесник	3,00
6	ФИНКИ	Рамки за повторно користење код, управување со ризик и сигурни апликации	2012-2013	раководител	6,00
7	ФИНКИ	Соработнички пристап кај мобилни системи - нивна приватност и сигурност	2014-2015	раководител	6,00
			ВКУПНО		**39,00**

Учество во меѓународни научни проекти					
Ред. бр.	**Финансиран**	**Проект**	**Период на Траење**	**Позиција**	**Поени**
1	EU-COST	CA16121: From Sharing to Caring: Examining Socio-Technical Aspects of the Collaborative Economy	2016-2017	учесник	5,00
2	EU Leonardo da Vinci	HIPON - E-модули за хистопатологија: корисна онлајн алатка за студенти, истражувачи и професионалци	2013-2016	учесник	5,00
			ВКУПНО		**10,00**

Прилоī 3

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма		
Ред. бр.	**Насока**	**Поени**
1	Управување во Информатичка технологија	1,00
	ВКУПНО	**1,0**

Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија				
ред. бр.	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**поени**
1	Serbian Rule of Law Efficiency Review (2nd component) - Assessment of the performance framework and functionalities of the main case management software systems used by the Serbian judiciary and provide recommendations.	2014	учесник	1,00
2	Fostering Social Inclusion and Inclusive Labour Market: Development of requirements specification and joint database for all the isolated labor market information systems in the public institutions under the auspices of the Ministry of labor and social policy; Supporting the preparation of IT system requirements and design documents.	2013	учесник	1,00
			Вкупно	**2,00**

Дизајн или изработка на информациски систем				
ред. бр.	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**поени**
1	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од парламентарните избори во Албанија 2017 година	2017	учесник	1,00
2	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од парламентарните избори во Косово 2017 година	2017	учесник	1,00

3	Дизајн и изработка на информациски систем за управување со вработени и изборни операции во изборна комисија на Косово	2016	учесник	1,00
4	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од парламентарните избори во Македонија 2016 година	2016	учесник	1,00
5	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од локалните избори во Албанија 2015 година	2017	учесник	1,00
6	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од парламентарните избори во Македонија 2014 година	2014	учесник	1,00
7	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од парламентарните избори во Косово 2013 година	2013	учесник	1,00
8	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од парламентарните избори во Албанија 2013 година	2013	учесник	1,00
9	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од локалните избори во Македонија 2013 година	2013	учесник	1,00
10	Дизајн и изработка на информациски систем за автоматска евалуација на резултати од изборите во Еквадор 2013 година	2013	учесник	1,00
			Вкупно	**10,00**

Изработка на нов софтверски пакет				
ред. бр.	**Име на софтверскиот пакет**	**Период на траење**	**Позиција**	**поени**
1	Aktivomania- Development of an Interactive Video Game and Quizzes (IVGQ) in Kosovo	2016	учесник	2,00
2	Civil aid services information system	2016	учесник	2,00
3	Развој на портал за ромско население и маргинализирани групи	2016	учесник	2,00
4	Софтверско решение за онлајн пополнување на статистички прашалници за Државниот завод за статистика на Р. Македонија	2013	учесник	2,00
5	Веб базирано решение за електронско учење за државната администрација во	2012-2014	учесник	2,00

	Министерство за информатика и државна администрација во Р. Македонија			
6	Веб базирано решение за екстерно тестирање на учениците во основните и средните училишта во Р. Македонија	2013	учесник	2,00
6	Веб базирано решение за електронска трговија во Р. Македонија (www.kupikniga.mk)	2013 – 2017	учесник	2,00
			Вкупно	**12,00**

Дејности од поширок интерес

Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир				
ред. бр.	**Име на научен/стручен собир**	**Година**	**Место**	**поени**
1	9th ICT Innovations Conference	2017	Скопје	1,00
2	6th ICT Innovations Conference	2014	Охрид	1,00
3	5th ICT Innovations Conference	2013	Охрид	1,00
			Вкупно	**3,00**

Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект					
Ред. бр.	**Финансиран**	**Проект**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
1	ФИНКИ	Препораки кај е-трговија	2015-2016	носител	1,00
2	ФИНКИ	Масовно електронско гласање	2011-2012	носител	1,00
3	ФИНКИ	Рамки за повторно користење код, управување со ризик и сигурни апликации – фаза 2	2013-2014	носител	1,00
4	ФИНКИ	Колаборативно филитрирање кај е-трговија	2016-2017	носител	1,00
5	ФИНКИ	Интелигентни системи за препорачување во системи за е-трговија	2016-2017	соработник	0,50
6	ФИНКИ	Рамки за повторно користење код, управување со ризик и сигурни апликации	2012-2013	носител	1,00

7	ФИНКИ	Соработнички пристап кај мобилни системи - нивна приватност и сигурност	2014-2015	носител	1,00
			ВКУПНО		**6,50**

Член на факултетски комисии		
Ред. бр.	**Комисија**	**Поени**
1	Наставна комисија	0,5
2	Комисија за соработка со јавноста	0,5
	ВКУПНО	**1,0**

Координатор на студиска програма		
Ред. бр.	**Програма**	**Поени**
1	Управување во информатичка техологија	1,00
	ВКУПНО	**1,0**

Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)		
Ред. бр.	**Документ**	**Поени**
1	Прифаќање на македонски стандарди во областа на ИКТ, со ендорсирање од ИСО и Ценелек	2,00
	ВКУПНО	**2,00**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Марјан Гушев, претседател с.р.

Проф. д-р Катерина Здравкова, член с.р.

Проф. д-р Пеце Митревски, член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ ИНФОРМАТИКА И НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, објавен во весниците „Нова Македонија“ на 23 јуни 2017 година и „Коха“ на 24 јуни 2017 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, број 02-1600, донесена на 4 јули 2017, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љупчо Антовски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Гоце Арменски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Боро Јакимовски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, во предвидениот рок се пријави само кандидатот Панче Рибарски, доктор по информатички науки, асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

5. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Панче Рибарски е роден на 10 август 1984 година, во Штип. Средно образование завршил во Скопје, во гимназијата „Никола Карев“ во 2003 година. Со високо образование се стекнал на Природно-математичкиот факултет, Институт за информатика при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на кој се запишал во учебната 2003/2004 година, а дипломирал во март 2008 година, со просечен успех 9,3.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на програмата TEMPUS на насоката софтверско инженерство при Природно-математичкиот факултет, Институт за информатика, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2011 година, со просечен успех 10. На 8 октомври 2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Модел на систем за масовно*

електронско гласање, под менторство на д-р Љупчо Антовски, тогаш доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и се стекнал со титулата магистер по информатички науки, област: софтверско инженерство.

Докторска дисертација пријавил на 26 декември 2011 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Дисертацијата на тема: Применлинв моде за електронско гласање кај клиентски уреди со ограничени карактеристики ја одбранил на 15 мај 2017 година, пред Комисија во состав: д-р Марјан Гушев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Љупчо Антовски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Весна Димитрова, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Гоце Арменски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Александра Милева, вонреден професор на Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област компјутерска техника и информатика.

Во декември 2008 година е ангажиран како стручен соработник на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за изведување настава на аудиториски и лабораториски вежби по предметите од Институтот.

На 22 февруари 2012 година е избран во звањето асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во времетраење од 3 години.

На 29 јануари 2015 година е повторно избран во звањето асистент од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во времетраење од 3 години.

Во моментот е асистент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1091 од 31 декември 2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 952 од 14 ноември 2008 година, бр. 1023 од 16 јануари 2012 година и бр. 1091 од 31 декември 2014 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и Природно-математички

факултет (ПМФ), Институт за информатика (ИИ), кандидатот д-р Панче Рибарски изведува/л аудиториски и лабораториски вежби на прв и втор циклус студии.

Кандидатот учествувал како член во комисии за оцена и одбрана на 50 дипломски трудови.

Д-р Панче Рибарски учествувал на 2 летни школи и 1 работилница за доусовршување во областа на неговиот докторски труд.

Научноистражувачка дејност

Д-р Панче Рибарски има објавено вкупно 14 научни трудови од сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика, од кои 4 труда во национални научни публикации, 8 труда во меѓународни научни публикации, 1 труд во меѓународна монографија и 1 труд во меѓународно списание.

Д-р Панче Рибарски учествувал како член во 2 меѓународни научни проекта и во 9 национални научни проекти и како раководител во 2 национални научни проекта.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Панче Рибарски активно бил вклучен во промоцијата на факултетот по средните училишта низ Републиката, како и отворени денови на Факултетот и на саемите. Работел на превод на една стручна книга од соодветната област, бил член на комисија за јавни набавки и тековно е член на Одборот за соработка на Факултетот. Бил член на национална жири-комисија на настанот Ебек организиран од БЕСТ и изработил дванаесет софтверски пакети.

Д-р Панче Рибарски остварил стручно усовршување во странство со студиски престој на реномирани институции. Краток престој остварил на Институтот за математика и информатика при Природно-математичкиот факултет во Нови Сад, Србија, една посета во групата за вградлива сигурност на Рур-универзитетот во Бохум, Германија и една посета во групата за дигитална сигурност во Нијмеген, Холандија.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес.

Кандидатот бил член на Организациониот одбор на меѓународната конференција ICT Innovations, меѓународниот собир LOOPS'15 и Организациониот одбор на националната конференција CIIT 2017.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Панче Рибарски во сите досегашни извештаи за самоевалуација на Факултетот, од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, има добиено позитивна оценка.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-

образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Панче Рибарски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Панче Рибарски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Панче Рибарски да биде избран во звањето доцент во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Вонр. проф. д-р Љупчо Антовски с.р.**

2. **Вонр. проф. д-р Гоце Арменски с.р.**

3. **Вонр. проф. д-р Боро Јакимовски с.р.**

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Панче Ѓорѓи Рибарски

Институција:
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје

Научна област:

сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
1	Одржување на вежби – прв циклус (Прилог 1)	100,35
3	Консултации со студенти – прв циклус (Прилог 1)	9,78
5	Подготовка на нов предмет – вежби (16*0,5) (Прилог 1)	8,00
6	Настава во школи и работилници – учесник (3*1,0) (Прилог 1)	3,00
7	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (50*0,1)	5,00
	Вкупно	126,13

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (научноистражувачка):**	**Поени**
1	Учесник во меѓународен научен проект (2*5) (Прилог 2)	10,00
2	Учесник во национален научен проект (9*3+2*6) (Прилог 2)	39,00
4	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (Прилог 2)	20,70
5	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (Прилог 2)	7,20
6	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во меѓународна монографија (Прилог 2)	5,40

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
7	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во списание (Прилог 2)	5,40
	Вкупно	87,70

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1	Учество во промотивни активности на Факултетот (Прилог 3)	5,00
2	Член на факултетски комисии (Прилог 3)	2,00
3	Превод – дел од книга (Прилог 3)	1,00
4	Изработка на нов софтверски пакет (Прилог 3)	24,00
5	Член на национална жири-комисија	1,00
Дејности од поширок интерес		
1	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (Прилог 3)	10,00
2	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир (Прилог 3)	0,50
3	Студиски престој во странство – до три месеци (Прилог 3)	1,50
4	Предавање на јавни настани	2,00
	Вкупно	66,50

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	126,13
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	87,70
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	66,50
Вкупно	**280,33**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Вонр. проф. д-р Љупчо Антовски с.р.**

2. **Вонр. проф. д-р Гоце Арменски с.р.**

3. **Вонр. проф. д-р Боро Јакимовски с.р.**

Прилоī 1

Наставно-образовна дејност

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на д-р Панче Рибарски во периодот од јануари 2009 до мај 2017

Одржување на настава - прв циклус							
Година	**Семестар**	**Предмет**	**Часови вежби/неделно**	**Часови лаб. вежби/неделно**	**Студенти**	**Поени**	
						Одржување вежби	**Консултации со студенти**
2008/2009	ЛЕТЕН	Дизајн и архитектура на софтвер		2	36	0.9	0.072
		Мрежни оперативни системи	1	4	150	2.25	0.3
		Управување со софтверски проекти	0	4	63	1.8	0.126
		Безжични и мобилни технологии	1	4	132	2.25	0.264

2009/2010	ЗИМСКИ	Анализа на софтверски потреби		1	30	0.45	0.06
		Оперативни системи		6	40	2.7	0.08
		Структури на податоци и алгоритми	2	6	105	3.6	0.21
2009/2010	ЛЕТЕН	Управување со ИКТ-проекти		4	52	1.8	0.104
		Безжични и мобилни технологии	1	4	190	2.25	0.38
		Дизајн и архитектура на софтвер		2	22	0.9	0.044
		Мрежни оперативни системи	1	4	104	2.25	0.208
		Тимска работа		4	24	1.8	0.048
2010/2011	ЗИМСКИ	Структури на податоци и алгоритми	3	3	62	2.7	0.124
		Безбедност и криптографија		2	28	0.9	0.056
		Интеракција човек компјутер		6	40	2.7	0.08
		Анализа на софтверски потреби		1	20	0.45	0.04
		Тимска работа		8	32	3.6	0.064
2010/2011	ЛЕТЕН	Мрежни оперативни системи	2	4	110	2.7	0.22
		Управување со софтверски проекти		4	50	1.8	0.1
		Безжични и мобилни технологии	1	4	113	2.25	0.226
		Дизајн и архитектура на софтвер		2	24	0.9	0.048
		Тимска работа		8	20	3.6	0.04
2011/2012	ЗИМСКИ	Системски софтвер	2	4	60	2.7	0.12
		Анализа на софтверски потреби		1	21	0.45	0.042
		Е-бизнис	1	2	30	1.35	0.06
		Тимска работа		4	12	1.8	0.024
		Компјутерски апликации	1		54	0.45	0.108

		Основи на софтверско инженерство	2		60	0.9	0.12
2011/2012	ЛЕТЕН	Системски софтвер	2	4	76	2.7	0.152
		Мрежни и дистрибуирани оперативни системи	1	2	84	1.35	0.168
		Управување со софтверски проекти	1	2	140	1.35	0.28
		Безжични и мобилни технологии	1	2	77	1.35	0.154
2012/2013	ЗИМСКИ	Мрежни оперативни системи	1	2	42	1.35	0.084
		Системски софтвер	2	4	66	2.7	0.132
		Основи на софтверско инженерство	2	2	154	1.8	0.308
		Компјутерски апликации	1	4	100	2.25	0.2
2013/2014	ЗИМСКИ	Вовед во информатика	3	2	200	2.25	0.4
		Системски софтвер	1	2	55	1.35	0.11
		Мрежни и дистрибуирани оперативни системи	2	2	80	1.8	0.16
2013/2014	ЛЕТЕН	Оперативни системи	4		144	1.8	0.288
		Безжични и мобилни технологии	1		26	0.45	0.052
		Управување со софтверски проекти	1	2	78	1.35	0.156
		Администрирање на ИТ-софтвер	2	2	12	1.8	0.024
2014/2015	ЗИМСКИ	Дистрибуирани системи	2		124	0.9	0.248
		Вовед во информатика	3	4	256	3.15	0.512
		Администрација на мрежни системи	2	1	50	1.35	0.1
		Мобилни платформи и програмирање	1		115	0.45	0.23
2015/2016	ЛЕТЕН	Оперативни системи	4	6	397	4.5	0.794

		Управување со ИКТ-проекти	2	5	227	3.15	0.454
		Администрирање на ИТ-софтвер	2	1	16	1.35	0.032
2015/2016	ЗИМСКИ	Дистрибуирани системи	2	1	222	1.35	0.444
		Вовед во информатика	2		206	0.9	0.412
		Мобилни платформи и програмирање	2	4	182	2.7	0.364
		Администрација на мрежни системи	2	1	56	1.35	0.112
2015/2016	ЛЕТЕН	Администрирање на ИТ-софтвер	2	1	22	1.35	0.044
		Оперативни системи	4	2	318	2.7	0.636
		Управување со ИКТ-проекти	2	1	200	1.35	0.4
2016/2017	ЗИМСКИ	Администрација на мрежни системи	2	1	48	1.35	0.096
		Вовед во информатика	3		327	1.35	0.654
		Дистрибуирани системи	2	4	214	2.7	0.428
2016/2017	ЛЕТЕН	Администрирање на ИТ-софтвер	2	1	42	1.35	0.084
		Оперативни системи	2	4	471	2.7	0.942
		Сервисно ориентирани архитектури	2	1	82	1.35	0.164
				ВКУПНО		**100.35**	**9.78**

Настава во школи и работилници		
Ред. бр.	**Летни школи и напредни работилници**	**Поени**
1	Crypto Summer School – Croatia 2014	1
2	ECC Summer School and Workshop – Leuven 2013	1
3	Balkan Crypt Kickoff Meeting – Sofia 2013	1
	ВКУПНО	**3**

Прилоī 2

Научноистражувачка дејност

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Година**	**Поени**
1	P. Ribarski, Lj. Antovski	Distributed Private Key Generator for ID-Based Public Key Infrastructure	8th International Conference ICT Innovations 2016	2016	2.7
2	P. Ribarski, Lj. Antovski	Comparison of ID-Based Blind Signatures from Pairings for E-Voting Protocols	37th International Convention on Information and Communication Technology, Electronics and Microelectronics (MIPRO)	2014	2.7
3	C. Chuengsatiansup, M. Naehrig, P. Ribarski, P. Schwabe	PandA: Pairings and Arithmetic	Pairing 2013: Beijing, China, volume 8365 of Lecture Notes in Computer Science, page 229-250. Springer	2013	1.8
4	P. Ribarski, Lj. Antovski	Implementing Strong Authentication with OTP: Integrated System	ICT Innovations 2010 Web Proceedings	2010	2.7
5	Lj. Antovski, P. Ribarski	Overview of the road from paper to mobile	Proceedings of the Fourth European Conference on Mobile Government	2009	2.7
6	P. Ribarski, Lj. Antovski	Introducing Strong Authentication for E-Government Services in Macedonia	ICT Innovations 2009 Web Proceedings	2009	2.7
			ВКУПНО		**20,70**

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Година**	**Поени**
1	P. Ribarski, J. Bicevski	Evoting as a Tool For Practical Meetings	The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012)	2012	1,8
2	S. Ristov, P. Ribarski	Security Implementation of Digital Tachograph System in Macedonia	The 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011)	2011	1.8
3	P. Ribarski, S. Ristov	Architectural and Design Overview of Digital Tachographs in Macedonia	The 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011)	2011	1.8
4	P. Ribarski, Lj. Antovski	Introduction to secure electronic voting requirements	The 7th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2010)	2010	1.8
			ВКУПНО		**7,20**

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во меѓународна монографија					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Година**	**Поени**
1	P. Ribarski, A. Mishev	ViCES video conferencing equipment, deployment and usage	Video Conference as a tool for Higher Education: the TEMPUS ViCES experience	2012	5,40
			ВКУПНО		**5,40**

Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во списанија					
Реден број	**Автори**	**Наслов**	**Конференција**	**Година**	**Поени**
1	P. Ribarski, Lj. Antovski	Mixnets: Implementation and Performance Evaluation of Decryption and Re-encryption Types	Journal of Computing and Information Technology, Volume 20, 2012	2012	5,40
			ВКУПНО		**5,40**

Учество во меѓународни научни проекти					
Ред. Бр.	**Финансиран**	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
1	Tempus	Video-Conferencing Educational Services (ViCES)	2009-2012	Учесник	5
2	COST Action IC1204	Trudevice COST Action	2012-2016	Учесник	5
				ВКУПНО	**10**

Учество во национални научни проекти					
Ред. Бр.	**Финансиран**	**Име на проектот**	**Период на траење**	**Позиција**	**Поени**
1	МОН	EDUbuntu - Проект за унапредување на македонското образование	2009	учесник	3
2	USAID	Обука на членовите на Државната изборна комисија	2010	учесник	3
3	ФИНКИ	Лабораторија за мобилно и сеприсутно семантичко искуство – LaMUSE	2010-2016	учесник	3
4	ФИНКИ	Масовно електронско гласање – МЕГ	2011-2012	учесник	3
5	ФИНКИ	Рамки за повторно користење код, управување со ризици и сигурни апликации – RPRKUSIA	2012-2013	учесник	3

6	ФИНКИ	Продолжување на Рамки за повторно користење код, управување со ризици и сигурни апликации – RPRKUSIA2	2013-2014	учесник	3
7	ФИНКИ	Соработнички пристап кај мобилни системи – нивна приватност и сигурност – СПМФ-НПС	2014-2015	учесник	3
8	ФИНКИ	Препораки кај е-трговија – ПРЕТ	2015-2016	учесник	3
9	ФИНКИ	Системи за електронско гласање – СЕГ	2015-2016	раководител	6
10	ФИНКИ	Продолжување на Системи за електронско гласање – СЕГ2	2016-2017	раководител	6
11	ФИНКИ	Продолжување на Диференцијална криптоанализа на π -Cipher – DCPC	2016-2017	учесник	3
				ВКУПНО	**39**

Прилоī 3

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Учество во промотивни активности на факултетот/институтот		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Презентации на ФИНКИ во училишта во Македонија (2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016) 6*0,5	3
2	Презентација на саеми и отворен ден на ФИНКИ (2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016) 4*0,5	2
	Вкупно	**5**

Член на факултетска комисија		
Ред. бр.	Активност	Поени
1	Член на комисија за јавни набавки	1
2	Член на Одбор за соработка	1
	Вкупно	**2**

Превод на дел од книга			
Ред. бр.	Книга	Период	Поени
1	Software Engineering (8th Edition), Ian Sommerville	2009	1
		ВКУПНО	**1**

Изработка на нов софтверски пакет			
Ред. бр.	Назив на софтверот	Период	Поени
1	Десктоп апликација за осигурителни брокери	2005	2
2	Веб-апликација за осигурителни брокери	2009	2
3	Модул за генерирање на приватни клучеви за тахографски картички	2010	2
4	Мобилна апликација за следење водомери – WaterCount	2012	2
5	Веб-апликација за електронско гласање за ДМБУЦ Илија Николовски Луј	2012	2

6	Мобилна апликација за осигурителен калкулатор – Winner осигурување	2013	2
7	PandA – библиотека за елиптични криви	2013	2
8	Smart Garden – паметна саксија за растенија	2014	2
9	Мобилна аплиакција за осигурителен калкулатор – Croatia осигурување	2015	2
10	Small Business Server – целосно серверско решение за мали канцеларии	2015	2
11	Naplati.mk – веб-апликација за динамичка е-комерција	2016	2
12	Мобилна апликација за мобилно гласање	2017	2
		ВКУПНО	**24**

Член на национална жири-комисија				
Ред. бр.	Настан	Година	Организатор	Поени
1	ЕБЕК-инженерски натпревар	2013	БЕСТ	1
		ВКУПНО		**1**

Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир				
Ред. бр.	Име на научен/стручен собир	Година	Место	Поени
1	Член на организационен одбор на ICT Innovations 9*1	2009-2017	Охрид, Македонија	9
2	Член на организационен одбор на LOOPS'15, International Mathematical Conference on Quasigroups and Loops, 28 June - 07 July 2015, Ohrid - Macedonia	2015	Охрид, Македонија	1
			Вкупно	**10**

Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир				
Ред. бр.	Име на научен/стручен собир	Година	Место	Поени
1	Член на организационен одбор на 14th International Conference on Informatics and Information Technologies (CIIT 2017)	2017	Маврово, Македонија	0.5
			Вкупно	**0.5**

Студиски престој во странство до 3 месеци			
Ред. бр.	Универзитет	Период	Поени

1	Институт за математика и информатика ПМФ Нови Сад, мај 2009	Мај 2009	0.5
2	Ruhr University Bochum (RUB) – група за вградлива безбедност – јануари-март 2013	Јануари-март 2013	0.5
3	Radboud University – група за дигитална сигурност – мај-јули 2013	Мај-јули 2013	0.5
		ВКУПНО	**1.5**

Предавање на јавни настани			
Ред. бр.	Предавање	Година	Поени
1	Предавање за Паметна градина, Beer&Code #30	2015	0.5
2	Предавање за Raspberry Pi кластер, Beer & Code #34	2015	0.5
3	Предавање за тестирање на рутери, SysAdmin средба #4	2016	0.5
4	Предавање за микросервиси, SysAdmin средба #11	2017	0.5
		ВКУПНО	**2**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Вонр. проф. д-р Љупчо Антовски с.р.**

2. **Вонр. проф. д-р Гоце Арменски с.р.**

3. **Вонр. проф. д-р Боро Јакимовски с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА РАСТИТЕЛНИ ВИДОВИ ПРЕКУ ОБРАБОТКА НА СЛИКА И МАШИНСКО УЧЕЊЕ

ОД **М-Р ПЕТРЕ ЛАМЕСКИ**, ПРИЈАВЕНА НА

ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на седницата одржана на **18.5.2017** година, формира Комисија за

оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Петре Ламески со наслов „Препознавање на растителни видови преку обработка на слика и машинско учење“, во состав: проф. д-р Владимир Трајковиќ (претседател), вонр. проф. д-р Андреа Кулаков (ментор), проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ (член), вонр. проф. д-р Невена Ацковска (член), и вонр. проф. д-р Татјана Лончар-Турукало (надворешен член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Петре Ламески, со наслов „Препознавање на растителни видови преку обработка на слика и машинско учење“, содржи 108 страници компјутерски обработен текст во фонт Times, со 1,5 проред и големина на букви 12, со **113 библиографски единици**, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Согласно со законските прописи, дисертацијата беше поднесена во Системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови при Министерството за образование и наука (plagijati.mon.gov.mk) на ден 29.6.2017 од страна на менторот, при што беше известен од адресата plagijati@mon.gov.mk дека системот завршил со проверките и подготвил Извештај со резултатите од проверките. По направениот увид во добиениот Извештај, менторот одлучи дека наодот е негативен, односно дека во трудот нема елементи на плагијат. Извештајот од системот менторот го испрати во електронска форма на plagijat@finki.ukim.mk.

Трудот е структуриран во **5 глави**, вклучително со вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава,** односно **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува на потребата од ваквите истражувања за создавање на прецизни системи за препознавање на растителните видови, како и за автоматска детекција на болести, штетници, плевел и други карактеристики кај земјоделските површини. Кандидатот ја претставува основната мотивација за ваквите истражувања кои водат до зголемување на ефикасноста во производството на храна од земјоделските површини, со цел излегување во пресрет на сè поголемата побарувачка на пазарот. Во оваа глава е опишана структурата на докторската дисертација, како и главните достигнувања за време на истражувањата извршени во рамките на докторската дисертација.

Во **втората глава** со наслов „Преглед на литература и користени алгоритми“, даден е преглед на користените алгоритми и преглед на научните достигнувања од потесната област поврзана со оваа докторска дисертација. Најпрво, кандидатот ги опишува просторите на бои и индексите на бои кои се користат за сегментација на растенија од слика, потоа ги претставува најдобрите дескриптори на слика кои се користат за опишување на сликите од растенија. Во понатамошниот дел од оваа глава се претставени дел од алгоритмите и пристапите кои се користат за селекција на атрибутите

од дескрипторите на слика. Понатаму, опишани се алгоритмите за машинско учење кои се користат за препознавање на растителни видови и за детекција на плевел кои вклучуваат алгоритми за надгледувано и ненадгледувано учење. На крајот на оваа глава претставени се алгоритмите за длабоко учење кои се користат за препознавање на објекти и растенија од слика, со особен осврт на конволуциските невронски мрежи.

Во **третата глава** со наслов „Податочни множества“, се опишани податочните множества кои се користат при истражувањата во рамките на оваа докторска дисертација. Кандидатот ги прикажува локацијата и времето на снимање на податочните множества и дава опис за квантитетот на снимените материјали, нивниот квалитет, како и начинот на кој податоците се анотирани.

Четвртата глава насловена „Препознавање на растителни видови и детекција на плевел од слики“, ги опишува експериментите изведени во рамките на оваа докторска дисертација со опишаните податочни множества и алгоритми. Претставени се повеќе пристапи кои се изведени експериментално над снимените податочни множества. Пристапите вклучуваат обиди за детекција на плевел и препознавање на растителни видови со помош на дескриптори за текстура, контура, комбинација од овие дескриптори, како и алгоритми за длабоко учење кои се користат за сег- ментација на слики, а имаат примена и во детекцијата на плевел во слики од расад.

Во **заклучните согледувања** (последната **петта глава**) се резимираат придонесот, главните резултати, придобивки и примената од остварените истражувања, и се наведени насоки за идни истражувања и се посочени предизвици кои допрва треба да се надминат.

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето на докторската дисертација се алгоритмите за процесирање и пресметување на дескриптори на слика снимени со обични RGB-камери, како и алгоритмите за машинско учење и алгоритмите за длабоко учење кои се користат за препознавање на растителни видови од слика, како и за сегментација на растенија и детекција на плевел од сликите. Преку користењето на овие алгоритми се создаваат модели за препознавање на растенијата, како и модели кои можат да се користат за бележење на точките од сликите кои содржат плевел.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Автоматското препознавање на растителните видови, како и автоматската детекција на плевел кај растенијата, од нивните слики, претставуваат релативно нови области на техничките науки. Причината за ова е тоа што во последните години се создадени услови за развој на овие области, преку зголемувањето на процесирачката моќ на компјутерите, како и преку зголемувањето на квалитетот на сликите од камерите и значајното намалување на нивната цена. Постојат значајни достигнувања во рамките на овие области кои овозможуваат користење на алгоритмите за процесирање на слика и за машинско учење за препознавање на растителните видови, меѓутоа, многу малку е истражена примената на овие пристапи за препознавање и детекција на плевел со користење на RGB-камери. Пристапите кои се предложени во литературата користат поскапи мултиспектрални камери чија цена ги прави понедостапни за обичните корисници. Заради ова, во рамките на оваа докторска дисертација се правени истражувања за користење на овие алгоритми за обработка на слики од растенија снимени со RGB камери. Во недостаток на јавно достапни податочни множества, снимени се

сопствени податочни множества, на територијата на Република Македонија, кои можат да се користат за валидација на пристапите на обработка на слика и машинско учење. Дополнително, многу малку е истражена употребата на пресметките во облак за детекција на плевел во земјоделските површини, па заради тоа, во рамките на оваа докторска дисертација се предлага архитектура на систем за детекција на плевел кој користи пресметка во облак. Ваквиот систем би овозможил соработка помеѓу помалите корисници за да се добие модел со машинско учење или длабоко учење, со што би се постигнала поголема прецизност при детекција на плевел.

Краток опис на применетите методи

Во рамките на истражувањето изведено при изработката на оваа докторска дисертација, кандидатот најпрво прави анализа на постојните пристапи и решенија во областа на истражувањето. Понатаму, кандидатот предлага нови пристапи кои ги подобруваат постојните решенија и даваат слични или подобри резултати со постојните решенија.

За валидација на предложените пристапи, кандидатот синтетизира и анотира три податочни множества. Овие податочни множества се искористени за валидација на предложените пристапи. Кандидатот предложените пристапи ги валидира и на други податочни множества кои се предложени во литературата.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Главни придобивки од оваа докторска дисертација се:

- предлагање на пристап за детекција на плевел од целосна слика на растение од млад расад со надгледувано и ненадгледувано учење и негова примена на детекција на плевел во млад расад од спанаќ;
- предлагање на пристап за препознавање на плевел во слики со големо преклопување на растенијата и плевелот и негова примена на детекција на плевел во млад расад од тутун;
- предлагање на пристапи за препознавање на растителен вид од слика од листот на растението преку опишување на неговата контура;
- предлагање на пристапи за препознавање на растителен вид од слика од листот на растението преку опишување на текстурите на листот и користење на алгоритми за машинско учење;
- предлагање на пристапи за сегментација на листовите од растенијата при слики од различно осветлување;
- предлагање на пристап за длабоко учење за сегментација на растителните површини од сликата како и за сегментација на плевелот од сликата;
- синтетизирање на податочни множества за валидација на алгоритми за детекција на плевел;
- предлагање на архитектура за препознавање на растителни видови и детекција на плевел преку пресметки во облак;
- презентација на истражувањата од докторската дисертација и на конференцијата ICT in Agrobussiness во Скопје со наслов “Weed detection from images and its use in precision agriculture";

- учество на натпреварот LifeClef 2014 година каде што тимот на кандидатот освојува 5-то место во конкуренција на 27 предложени решенија од целиот свет, за препознавање на растителни видови од слики;

- учество на натпреварот Sheffield Field Robotics Challenge 2016, каде што во конкуренција од повеќе интернационални тимови, тимот на кандидатот го освојува првото место.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Петре Ламески, со наслов „Препознавање на растителни видови преку обработка на слика и машинско учење", претставува истражување во техничките науки, поточно во примената на машинско учење и машинска визија за автоматска детекција на плевел од слики од растенија и препознавање на растителните видови од сликите. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава научен придонес во примената на алгоритмите за машинска визија и машинско учење за детекција на плевел, препознавање на растителни видови, сегментација на плевелот и општо растенијата од сликите, како прв чекор од имплементација на сензорски систем за автоматска детекција на плевел од растителни видови.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Петре Ламески, со наслов „Препознавање на растителни видови преку обработка на слика и машинско учење", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот пред одбраната на докторскиот труд објавил три труда во списанија со импакт-фактор, и тоа еден како прв автор, еден како втор автор и еден како четврти автор:

[13]. Автор-и: **Петре Ламески**, Ефтим Здравевски, Сашо Коцески, Андреа Кулаков и Владимир Трајковиќ **"Suppression of Intensive Care Unit False Alarms Based on the Arterial Blood Pressure Signal",** објавен во: IEEE Access, Volume: 5 Pages: 5829 - 5836, DOI: 10.1109/ACCESS.2017.2690380, Year: 2017, (**Thomson Reuters Journal Citation Report IF: 3.244**)

[14]. Автор-и: Ефтим Здравевски**, Петре Ламески**, Владимир Трајковиќ, Андреа Кулаков, Иван Чорбев, Росица Голева, Нуно Помбо и Нуно Гарсија **"Improving Activity Recognition Accuracy in Ambient-Assisted Living Systems by Automated Feature Engineering",** објавен во: IEEE Access, Volume: 5 Pages: 5262 - 5280, DOI: 10.1109/ACCESS.2017.2684913, Year: 2017 (**Thomson Reuters Journal Citation Report IF: 3.244**)

[15]. Автор-и: Димитар Богатинов, **Петре Ламески**, Владимир Трајковиќ и Катерина Митковска Трендова, **"Firearms training simulator based on low cost motion tracking sensor",** објавен во: MultimediaTools and Applications, Volume: 76(1) Pages:1403–1418, ISSN: 1380-7501 (Print) 1573-7721 (Online), Jan 2017. (**Thomson Reuters Journal Citation Report IF: 1.530**)

Дополнително, кандидатот објавил 10 трудови на меѓународни конференции, од кои на 8 е прв автор, и тоа:

[16]. Martin Angelovski, **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski and Andrea Kulakov, "Application of bci technology for color prediction using brainwaves," ICT Innovations 2012, Web Proceedings ISSN 1857-7288, p. 253, 2012.

[17]. **Petre Lameski**, Darko Kulakov, Eftim Zdravevski, and Andrea Kulakov, "Tumor detection in manually selected regions of mri images," ICT Innovations 2014, Web Proceedings ISSN 1857-7288, pp. 183–190, 2014.

[18]. **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski, Riste Mingov, and Andrea Kulakov, "Comparison of local image descriptors for plant identification from leaf image," in Proceedings of the 2013 ICMER Conference, 2013.

[19]. Bojan Dikovski, **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski, and Andrea Kulakov, "Structure from motion obtained from low quality images in indoor environment," in Proceedings of the 10th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013). Faculty of Computer Science and Engineering (FCSE) and Computer Society of Macedonia, 2013.

[20]. Ivica Dimitrovski, Gjorgji Madjarov, Dragi Kocev, and **Petre Lameski**, "Maestra at lifeclef 2014 plant task: Plant identification using visual data." in CLEF (Working Notes), 2014, pp. 705–714.

[21]. **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski, and Andrea Kulakov, "Unsupervised weed detection in spinach seedling organic farms," in Proceedings of the 24th International Electrotechnical and Computer Science Conference ERK 2015, September 2015.

[22]. **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski, Andrea Kulakov, and Dejan Gjorgjevik, "Plant images classification based on the angles between the leaf shape-contour points," in Proceedings of the 12th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2015), At Bitola, Macedonia. Faculty of Computer Science and Engineering (FCSE) and Computer Society of Macedonia, 2015.

[23]. **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski, Riste Mingov, and Andrea Kulakov, "SVM parameter tuning with grid search and its impact on reduction of model over-fitting," in Rough Sets, Fuzzy Sets, Data Mining, and Granular Computing: 15th International Conference, RSFDGrC 2015, Tianjin, China, November 20-23, 2015, Proceedings, Y. Yao, Q. Hu, H. Yu, and J. W. Grzymala-Busse, Eds. Cham, Switzerland: Springer International Publishing, 2015, pp. 464–474.

[24]. **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski, and Andrea Kulakov, "Weed segmentation from grayscale tobacco seedling images," in International Conference on Robotics in Alpe-Adria Danube Region. Springer International Publishing, 2016, pp. 252–258.

[25]. **Petre Lameski**, Eftim Zdravevski, Andrea Kulakov, and Vladimir Trajkovik, "Cloud based architecture for automated weed control," in Proceedings of the 17th IEEE International Conference on Smart Technologies IEEE EUROCON 2017. IEEE, July 2017.

[26]. **Petre Lameski**, Ljupco Pejov, Leonid Djinevski, Dimitar Trajanov, and Sonja Filiposka, "Sampling rare events in hybrid statistical physics quantum mechanical studies of hydrophobic interactions in liquids: A gpu implementation," in Conference: ICT Innovations 2015, At Ohrid, Macedonia, 2015.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот се: предлагање на повеќе пристапи кои користат машинско учење и обработка на слика за препознавање на растителни водови од слики и предлагање на пристапи за детекција на плевел од слики од растителни расади, како и евалуација на предложените пристапи. Кандидатот дава научен придонес и со синтетизирањето на три податочни множества кои можат да се користат за дополнителни подобрувања на предложените пристапи и за валидација на други пристапи, како и со предложената архитектура за детекција на плевел во облак.

Резултатите добиени во рамките на истражувањата од оваа докторска дисертација се применливи непосредно во подрачјето на прецизното земјоделство за детекција на плевел и препознавање на растенија, а посредно, истите пристапи, со мали модификации, можат да бидат применети и во други области каде што се користат слики за препознавање, како што се медицинската дијагностика, визуелната контрола во производствените процеси и слично.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Петре Ламески** со наслов „**Препознавање на растителни видови преку обработка на слика и машинско учење**“**.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Трајковиќ, претседател с.р.

Вонр. проф. д-р Андреа Кулаков, ментор с.р.

Проф. д-р Дејан Ѓорѓевиќ, член с.р.

Вонр. проф. д-р Невена Ацковска, член с.р.

Вонр. проф. д-р Татјана Лончар-Турукало, надворешен член с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ВОКАЛНО ПЕЕЊЕ ПО ПРЕДМЕТОТ СОЛО ПЕЕЊЕ НА ФМУ ВО СКОПЈЕ, БЕЗ ЗАСНОВАЊЕ РАБОТЕН ОДНОС

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 14 март 2017 година, за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област вокално пеење (соло пеење), за наставниот предмет Соло пеење, без засновање работен однос, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 02-332/1, донесена на 23.3.2017, формирана е Рецензентска комисија во состав: м-р Страшо Темков, професор на ФМУ во Скопје, м-р Билјана Јакимовска, професор на ФМУ во Скопје и м-р Марија Наумовска, професор на ФМУ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во научната област вокално пеење, без засновање работен однос, за предметот Соло пеење, во предвидениот рок се пријавија вонр. проф. м-р Славица Галиќ Петровска и вонр. проф. м-р Весна Ѓиновска Илкова.

СЛАВИЦА ГАЛИЌ ПЕТРОВСКА

7. Биографски податоци и образование

Кандидатката вонр.проф. м-р Славица Галиќ Петровска е родена во Ораховац, Србија, во 1959 година. Средно образование завршила во Призрен, Средно музичко училиште „Јосип Славенски“. Со високо образование се стекнала на ФМУ во Скопје, во 1984 година во класата по соло пеење на проф. Коста Трпков. Дипломирала на 19.4.1984 година.

Кандидатката активно се служи со рускиот и италијанскиот јазик.

На ФМУ во Скопје се запишала на втор циклус (магистерски) студии по соло пеење во класата на проф. Милка Ефтимова. Студиите ги завршила на 5.7.1999 година. На 5.7.1999 година го одбранила магистерскиот труд по интерпретација на соло пеење.

Во 2007 година е избрана за доцент по соло пеење на ФМУ во Скопје. На 5.9.2012 година е избрана во звањето вонреден професор по соло пеење во областа вокално пеење на ФМУ во Скопје.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1034 од 2.7.2012 година.

Во моментот е вонреден професор по предметот соло пеење на ФМУ во Скопје.

Непосредно по дипломирањето, м-р Славица Галиќ Петровска е ангажирана во Мариборскиот театар каде што за време на едногодишниот престој ги реализира улогите на Блонда и Констанца во Моцартовата опера „Грабнување од сарајот, како и Розина во „Севилскиот бербер“ од Росини. Потоа заминува на специјализација на Конзерваториумот „Римски Корсаков“ во Санкт Петербург, Русија, каде што изучува руска музика, вокална техника, педагошка работа и оперско пеење во класата на проф. Татјана Николаевна-

Лаврова. За време на специјализацијата, настапила во театарот „Рубинштајн“ како Виолета во „Травијата“ и Розина во „Севилски бербер“, а во салата „Глазунов“ го изведува Концертот за колоратурен сопран и оркестар од Глиер. Од 1986 година, м-р Славица Галиќ Петровска е во постојан ангажман како сопран – солист првенец на сцената на Македонската Опера и Балет. На нејзиниот репертоар се наоѓаат улогите: Адина (Доницети, Љубовен напиток), Хана Главари (Лехар, Веселата вдовица), сопранско соло во Кармина Бурана од Орф, Оскар (Верди, Бал под маски), Неда (Леонкавало, Палјачи), Мизета (Пучини, Боеми), Розина (Росини, Севилски бербер), Џилда (Верди, Риголето), Виолета (Верди, Травијата), Лучија (Доницети, Лучија ди Ламермур), Серпина (Перголези, Слугинка господарка), Антонида (Глинка, Иван Сусањин), Дона Ана (Моцарт, Дон Џовани), Розалинда (Ј. Штраус, Лилјакот), Лиу (Пучини, Турандот). Како концертен пејач, Славица Галиќ Петровска ги интерпретира: Концерт за колоратурен сопран од Глиер, Ексултате Јубилате од Моцарт, солистичките делници од Деветтата симфонија од Бетовен и Седмата симфонија од Малер, како и моцартовиот и вердиевиот Реквием, Салве Реџина и Стабат Матер од Перголези и др. Член е на камерното трио „Скопје“, а соработува и со Македонската филхрамонија. Настапува на многубројни домашни и странски реномирани манифестации и фестивали: Болдинска вечер во Нижни Новгород, Охридско лето, Скопско лето, Битолско лето, Рацинови средби, Гоцеви денови, Крушевска Република, Струшки вечери на поезијата и на сцените во Копенхаген, Токио, Рим, Солун, Благоевград, Пловдив, Софија, Нови Сад, Белград, Ријека, Осијек, Париз, Дизелдорф, Дортмунд, Љубљана и други. М-р Славица Галиќ Петровска е добитник на високи награди и признанија: наградата „11 Октомври“ во 2002 година, награда за животно дело „Златна лира“ во 2009 година, како и наградата „13 Ноември“ од град Скопје во 2014 година. Од 2002 до 2005 година ја извршува функцијата уметнички директор на Операта при МОБ во Скопје. Од 2007 година м-р Славица Галиќ Петровска е доцент, а од 2012 година вонреден професор по соло пеење на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

8. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за музичка уметност, кандидатот м-р Славица Галиќ Петровска изведува настава на прв и втор циклус студии по предметот Соло пеење од областа вокално пеење.

Кандидатката бил ментор на 10 дипломски трудови.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 5 магистерски труда.

Стручно-уметничка дејност

Како истакнат оперски уметник, м-р Славица Галиќ Петровска забележува многубројни значајни настапи на престижни регионални и светски концертни и оперски сцени: Традиционални концерти по повод Василица во МОБ, Концерт со камерниот оркестар „Скопски солисти“, Травијата во МОБ во 2013 (јубилеј 25 години од првата изведба на Виолета Валери, Моцарт „Реквием“ со Софиската филхармонија во Софија,

Бугарија, Л.ван Бетовен, 9-та Симфонија во Токио, Јапонија, Солистички концерт во Музеј „Борис Христов“ во Софија, Бугарија, Концерт „Бисери на оперските класици“ во Крушево, Концерт во чест на канонизацијата на Мајка Тереза со оркестарот на МОБ во Скопје, Концерт со Камерниот оркестар на МОБ во Дом на АРМ, Гала оперски концерт по повод 50 години уметничка дејност на Томислав Шопов, Концерт во рамки на Есенски музички свечености 2016 (Фоаје на МОБ), Концерт „Classic Songs“ на Фестивал Крушевска Република, Концерт на македонски уметници во Св. Софија, Охрид итн.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката м-р Славица Галиќ Петровска во 2014 година е добитник на наградата „13 Ноември“ што ја доделува Град Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Славица Галиќ Петровска ги доби следниве оценки од анонимно спроведената анкета на студентите на ФМУ во Скопје, по семестри: 9,6 за зимски семестар 2013/2014; 9,45 за летен семстар 2013/2014; 9,55 за зимски семестар 2014/2015; 9,61 за летен семестар 2014/2015; 9,94 за зимски семестар 2015/2016; 9,97 за летен семестар 2015/2016.

ВЕСНА ЃИНОВСКА ИЛКОВА

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Весна Ѓиновска Илкова е родена во Скопје во 1972 година. Средно образование завршила во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, отсек соло пеење во класата на проф. Милка Ефтимова (1986-1990). Со високо образование се стекнала на ФМУ во Скопје, од 1990 година во класата по соло пеење на проф. Милка Ефтимова. Дипломирала во 1994 година.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во 2004 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии по соло пеење на Музичката академија при Универзитетот во Источно Сараево. Студиите ги завршила во 2008 година кај проф. Радмила Бакочевиќ, и го одбранила магистерскиот труд по интерпретација на соло пеење.

Во 2007 година е избрана за доцент по соло пеење на ФМУ во Скопје. На 5.9.2012 година е избрана во звањето вонреден професор по соло пеење во областа вокално пеење на ФМУ во Скопје.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1034 од 2.7.2012 година.

Во моментот е вонреден професор по предметот Соло пеење на ФМУ во Скопје.

Кандидатката м-р Весна Ѓиновска Илкова уште во текот на додипломските студии се истакнува на натпреварот „Томе Грнчаровски“ во склоп на „МОВ“ во 1992 година и започнува со студирање на оперски улоги во Оперското студио при ФМУ во Скопје. По дипломирањето заминала на усовршување во Софија кај Караскакова и пијанистот Чернева. На сцената на МОБ дебитирала во 1996 година со улогата на Микаела (Бизе, Кармен), а истата година е финалист на натпреварот „Борис Христов“, по кој дебитирала со улогата на Елизабета во Дон Карлос од Верди. Меѓународната кариера ја продолжува преку соработката со агенцијата „Атлантик Опера Хаус“, со која настапила со улогата Аида во Данска (15 претстави), во Шпанија со улогата Тоска (10 претстави) и во Италија со

улогите Сантуца (Кавалерија Рустикана) и Дона Леонора (Верди, Моќ на судбината). Во 2001 го отворила фестивалот „Хистрија Фестивал“ во Аренатa во Пула како Аида со Загрепската Опера. Во 2002 настапила со улогата на Дездемона (Верди, Отело), со Словенечката филхармонија, а во 2003 гостувала на фестивал во Анталија со Анкарската опера со улогата Аида. Во 2005 година дебитирала во Операта во Риека како Џоконда во истоимената опера на Понкиели, а во Тирана гостувала како Турандот со ансамблот на Операта во Тирана. М-р Весна Гиновска Илкова, освен претходно наведените улоги, на оперските сцени вклучувајќи ја и матичната сцена на МОБ-Скопје ги остварува и следниве улоги: Леонора (Верди, Трубадур), Одабела (Верди, Атила), Амелија (Верди, Симон Боканегра), Амелија (Верди, Бал под маски), Лејди Магбет (Верди, Магбет), насловните улоги од оперите на Пучини (Тоска, Мадам Батерфлај, Турандот), како и Лиу (Турандот) и Мими (Боеми), насловната улога на Лидија од Македонија од Ристо Аврамовски, како и сопранските солистички делници од Реквием од Џ. Верди, Стабат Матер од Перголези, Симфонија бр.9 од Л. ван Бетовен, ораториумот „Создавање на светот“ од Ј. Хајдн, „Те Деум“ од А. Брукнер итн. М-р Весна Ѓиновска Илкова се посветува и на концертната дејност настапувајќи на значајни манифестации и концерти во Скопје и низ Републиката, како Охридско лето, Златна лира итн. Добитник е на бројни награди, од кои се издвојуваат: 13 Ноември (2002), Златна лира (2009), Борис Христов (2001), Ханс Габор Белведере (1996,1998), Виртуози (2014) и др.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за музичка уметност, кандидатката м-р Весна Ѓиновска Илкова изведува настава на прв и втор циклус студии по предметот Соло пеење од областа вокално пеење.

Кандидатата била ментор на 6 дипломски трудови.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 2 магистерски труда.

Стручно-уметничка дејност

Како истакнат оперски уметник, м-р Весна Ѓиновска Илкова забележува многубројни значајни настапи на престижни регионални и светски концертни и оперски сцени: Традиционални концерти по повод Василица во МОБ, Концерти во чест на Тоше Проески и композиторот Ристо Аврамовски, Гала концерт по повод 200 години од раѓањето на Рихард Вагнер, Концерт „Италијанска вечер“ со кој гостува во Индонезија, Концерт по повод јубилеј на маестро Томислав Шопов, премиерни изведби на улогите: Амелија (Симон Боканегра од Верди), Одабела (Атила од Верди), Лејди Магбет (Магбет од Верди), Пенелопа Х од Никола Коџабашија итн. Од концертната активност, најзначајни настапи се рециталите во Њујорк МЦ Галерија, САД во 2014, во Културно-информативниот центар на Република Македонија во Софија, Република Бугарија во 2015, како и рециталите на фестивалите „Охридско лето“ и „Златна лира“ во 2015 година.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката м-р Весна Ѓиновска Илкова во 2014 година е добитник на наградата „Виртуози“ за уметник од музичко-сценската дејност, која ја доделува Сојузот на композитори на Македонија.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Весна Ѓиновска Илкова ги доби следниве оценки од анонимно спроведената анкета на студентите на ФМУ во Скопје, по семестри: 9,64 за зимски семестар 2013/2014; 8,11 за летен семстар 2013/2014; 9,97 за зимски семестар 2014/2015; 10,00 за летен семестар 2014/2015; 10,00 за зимски семестар 2015/2016; 10,00 за летен семестар 2015/2016.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Славица Галиќ Петровска и м-р Весна Ѓиновска Илкова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека м-р Славица Галиќ Петровска и м-р Весна Ѓиновска Илкова поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето редовен професор во научната област вокално пеење (соло пеење) за наставниот предмет Соло пеење, без засновање работен однос.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на ФМУ во Скопје, м-р Славица Галиќ Петровска и м-р Весна Ѓиновска Илкова да бидт избрани во звањето **редовен професор** во научната област вокално пеење (соло пеење), за наставниот предмет Соло пеење, без засновање работен однос.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. м-р Страшо Темков с.р.

2. Проф м-р Билјана Јакимовска с.р.

3. Проф м-р Марија Наумовска с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Славица Станислав Петровска
(име, татково име и презиме)

Институција:Универзитет "Св. Кирил и Методиј"–Скопје, Факултет за музичка уметност
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: Вокално пеење (соло пеење)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
	Одржување на настава	
1	Настава од прв циклус студии: соло пеење (20 часа неделно, 2 семестра), 2012-2013	24
2	Настава од прв циклус студии: соло пеење (22 часа неделно, 2 семестра), 2013-2014	26,4
3	Настава од прв циклус студии: соло пеење (28 часа неделно, 2 семестра), 2014-2015	33,6
4	Настава од прв циклус студии: соло пеење (26 часа неделно, 2 семестра), 2015-2016	31,2
5	Настава од прв циклус студии: соло пеење (26 часа неделно, зимски семестар), 2016-2017	15,6
6	Настава од втор циклус студии: соло пеење (30 часа во зимски семестар), 2011-2012	1,5
7	Настава од втор циклус студии: соло пеење (30 часа во зимски семестар; 30 часа во летен семестар), 2012-2013	3
8	Настава од втор циклус студии: соло пеење (30 часа во зимски семестар; 30 часа во летен семестар), 2014-2015	3
9	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (2012-2015)	1,5
10	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (2012-2016)	0,6

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Вкупно	**140,4**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
1	/	/

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-уметничка):	Поени
1	13.1.2012 - Традиционален василичарски концерт, МОБ	0,6
2	5.6.2012 – Камерен оркестар “Скопски солисти” – Концерт на Славица Г. Петровска	8
3	12и13.1.2013 – Традиционален василичарски концерт Viva Verdi	1,2
4	18.7.2013 – Концерт на македонски уметници - Св. Софија, Охрид	4
5	13.11.2013 – Гала оперски концерт, МОБ	0,6
6	27.11.2013 – Травијата (Виолета) – 25 години од прва изведена Виолета во МОБ	6
7	20.3.2014 – Гала оперски концерт во Тетово	2
8	03.4.2016 – В.А. Моцарт, “Реквием” – со Софиската филхармонија, Софија, Р. Бугарија	8
9	10.7.2014 – Концерт “Classic Songs” – Фестивал Крушевска република	4
10	6.11.2014 – Концерт во Токио, Јапонија	4
11	9.11.2014 – Л.В. Бетовен – 9-та Симфонија – Токио, Јапонија	8
12	29.5.2015 – Солистички концерт во Музеј “Борис Христов”, Софија, Р. Бугарија	8
13	6.8.2015 – Концерт Бисери на оперските класици – Крушево, дуо рецитал	4
14	21.6.2016 – Свечено отворање на „Скопско лето“ – Гала оперски концерт	2

Ред. број	Назив на активноста (стручно-уметничка):	Поени
15	23.9.2016 – Концерт во чест на канонизација на Мајка Тереза со оркестарот на МОБ, Скопје	4
16	22.10.2016 – Концерт со камерен оркестар на МОБ во Дом на АРМ, дуо рецитал	4
17	2.11.2016 – Гала оперски концерт 50 години уметничка дејност на Маестро Томислав Шопов	0,6
18	9.11.2016 – Концерт во фоаје на МОБ во рамки на Музички есенски свечености – дуо рецитал	4
	Вкупно	**73**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1		
	Дејност од поширок интерес	
1.	Награда 13 Ноември од Град Скопје за 2014 година	5
	Вкупно	**5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	140,4
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	73,0
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	5,0
Вкупно	**218,4**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. м-р Страшо Темков с.р.**

2. **Проф. м-р Билјана Јакимовска с.р.**

3. **Проф. м-р Марија Наумовска с.р.**

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Весна Васил Гиновска Илкова

Институција:
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Факултет за музичка уметност - Скопје

Научна област:

Вокално пеење (соло пеење)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
1	Одржување настава прв циклус студии 2012 година (два семестра)	19,2
2	Одржување на настава прв циклус студии 2013 година (два семестра)	19,2
3	Одржување на настава прв циклус студии 2014 година (два семестра)	19,2
4	Одржување на настава прв циклус студии 2015 година (два семестра)	19,2
5	Одржување на настава прв циклус студии 2016 година (1 семестар)	9,6
6	Одржувањена настава втор циклус студии 2012 година (два семестра)	1,5
7	Одржување на настава втор циклус студии 2013 година(два семестра)	3,0
8	Одржување на настава на втор циклус студии 2016 година(два семестри)	1,5
9	Ментор на дипломска работа	1
10	Член на комисија за магистерски испит	0,6
11	Член на комисија за дипломски испит	0,9
	Вкупно	**94,9**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	Вкупно	

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-уметничка):	Поени
1	21.1.2012, Концерт за Тоше Проески ,МОБ	0,6
2	25.3.2012, Претстава Г.Пучини /Тоска/ МОБ	1,6
3	7.4.2012, Претстава Г.Пучини / Турандот / МОБ	1,6
4	12.1.2013, Традиционален концерт по повод Василица /200 години од рагањето на Верди/	0,6
5	13.1.2013, Традиционален концерт по повод Василица /200 години од рагањето на Верди/	0,6
6	1.3.2013, Премиера /Атила /МОБ(улога: Одабела)	8
7	22.3.2013, Претстава Тоска (улога: Тоска), МОБ	1,6
8	5.10.2013, Гала Концерт 200 години Рихард Вагнер, МОБ	0,6
9	9.11.2013, Гала оперски концерт / Италијанска вечер / МОБ	0,6
10	16-17.11.2013, Готување во Индонезија /Италијанска вечер /	4
11	17.12.2013, Н. Коџабашија-ПенелопеХ /Премиера/ МОБ	8
12	12.1.2014, Концерт Василица, МОБ	0,6
13	13.1.2014, Концерт Василица, МОБ	0.6
14	22.1.2014, Концерт за јубилеј на Ристо Аврамовски, МОБ	0,6
15	31.1.2014, Турандот / улога: Турандот / МОБ	1,6
16	19 2.2014, Атила / улога: Одабела / МОБ	1,6
17	9.5.2014, Премиера Симон Боканера (улога: Амелија) МОБ	8

Ред. број	Назив на активноста (стручно-уметничка):	Поени
18	21.6 2014, Гала концерт за отворање на Скопско Лето 2014	0,6
19	15.11 2014, Претстава /Мадама Батерфлај / МОБ	1,6
20	12.1.2015, Концерт Василица, МОБ	0,6
21	13.1. 2015, Концерт Василица, МОБ	0,6
22	9.5.2015, Премиера /Магбет /(улога: Лејди Магбет) МОБ	8
23	9.10.2015, Претстава Магбет, МОБ	1,6
24	13.11.205, Концерт по повод 13 Ноември, МОБ	0,6
25	21.11.2015, Претстава Тоска, МОБ	1,6
26	24.12.2015, Концерт на јубилеј на Борис Трајанов	0,6
27	31.5.2016, Мајски оперски вечери, „Аида“, МОБ	1,6
28	21.6.2016, Гала Концерт на Скопско Лето	0,6
29	18.10.2016, Претстава Турандот, МОБ	1,6
30	28.10.2016, „Вива Франција“ концерт со оркестар, МОБ	4
31	2.11.2016, Гала оперски концерт за јубилеј на Томислав Шопов	0,6
32	26.12.2015, Рецитал на фестивал „Златна Лира“,пијано К.Светиева	8
33	8.7.2014, Рецитал во Њујорк ,МЦ Галерија, пијано К.Светиева	8
34	9.6.2015, Рецитал во КИЦ на РМ во Софија, Република Бугарија	8
35	20.7.2015, Рецитал на фестивал „Охридско лето“, Охрид	8
	Вкупно	**97**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1		/

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
2		/
	Дејност од пиширок интерес	
1.	Награда „Виртуози“ од СОКОМ за 2014 година	5
	Вкупно	**5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**94,9**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	**97**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**5**
Вкупно	**196,9**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. м-р Страшо Темков с.р.**
2. **Проф. м-р Билјана Јакимовска с.р.**
3. **Проф. м-р Марија Наумовска с.р.**

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„ЕФЕКТИ НА НАСТАВАТА ПО ПРЕДМЕТОТ МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ВО СРЕДНИ УЧИЛИШТА ОД ПРИЛЕПСКИОТ РЕГИОН

СПОРЕД НИВОАТА НА ЗНАЕЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ“

ОД М-Р ТАТЈАНА ИВАНОВСКА,

ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

ВО СКОПЈЕ

Почестени од Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, донесена на 23 март 2017 година, Комисија во состав: проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, проф. д-р Аида Ислам, вонр. проф. д-р Трена Јорданоска и вонр. проф. д-р Весна Здравковиќ, за оцена и одбрана на докторската дисертација *Ефекти на наставата по предметот Музичка уметност во средни училишта од прилепскиот регион според нивоата на знаењата на учениците* од м-р Татјана Ивановска, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација *Ефекти на наставата по предметот Музичка уметност во средни училишта од прилепскиот регион според нивоата на знаењата на учениците* од м-р Татјана Ивановска содржи вкупно 350 страници, во кои, покрај главниот текст, се вклучени насловната страница, благодарноста, апстрактот, содржината, библиографијата и прилозите: истражувачките инструменти – тестови и анкети; дневен оперативен план за наставен час; наставни листови и вежби-подготовки.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ивановска ја поврзува наставата по предметот музичка уметност во средното образование, учениците на возраста 15-16 години во прва година средно образование и начините, односно наставните постапки со кои постигнувањата на оваа популациска група можат да бидат зголемени.

Кандидатката во воведот кон проблемот укажува дека предметот Музичка уметност е задолжителен општообразовен наставен предмет во средното образование кој го изучува целата ученичка популација. При тоа на учениците не им се дава можност да се определат кои содржини и во кој екстензитет – интензитет (модулот) ќе ги изучуваат, а наставата по музичка уметност во средното образование се изведува според унифицирана наставна програма задолжителна за реализацијата. Музичкиот педагог

истата наставна материја треба да ја реализира во паралелките со различна структура, што бара постојано изнајдување на методи за правилно дозирање, презентирање на наставниот материјал и активирање на учениците, како при обработка на новите наставни единици, така и при поставувањето на барањата за проверката на постигнувањата. Со тоа се согледува потребата на индивидуализацијата на наставата која, според кандидатката, би се базирала врз диференцирање на учениците на нивоа според степенот на усвоеноста на одредени музички знаења. Исто така, се согледува потребата за истражување на аспектите на ваквата настава кои се однесуваат на нејзината подготовка и реализација, како и нејзините ефекти врз постигнувањата на учениците. Самото истражување претставува педагошки експеримент – прв практичен обид за индивидуализација на наставата по предметот Музичка уметност во средното образование, односно спроведување диференцирана настава во една иста паралелка.

Кандидатката м-р Татјана Ивановска го спроведува истражувањето во учебните 2009/10, 2010/11 и 2011/12 година врз комплетната популација ученици во гимназијата „Мирче Ацев“ (СОУ Гимназија ,,Мирче Ацев“) во Прилеп каде што таа остварува повеќегодишна наставна дејност како професор. Сегментите на истражувањето се одвивале и во другите прилепски гимназии, како и во прилепскиот регион (Крушево и Македонски Брод). Оваа популација, заради својата бројност и заради сеопфатноста, овозможува широк увид во проблемот и можност педагошкиот експеримент да се одвива во реални услови, кога музичкиот педагог мора да работи со голем број паралелки и ученици во нив. Со самото тоа тој мора да ја приспособува наставата на хетерогените групи ученици според нивните предзнаења, афинитети, психолошки карактеристики, ставови за предметот и музичката уметност воопшто, мотивација и други карактеристики. Во педагошкиот експеримент, диференцираната настава во нивоа според знаењата на учениците се компарира со онаа во едно ниво која е приспособена на просечниот ученик, а која редовно се практикува во образованието.

Покрај основната цел на истражувањето, утврдување на влијанието, односно ефектите на наставата по музичка уметност во средните училишта според нивоата на знаењата на учениците, кандидатката наведува и цели кои се однесуваат на самата експериментална настава чијшто концепт требаше да биде креиран и операционализиран преку подготовка и планирање на часовите, изготвување на наставните материјали, проверки на знаењата.

Соодветно на потребите, значењето и целите, кандидатката ги дефинира следниве сегменти на предметот на истражувањето: *настава по предметот музичка уметност, знаење, нивоа на знаењата, ученици во средно образование*. Предложениот експериментален концепт на наставата во нивоа по предметот Музичка уметност кандидатката го спротивставува на традиционалната настава приспособена на просечниот ученик, образложувајќи ги термините *индивидуализација на наставата* (индивидуален пристап) и *диференцирана настава* врз кои ја базира својата наставна стратегија. Сегментот *знаење*, односно *музичкото знаење* и неговите видови кандидатката го образложува како појдовна точка за диференцирање на учениците но и како резултат на наставниот процес. Сегментот *нивоата на знаењата на учениците* е од клучно значење и врз него се базира целата концепција на истражувањето и трудот.

Тој е заснован врз таксономијата на Бенџамин Блум, која најчесто се користи на образовниот простор во Република Македонија, но кандидатката користи и други поважни таксономии за разработувањето на нејзината стратегија на наставата по музичка уметност во нивоа. *Учениците во средното образование* претставуваат популациска група на возраст 15-16 години – дел од тинејџерската популација – вклучена во задолжителниот процес на средно образование, односно неговата прва година кога се одвива наставата по предметот Музичка уметност. Разработувајќи ги *ефектите на наставата*, кандидатката се концентрира на постигнувањата на учениците – знаењата кои можат да се оценат според прифатениот училиштен систем на бројчано оценување од 1 до 5.

Во натамошниот дел, кандидатката, постепено, преку претпоставките, проблемот и истражувачките прашања доаѓа до основната истражувачка хипотеза која, ако не се одбие, докажува дека наставата во нивоа според знаењата на учениците по предметот Музичка уметност во средно образование влијае, односно има позитивни ефекти врз нивните постигнувања. За проверка на оваа хипотеза, кандидатката дефинира и четири нулти хипотези кои се однесуваат на сигнификантните разлики во фреквенциите на варијаблите кои се однесуваат на основната истражувачка хипотеза.

Кандидатката ја дефинира главната зависна варијабла на истражувањето *постигнувањата на учениците* од која се изведени четири: *знаењето*, односно оценките во текот и на крајот на учебната година; *успехот во учењето*, односно преминот на учениците од ниво во ниво според добиените оценки; *групниот резултат*, односно хомогеноста/хетерогеноста на паралелките и *трајноста на знаењето*, односно оценките добиени по пауза во учењето. Независната варијабла е *видот на наставата*, односно наставата во нивоа наспроти традиционалната настава.

Прегледот на литературата кој вклучува и дополнително разработување на термините со кои кандидатката оперира во трудот е изложен според следниве тематски подрачја: 1. проучувања од областа на наставата со посебен фокус на индивидуализацијата на наставата, диференцираната настава, ефектите на наставата и музичката настава; 2. проучувања од областа на знаење како педагошка категорија со посебен фокус на нивоата на знаењата и соодветните таксономии и музичкото знаење како специфична и комплексна категорија; 3. проучувањата од областа на методологијата на педагошките истражувања.

Основниот методолошки пристап на дисертацијата е квантитативен, а при реализирањето на истражувачката постапка кандидатката го применила методот на *експеримент во групи* (експериментална и контролна група). Истражувањето се состоеше од неколку пилот-истражувања во текот на редовната педагошка дејност, експериментот со две генерации на ученици и обработка и анализа на податоците. Во истражувањето учествуваа вкупно 654 испитаници – ученици во прва година од гимназиите во Прилеп и Македонски Брод во учебните 2009/10, 2010/11 и 2011/12 години. Во текот на истражувањето кандидатката се појавила како спроведувач на наставата во експерименталните и повеќето контролни паралелки со што беше

минимизиран факторот поврзан со влијанието на субјективните карактеристики на наставникот.

За потребите на експерименталната настава во нивоа според знаењата на учениците, кандидатката дизајнирала и користела инструменти – тестови во нивоа за експерименталните групи и тестови заеднички за сите групи со кои се остваруваше проверката и споредување на резултатите. За собирање дополнителни податоци сврзани со музичкото искуство, ставовите на учениците за музиката и предметот Музичка уметност, како и за наставата во нивоа беа користени анкетни прашалници.

Во обработката на податоците кандидатката користела дескриптивна статистика, фреквентни дистрибуции, коефициент на варијација и t-тест, а од непараметриските статистички техники – χ2 на распоред.

Кандидатката м-р Татјана Ивановска дава подробен приказ на резултатите од истражувањето, при што во овој извештај ќе ги сумираме нејзините главни заклучоци.

За варијаблата знаење изразено преку оценки на тестовите, кандидатката укажува на евидентното зголемување на бројот на добрите и одличните оценки, односно средната оценка во експерименталните паралелки за што се добиени сигнификантни вредности на t-тестот со ниво на сигнификантност p< .0001.

За варијаблата успехот во учењето изразен во преминување на учениците од ниво во ниво според добиените оценки, односно процентуалната застапеност на учениците во трите нивоа, кандидатката укажува на зголемување на процентот на учениците во повисоките второ и трето нивоа во експерименталните паралелки за што се добиени сигнификантни вредности на χ2 на распоред со ниво на сигнификантност p< .0001.

За варијаблата групниот резултат во учењето изразен преку степенот на хомогеноста/хетерогеноста на паралелките, кандидатката укажува на евидентното хомогенизирање на експерименталните паралелки, односно намалувањето на Cv во процесот на тестирањата.

За варијаблата трајност на знаењата изразена во оценките на тестовите со вкупниот наставен материјал – едниот спроведен на крајот на учебната година и другиот спроведен по двомесечната пауза без настава – кандидатката укажува на непроменливоста на резултатите во експерименталните паралелки во кои не се добиени сигнификантни вредности на t-тестот. Исто така, не е променето процентуалното распоредување на учениците во нивоа во истите паралелки во кои не се добиени сигнификантни вредности на χ2 на распоред.

Потпирајќи се на сопствената опсервација на часовите и однесувањето на учениците на нив, кандидатката укажува дека кај учениците се зголемени интересот, мотивацијата, дисциплината на часот, позитивниот став кон предметот и музичката уметност воопшто.

Врз основа на овие резултати кандидатката заклучува дека четирите нулти хипотези се одбиени односно дека наставата според нивоа на знаењата на учениците во средното образование во прилепскиот регион има позитивни ефекти врз постигнувањата на учениците.

Врз основа на сето досега кажано, со особено задоволство можеме да констатираме дека кандидатката се појавува на одбраната со сериозен и зрел труд кој е прв во подрачјето на наставата во нивоа по предметот Музичка уметност во средното образование, односно диференцираната настава соодветна на индивидуалните потреби на учениците што се потенцира во светската педагошка мисла и практика. Следејќи ја истражувачката постапка на м-р Ивановска, можеме да заклучиме дека кандидатката детално навлегла во проблематиката која ја разработува, избрала соодветна истражувачка методологија за извршување на педагошкиот експеримент, изготвила релевантни инструменти за собирање база на податоци и прикажала исцрпни резултати. Самата база на податоци со својот голем обем претставува значаен материјал кој може да се користи за натамошните анализи, дополнувања и споредувања. Освен тоа, кандидатката со самото спроведување на истражувачката постапка изготвила модел на наставата во нивоа со потребните наставни материјали и планирања кои претставуваат значаен придонес во методиката на музичката настава и можат да станат основа за вклучување на ваквиот вид настава во пошироката наставна практика. Со тоа дисертацијата на м-р Татјана Ивановска, со во неа разработените теориски и практични аспекти, зазема свое значајно место меѓу научните трудови изработени на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Имајќи ги предвид сите изнесени мислења и заклучоци, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја одобри и закаже одбраната на докторската дисертација *Ефекти на наставата по предметот музичка уметност во средни училишта од прилепскиот регион според нивоата на знаењата на учениците* од м-р Татјана Ивановска.

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација

Проф. д-р Димитрије Бужаровски с. р.

Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја с. р.

Проф. д-р Аида Ислам с. р.

Вонр. проф. д-р Трена Јорданоска с. р.

Вонр. проф. д-р Весна Здравковиќ с. р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) :

ДЕФЕНДОЛОГИЈА-50501, ВНАТРЕШНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПОЛИТИКИ НА ЕУ, ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, РОДОТ, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА, ТЕХНОЛОШКА БЕЗБЕДНОСТ, МИРОТ И ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ – 51511(ДРУГО)

НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ бр. 24.038, година LXXIII од 3.5.2017 година, за избор на **наставник** во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): **дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции**), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 04-503/5, донесена на XXXVI редовна седница одржана на 1.6.2017 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Синиша Даскаловски, редовен професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир, д-р Митко Котовчевски, редовен професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир, и д-р Тони Милески, редовен професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (дисциплини): дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции), во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Зорица Салтировска.

9. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката вонр. проф. д-р Зорица Салтировска е родена на 28.7.1964 година, во Скопје. Средно образование завршила во СМУ „Панче Караѓозов’’ во Скопје во 1982 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’’ во Скопје, како редовен студент на ННСГ за општонародна одбрана при Филозофскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 12.3 1987 година, со просечен успех 8,55.

Во учебната 1991/92 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Филозофскиот факултет во Скопје Институтот за одбрана. Предвидените испити ги положила со просечен успех 8,25. На 9.5.1997 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Воената обврска во системот на одбрана на Република Македонија и ставовите на младинците кон воената обврска и се здобила со научно звање – магистер по одбрана и заштита.

Професионалната кариера д-р Салтировска ја започнала веднаш по дипломирањето работејќи како наставник по предметот Општонародна одбрана во МУЦ „Никола Тесла’’ во Скопје, од септември 1987 до јуни 1989 година. Од 15.12.1989 година започнува со работа како приправник на Катедрата за ОНО и ОСЗ при Филозофскиот факултет во Скопје. На 13.3.1991 година, со одлука на Советот на ООЗТ Филозофски факултет во Скопје, избрана е во звањето

помлад асистент, а по магистрирањето, на 19.11.1997 година, избрана е за асистент по предметот Одбрана и заштита на Катедрата за одбрана и заштита.

Докторска дисертација пријавила на 21.2.2001 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Организација на пополнувањето на вооружените сили во функција на преструктурирањето на АРМ и мотивираност на младината за вклучување во вооружените сили ја одбранила на 15.6.2007 година, пред Комисија во состав: проф.д-р Митко Котовчевски, проф.д-р Трајан Гоцевски, проф.д-р Синиша Даскаловски, проф.д-р Зоран Нацев и доц.д-р Оливер Бакрески. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на одбрана.

На 15.10.2007 година е избрана во звањето доцент на Катедрата за одбрана во научната област (дисциплина) дефендологија. Во 2010 година се вклучува на Институтот за безбедност, одбрана и мир, каде што добива нови наставни предмети на чија подготовка активно работи и твори.

Во моментот е вонреден професор на Институтот за безбедност, одбрана и мир, во кое звање е избрана со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје на 24.10.2012 година. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1038/160 од 14.9.2012 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтениот бр. 694/121 од 3.11.1997, 764/9 од 16.10.2000, 836/239 од 30.9.2003, 929/126 од 1.11.2007 и 1038/160 од 14.9.2012 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, а потврдени во поднесената документација која е од важност за изборот.

10. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет – Скопје, кандидатката д-р Зорица Салтировска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиските програми по безбедност, одбрана и мир на Филозофскиот факултет и на сите студиски програми на Машинскиот факултет по предметот Мирот и евроатлантските интеграции.

Кандидатката била ментор на еден дипломски труд, а учествувала и како член на комисија за оцена и одбрана на 11 дипломски и 3 магистерски трудова и 4 докторски трудови.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот

Кандидатката д-р Зорица Салтировска, во периодот од последниот избор до денот на пријавата, активно работела на подготовка на материјали и литература за наставните предмети Мирот и евроатлантските интеграции и Внатрешни безбедносни политики на ЕУ, а по акредитацијата на новата студиска програма на Институтот за безбедност, одбрана и мир – Приватна и корпоративна безбедност, активно работи и на подготовка на наставниот предмет Технолошка безбедност.

Научноистражувачка дејност

Во периодот од последниот избор, д-р Зорица Салтировска развила богата научноистражувачка дејност која резултирала со публикување на повеќе научни и стручни трудови. Прегледот на доставената документација за научноистражувачката дејност на кандидатката покажува висок степен на ангажираност во повеќе научноистражувачки сфери. Д-р Зорица Салтировска има објавено вкупно 14 научни трудови од областа на безбедноста, одбраната и мирот, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 6 трудова со оригинални научни резултати објавени во научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, 4 труда со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор, 1 труд во зборник на трудови на в.о. институција и една монографија.

Д-р Зорица Салтировска била вклучена во еден национален и еден меѓународен научен проект како научен истражувач на прашањата и проблемите поврзани со креирање на родово одговорни политики и справување со насилството врз жените и децата:

-национален научен проект: **Родово одговорни буџетски анализи на локално ниво** (учесник-исражувач), ЦИКР, а во рамки на меѓународниот научен проект **Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија**, UN Women, CRPM, Австриска развојна агенција и Швајцарска агенција за соработка и развој,(2013-2016);

-меѓународен научен проект: **„SE Europe Transnational CSO Coalition for Women and Child Protection Against Human Trafficking and Gender - based Violence- STOP'' (**учесник-истражувач), IMPACT, Institute for Research and Social Innovation, funded by the Delegation of the European Union, under the reference: Europe Aid/150147/DH/ACT/PRAREG within the Civil Society Facility and Media Programme. (2016)

Кандидатката д-р Зорица Салтировска е автор на монографијата **Технолошкиот прогрес и безбедноста на луѓето,** во која прави анализа на поврзаноста на техничко-технолошкиот развој со воените и невоените аспекти на безбедноста на луѓето во новата безбедносна средина. Кандидатката констатира дека многу безбедносни закани неизбежно се поврзуваат со брзиот научен и технолошки развој кој не само што го промени начинот на војувањето, туку создаде можности за појава на нови опасности и безбедносни ризици или на постојните им го зголеми интензитетот повеќекратно. Следствено на ваквата констатација, кандидатката се осврнува и на современите конфликти, и на најкарактеристичните невоени безбедносни закани (според поврзаноста со технолошкиот и научниот развој) меѓу кои посебно ги издвојува сајбер-криминалот и информацискатa безбедност, (не)безбедноста поврзана со енергетските ресурси, деградацијата на животната средина и последиците по безбедноста и здравјето на луѓето, како и техничко-технолошките несреќи од кои акцентот е ставен на индустриските несреќи и катастрофи и потребата од корпоративно управување со ризиците од нив. (Технолошкиот прогрес и безбедноста на луѓето, Филозофски факултет, Скопје, 2017)

Во трудот **Човековите права и демократијата во надворешната политика на ЕУ,** д-р Салтировска прави осврт на инструментите и стратегиските определби на ЕУ за унапредување на човековите права и демократијата надвор од своите граници, на напредокот и главните достигнувања во спроведувањето на Акциониот план за периодот до 2015 година и предизвиците за периодот по 2015 година. При тоа истакнува дека ЕУ посветено и одговорно соработува со своите партнери, мултилатерални форуми и меѓународни организации на полето на човековите права и демократизацијата, интегрирајќи ги во својата надворешна политика, програми и проекти. Справувајќи се со најзначајните прашања во својата надворешна политика за човекови права, ЕУ стана еден од клучните актери на меѓународната сцена во нивното унапредување и заштита низ светот. („Human Rights and Democracy in EU Foreign Policy'', (Author), Security Dialogues, vol.6,

number 1, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 75-87.)

Предмет на интерес и анализа во трудот **Внатрешните безбедносни политики на ЕУ во превенцијата и справувањето со тероризмот** се местото и значењето кое тероризмот го има во политиките за внатрешна безбедност на ЕУ како и политиките, мерките и стратегиските определби за превенција и справување со него. Д-р Салтировска истакнува дека тероризмот е една од најитните стратешки цели во зголемувањето на внатрешната безбедност на ЕУ поради што вложува големи напори во преземањето конкретни дејствија и иницијативи во справувањето со оваа клучна закана за безбедноста на нејзините граѓани. Значаен сегмент во превенцијата и справувањето со тероризмот е полициската соработка, но за да бидат ефектите од таа соработка поголеми, мошне е важно националните казнени законодавства и решенија во однос на формалните полициски истраги и постапки да бидат воедначени и да се надмине недовербата помеѓу државите и резервираноста на некои држави во однос на интензивирање на полициската соработка. Според д-р Салтировска, во основата на сите напори на ЕУ во справувањето со тероризмот е зголемувањето на способностите на ЕУ за одлучна акција базирана на политики кои се пропорционални со веројатноста од случување на ризици од идни терористички напади. Во превенцијата фокусот треба да биде ставен на спречувањето на радикализацијата на тероризмот, регрутирањето на нови терористи, прекинување на терористичките мрежи и изворите за нивно финансирање, гонење и судење на терористите и јакнење на заштитата на инфраструктурата. („ Internal Security Policies of EU on Prevention and Combating Terrorism'', , International scientific conference „Macedonia and the Balkans, A Hundred Years After the World War I- Security and Euro-atlantic integrations'', COBISS.MK-ID 97703434, vol.2, University „St. Kliment Ohridski'', Bitola, 311-324)

Во трудот **Политиките на ЕУ за превенција и справување со насилството врз жените**, кандидатката д-р Зорица Салтировска дава преглед на законската поставеност и пристапот на ЕУ во решавањето на овој проблем, обемот и природата на насилството врз жените во ЕУ базирани на резултатите од истражувањето на Агенцијата за фундаментални права на ЕУ, спроведено во 2014 година во сите држави членки на ЕУ, и укажува на потребата од нов стратегиски пристап на ЕУ во справувањето со насилството врз жените. Д-р Салтировска констатира дека објавените резултати од истражувањето предизвикуваат сомнежи во ефикасноста на постојната политика и законска регулатива и ја исфрлија на преден план потребата од нов пристап кон овој проблем, изградба на нови политики и развивање нови специфични акциски планови кои треба да ја зголемат ефикасноста на практичните резултати и нивната одржливост. („EU Policies of Prevention and Dealing with the Volence against Women'', (Author), Security Dialogues, vol.6, number 2-1, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 413-427.)

Во трудот **Родовата димензија на семејното насилство во Република Македонија**, кандидатката д-р Салтировска укажува на тоа дека родово базираното насилство е глобален феномен кој го опфаќа и семејното насилство, од кое најчести жртви се жените, поради што станува синоним за насилство врз жените. При тоа, државите не смеат да го третираат како семеен и приватен, туку како јавен проблем со тешки финансиски, општествени и други последици и да му пристапат како на безбедносен проблем за чие решавање се потребни ефикасни политички и практични мерки. Во Република Македонија, иако жените се најчести жртви на семејно насилство, дефинициите во законската регулатива не го определуваат како родово базирано насилство, па според тоа ниту како специфична форма на дискриминација на жените. Бројот на изречени мерки и казни за сторителите е незначителен што создава простор за повторено насилство, недоверба во надлежните институции и служби, непријавување на насилството и голем број скриени жртви без никаква помош и заштита. Поради тоа, државата треба да го зајакне пристапот кон овој проблем и да интервенира во неговото поефикасно превенирање и санкционирање на сторителите. („ Gender

Dimension of Domestic Violence in the Republic of Macedonia'', Contemporary Macedonian Defence, vol.15, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Republic of Macedonia, 65- 79.)

Трудот „Положбата на жените во современите армии" ја анализира родовата поставеност во современите армии и родовите разлики во воената сфера. Д-р Салтировска констатира дека, и покрај достигнатата релативно задоволувачка формална родова еднаквост во поглед на можностите за вклучување во армиите, сè уште постојат дискриминаторски ставови, негативни стереотипи за учество на жените во армиите и нерамноправна поделба на улогите која ги спречува жените целосно да ги искористат своите можности за напредување рамноправно со мажите. Разликите во улогите не се одраз на објективните тешкотии за вклучување на жените во борбените улоги, туку се резултат на идеолошките конструкции на женскоста и машкоста во општеството. Тоа значи дека причината не е воена туку културна и општествена. Во АРМ е направен крупен чекор во зголемувањето на половата рамноправност, има добра законска основа и програми за иден развој, но потребна е поголема свест за потребата од нивно доследно имплементирање во практиката без отстапувања од зацртаните цели и очекувани резултати. („ The Position of Women in the Modern Army'', Contemporary Macedonian Defence, vol.13, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Rebublic of Macedonia, 165- 173.)

Во трудот **Законска и институционална функционалност во заштитата на жените-жртви на семејно насилство во Република Македонија состојби и перспективи**, д-р Зорица Салтировска прави анализа на правната и институционалната рамка на Република Македонија за правата и заштитата на жените- жртви на семејно насилство, како и на детектираните суштински недостатоци на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и на институциите надлежни за негова имплементација и пружање заштита на жртвите. При тоа констатира дека постоечката правна рамка има бројни недостатоци и не овозможува задоволителна ефикасност во спроведувањето на мерките за заштита на жртвите од семејно насилство. Загриженост постои и поради недоследната имплементација на законските решенија за оваа проблематика и недоволните капацитети за спроведување на заштитните и превентивните мерки. Тоа резултира со непрепознавање на сите форми родово базирано насилство, низок степен на осудени сторители на семејно насилство, недоволна поддршка на жртвите, недостиг од системско водење на податоци за состојбата со семејното насилство во државата и многу други проблеми кои упатуваат на неадекватна заштита и третман на жените – жртви на семејното насилство. („ Legal and Institutional Functionality in the Protection of Women- Victims of Domestic Violence in the Republic of Macedonia- Present Situation and Future Perspectives'', 5 Scientific journal with Impact Factor: EUSER, EUROPEAN JOURNAL OF SOCIAL SCIENCES EDUCATION AND RESEARCH, Vol.10, Nr.2, ISSN 2411-9563, May August 2017, 131-140.)

Во трудот **Развој на приватната безбедност и дилемите поврзани со ефектите од приватните безбедносни услуги**, д-р Салтировска се фокусира на причините и тенденциите во развојот на приватната безбедност, како и на предностите и ризиците од користењето на приватните безбедносни услуги. Врз основа на направената анализа во трудот, д-р Салтировска констатира дека улогата на приватните безбедносни услуги во современата ера е не само поразлична од онаа во минатото, туку станува и сè позначајна, а корисници се и државните и недржавните актери. Асортиманот на приватните безбедносни услуги е голем, па приватизацијата на безбедноста стана тренд во развојот на концептот за безбедност воопшто. Сепак, сè уште има многу нејаснотии, недореченост, контраверзни искуства и скептицизам во однос на позитивната улога која ја имаат приватните воени компании. Постојат бројни дилеми поврзани со нивните услуги на кои д-р Салтировска посебно дава осврт и ги потенцира позитивните и негативните моменти поврзани со секоја дилема поединечно. На крајот д-р Салтировска заклучува дека, без оглед на дилемите кои се присутни, глобалната побарувачка на приватните безбедносни услуги и понатаму ќе се зголемува. За да се одбегнат можните опасности кои произлегуваат од нерегулираната приватизација на безбедноста, мора да се зајакнува легитимноста на приватните

безбедносни компании, а нивниот кадар да работи според професионални, етички и легални стандарди и со тоа да ја зголемува меѓународната прифатеност на своите услуги. („The Development of Private Security and the Dillemas Surrounding the Effects of Private Security Services'', Security Dialogues, vol.7, number 2, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 81-93.)

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот

Во периодот од последниот избор, д-р Зорица Салтировска учествувала на 5 меѓународни научни конференции на кои презентирала свои трудови втемелени на сознанијата добиени преку богатата научноистражувачка дејност.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во периодот 2012-2017 година, д-р Зорица Салтировска остварила активности и во стручно- апликативната дејност. Автор е на стручната монографија **Внатрешна безбедност на Европската Унија,** во издание на Филозофскиот факултет во Скопје во 2015 година. Станува збор за научен труд од областа на безбедноста, одбраната и мирот, со елементи на интердисциплинарен пристап во обработката на една извонредно значајна тема, особено поради определбата на Република Македонија за членство во Европската Унија. Во трудот, д-р Салтировска обработува клучни прашања за внатрешната безбедност на Унијата, при што прави анализа на сегментите од договорите на ЕУ поврзани со нејзината внатрешна безбедност и развојот на концептот за Европа како единствена област на слобода, безбедност и правда. Во клучниот дел на трудот се обработени стратегиите и политиките на ЕУ за внатрешна безбедност, внатрешно безбедносниот модел и стратегиските концепти на ЕУ за справување со дефинираните клучни закани за нејзината внатрешна безбедност. На крајот, во трудот е дадена анализа на достигнувањата на ЕУ во спроведувањето на зацртаните цели во стратегиските концепти за внатрешна безбедност за дадениот период и идните предизвици во одржувањето и јакнењето на внатрешната безбедност. Трудот нуди можности и насоки за нови истражувања и континуирано збогатување и надградување на опфатените содржини и претставува значаен придонес во научната мисла од областа на безбедноста и одбраната.

Од дејностите од поширок интерес, д-р Зорица Салтировска била вклучена во работата на организациски одбори на меѓународни/ стручни собири:

- International Scientific Conference: „Contemporary Security Paradigms and Challenges: Theory and Practice'', Ohrid, 18-19 September, 2015, Faculty of Philosophy, Institute for security, defence and peace studies, Skopje.
- International Scientific Conference: „Gender Equality and Gender Perspective in Defence and Security'', Skopje, 23-24 April 2013, Ministry of defence Republic of Macedonia.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Зорица Салтировска, во 2014 година, доби позитивна оценка (9,9167) од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир Филозофски факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Зорица Салтировска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Зорица Салтировска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, **д-р Зорица Салтировска** да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области: **дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ, заштита на културното наследство, родот, мирот и безбедноста, технолошка безбедност и мирот и евроатлантските интеграции**).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Синиша Даскаловски с.р.

Проф.д-р Митко Котовчевски с.р.

Проф. д-р Тони Милевски с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

вонр. проф. д-р Зорица Јован Салтировска

(име, татково име и презиме)

Институција:

Филозофски факултет Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир

(назив на факултетот/институтот)

Научна област:

дефендологија и друго (внатрешни безбедносни политики на ЕУ; родот, мирот и безбедноста; заштита на културното наследство; мирот и евроатлантските интеграции)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста (наставно-образовна):**	**Поени**
	Одржување на настава (предавања) од прв циклус студии	
1	2012/13, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+0) = 10 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 6,00	6,00
2	2012/13, летен семестар (Дефендологија – 2+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 3 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 1,80	1,80
3	2013/14, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3) = 9 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 5,40	5,40
4	2013/14, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 1 час неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 0,60	0,60
5	2014/15, зимски семестар, (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3 ; Родот, мирот и безбедноста – 3+3) = 6 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 3,60	3,60
6	2014/15, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 1 час неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 0,60	0,60

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
7	2015/16, зимски семестар (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3; Заштита на културното наследство – 3+1) = 6 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 3,60	3,60
8	2015/16, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 12 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 7,20	7,20
9	2016/17, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+1; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1) = 9 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 5,40	5,40
10	2016/17, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 12 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,04 = 7,20	7,20
	Одржување на настава (вежби) од прв циклус студии	
1	2012/13, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3) = 8 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 3,60	3,60
2	2012/13, летен семестар (Дефендологија – 2+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1; Дефендологија – 3+2 – две групи) = 6 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 2,70	2,70
3	2013/14, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3) = 8 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 3,60	3,60
4	2013/14, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1; Воено политички групации и глобализацијата – 3+2) = 3 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 1,35	1,35
5	2014/15, зимски семестар, (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3 ; Родот, мирот и безбедноста – 3+3; Регионална безбедност – 3+2) = 8 часа неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 3,60	3,60
6	2014/15, летен семестар (Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 1 час неделно x 15 недели во семестар x 0,03 = 0,45	0,45

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
7	2015/16, зимски семестар (Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+3; Заштита на културното наследство – 3+1; Регионална безбедност – 3+2) = 6 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 2,70	2,70
8	2015/16, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 6 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 2,70	2,70
9	2016/17, зимски семестар (Заштита на културното наследство - 3+1; Родот, мирот и безбедноста – 3+1; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1) = 3 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 1,35	1,35
10	2016/17, летен семестар (Заштита на културното наследство - 4+2; Родот, мирот и безбедноста – 4+2; Внатрешни безбедносни политики на ЕУ – 3+1; Мирот и евроатлантските интеграции – 1+1) = 6 часа неделно х 15 недели во семестар х 0,03 = 2,70	2,70
	Подготовка на нов предмет: Мирот и евроатлантските интеграции (втор семестар, 2012/13) Предавања – 1 поен, вежби – 0,5	1,50
	Консултации со студенти: 1956 студенти х 0,002 = 3, 912	3,912
	Ментор на дипломска работа: 1 х 0,2 = 0,2	0,2
	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат: 4 х 0,5 = 2	2
	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура: 3 х 0,3 = 0,9	0,9
	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа: 11 х 0,1 = 1,1	1,1

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Вкупно	**75, 762**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
1	**Учесник во национален научен проект**: Проект: **„Родово одговорни буџетски анализи на локално ниво''**. ЦИКП Консалтинг ДОО Скопје, НСРР, CRPM, UN WOMEN, во рамки на меѓународниот научен проект **„Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија''**, финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за соработка и развој. (2016)	3,0
2	**Учесник во меѓународен научен проект:** Проект: **„SE Europe Transnational CSO Coalition for Women and Child Protection Against Human Trafficking and Gender - based Violence-STOP''**. IMPACT, Institute for Research and Social Innovation, funded by the Delegation of the European Union, under the reference: Europe Aid/150147/DH/ACT/PRAREG within the Civil Society Facility and Media Programme. (2016)	5,0
3	**Монографија:** (Автор) **„Технолошкиот прогрес и безбедноста на луѓето''**, Филозофски факултет, Скопје, 2017	8,0
4	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:** **Saltirovska, Z**., (2014), **„Создавање и развој на воена организација на македонското национално- револуционерно движење во предилинденскиот и илинденскиот период''**, (Author), Security Dialogues, vol.5, number 2, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 113-129.	4,0
5	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:** **Saltirovska, Z.,** (2015), **„Human Rights and Democracy in EU Foreign Policy''**, (Author), Security Dialogues, vol.6, number 1, ISSN 1857- 7172,	4,0

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 75-87.	
6	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:** **Saltirovska, Z.,** (2015), **,,EU Policies of Prevention and Dealing with the Volence against Women''**, (Author), Security Dialogues, vol.6, number 2-1, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 413-427.	4,0
7	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:** **Saltirovska, Z.,** (2016), **,,The Development of Private Security and the Dillemas Surrounding the Effects of Private Security Services''**, Security Dialogues, vol.7, number 2, ISSN 1857- 7172, eISSN 1857- 8055, Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace, 81-93.	4,0
8	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:** **Saltirovska, Z.,** (2013), **,, The Position of Women in the Modern Army''**, Contemporary Macedonian Defence, vol.13, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Rebublic of Macedonia, 165- 173.	4,0
9	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно- стручно списание:** **Saltirovska, Z., Dimitrijoska, S.,** (2016), **,, Gender Dimension of Domestic Violence in the Republic of Macedonia'',** Contemporary Macedonian Defence, vol.15, ISSN 1409- 8199, Ministry of Defence Rebublic of Macedonia, 65- 79.	3,6
10	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/ стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:**	4,8

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	Dimitrijoska, S., Buzarovska, G., Saltirovska, Z, (2017), **,,Risk factors for recidivism in juvenile criminal offenders'', 5** Scientific journal with Impact Factor: EUSER- EUROPEAN JOURNAL OF SOCIAL SCIENCES EDUCATION AND RESEARCH, Vol.10, Nr.2, ISSN 2411-9563, May August 2017, 167-174	
11	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/ стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:** **Saltirovska, Z., Dimitrijoska, S.,** (2017), **,, Legal and Institutional Functionality in the Protection of Women- Victims of Domestic Violence in the Republic of Macedonia- Present Situation and Future Perspectives'', 5** Scientific journal with Impact Factor: EUSER, EUROPEAN JOURNAL OF SOCIAL SCIENCES EDUCATION AND RESEARCH, Vol.10, Nr.2, ISSN 2411-9563, May August 2017, 131-140	5,4
12	**Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:** **Saltirovska, Z.,** (2012), **,, Criminal justice reforms in the part of legislature concerned with the protection of women from discrimination and violence'',** International scientific conference ,, Security and Euro- atlantic perspectives of the Balcans'', ISBN 978-608-4532-35-4, COBISS.MK- ID 95271178, vol.1, University ,,St. Kliment Ohridski'', Bitola, 632-647	3,0
13	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:** **Saltirovska, Z.,** (2013), **,,EU Internal Security- Mutual Threats and Approach in coping with them''**, International scientific conference ,, The Balkans between past and future: Security, Conflict Resulution and Euro-atlantic integration'', ISBN 978-608-4532-35-4, COBISS.MK-ID 95271178, vol.1, University ,,St. Kliment Ohridski'', Bitola, 408-422	3,0
14	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:**	3,0

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	Saltirovska, Z., (2014), **,, Internal Security Policies of EU on Prevention and Combating Terrorism'',** , International scientific conference ,,Macedonia and the Balkans, A Hundred Years After the World War I- Security and Euro- atlantic integrations'', COBISS.MK-ID 97703434, vol.2, University ,,St. Kliment Ohridski'', Bitola, 311-324	
15	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:** **Saltirovska, Z.,** (2015), **,,Democracy and Human Rights in the Internal Security Policies of EU- An Imperative to the Security of the Region'',** International scientific conference ,,Researching Security- Approaches, Concepts and Policies'', ISBN 978-608-4532-71-2, COBISS.MK-ID 100973834, vol.1, University ,,St. Kliment Ohridski'', Bitola, 141-153	3,0
16	**Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција:** **Салтировска, З.,** (2012), **,, Вклучување на родовите прашања во националните безбедносни политики'',** Годишен зборник, ISSN 0350-18-92, книга 65, Филозофски факултет на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'', Скопје, 181-192	2,0
17	**Учество на научен/ стручен собир со реферат:** **Saltirovska, Z.,** презентиран труд: **,, The Position of Women in the Modern Army''** на International Scientific Conference ,, Gender Equality and Gender Perspective in Defence and Security'', 23-24 April 2013, Ministry of defence Republic of Macedonia, Skopje	1,0
18	**Учество на научен/ стручен собир со реферат:** **Saltirovska, Z.,** презентиран труд, **,,EU Internal Security- Mutual Threats and Approach in coping with them''**, на International scientific conference ,, The Balkans between past and future: Security, Conflict Resulution and Euro- atlantic integration'', 05-08 June 2013, Ohrid, Republic of Macedonia, University St. Klimet Ohridski- Faculty of security- Skopje.	1,0
19	**Учество на научен/ стручен собир со реферат:** **Saltirovska, Z.,** презентиран труд **,, Internal Security Policies of EU on Prevention and Combating Terrorism'',** на International scientific conference ,,Macedonia and the Balkans, A Hundred Years After the	1,0

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	World War I- Security and Euro- atlantic integrations'', 3-5 June 2014, Ohrid, University ,,St. Kliment Ohridski''- Faculty of security- Skopje	
20	**Учество на научен/ стручен собир со реферат:** **Saltirovska, Z.,** презентиран труд **,, EU Policies of Prevention and Dealing with the Violence against Women'',** на International Scientific Conference ,,Contemporary Security Paradigms and Challenges; Theory and Practice'', 18-19 September 2015, Ohrid, Republic of Macedonia, University ,, Ss. Cyril and Methodius'',Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace studies	1,0
21	**Учество на научен/ стручен собир со реферат:** **Saltirovska, Z.,** презентиран труд **,, The Development of Private Security and the Dillemas Surrounding the Effects of Private Security Services'',** на International Scientific Conference ,,Private security in the XXI century: Expreiences and Challenges'', 15-16 September 2016, Ohrid, Republic of Macedonia, University ,, Ss. Cyril and Methodius'',Skopje, Faculty of Philosophy- Institute of security, defence and peace studies	1,0
	Вкупно	68,8

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1	**Стручна монографија:** **Салтировска, З.,** (2015), **,, Внатрешна безбедност на Европската Унија'',** Филозофски факултет, Скопје	8,0
2	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:** International Scientific Conference: **,,Contemporary Security Paradigms and Challenges: Theory and Practice'',** Ohrid, 18-19 September, 2015, Faculty of Philosophy, Institute for security, defence and peace studies, Skopje.	1,0
3	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:**	1,0

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
	International Scientific Conference: **„Gender Equality and Gender Perspective in Defence and Security'',** Skopje, 23-24 April 2013, Ministry of defence Republic of Macedonia.	
	Вкупно	10

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	75,762
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	68,8
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	10
Вкупно	154,562

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Синиша Даскаловски ср.**
2. **Проф. д-р Митко Котовчевски с.р.**
3. **Проф. д-р Тони Милески с.р.**

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНОНАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА, ГРЧКА И РИМСКА КУЛТУРА, РИМСКА ПРОВИНЦИСКА КУЛТУРА, АРХЕОЛОГИЈА НА БЛИСКИОТ ИСТОК: ЕГИПЕТ, МЕСОПОТАМИЈА, ВАВИЛОН, АСИТИЈА, НУМИЗМАТИКА: ГРЧКА И РИМСКА, НУМИЗМАТИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 5. 5.2017 година, за избор на наставник во сите звања од научните области: класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXVI редовна седница одржана на 1.6.2017 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Марјан Јованов, проф. д-р Драги Митревски и проф. д-р Ратко Дуев.

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р Антонио Јакимовски, доцент на Институтот за историја на уметност и археологија. По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет при Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Антонио Јакимовски е роден на 12.8.1976 г. во Скопје. Додипломските студии ги завршил на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2000 г. Во 2005 год. магистрира на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје со магистерскиот труд под наслов: *Антички светилки од збирката на Музеј на Македонија*. Во 2008 г. ја одбранил докторската дисертација на тема: *Антички светилки од Република Македонија* на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Od 2003 do 2007 godina rabotел vo Muzej na Makedonija pod dogovor za izvr{uvawe stru~ni raboti. Vo u~ebnite 2006/2007 do 2010/2011 godina e anga`iran a Filozofskiot F

факultet -Skopje, на Institutot za istorija na umetnost i arheologija kako stru~wak od praktikata po predmetite:Voved vo arheologija 1 i 2, Rimska arheologija 1 (op{ta), Rimska arheologija 2 (Makedonija), Ranoanti~ka numizmatika i Numizmatika na Rim i rana Vizantija.

Od u~ebnata 2010/2011 e vraboten kako asistent na Filozofskiot fakultet vo Skopje, za nau~nata oblast: klasi~na arheologija: gr~ka i rimska kultura.

Vo 2009 година се здobil co zvaweto docent/nau~en sorabotnik na Institutot za nacionalna istorija, а во 2012 godina ro dobil zvaweto docent na Filozofskiot fakultet vo Skopje, za nau~nata oblast: klasi~na arheologija: gr~ka i rimska kultura.

За време на целиот свој работен ангажман, Антонио Јакимовски има учествувано на голем број научни собири, конференции и конгреси со свои излагања: од 2004 год. до сега на сите редовни симпозиуми на Македонското археолошко научно друштво (осум на број), како и на неколку меѓународни симпозиуми, во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Германија.

Антонио Јакимовски од магистрирањето до денес е учесник и раководител на голем број научноистражувачки проекти, од кои ги издвојуваме: Римски театар Скупи, Сато Бронче, Кралство Македонија, Прилепец – Прилеп, Археолошки катастар, Кале Локвени и др.

Од 2000 год. е член на Македонското археолошко научно друштво, во два мандата е член на претседателството.

Д-р Антонио Јакимовски учествува и во голем број комисии за валоризација на културното наследство, избори во музејски звања, рецензии за научноистражувачки проекти, стручни публикации и сл.

Од 2013 год. е раководител на втор циклус студии на Институтот за историја на уметноста и археологија.

Наставно-образовна дејност

Д-р Антонио Јакимовски од 2011 г. работи при Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Од 2012, тој е доцент за научните области: класична археологија, грчка и римска култура.

Во текот на својот ангажман како доцент, кандидатот Антонио Јакимовски има успешно изведувано предавања и вежби по предметите: Вовед во археологија 1 и 2, Археологија на Блискиот Исток 1 и 2, Римска археологија 1 и 2, Општа нумизматика, Раноантичка нумизматика, Картографија и топографија, Доцноантички утврдувања, Оружје и вооружување.

За наставата од втор циклус студии, доц. д-р Антонио Јакимовски ја подготвил предметната програма на насоката античка археологија, а е и носител на предметите: Архитектонска камена пластика во Македонија во раната антика, Раноантичка керамика во Македонија,Раноантичка нумизматика во Македонија, Античка керамика во Македонија, Античка нумизматика во Македонија.

Доцноантичка керамика во Македонија,Доцноантичка нумизматика во Македонија, Архитектонска камена пластика во Македонија во доцната антика

За наставата од втор циклус студии на насоката историја на уметност, доц. Антонио Јакимовски ја подготвил предметната програма на насоката античка уметност, а е и носител на предметот: Античко керамика.

За предмети од трет циклус студии, кандидатот д-р Антонио Јакимовски ја изработил програмата за предметите: Античка материјална култура и Палеобалкански племиња и народи, Културата на пајонските и македонски заедници и Цивилизациски дострели на македонскиот културен круг.

Од изборот во звањето доцент до денот на пријавувањето на конкурсот, кандидатот е ментор на 60 дипломски работи, ментор е на 5 магистерски трудови, ментор на два докторски труда, а има учествувано и во голем број комисии за одбрана на дипломски работи, магистерски трудови и докторски дисертации.

Тој, исто така, одржува редовно консултации со студентите.

За педагошките аспекти на наставната дејност на д-р Јакимовски, приложени се резултатите од спроведената евалуација на Филозофскиот факултет. Во анкетата на студентите спроведена за предметите Класична археологија, Раноантичка археологија и Античка уметност, ја има добиено **просечната оценка 9, 7**.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Антонио Јакимовски има остварено вкупно **123,07 поени од наставно-образовната дејност,** што значи дека го надминува потребниот минимум од 20 поени кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

Научноистражувачка дејност

Во текот на изборниот период како доцент, д-р Антонио Јакимовски ги има објавено следниве трудови:

1. Антички светилки од Република Македонија, Скопје 2012.

Д-р Јакимовски во овој труд се занимава со обработка на античките светилки пронајдени на територијата на Р Македонија. При тоа изнесува нови научни докази базирани на теренска и кабинетска истражувачка активност, и ја изработува првата темелна типографија на сите досега пронајдени антички светилки во Р Македонија, компарирани со референтна научна литература.

2. Visoka and Staro Bonce, Skopje 2015,

Претставени се резултатите од десетгодишните истражувања на овој регион претпоставениот град Пелагонија, центар/главен град на четвртата македонска мерида.

3. Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2015, Prilep 2015.

Претставени се резултатите од истражувањата од 2013 до 2015 година, на најголемиот антички објект во Република Македонија.

4. Glagolitic inscriptions on ceramic dishes discovered during the archeological excavations in Skupi (Skopje), Moskow 2016.

Обработени се наодите од средновековната населба која се простира над римскиот театар од 10 век. Посебен акцент е даден на два керамички сада, на кои имаме натпис со глаголични букви.

5. The Golden Hoard from Tremnik – Ormankov Grob, Prilep 2016.

Публикуван е еден од најбогатите и највредни наоди досега пронајдени во Р. Македонија. Станува збор за депо/колективен наод со околу 1.

200 грама злато, составен од повеќе парчиња златен накит, изработен во повеќе ралични техники.

6. Висока и Старо Бонче, Скопје 2016.

7. Археолошки истражувања на Римскиот театар во Скупи 2013-2016 година, Скопје 2017

Објавени се комплетните резултати од четиригодишните истражувања на проектот римски театар Скупи.

8. Римски театар Скупи, Римски театар Скупи, Скопје 2017 (прв автор со група автори)

Објавени се комплетните резултати од археолошките истражувања во рамките на проектот Римски театар Скупи, со целосна анализа на архитектурата и наодите пронајдени при овие истражувања.

Доц. д-р Антонио Јакимовски во периодот од 2012 до 2017 год, учествувал на следниве научни и стручни собири со реферати:

- XXI симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, Дојран, 2012;
- XXII симпозиум на Македонското археолошко научно друштво, Виница, 2014;
- меѓународниот симпозиум "XIIth International Colloquium on Roman Provincial Art, Corpus Signorum Imperii Romani" Pula 2012 god
- меѓународниот симпозиум "*Clash of Cultures* , *Going south…*", одржан во Пиран od 4 do 8.12.2013 година,

- меѓународниот симпозиум "*Clash of Cultures — Going North…*" одржан во Манхинг од 285 до 01.06.2014 година;
- меѓународниот симпозиум по повод 35 години Институт за старословенска култура, одржана во Кратово од 9.9 до 11.9.2015 година;
- меѓународниот симпозиум "*Zajedničko nasleđe za zajedničku budućnost"* одржано во Сараево од 19.11 до 21.11.2015 година;
- студиски престој и предавање на Универзитетот Оксфорд, во рамки на римската сесија **Roman Discussion Forum - Trinity 2016,** со предавањето: *The Roman theatre in Scupi : recent finds from excavations*, University of Oxford 2016.
- меѓународниот научен собир: Милениумското зрачење на Св. Климент Охридски, Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје, 2016;
- меѓународниот симпозиум со наслов: Vita est vita, 4th International Symposium of Archaeology, Strumica 2016.

Во периодот 2012-2017 год., доц. д-р Јакимовски бил раководител и учесник во повеќе научноистражувачки проекти:

- Римски театар Скупи

- Старо Бронче

- Кралство Македонија

- Прилепец – Прилеп

- Археолошки катастар

- Кале Локвени

- Јака Чешма и др.

Од анализата на активностите и трудовите на д-р Антонио Јакимовски може да се заклучи дека кандидатот има истражувачки предизвик и резултати од истражувањата во областите со кои научно се занимава и за кои конкурира: класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика.

Согласно со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Антонио Јакимовски остварил вкупно **178,8 поен од научноистражувачката дејност,** со што го надминал минималниот број на поени (20) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

Стручно-апликативна дејност

Во периодот од изборот во звањето доцент, д-р Јакимовски се занимавал и со следниве активности во рамките на стручно-апликативната дејност:

Учествувал во голем број комисии при Министерството за култура на Р. Македонија, за избор, оцена и рецензија на научноистражувачки проекти, рецензии на книги од стручната и поширокатa област, бил раководител на студии од втор степен на Институтот за историја на уметноста и археологија, како и држел предавања на институции од јавен интерес.

Како експерт, д-р Јакимовски изработил:

- рецензија на петнаесетина монографии издадени во периодот од 2015 и 2016 година;
- член е на претседателството на Македонското научно археолошко друштво;
- член е на претседателството на Организациониот одбор на годишниот симпозиум на Македонското археолошко научно друштво;
- уредник на монографијата Римски Театар Скупи;
- член на уреднички одбор на научно стручното списание „Macedonia Acta Archaeologica";
- раководител е на втор циклус студии на Институтот за историја на уметноста и археологија,

Како заклучок од прегледот и увидот во стручно-апликативната дејност на д-р Антонио Јакимовски, членовите на Комисијата со задоволство констатираат дека кандидатот имал голем број активности и дека сите многубројни активности со кои бил ангажиран ги исполнувал совесно, навремено и успешно.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Антонио Јакимовски има освоено вкупно **50,4 поени од стручно-апликативната дејност,** со што го надминува потребниот минимум (5) поени, неопходни за избор во звањето вонреден професор.

Заклучок и предлог

Од наведените активности во извештајот, констатиравме дека станува збор за кандидат кој покажува потврдени професионални квалитети и компентенции од наведените научноистражувачки области.

Според тоа, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека доц. д-р Антонио Јакимовски во целост ги исполнува условите на конкурсот и ги задоволува сите предуслови предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година).

Имајќи ги предвид сите наведени податоци и истакнати квалитети на кандидатот, Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го избере доц. д-р Антонио Јакимовски во звањето ***вонреден професор*** за научните области (дисциплини): класична археологија: грчка и римска култура, римска провинциска култура, археологија на Блискиот Исток: Египет, Месопотамија, Вавилон, Асирија, нумизматика: грчка и римска, нумизматика.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Марјан Јованов, с.р.

Проф. д-р Драги Митревски, с.р.

Проф. д-р Ратко Дуев, с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
(име, татково име и презиме) **Антонио (Никола) Јакимовски**

Институција:
(назив на факултетот/институтот) **Филозофски факултет - Скопје/ Институт за историја на уметност и археологија**

Научна област:

археологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1	**Одржување на предавања (час x 15 x 0.04)**	**61.2**
	Учебна 2012/2013 летен семестар (10 x 15 x 0.04)	6.0
	Учебна 2013/2014 зимски семестар (10 x 15 x 0.04)	6.0
	Учебна 2013/2014 летен семестар (12 x 15 x 0.04)	7.2
	Учебна 2014/2015 зимски семестар (8 x 15 x 0.04)	4.8
	Учебна 2014/2015 летен семестар (14 x 15 x 0.04)	8.4
	Учебна 2015/2016 зимски семестар (12 x 15 x 0.04)	7.2
	Учебна 2015/2016 летен семестар (12 x 15 x 0.04)	7.2
	Учебна 2016/2017 зимски семестар (14 x 15 x 0.04)	8.4
	Учебна 2016/2017 летен семестар (10 x 15 x 0.04)	6.0
2	**Одржување на вежби (час x 15 x 0.03)**	**27.9**
	Учебна 2012/2013 летен семестар (6 x 15 x 0.03)	2.7
	Учебна 2013/2014 зимски семестар (6 x 15 x 0.03)	2.7
	Учебна 2013/2014 летен семестар (8 x 15 x 0.03)	3.6
	Учебна 2014/2015 зимски семестар (4 x 15 x 0.03)	1.8

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Учебна 2014/2015 летен семестар (8 x 15 x 0.03)	3.6
	Учебна 2015/2016 зимски семестар (8 x 15 x 0.03)	3.6
	Учебна 2015/2016 летен семестар (8 x 15 x 0.03)	3.6
	Учебна 2016/2017 зимски семестар (8 x 15 x 0.03)	3.6
	Учебна 2016/2017 летен семестар (6 x 15 x 0.03)	2.7
3	**Подготовка на нов предмет (предавања+вежби)**	**13.5**
	Архитектонска камена пластика во Македонија во раната антика (втор циклус)	1.5
	Раноантичка керамика во Македонија (втор циклус)	1.5
	Раноантичка нумизматика во Македонија (втор циклус)	1.5
	Архитектонска камена пластика во Македонија во антиката (втор циклус)	1.5
	Античка керамика во Македонија (втор циклус)	1.5
	Античка нумизматика во Македонија (втор циклус)	1.5
	Архитектонска камена пластика во Македонија во доцната антика (втор циклус)	1.5
	Доцноантичка керамика во Македонија (втор циклус)	1.5
	Доцноантичка нумизматика во Македонија (втор циклус)	1.5
4	**Консултации со студенти (135 x 0.002 студенти)**	**0.270**
5	**Ментор на дипломска работа (60 x 0.2)**	**12.0**
6	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2 x 0.5)**	**1.0**
7	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (5 x 0.3)**	**1.5**
8	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (57 x 0.1)**	**5.7**
	Вкупно	**123.07**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научно-истражувачка):	Поени
1	**Ментор на докторска дисертација (2 x 3.0)**	**6.0**
2	**Ментор на магистерска работа (5 x 1.0)**	**5.0**
3	**Раководител на национален научен проект (15 x 6)**	**90.0**
4	**Монографија**	**15.2**
	Антонио Јакимовски, Антички светилки во Република Македонија, Министерство за култура, Скопје 2012	8.0
	Viktor Lilcikj Adams-Antonio Jakimovski, Visoka and Staro Bonce, Center of the Kingdom of Pelagonia and the royal tomb of Pavla Cuka, Skopje 2015	7.2
5	**Дел од монографија**	**4.8**
	Римски театар Скупи, Скопје 2017 (11 автори)	4.8
6	**Трудови со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание со меѓународен научен одбор**	**28.8**
	Antonio Jakimovski, **Das königliche makedonische Grab in der Nähe von Bonče**, Folia archaeologica Balcanica, Skopje 2012.	6.0
	Antonio Jakimovski, **Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2015**, Balcanoslavica Vol. 40-44, Prilep 2015,177-182.	6.0
	Antonio Jakimovski, Igor Tolevski, **Glagolitic inscriptions on ceramic dishes discovered during the archeological excavations in Skupi (Skopje)**, Slověne = Словѣне, International Journal of Slavic Studies, Vol.5 No 2, Moskow 2016, 1-19.	5.4 +и.ф
	Marjan Jovanov, Antonio Jakimovski, **The Golden Hoard from Tremnik – Ormankov Grob**, Balcanoslavica Vol. 45, Prilep 2016, 125 - 133	5.4
	Antonio Jakimovski, **Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2015**, Balcanoslavica Vol. 40-44, Prilep 2015,177-182.	6.0

Ред. број	Назив на активноста (научно-истражувачка):	Поени
7	**Секциски предавања на научен/стручен собир**	**5.0**
	XXII симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014, реферат: Антички театар Скупи 2013-2014	1.0
	XXII симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014, реферат: Прилог кон датирањето на виничките икони	1.0
	XXII симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014, реферат: Дрма-Бадер, истражувања 2014 година	1.0
	XXI симпозиум на МАНД, Дојран, 17-19 октомври 2012, реферат: Статуите од градбата со арки – римски форум	1.0
	XXI симпозиум на МАНД, Дојран, 17-19 октомври 2012, реферат: Раноантичка некропола Грамаќе-Старо Бонче	1.0
8	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	**21.0**
	XIIth International Colloquium on Roman Provincial Art, Corpus Signorum Imperii Romani" реферат: **Statues from the Roman Forum – Stobi.** Одржан во Пула 2012.	3.0
	Clash of Cultures , *Going south, одржан во Пиран* 4 до 8.12.2013 година, реферат: "**Macedonian tomb from Staro Bonče.** "	3.0
	"*Clash of Cultures — Going North...*" одржан во Манхинг од 28.05 до 01.06.2014 година, реферат: "**Antigonea on Axios: A New Theory on its Ubikation.** "	3.0
	Симпозиум по повод 35 години од Институтот за старословенска култура, одржан во Кратово од 09.09 до 11. 9.2015 година, реферат: „Антички театар Скупи – истражувања 2013-2015 година	3.0
	"*Zajedničko nasleđe za zajedničku budućnost"* одржан во Сараево од 19.11 до 21.11.2015 година, реферат: "**Rimski teatar Skupi.**"	3.0
	Милениумското зрачење на Св. Климент Охридски, Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ) Скопје 2016, реферат: **Глаголички букви врежани на средновековни грнинја од Скупи**	3.0

Ред. број	Назив на активноста (научно-истражувачка):	Поени
	Vita est vita, 4th International Symposium of Archaeology, реферат: **Archaeological Research of the Roman Theatre at Scupi 2013-2016**, Strumica 2016	3.0
9	**Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет**	**3.0**
	Roman Discussion Forum - Trinity 2016, реферат: *The Roman theatre in Scupi : recent finds from excavations*, University of Oxford 2016	3.0
	Вкупно	**178.8**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1	**Експертски активности**	**13.00**
	Рецензент на 13 книги	13.0
	ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	
1	**Уредник на зборник на трудови**	**1.0**
	Римски театар Скупи, Скопје 2017	1.00
2	**Член на организационен одбор на научен/стручен собир**	**0.5**
	XXII Симпозиум на МАНД, Виница, 27-29 ноември 2014	0.5
3	**Член на комисија за избор во звање (2 x 0.2)**	**0.4**
4	**Учество во комисии и тела на државни и други органи (4 x 1)**	**4.0**
5	**Студиски престој во странство**	**1.5**
	University of Oxford (2016)	0.5
	Univerza na Primorskem (2013)	0.5
	Kelten römer museum manching	0.5

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
6	**Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект**	**30.0**
	Носител на 15 проекти	30
	Вкупно	**50.4**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**123,07**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**178,8**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**50,4**
Вкупно	**352,27**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Јованов, с.р.

Проф. д-р Драги Митревски, с.р.

Проф. д-р Ратко Дуев, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

„РОДОВАТА ДИМЕНЗИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД М-Р МАЈА МАНЧЕВСКА,

ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на својата редовна седница одржана на 19.12.2016, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Манчевска со наслов , Родовата димензија на политичката партиципација во Европската Унија и Република Македонија“, во состав: проф. д-р Антонела Петковска (претседател), проф. д-р Милева Ѓуровска (ментор), проф. д-р Весна Димитриевска (член), проф. д-р Ило Трајковски (член) и проф. д-р Константин Миноски (член). Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот на Филозофскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Манчевска, со наслов „Родовата димензија на политичката партиципација во Европската Унија и Република Македонија“, содржи 300 страници компјутерски обработен текст во фонт ариал, со 1,5 проред и големина на букви 12, со фусноти, 200 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и над 300 интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Основниот проблем на истражувањето претставува општествениот контекст за постигнување родова рамноправност во Европската Унија и во Република Македонија, особено во однос на вклученоста на жените во политичките партии, како и политиките на локално, национално и регионално ниво. Предметот на истражување се насочува кон европските политики за постигнување на родова рамноправнст. Попрецизно, родовата димензија се однесува на истражување на специфичностите на дејствувањето на мажите и жените во доменот на политиката, нивната застапеност на локално и на национално ниво, на мерките за обезбедување пристап на жените до структурите на моќ и одлучување. Посебно внимание е посветено на концептот на жени лидерки во политичката сфера. Предмет на анализа претставуваат и политичките партии кои како организации покажуваат поголема конзервативност од самите политички институции во

кои сè почесто се инкорпорираат принципите за остварување на поголема родова рамноправност. Генеричкиот поим на политиката и легалната рамка на современите демократски политички системи во формалноправниот аспект се родово неутрални, т.е. не содржат родова перспектива (родова сензибилност) иако политичката практика го покажува токму спротивното. Политиката била, а и сè уште е, домен во кој главните одлуки ги донесуваат мажите, но консеквенциите се однесуваат за целото општество - констатира кандидатката во определувањето на предметната рамка на истражувањето. Надоврзувајќи се на теориските дискурс за природата на политиката и на политичките партии, кандидатката забележува дека формалноправниот контекст е неопходен за да се обезбедат минимални правни основи за активирање на жените во политиката, меѓутоа тој не е доволен за во реалноста да се оствари подеднаква родова застапеност. Во доменот на политиката, принципот на еднакви можности не ги дава очекуваните резултати.

Првата глава од докторската дисертација со наслов: „Теоретски пристап кон родовата димензија на политичката партиципација“ претставува обид да се расветлат определени методолошки и епистемолошки принципи на политичките науки кои покажале висок степен на т.н родово слепило. Така, во педесеттите години од 20 век, родовото слепило се согледува во присутноста на нискиот процент на студентки, речиси целосна превласт на машкиот пол во професорските редови и отсуството на родовата перспектива во истражувањата. Во продолжение се претставуваат тематските продори на т.н. родова перспектива во политичките науки преку кои се надминуваат баририте поставени од позитивистички ориентираните науки каде што немало простор за феминистичките анализи и обратно, не постоела желба кај феминистките да дејствуваат според принципите на вака поставената наука. Во тој контекст се дава образложение за долгото траење на нетрпеливоста меѓу родот и политиката.

Терискиот пристап за родовата димензија на политичката партиципација го оформуваат различни правци и школи. Главно се разликуваат две групи на теоретичари. Во едната група припаѓаат оние што заговараат пошироко поимање на политичката партиципација на жените, т.е. за политичка партиципација го сметаат дејствувањето на жените во рамките на социјалните движења, политичките партии, гласањето на изборите, учеството во јавните политики и во други облици на дејствување. Втората група на теоретичари се залагаат за потесно поимање на политичката партиципација сведувајќи го политичкото дејстување на жените во рамките на институциите. Меѓутоа, прашањето за интеграцијата за родовата димензија за политичката партиципација сè уште останува отворено прашање кое ја наметнува потребата од редефинирање на самиот поим на политичкото, односно исправното политичко однесување без чиј одговор жените продолжуваат да дејствуваат во политиката на начин кој го практикувале мажите, т.е. на машки начин. Во однос на тоа се заклучува дека: недостатокот од промислување на разликите меѓу женскиот и машкиот начин на дејствување од страна на политичките науки е главно резултат на избегнување да се преиспитаат причините за состојбата, да се прифати затечениот поредок како природен поредок, како и тенденција да се префрли вината врз жртвите на таквата состојба. Во продолжение на истото поглавје се разработуваат теориските основи на феминизмот и неговата улога во политичкото активирање на жените.

Втората глава е посветена на дефинирање на родот и полот како преттекст за истражување на родовата димензија на политичката партиципација. Во проучувањето на родот, општествените науки веќе имаат акумулирано многу сознанија кои во дисертацијата се претставени на соодветен начин. Се истакнува опасноста која се крие доколку родот се сведе само на психолошките, социјалните и културните аспекти на женскоста и машкоста. Биолошката и социјалната димензија на мажите и жените не можат да бидат раздвоени во еден едноставен концепт за родот кој единствено ги акцентира културолошките разлики пренесени преку социјализацијата.

Третата глава од докторската дисертација со наслов: „Родовите политики во Европската Унија," разработува проблеми поврзани со квалитетот на одлуките што се донесуваат кога мнозинството се жени. Наведувајќи определени истражувања од овој домен, кандидатката заклучува дека жените ја внесуваат во политиката социјалната димензија и семејството кои биле значително запоставени од мажите. Поголемата вклученост на жените во донесувањето на одлуките ја зголемува конкуренцијата во овој домен, а со тоа и дебатите добиваат поинаква насока. Во истото поглавје, дефиниран е родовиот јаз во доменот на политика со кој се мери застапеноста на жените во доменот на политиката. Во продолжение се претставени европските политики за постигнување на родова рамноправност, а меѓу нив особено се истакнати: Стратегијата за еднаквост меѓу жените и мажите (2010-2015), Стратешко ангажирање за родова рамноправност 2016-2019 и други релевантни политики. Ова поглавје изобилува со статистички податоци за застапеноста на жените во Европскиот парламент, како и застапеноста на жените во националните парламенти, со што се дава преглед на современите тенденции на вклучувањето на жените во политиката. Станува збор за тенденција со прогресивна насока во поглед на политичката партиципација на жените во Европа, но и во целиот свет. Поодделно е претставена политичката партиципација на жените на институционалните нивоа во ЕУ, и тоа: Европскиот парламент, националните парламенти на државите членки на ЕУ, Европската комисија, градоначалничките функции, претседателските и премиерските функции на државите членки на ЕУ.

Четвртото поглавје од докторската дисертација е посветено на родовата рамноправност во Република Македонија. Најпрво анализата опфаќа податоци за политичката партиципација на жените кои покажуваат дека Македонија е меѓу првите 20 држави во Европа со оглед на бројот на жени парламентарки и советници во општинските собранија. Меѓутоа, напорите да се зголеми политичкото учество на жените во локалните и националните власти сè уште не ги даваат очекуваните резултати. Се истакнува во повеќе наврати дека специфичност на родовата димензија на политичката партиципација во РМ е системот на квоти преку кои се обезбедува учество од најмалку 30%, а на последните избори 40% на жените во Собранието, како и на советничките листи на локално ниво. Во истата глава е даден историски преглед на жените на високи функции во РМ од осамостојувањето до денес. Од користените архивски податоци се наведува заклучокот дека до 2016 година Македонија имала 17 министерки и 187 министри. Со оглед на изборната легислатива во Македонија не недостига формалноправна база за вклучување на жените во политичкиот живот. Но во реалноста се забележува родов јаз кој резултира од нееднаквите можности на жените во повеќе домени, меѓу кои политиката се издвојува како подрачје каде што се

регистрираат значителни разлики. Особено е значен родовиот јаз во политичките партии каде што жените партиски лидери се незначително застапени. Исто така, значително висок родов јаз се забележува во кандидтите за градоначалници што се аргументира со статистички показатели. Во продолжение, кандидатката изнесува ставови на определени клучни личности – експерти од подрачјето со кои е водено длабинско интервју. Ставовите на интервјуирани 20 лица (пратеници во парламент, претставници на граѓански здруженија, високи функциониери на извршната власт, судии). Меѓу поставените прашања е и прашањето за незадоволителното ниво на учество на жените во политиката. Недоволното учество на жената во јавниот и политичкиот живот се објаснува со незаинтересираноста на жените за учество во креирањето на јавните политики на локално ниво, но и непостоењето на политичка волја од локалните власти за вклучување на жените во политичкиот и јавниот живот. Речиси сите интервјуирани се согласиле со фактот за големата улога на стереотипите кои влијаат на политичкото активирање на жените. Патријархатот, традиционално дефинираните женски улоги и другите културолошки бариери влијаат врз политичката партиципација на жените. На крајот од ова поглавје се разработува законската регулатива за постигнување на родова рамноправност во македонското општеството, со посебен осврт на легислативата која стриктно се однесува на создавање на поволни правни услови за вклучување на жените во политичкиот живот.

Петтото поглавје со наслов: „Законска регулатива," опфаќа проблеми поврзани со механизмите за постигнување на поголема родова застапеност. Освен легислативата која претставува едно од најмоќните орудија во тенденцијата за постигнување на родова рамноправност, подетално се разработени политиките и стратегиите во Европската Унија и во Република Македонија. Исто така, детално се разработени промените надвор од изборниот законик на Република Македонија, со што се прави историски осврт на иницијативите за остварување на повисок степен на политичка партиципација.

Шестото поглавје е посветено на системот на квоти каде што се истакнува значењето и ефектите на оваа политика во постигнување на родов баланс во доменот на политиката. Се истакнува дека родовите квоти се релативно нов механизам чија цел е активирањето на жените во демократскиот процес преку воведување одредено ниво на застапеност на жените меѓу политичките кандидати или лидерски позиции. Родовите квоти не се само институционални механизми за добивање повеќе жени на функции, туку претставуваат и политички симболи на вредноста и значењето што владите им го придаваат на родова еднаквост и на демократскиот процес, кој вклучува родова димензија. Исто така, родовите квоти ги преструктурираат ставовите, вредностите и идеите за улогата на жените во политиката и можат да бидат моќен симбол на демократијата и правдата надвор од националните граници. Освен историската димензија на воведувањето на квотите, се анализира и хоризонталната дистрибуција на овој механизам на политички избори во Европа и во светот. Во заклучните согледувања е извршена синтеза на сознанијата до кои е дојдено преку теориската елаборација и теренското истражување кое опфати анализа на архивите на Собранието на Република Македонија и длабинско интервју со 20 клучни личности-експерти кои дејствувале во сферата на политиката или кои работат на елаборацијата на овие прашања.

Предмет на истражување

(текст)

Основен предмет на истражување е родот и политичката партиципација, односно застапеноста на мажите и жените во процесите на политичкото одлучување на различни нивоа. Посебен предмет на анализа е политичката застапеност на жените и мажите во институциите на Европската Унија (Европската комисија, Европскиот парламент, локалната самоуправа), позитивната дискриминација како принцип на политичко активирање на помалку застапените групи и политичката партиципација во Република Македонија (легислатива, состојби, мерки, перспективи);

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

(текст)

Дисертацијата е во доменот на европските студии за интеграција кои имаат интер-дисциплинарен карактер. Трудот значително навлегува кон хуманистичките науки, особено во сегментот на човековите права и слободи, еднаков третман на припадниците на различни групи. Од исклучителна важност за развивање на тезите беше навлегувањето во доменот на политикологијата која се покажа како неопходна рамка за дефинирање на политичката партиципација и изборните политички системи. Во секое од овие подрачја во кои навлегува докторската дисертација, проблемот на родовата димензија на политичката партиципација не бил доволно проучуван.

Краток опис на применетите методи

(текст)

Значителен дел од докторската дисертација претставува теориска анализа која е заснована на принципите на општата научна методологија на елаборација и експликација. Од доменот на општествените науки употребен е квалитативниот метод, а како техника се користи длабинско интервју што целосно соодветствува со целите на истражувањето. Исто така, се употребува и компаративниот метод во делот каде што се споредуваат државите со оглед на некои индикатори за родовиот јаз и политичката партиципација.

Краток опис на резултатите од истражувањето

(текст)

Меѓу главните придобивки на дисертацијата е претставувањето на состојбите (општествениот амбиент) во кои се остварува продор на жените во политичката сфера. Трудот изобилува со статистички показатели за учеството на жените и мажите на различни инстанции на моќ во Европската Унија, но и за секоја држава членка поединечно. Исто така, се претставени и систематизирани архивски податоци за состојбите со политичката партиципација во Република Македонија (историска перспектива и актуелни состојби) кои досега не биле предмет на систематска анализа. Особено заслужува внимание сеопфатната анализа на системот на квоти во политиката

кој се применува речиси во цел свет. Квалитативното истражување и ставовите на испитаниците дале можност да се збогати анализата, меѓутоа не придонесувајќи за силна аргументација на поставените тези.

Оцена на трудот

Докторската дисертација претставува анализа на еден многу сложен проблем каков што претставува родовата димензија на политичката партиципација. Сложеноста произлегува од природата на самиот проблем кој вклучува варијабли од повеќе научни подрачја (европеистика, социологија, хуманистички науки, политички науки). Исто така, станува збор за проблем кој е незначително проучуван во наведените области и биле потребни посебни напори да се помине низ содржните на подрачјата за да се изгради еден нов, оригинален пристап кон поставениот проблем. Актуелноста на проблематиката и малата временска дистанија од интензивните процеси на политичка инклузија на жените придонесле за доминацијата на хоризонталната аналитичка димензија – видливо е изобилието на факти кои даваат можност за донесување на определени заклучоци каде до израз доаѓа поребата од теориско обмислување на проблемот. Емпириските факти и обилието од статистички податоции зборуваат за тоа дека родовата димензија на политичката партиципација јасно ги покажува предностите и ефектите од родовиот еквилибриум во процесите на донесување на политички одлуки со што родовата димнзија на политичката партиципација ќе ги менува традиционалните политички концепти, но и полички практики - на што јасно е упатено во оваа докторска дисертација. Трудот има своја систематичност во редоследот на елборирање на содржините и покрај разновидноста на проблемите од теориска е емпириска природа.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Манчевска, со наслов ,,Родовата димензија на политичката партиципација во Европската Унија и Република Македонија“, претставува истражување во европските студии и политчките науки (се наведува научното подрачје/потесната област). Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел истражување на состојбите во поглед на вклученоста на жените и мажите во процесот на донесување на одлуки на сите нивоа на политичко дејствување, да го истражи општествениот (културниот) контекст и факторите кои влијаат врз состојбите, последиците, политиките и мерките за надминување на таквите состојби (се наведува целта и очекуваниот научен придонес).

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Манчевска, со наслов „Родовата димензија на политичката партиципација во Европската Унија и Република Македонија“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд и затоа се предлага незина усна одбрана.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автор-и: „ _____ “, објавен: _____ (назив на списанието, број, датум, импакт-фактор...)

Автор-и: „ _____ “, објавен: _____ (назив на списанието, број, датум, импакт-фактор...)

Заклучок и предлог

Со оглед на тоа дека докторската дисертација изобилува со анализи и податоци релевантни за истражуваниот проблем за кои членови од Комисијата се изјаснија дека ги задоволува неопходните методолошки и стручни аспекти, се предлага таа да оди во натамошна процедура, т.е. се предлага усна одбрана.

Главни научни придонеси на кандидатката се: претставувањето на состојбите (општествениот амбиент) во кои се остварува продор на жените во политичката сфера како прилог кон повеќе дисциплини кои досега ги третирале родовите аспекти, но и во домени каде што овие анализи немаат традиција какви што се политичките науки.

Подрачје на примена и ограничувања се: станува збор за нов концепт од интердисциплинарен карактер; прилог кон конструкција на концептот за родава партиципација во повеќе науки.

Можни понатамошни истражувања се: станува збор за почетни истражувања на проблемот, кои понатаму ќе иницираат нови.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Милева Ѓуровска, менторка с.р.

Проф. д-р Антонела Петковска, член с.р.

Проф. д-р Весна Димитриевска, член с.р.

Проф. д-р Ило Трајковски, член с.р.

Проф. д-р Константин Миноски, член с.р.

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

2. Магистерски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Оливера Никодиновска	„Менаџментот на човечки ресурси во мултинационалните компании-пристапот кон обуките и развојот на вработените“	„Human Resources Management in Multinational Companies - Training and Development of Employees“	проф. д-р Анета Баракоска	27. VI 2017 година Бр. 10-1204/17
2.	Нита Старова Спироска	„Клучните чинители на германската мека моќ во Република Македонија и начините на нивно делување“	„Key Actors of the German Soft Power in Republic of Macedonia and the Means of their Action“	проф. д-р Лидија Георгиева	27. VI 2017 година Бр. 10-1161/17
3.	Ема Јакимовска	„Концептот на јавната дипломатија на САД во времето на Обама“	„The Concept of U.S. Public Diplomacy under the Obrama Administration“	доц. д-р Тања Милошевска	27. VI 2017 година Бр. 10-868/17
4.	Сања Несторовска	„Импликациите на глобалниот тероризам за мисиите и персоналот на Организацијата на Обединети нации“	„The Implication of Global Terrorism for UN-filed Missions and Personnel“	доц. д-р Тања Милошевска	27. VI 2017 година Бр. 10-1162/17
5.	Андреа Велинова	„Карактерни квалитети и постојана свесност кај практикувачи и непрактикувачи на јога“	„Character strengths and Mindfulness in yoga Practitioners and Non-yoga Practitioners“	проф. д-р Благоја Јанаков	27. VI 2017 година Бр. 10-1190/17
6.	Бљерта Јакупи	„Перцепција на родителско однесување, социоемоционална приврзаност за родителите и неадаптивни когнитивни стилови кај адолесценти од македонска и албанска етничка припадност“	„Perception of Parental Behavior, Socio-emotional Connection with Parents, and Cognitive Styles among Adolescents from Macedonian and Albanian Nationality“	проф. д-р Ана Фрицханд	27. VI 2017 година Бр. 10-1167/17

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: **НАРОДНА КНИЖЕВНОСТ** И **ТЕОРИЈА И ИСТОРИЈА НА ЦИВИЛИЗАЦИЈАТА**, НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата единаесетта редовна седница, одржана на 21.6.2017 година година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор на д-р Нина Анастасова Шкрињариќ во звањето **редовен професор** во наставно-научните области: ***народна книжевност*** и ***теорија и историја на цивилизацијата.***

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го доставиме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот распишан во весникот *Нова Македонија* (на 31. 05. 2017 година) од страна на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (по предлог на деканот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје), за **избор на еден наставник (во сите звања) во наставо-научните области: *народна книжевност* и *теорија и историја на цивилизацијата*** – се пријави д-р Нина Анастасова Шкрињариќ, досегашен редовен професор на истиот Факултет, по предметите: *Народна македонска поезија* (задолжителен); *Народна македонска проза* (задолжителен); *Народна книжевност 1* (втор изборен модул); *Народна книжевност 2* (втор изборен

модул); *Митопоетика* (слободен изборен); *Словенска митологија* (слободен изборен); *Психоаналитички концепти во фолклорот* (изборен).

Нина Анастасова Шкрињариќ е родена во Скопје на 19.3.1963 година. Основно училиште и гимназија завршила во родниот град. Дипломирала на групата за *општа и компаративна книжевност* при Филолошкиот факултет во Скопје со просек 9,84, а во 1988 година се вработила на Филолошкиот факултет како асистент по предметот *Народна книжевност* при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (претходно, една година работи како стажант, со обврска да изработи стажантски труд на тема која се однесува на митолошкиот фолклор).

Постдипломските студии од областа на македонистиката (македонската книжевност) ги завршила со највисок успех, а по одбраната на магистерската дисертација на тема *Собирачкото дело на Панајот Ѓиноски (со посебен осврт на записите на народни песни)* во 1995 год. е избрана во звањето асистент по предметот *Народна книжевност*. Докторската дисертација со наслов *Македонската митолошка народна поезија (политеистички тенденции)* ја одбранила во 2002 година, по што се здобила со звањето доктор по филолошки науки.

По изборот во звањето **доцент** (во 2003 год), наставниот ангажман на Анастасова-Шкрињариќ при Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности, ја опфаќа наставата по предметите: *Увод во македонска книжевност (Митопоетика* и Словенска митологија), *Македонска народна книжевност (Македонска народна поезија* и *Македонска народна проза),* и изборните предмети: *Психоаналитички концепти во фолклорот, Македонска книжевност 1, Македонска книжевност 3, Балкански фолклор, Интерпретација на текстови од македонската народна книжевност.*

Во периодот по стекнувањето на доцентското звање, Нина Анастасова Шкрињариќ беше ангажирана околу 4 новововедени предмети на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности: таа го профилираше и димензионираше новововедениот предмет *Увод во македонска книжевност (Митопоетика* и *Словенска митологија),* а за потребите на наставата по овие предмети, во меѓувреме подготви и соодветни стручни изданија (книгите *Митски координати* и *Словенски пантеон,* кои можат да се третираат како прирачници за овие предмети). Како наполно нов курс го профилираше и предметот *Психоаналитички концепти во фолклорот* (за кој, исто така, го изготви прирачникот *Триножникот на Цепенков и каучот на Фројд – психоаналитички концепти во фолклорот*).

На 26.12.2007 год. е избрана во звањето **вонреден професор** за предметите: *Увод во македонска книжевност, Македонска народна книжевност (македонска народна поезија и македонска народна проза); Психоаналитички концепти во фолклорот* и *Македонска книжевност 1.*

На 19.10.2012 година е донесена одлуката за избор во звањето **редовен професор** по предметите: *Народна македонска поезија, Народна македонска проза, Народна книжевност 1 (втор изборен модул), Народна книжевност 2 (втор изборен модул), Митопоетика, Словенска митологија и психоаналитички концепти во фолклорот* (решението стапува во сила на 25.11.2012).

Наставно-образовната дејност која д-р Нина Анастасова Шкрињариќ ја изведува на Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности при Филолошкиот факултет во Скопје, покрај наставата на *додипломски студии* **(првиот циклус студии),** ја опфаќа и наставата на *постдипломски студии* **(втор и трет циклус студии).**

Во ***наставата од вториот циклус студии,*** Анастасова-Шкрињариќ е ангажирана околу изведувањето на часовите по предметите: *Македонска книжевност /Народна книжевност* (заедно со група професори)*; Митолошеми и ритуалеми во македонскиот фолклор* (како изборен предмет) и *Техники на научно-истражувачка работа* (со група професори).

Во рамките на ***наставата од третиот циклус студии***, проф. Анастасова-Шкрињариќ е задолжена за предметите: *Народна книжевност* (како задолжителен предмет) и *Антропологија на обредот – ритуалните жртви во македонскиот фолклор* (како изборен предмет).

Други наставни и воннаставни активности: проф. Нина Анастасова-Шкрињариќ држи и **предавања** на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, а во повеќе наврати е ангажирана и околу одржувањето на **курсеви на Летната школа** на овој Меѓународен семинар.

Надвор од наставните активности, проф. Анастасова-Шкрињариќ е ангажирана и во разни **воннаставни активности** на Факултетот: во два наврата ја извршувала функцијата *заменик-шеф на Катедрата* за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (2006-2010 год.), исто така во два мандата ја извршувала должноста *секретар на Одборот за постдипломски студии* при Катедрата за македонска книжевност (2010-2012 год.), а во моментов (од 2015. година) е актуелен раководител на Наставно-научниот колегиум за вториот циклус студии на научната област македонска книжевност.

Членувала и во разни комисии и работни групи при Катедрата, а во повеќе наврати членува во комисијата за годишен попис на Филолошкиот факултет, со повеќекратно учество во комисијата за попис на библиотечниот фонд. Членувала и во редакциски одбори за публикување на зборници од собири и симпозиуми, како што е *Зборникот од Научниот собир посветен на проф. д-р* Т. Саздов (Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2012).

Стручно-научна дејност:

Анастасова-Шкрињариќ е автор на повеќе книги, предговори и поговори за стручно-научни и книжевно-уметнички изданија. Таа досега објавила вкупно **11 авторски книги (9 стручно-научни книги и 2 збирки поезија)**. Својот придонес за македонската наука го остварила со следниве самостојни стручно-научни и авторски изданија:

1.Панајот Ѓиноски – истражувачки релации (Менора: 1999)

2.Словенски пантеон /словенскиот политеизам: pro et contra/, (Менора:2002);

3. *Кралимарковиот циклус - на чекор до епопеја* (Табернакул: 2007).

4. *Митски координати /митолошки толковник/* (Македонска реч: 2008)

5. *Фолклорни социјални фосили (социо-антрополошки студии за фолклорот)* (Македоника литера: 2011)

6. *Триножникот на Цепенков и каучот на Фројд (психоаналитички концепти во фолклорот),* (Македонска реч: 2011).

7. *Фолклорологија: книжевно-теориски и книжевно-историски студии за фолклорот*, кн.1 (Табернакул: 2017)

8. *Перуновата стрела (громовитиот бој – како богот Перун го победи богот Велес),* Табернакул: 2017.

9. *Сончевото тркало (соларниот код во календарските празници*), (Македоника литера: 2017).

Нина Анастасова-Шкрињариќ се појавува и **во учебникарството** како **автор и коавтор на повеќе учебници и прирачници** за основните и средните училишта, како и за потребите на Семинарот за македонски јазик, литература и култура. Како коавтор има учествувано во реализацијата на **два учебника** и **еден прирачник**:

1. *Учебник по македонски јазик за шесто одделение* - коавторски труд со Виолета Димова и Гордана Алексовска (Табернакул:2001),

2. *Учебник по македонски јазик и литература за прва година реформирано образование* – коавторски труд со Добрила Миловска и Симон Саздов (Табернакул:2006).

3. *Прирачник по средновековна и народна македонска книжевност* - коавторски труд со Добрила Миловска (Универзитет „Свети Кирил и Методиј“, Скопје, 2007).

Во моментов работи на изготвувањето на нов и ревидиран учебник по предметот *Народна книжевност,* кој кореспондира со најновите истражувачко-толкувачки тенденции во светската фолклористика (изработката на двата дела од овој пообемен фолклористички прирачник кој треба целосно да ја покрие наставата по предметите *Народна поезија и Народна проза*, по двегодишна интензивна работа, се наоѓа во завршна фаза, а учебникот се очекува да излезе од печат на почетокот на 2018 година).

Анастасова-Шкрињариќ се јавува и како автор на повеќе **предговори** и **поговори** кон стручни изданија**.** Меѓу предговорите и поговорите кон преводните (и други) изданија, ги издвојуваме следниве наслови:

1**. „**Биографија на една книга“, предговор кон македонскиот превод на книгата на Владимир Проп: *Морфологија на сказната (*Скопје, Македонска реч, 2009).

2. „Археологија на сказната (палеонтолошко истражување на волшебната приказна“, предговор кон македонскиот превод на книгата на Владимир Проп: *Историски корени на волшебната приказна* (Скопје, Македонска реч, 2011).

3. „Трите лица на древната божица (митската прамајка и аспектот *тројство*“, предговор кон книгата на Нешка Николова: *Култот на големата мајка* (Скопје, Македоника литера, 2011).

4. „Милениумско патување на една порака“, поговор кон: Милован Стефановски: *Адам од Говрелево,* Скопје, Просветно дело и Детска радост, 2010.

5. „Универзалниот јазик на сказните“, поговор кон изданието: *Нордиски народни приказни* (избор: Вибеке Стибе), Скопје*, Македонска реч*, 2011.

6. „Кога дрвјата зборуваат, а камењата шепотат свети тајни (анимизмот како основна митска супстанција во сказните“, предговор кон книгата на Р. Нешковска Славковска: *Анимистички концепти во сказните* (Македоника литера: 2017).

7. „Змејови и змејски синови (божествено-царските тронови на Истокот vs самракот на змејовите на Западот)“, предговор кон книгата на Весна Крстиќ Андреевска: *Архетипот на змејот во македонската и во кинеската народна традиција* (Македоника литера: 2017).

Со свој авторски прилог таа учествува и во антологијата на македонската литература објавена на полски јазик: *Folklor macedonski - monumentalny dialog z przodkami*, vo: *ŻEGLARZE PAMIĘCI (Antologija współczesnej literatury macedońskiej/ Антологија на македонската литература на полски јазик)*. – (Poznań: *Uniwesytet Im. Adama Mickiewicza*, 2009).

Во однос на стручно-научната активa, вреди да се истакне дека Нина Анастасова-Шкрињариќ се јавува и како стручен редактор на повеќе значајни фолклористички и книжевно-теориски изданија:

1. стручен редактор на македонскиот превод на делото на Владимир Проп: *Морфологија на сказната* (Скопје, Македонска реч, 2009);

2. стручен редактор на македонскиот превод на делото на Владимир Проп: *Историски корени на волшебната приказна* (Скопје, Македонска реч, 2011);

3. стручен редактор на изданието: *Нордиски народни приказни* /избор: Вибеке Стибе/ (Скопје, *Македонска реч*, 2011)

4. член на стручната редакција на изданието: Јурij Борев: *Енциклопедија на естетиката и теоријата на литературата* (Скопје, *Македоника литера,* 2011).

I. *Наставно-образовна активa во изминатиот петгодишен период* (2012-2017)

Според актуелните модули, Анастасова Шкрињариќ во изминатиот петгодишен период (2012-2017) ја изведува наставата по предметите: *Народна македонска поезија* и *Народна македонска проза* (како задолжителни предмети) и изборните предмети: *Народна книжевност 1 (втор изборен модул), Народна книжевност 2 (втор изборен модул), Митопоетика, Словенска митологија* и *Психоаналитички концепти во фолклорот.*

Ангажманот со студентите, покрај наставата ги подразбира и вежбите и консултациите, како и менторската работа околу изработката на нивните дипломски трудови. Изминатиов период, проф. Анастасова-Шкрињариќ се јавува како **ментор на 8 дипломски трудови** и **постојан член во комисиите за одбрана на дипломските испити** (во изминатиот петгодишен период, членувала во над **60 одбрани на дипломски трудови**).

Во рамките на **постдипломските студии,** во назначениот период Анастасова-Шкрињариќ Шкрињариќ е ангажирана и околу стручното оспособување на младите научни работници, како **ментор на 4 магистерски дисертации,** и **член на 11 рецензентски комисии и комисии за одбрана на магистерски трудови.** Што се однесува до **менторирањето на докторски трудови,** проф. Анастасова-Шкрињариќ во периодот од претходниот реизбор – наваму, менторирала и еден **докторски труд**, и учествувала во **6 докторски дисертации** како член на комисија за одбрана на докторски труд (и член на соодветните рецензентски комисии за утврдување на подобност на кандидатот за научна работа, за одобрување на тема за изработка

на докторска дисертација и комисија за оцена или одбрана на магистерски и докторски трудови при Филолошкиот факултет *Блаже Конески).*

Од другите наставни активности, треба да се истакне дека со години наназад Анастасова-Шкрињариќ држи и **предавања** на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, а во повеќе наврати одржала и **курсеви** за семинаристите од областа на македонската фолклористика, македонската етнологија и јужнословенската митологија.

II. *Научноистражувачка активност (во периодот од 2012-2017)*

Проф. Нина Анастасова Шкрињариќ објавила повеќе научни студии од областа на фолклористиката и митологијата, статии, критички осврти и други прилози публикувани во периодиката. Покрај фолклористичкиот домен, нејзино поле на истражување е словенската митологија и митот воопшто (историја и теорија на мит, митопоетика, словенска митологија), а актуелна нејзина преокупација се психоаналитичките и социо-антрополошките интерпретации на фолклорот.

Од наведената библиографија која ја доставува кандидатката во прилог на пријавата на конкурсот, може да се забележи дека во изминатиот петгодишен период (2012-2017), д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ подготвила и реализирала неколку крупни **авторски проекти.** Во назначениот период, таа објавила **3 нови книги** и земала и учество **во три сериозни научни проекта (два национални проекти и еден меѓународен проект).**

1. Објавени книги:

Во последните пет години кои се години на врвот на професионалната и творечката зрелост за секој професор, Анастасова-Шкрињариќ работи на реализацијата на три самостојни авторски проекти кои резултираа со публикувани книги (излегувањето од печат на некои од овие публикации, претставува своевиден *датум* во македонската јавност, со оглед на тоа дека се работи за „пионерски“ и иницијални потфати, поврзани со фолклорното и митопоетското искуство кои за прв пат се појавуваат пред македонската научна јавност). Имено, во периодот од 2012 до 2017, Нина Анастасова Шкрињариќ објави **три книги** од потесната научна и наставна област:

1. *Сончевото тркало - соларниот код во календарските празници* (Македоника литера: 2017).

2. *Перуновата стрела: громовитиот бој – како богот Перун го победи богот Велес (*Табернакул: 2017).

3. *Фолклорологија* (*книжевно-теориски и книжевно-историски студии за фолклорот*), кн.1 (Табернакул: 2017)

Од пријавата на кандидатката дознаваме дека во моментов, пред печатење се наоѓа уште една книга – големото и ревидирано издание: *Словенска митологија (илустрирано издание*), чиј издавач е книгоиздателството *Табернакул* (книгата ќе излезе од печат до крајот на годината).

Ценејќи дека се работи за најзначаен авторски дострел реализиран во активата на проф. Анастасова-Шкрињариќ во изминативе пет години, ќе се задржиме поопстојно на трите објавени книги, кои оваа година беа претставени пред поширокатa научна јавност:

1. Книгата ***Сончевото тркало (соларниот код во календарските празници)*** претставува прв дел од еден поголем и подолгорочен проект кој Анастасова-Шкрињариќ научно го развива веќе неколку години, бидејќи се работи за сложена реконструкција која досега како таква не е направена ниту во светскиот истражувачки домен. Појдовната идеја на овој проект е да се направи реконструкција на севкупниот астрономски код во обредната традиција, кој би овозможил да се разоткрие сето „ѕвездено знаење“ втиснато во колективната меморија, како свето и тајно знаење кое им било достапно само на неговите чувари (духовниците и свештениците-жреци), а од таму со милениуми се акумулирало и складирало во фолклорот како сигурно „сокровиште“. Анастасова-Шкрињариќ го започнала проектот за истражување на „Астрономските кодови во народната традиција“ пред пет години, а самиот проект поради „габаритот“ на идејата, се одвива постапно, во 3 истражувачки фази: 1. реконструкција на лунарните кодови, 2. реконструкција на соларните кодови и 3. реконструкција на ѕвездените кодови во обредната фолклорна традиција. Книгата *Сончевото тркало (соларниот код во календарските празници*) ги содржи резултатите од првата фаза на проектот - реконструкцијата на соларниот код, а истражувањата на лунарните кодови сè уште се во тек и ќе бидат обелоденети/презентирани во следната фаза. Наоѓајќи се некаде на средината на оваа своја грандиозна реконструкција, Анастасова-Шкрињариќ во предговорот кон книгата го најавува проширувањето и „омасовувањето“ на овој индивидуален проект (кој го започнува како „солопроект“) и негово прераснување во тимски проект кој нужно ќе вклучи екипа на соработници, бидејќи широчината на зафатот го налага тоа како истражувачка нужност.

2. Со книгата ***Перуновата стрела (громовитиот бој – како богот Перун го победи богот Велес),*** проф. Нина Анастасова-Шкрињариќ го

претстави пред македонската јавност првиот словенски мит за богот Перун, реконструиран и адаптиран во книга наменета за одделенската настава (иако, со право оваа книга би можела да ја носи и назнаката: „митска бајка за деца и возрасни“). Се работи за авторски пилот-проект, со кој Анастасова-Шкрињариќ ја започнува реализацијата на својата дамнешна идеја за внесување на словенската митологија во нашиот систем на образование, почнувајќи од најраната возраст – со амбиција, словенскиот мит да биде презентиран уште во претшколската возраст во вид на сликовница, бидејќи уште тогаш, на едно сликовно-визуелно ниво, треба да им се даде можност на децата за првите „мито-бајковни средби“ со словенските богови – иницијално со Перун и со Велес, наместо досегашната практика во школскиот систем првата средба со митот да биде поврзана со грчките митови за Зевс и Хера. Благодарение на оваа книга, нашите основци најпосле ќе ги запознаат Перун и Перперуна, и тоа со огромно задоцнување, бидејќи - како што истакнува авторката - Македонија е единствена од словенските земји, која институционално не се погрижила за ова, за разлика од Хрватска каде уште во 2012 год. е реализиран проектот за внесување на словенската митологија во училиштата.

Книгата *Перуновата стрела (громовитиот бој: како богот Перун го победи богот Велес*) е оригинална авторска приказна (еден вид модифицирана сказна), направена врз основа на дваесетгодишното истражувачувачко искуство на Анастасова-Шкрињариќ во доменот на старословенската митологија. Се работи за авторска адаптација на основниот старословенски мит, кој се темели на индоевропската космогониска матрица - митот за космогонискиот дуел на Перун и Велес. Овој мит, кој за жал е наполно непознат за поширокатa јавност, Анастасова-Шкрињариќ го варира во двете основни варијанти: 1) првата верзија – во која причина за дуелот е „кражбата“ на водените ресурси, со тоа што Велес ги сопира/заклучува водите, а громобиецот Перун е ослободителот на водите, и 2) втората верзија – во која Велес ја грабнува Перперуна, сопругата на богот Перун. Со научната заснованост на оваа митска бајка за деца и возрасни, Анастасова-Шкрињариќ нуди прецизна митолошка реконструкција, приспособена за најмладите читатели, кои за прв пат ќе имаат можност да ги запознаат словенските митски херои и божествата од старословенскиот митолошки систем.

3. Книгата ***Фолклорологија (книжевно-теориски и книжевно-историски студии за фолклорот)*** претставува прва хрестоматија од научната област која се однесува на народната книжевност. Чувствувајќи го недостатокот од една хрестоматија посветена на усното творештво, која би претставувала своевидна книжевно-историска и книжевно-теориска синтеза на најважните прашања кои се однесуваат на книжевниот фолклор, Анастасова-Шкрињариќ подготвила збирка со научни текстови, со цел на студентите да им понуди избор од најреномираните научни расправи посветени на фолклорот. Целта на ова издание, како што истакнува приредувачката, е меѓу кориците на една прирачна книга наменета за студентите, да се сместат најмаркантните научни искази за природата и спецификите на фолклорот. Со оглед на тоа дека вакви хрестоматии одамна постојат и се употребуваат во универзитетските

центри од соседството, а нашите студенти предолго беа лишени од можноста да ги прочитаат на македонски јазик, стручните расправи за фолклорот на крупни научни имиња од форматот на Р. Јакобсон, Е. Хавелок, В. Онг, К. Чистов, М. Лити, Е. Мелетински и други научни пера – оваа хрестоматија е од несомнено значење за науката за фолклорот. Со оглед на тоа дека потребата од еден ваков избор од текстови е диктирана од наставниот процес по предметот *Народна книжевност (Народна поезија* и *Народна проза*), основната намена на збирката е да послужи како стручно помагало за студентите. Како таква, хрестоматијата има за цел да овозможи побрз и полесен пристап до одредени фолклористички содржини поместени во капитални студии и монографии, кои се објавени во разни периодични изданија и тешко достапни публикации. Клучен критериум при изборот на текстовите е нивниот програмски став, иновативност или влијание што го извршиле во даден момент во светската фолклористика.

2. Учество во национални проекти

Што се однесува до учеството во научноистражувачки проекти, во изминатиов период проф. Анастасова-Шкрињариќ учествувала **во три научни проекти** (два национални проекта и еден меѓународен проект).

2.1. Национални научноистражувачки проекти:

2.1.1. Од националните проекти го истакнуваме нејзиното учество во научноистражувачкиот проект **Методите на херменевтиката** (2013-2015), при Македонската академија на науките и уметностите, Одделение за лингвистика и литературна наука (раководител: академик Катица Ќулавкова). Во првата фаза од проектот (2013/2014), Анастасова-Шкрињариќ се занимаваше со ритуалистичките интерпретации (резултатите се презентирани најпрво конференциски, а потоа и се изложени во студијата: *Homo necans makedonicus - ритуалеми поврзани со обредните убиства во македонскиот фолклор*).

Во втората фаза од проектот, Анастасова-Шкрињаржќ е ангажирана со интерпретации поврзани со митолошките школи и теории (со апликативен дел: *Дешифрирање на соларни митолошеми*, Научна конференција на тема „Примена на херменевтичките методи во толкувањето на книжевните дела“, МАНУ, 2015).

2.1.2.Учество во втората фаза (во изготвувањето на второто дополнето издание) на проектот на МАНУ: **Индекс на поими, поимник на теоријата на книжевноста 2** (раководител Катица Ќулафкова, проект 2017-2018 год.) Како учесник во овој проект, Анастасова-Шкрињариќ е задолжена за референците кои се однесуваат на повеќе научни дисциплини: фолклористика, етнологија, антропологија, митологија.

2.2.Учество во меѓународен проект:

Читатели од иднината – програма креативна Европа (албанско-италијанско-македонски проект). Анастасова-Шкрињариќ е учесник и член на пилот-комитетот на овој меѓународен проект кој се однесува на литературата за деца. Носител на проектот е албанскиот партнер DITURIA, а учесници се италијанскиот партнер Associazione Agenzia Arcipelago и македонскиот партнер „Табернакул". За овој проект, кој има за цел да придонесе во развојот и модернизацијата на детската литература (проектот е двогодишен и трае од септември 2016 г.- јуни 2018 г.), Анастасова-Шкрињариќ е ангажирана во сите пет фази кои треба да резултираат со копродуцирање на издание на бајки од трите земји и на трите јазици (во формат на книга и е-книга).

3. Објавени научни студии и учество на научни собири и конференции:

Иако во изминатиот петгодишен период, творечката енергија на Нина Анастасова Шкрињариќ е фокусирана на покрупни авторски и тимски проекти (реализацијата на 3 нови книги и учеството во три крупни научни проекти, од кои 2 национални научни проекта и 1 меѓународен проект)**,** сепак таа успеа да се пројави пред научната јавност и со исклучително компетентни научни студии, презентирани како реферати на домашни и меѓународни научни собири, симпозиуми и научни конференции (на пример: Меѓународниот симпозиум: *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст* одржан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во 2016 год; Петтата македонско-чешка научна конференција (Скопје, 2012); Петтата македонско-руска научна конференција (Охрид, 2012); Меѓународен славистички собир (Скопје, 2017), Меѓународниот симпозиум „40 години Катедра за турски јазик и книжевност"; Меѓународната научна конференција одржана на Семинарот за македонски јазик, литература и култура (Скопје, 2012, 2017) и др. Овие значајни научни прилози, подоцна се публикувани и во печатени зборници со презентираните реферати, а покрај нив Анастасова Шкрињариќ објавила и други сериозни научни студии во стручно-научната периодика (во книжевно-научни списанија и периодични публикации со домашна и меѓународна редакција).

III.*Стручно*-апликативна дејност *во изминатиот петгодишен период:*

Во изминатиов период, стручно-научната работа на Анастасова-Шкрињариќ се одвива и во знакот на изготвувањето на стручни **предговори** кон фолклористички изданија. Д-р Нина Анастасова-Шкрињариќ е автор на два **стручни предговора:** 1. „Кога дрвјата зборуваат, а камењата шепотат свети тајни (анимизмот како основна митска супстанција во сказните", **предговор** кон

книгата на Р. Нешковска Славковска: *Анимистички концепти во сказните* (Македоника литера: 2017). 2. „Змејови и змејски синови (моќта на божествено-царските тронови на Истокот vs самракот на змејовите на Западот)“, предговор кон книгата на Весна Крстиќ Андреевска: *Архетипот на змејот во македонската и во кинеската народна традиција* (Македоника литера: 2017).

И двете предговорни студии претставуваат синтетизирани стручно-научни прилози кои нудат драгоцена ретроспектива на односните прашања, дотолку повеќе што овие предговори не се само „сумариум“ на аспектот кој се истражува во делото, туку се „место“ кадешто проф. Анастасова-Шкрињариќ за прв пат изнесува одредени научни тези, поради што предговорите имаат подалекусежно значење, и надвор од изданието кое го најавуваат.

Оценка од самоевалуација:

За својата наставно-образовна работа, проф. Нина Анастасова Шкрињариќ доби позитивна оценка од студентите на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на анонимната анкета спроведена во 2016 година.

Заклучок и предлог

Врз основа на остварените резултати, сметаме дека д-р Нина Анастасова Шкрињариќ во изминатиов период пројавила завидна научноистражувачка активна, реализирајќи исклучително сериозни авторски проекти кои со својата иницијалност отвораат нова етапа во македонската наука за фолклорот и митот. Потенцирајќи ја творечката зрелост на нејзините најнови потфати, имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, проф. Нина Анастасова Шкрињариќ да биде избрана во звањето **редовен професор (трајно звање)** во наставно-научните области: ***народна книжевност*** и ***теорија и историја на цивилизацијата.***

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Ермис Лафазановски, претседател, с.р.

2. Д-р Виолета Пирузе-Тасевска, член, с.р.

3. Д-р Славица Србиновска, член, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Нина Васко Анастасова-Шкрињарић**

(име, татково име и презиме)

Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ**

(назив на факултетот/институтот)

Научна област: ***Народна книжевност* и *Теорија и историја на цивилизацијата***

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување настава од прв циклус студии** **(на матичната институција)**	
	Народна македонска поезија (Катедра за македонска книжевност и јужнословенски книжевности) (3+0), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 3 часа предавања* 45 часа во семестар* 15 недели по семестар x 0, 04 поени = 1,8 поени (за 5 семестра=9)	**9**
	Народна македонска поезија (Катедра за македонска книжевност и јужнословенски книжевности), (0+2), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5)	**4,5**

	Народна македонска проза (Катедра за македонска книжевност и јужнословенски книжевности), (2+0), летен семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 3 часа предавања * 45 часа во семестар* 15 недели по семестар x 0, 04 поени = 1,8 поени (за 5 семестра=9)	**9**
	Народна македонска проза (0+2), летен семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5)	**4,5**
	Народна книжевност 1 (2+0), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени (за 5 семестра=6)	**6**
	Народна книжевност 1 (0+2), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5) *Народна книжевност 2* (2+0), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени (за 5 семестра=6) *Народна книжевност 2* (0+2), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5)	**4,5** **6** **4,5**
	Митопоетика (2+0), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени (за 5 семестра=6)	**6**
	Митопоетика (0+2), зимски семестар 2011/2012, зимски 2013/2014, зимски 2014/2015, зимски 2015/2016, зимски 2016/2017	**4,5**

	2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5)	
	Словенска митологија (2+0), летен семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени (за 5 семестра=6)	**6**
	Словенска митологија (0+2), летен семестар 2012/2013,2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5) *Психоаналитички концепти во фолклорот* (2+0), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени (за 5 семестра=6) *Психоаналитички концепти во фолклорот* (0+2), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5) *Српска народна книжевност* (2+2) 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени *Народна книжевност 1* - слободен изборен (2+0), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени (за 5 семестра=6) *Народна книжевност 1* - слободен изборен (0+2), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017	**4,5** **6** **4,5** **1,2** **6**

	2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5) *Народна книжевност 2* - слободен изборен (2+0), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа предавања* * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,04 поени = 1,2 поени (за 5 семестра=6) *Народна книжевност 2* - слободен изборен (0+2), зимски семестар 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017 2 часа вежби * 15 недели по семестар * 30 часа x 0,03 поени = 0,9 поени (за 5 семестра=4,5) **Вкупно:**	**4,5** **6** **4,5** **=101,7**
2.	**Настава од втор циклус студии**	
	За предметите: Македонска книжевност, Техники на научна работа и *Митолоїеми и ритуалеми во македонскиот фолклор*. 2012/2013 (20 x 0,05) = 1 2013/2014(20 x 0,05) = 1 2014/2015(20 x 0,05) = 1	 1 1 1
	Вкупно:	**=3**
3.	**Настава во школи и работилници**	
	Одржување настава на курсот по *Словенска митолоїија* на летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2014).	1,5

	Одржување настава на курсот по *Словенска митолоīија* на летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 27-28. 06. 2017).	1,5
	Вкупно:	= **3**
4.	**Консултации со студенти (на прв циклус студии)**	
	По учебни години-**збирно за сите предмети**: 2011/2012 – 320 (во 2 семестра) x 0,002 2012/2013 - 320 (во 2 семестра) x 0,002 2013/2014 - 300 (во 2 семестра) x 0,002 2014/2015 - 280 (во 2 семестра) x 0,002 2015/2016 - 200 (во 2 семестра) x 0,002 2016/2017 - 190 (во 2 семестра) x 0,002 Околу 1610 студенти * 0,002 = поени	
	Вкупно:	= **3,22**
5.	**Ментор на дипломска работа на студентите:**	
	-Марија Наумческа: *„Моделиште на космоīенеза во македонскиште леīенди“* (23.11.2015)	0,2
	-Александра Алексовска: „Мистификацијата *Веда Словена* на Стефан Верковиќ“ (20.04.2012)	0,2
	-Билјана Стојаноска: „Свадбеното обредно сценарио – реликти од старословенската древност“	
	-Ивона Миленкова: „Митологизација на женскиот принцип“	0,2
	-Александра Спасевска: „Боговите-исцелители и нивните наследници во монотеизмот“	
	-Сара Петровска: ,, Лунарни култови - од магиска обредна практика до митологизација на месечината"	0,2
	-Ива Дуковска: „Митот за матријархатот и амазонските традиции“	0,2
	-Азра Ќосовиќ: „Универзалниот модел на митот за чудесното раѓање на јунакот (психоаналитичко толкување)“	
	8 дипломски работи * 0,2 = 1, 6 поен	0,2

		0,2 0,2
	Вкупно:	**= 1, 6**
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторат**	
	1. Соња Енцекова Сопотска: *Слепченскиот книжевен центар во 16* век (одбранета на 8.05.2014)	0,5
	2.Трајче Стамески: *Транспонирање на фолклорните модели во современата македонска книжевност* (одбранета на 1.4.2015)	0,5
	3.Искра Тасева Хаџи-Бошкова: *Прозните дискурси во македонската книжевност на 19 век* (одбранета на 31.03. 2015)	0,5
	4.Атина Кичева: *Херменевтика на поезијата на Анте Поповски* (одбранета на 25.12. 2015)	0,5
	5.Марјан Патлиџанковски: *Средновековни македонски скриптотиуми* (одбранета на 24.11.2016)	0,5
	6. Милена Ристова-Михајловска: *Полемиките во македонската писмена традиција* (одбранета на 29.06.2017)	0,5
	Вкупно: учество во 6 одбрани на докторски трудови *0,5	= **3**
7.	**Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура**	
	1.Валентина Трајковска „Ристо Давчевски како баснописец“ (23.1.2012)	0,3
	2.Билјана Јанкуловска: *Света Петка во македонската писмена традиција* (одбранета на 11.11. 2014)	0,3
	3.Даниела Џишева: *Појавата, трансформацијата и исчезнувањето на русалиите во македонската народна традиција* (одбранета на)	0,3
	4.Катерина Ристовска: *Протопоп Јоан Кратовски – книжевник и илуминатор од 16 век* (одбранета на 24.12. 2015)	0,3
	5.Дафинка Јефремова: *Пространите житија на свв. Кирил и Методиј* (одбранета на 10.4.2013)	0,3

	6.Милена Ристоваа: *Автографи на македонски книжевници од 15 и 16 век* (одбранета на 24.9.2014)	0,3
	7.Симона Ристевска: *Симболичките и архетипските значења во „Света песна“ на Анте Поповски* (одбранета на 9.6. 2016). 8.Софија Тренчовска: *Митопоетиката во раните драми на Јордан Плевнеш* (одбранета на 25.3.2015). 9.Маја Филиповиќ: *Мисиите на св. Кирил и Методиј*, (одбранета на 18.11.2015). 10.Дарко Николовски: *Старозаветниот циклус за Аврам и Сара во македонската писмена традиција* (одбранета на 26.10.2016). 11.Марија Ристова: *Житијата на македонските пустиножители* (одбранета на 25.5. 2017).	0,3 0,3 0,3 0,3 0,3
	Вкупно: учество во 11 рецензентски комисии и комисии за одбрани на магистерски трудови *0,3	**=3,3**
8.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа**	
	Вкупно 60 дипломски труда * 0,1	
	Вкупно	**= 6,0**
	Вкупно	**124,82**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени

1.	**Ментор на докторска дисертација**	
	М-р Ана Витанова-Рингачева:„Шаманизмот како *културен остаток* во македонската народна традиција“ (одбранета на 23.2.2017)	3
		= **3**
2.	**Ментор на магистерски труд**	
	1. Ана Марија Бранѓолица: „Бајачките обреди во македонската народна култура“ (одбранета на 23.3.2012)	1
	2.Весна Крстиќ-Андреевска: „Архетипот на змејот во македонската и во кинеската народна традиција“ (одбранета на 21.12.2015)	1
	3. Розе Нешковска Славковска: „Анимистичкиот концепт за *надворешната душа* во македонските народни сказни“ (одбранета на 25.9.2016) 4. Елизабет Барануаи Кукунешоска: *Патот на херојот во царството на смртта (обредниот погребен комплекс во македонските народни сказни).*	1 1
	Вкупно:	= **4**
3.	**Учесник во национални научни проекти**	
	1. *Интерпретативни методи на книжевната херменевтика,* МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука. Раководител: акад. д-р Катица Ќулавкова, Скопје, 2013-2014. 2. *Интерпретативни методи на книжевната херменевтика,* МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука. Раководител: акад. д-р Катица Ќулавкова, Скопје, 2014-2015	3 3
	3. *Индекс на поими, поимник на теоријата на книжевноста, 2*. МАНУ, Одделение за лингвистика и литературна наука (раководител: акад. д-р Катица Ќулавкова, Скопје, 2017-2018)	3
	Вкупно:	= **9**
4.	**Учесник во меѓународен научен проект**	

	Читатели од иднината – програма креативна Европа (албанско-италијанско-македонски проект, раководител: албанскиот партнер Dituria, учесници: италијанскиот партнер Associazione Agenzia Arcipelago и македонскиот партнер „Табернакул“ (Анастасова-Шкрињариќ е член на пилот-комитетот за овој двегодишен проект: 2016 - 2018 г.)	5
	Вкупно:	= **5**
5.	**Монографија (книга)**	
	1. *Перуновата стрела (громовитиот бој – како богот Перун го победи богот Велес),* Табернакул: 2017.	8
	2. *Сончевото тркало (соларниот код во календарските празници*), Македоника литера, 2017.	8
	Вкупно:	**= 16**
6.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание (во Република Македонија)**	
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Соларниот код во календарските празници“, Репер, Скопје, година I, број 2/2013 (29.3.2013).	4
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Ѓурѓовденскиот обреден комплекс и култот на плодноста“, Репер,Скопје, година VII, број 8, 2013 (12.5.2013) Нина Анастасова Шкрињариќ: „Растителната драма на богот кој умира и повторно оживува“, Репер, Скопје, година I, број 6, 2013(27.4.2013)	4 4
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Теоморфозите на богот Сонце (соларниот мит во народните празници)“, „Репер“, Скопје, година I, број 4, 2013 (13.4.2013)	4
	Вкупно:	**= 16**

7.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (во Република Македонија и во странство)**	
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Митот за златното женско доба во теоријата на Баховен (феноменот на *амазонството самовилството*)“, во: *Македоника,* год. II, бр.5-6, 2012.	6
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Дионисиски остатоци во митологемата „самовилска свадба“ (тракискиот супстрат во претставата за самовилите“, во: *Македоника,* год. II, бр.7-8, 2012.	6
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Реликти од високата митологија во календарскиот обреден циклус“, во: Предавања на XLVIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2014).	6
	Анастасова Шкрињариќ, Нина: „Митологизација на астрофеномените (археоастрономски и етноастрономски декодирања на словенските митови). Палимпсест, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Филолошки факултет, Год. II, бр. 4, 2017).	6
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Леви-Стросовата теорија за културата (готварските триаголници како „скок од природа во култура“)“, Зборник со трудови од меѓународниот симпозиум „Истото, сличното и различното во јазикот, книжевноста и во културата во франкофонските земји“, одржан на 4-5 ноември 2016, Скопје.	6
	Вкупно:	**= 30**
8.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Кога сонцето беше бог - соларни митови во календарските празници (јужнословенски фолклорни паралели)“, реферат поднесен на Научната конференција одржана на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 2012.	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Словенски митови впишани во просторот (ново читање на теоријата на Јан Пајскер“, реферат поднесен на Чешко-македонската конференција (Скопје, мај 2012).	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: *Homo necans makedonicus - ритуалеми поврзани со обредните убиства во македонскиот фолклор*, Научна конференција на тема „Примена на херменевтичките методи во толкувањето на книжевните дела“, МАНУ, 11.12.2015 2015	2

	Нина Анастасова Шкрињариќ: *Дешифрирање на соларни митолоїеми*, Научна конференција на тема „Примена на херменевтичките методи во толкувањето на книжевните дела“, МАНУ, 2015	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Детската психа и „инвазијата“ на колективното несвесно во митовите и сказните“, XLIII меѓународна научна конференција Охрид, 25– 26 јуни 2016).	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Леви-Стросовата теорија за културата (готварските триаголници како „скок од природа во култура“)“, Меѓународен симпозиум „Истото, сличното и различното во јазикот, книжевноста и во културата во франкофонските земји“, одржан на 4-5 ноември 2016, Скопје.	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Митолошката основа на концептот за предестинацијата (интерпретација на детерминизмот и фатализмот, врз примери од турскиот и македонскиот прозен фолклор)“, Меѓународен симпозиум „40 години Катедра за турски јазик и книжевност“18-19 мај 2017, Скопје.	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ „Перунови потомци или Велесови внуци (митолошко родословие: мито-спознание преку мито-приказание)“, излагање на Меѓународен славистички собир,15-16 јуни 2017 г., Скопје.	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Матријархалниот код на митските амазонки (реликти од амазонството во јужнословенската традиција“, реферат поднесен на V македонско-руска научна конференција (Охрид, 2012).	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Шемата на биандриските триаголници во словенската митологија“, Предавања на XLIX летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 11-26. 06.2016)	2
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Митската биографија на Богот Сонце: реконструкција на словенски мит преку календарски и сезонски кодови“, Предавање на XLX летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 27-28. 06. 2017).	2
	Вкупно:	**= 22**
	Вкупно:	**105**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Книги од стручна област:**	
	Фолклорологија (*книжевно-теориски и книжевно-историски студии за фолклорот*), кн.1 (Табернакул: 2017)	8
	Вкупно:	**= 8**
2.	**Поглавје во книга (автор на предговор/поговор)**	
	Анастасова-Шкрињариќ, Нина: „Кога дрвјата зборуваат, а камењата шепотат свети тајни (анимизмот како основна митска супстанција во сказните“, **предговор** кон книгата на Р. Нешковска Славковска: *Анимистички концепти во сказните* (Македоника литера: 2017).	3
	Анастасова-Шкрињариќ, Нина: „Змејови и змејски синови (моќта на божествено-царските тронови на Истокот vs самракот на змејовите на Западот)“, **предговор** кон книгата на Весна Крстиќ Андреевска: *Архетипот на змејот во македонската и во кинеската народна традиција* (Македоника литера: 2017).	3
	Вкупно:	**=6**
	Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри	
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Реликти од високата митологија во календарскиот обреден циклус“, во: Предавања на XLVIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 14.6.2014)	0,5
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Шемата на биандриските триаголници во словенската митологија“, Предавања на XLIX летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 11-26. 6.2016)	0,5
	Нина Анастасова Шкрињариќ: „Митската биографија на Богот Сонце: реконструкција на словенски мит преку календарски и сезонски кодови“, Предавање на XLX летна школа на	0,5

	Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 27-28. 6. 2017).	
	Вкупно:	**= 1,5**
3.	**Учество во комисии и тела и други органи**	
	Член на редакцискиот одбор за публикување на зборници од собири и симпозиуми каков што е *Зборникот од Научниот собир посветен на проф. д-р* Т. Саздов (Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2012).	0,5
	Член на комисијата за Годишен попис на Филолошкиот факултет, со повеќекратно учество во Комисијата за попис на библиотечниот фонд (0,5x3).	0,5x2
	-Раководител на Наставно-научниот колегиум за вториот циклус универзитетски студии на научната област Македонска книжевност. *-Секретар на Одборот за постдипломски студии* при катедрата за македонска книжевност (2012 год.)	2 3
	Вкупно:	**6,5**
	Вкупно:	**22,00**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**124,82**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**105**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**22,00**
Вкупно	**251,82**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Ермис Лафазановски, претседател, с.р

2. Д-р Виолета Пирузе-Тасевска, член, с.р.

3. Д-р Славица Србиновска, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

ТОПОНИМИЈАТА ВО РАДОВИШКО

ОД М-Р ЗОРАН СПАСОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА

ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата десетта редовна седница одржана на 17 мај 2017 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов *Топонимијата во Радовишко,* изработена од м-р Зоран Спасовски.

Во врска со тоа, чест ни е да го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација *Топонимијата во Радовишко* од м-р Зоран Спасовски содржи 640 страници компјутерски обработен текст распореден во неколку поглавја. Во *предговорот* (1-4 стр.), Спасовски го изложува начинот на собирање на топонимискиот материјал на теренот, неговото надополнување и споредување со материјалот од Картотеката на топонимите во Институтот за македонски јазик “Крсте Мисирков“ и збогатување со потребната историска документација, со топографските карти и со катастарските планови со кои располага Катастарската управа во Радовиш. На тој начин е собран материјал од 5015 топоними од градот Радовиш и од околните 69 села. Поглавјето *Вовед* (5-12) содржи опис на Радовишкиот регион (неговата површина, опкружување, гранични синори, историјат). Се работи за планински предел расположен на југоисточниот дел на Македонија со површина од 841,5 км квадратни. Во овој дел прецизно се претставени елементите на конфигурацијата на теренот. Наведени се главните реки, планини, рамнини, климатски услови и сообраќајни врски. Селата се распоредени во рамките на општините и се дадени миграциските движења низ времето. Кандитатот истакнува дека на теренот има две јазични групи топоними, македонска и турска. Се разбира, се среќаваат и остатоци од старите јазици, од влашки топоними, српски и сл. Во продолжение, во воведниот дел кандидатот ги набележува целите на истражувањето и ги образложува применетите методолошки постапки.

Централно и особено значајно поглавје во оваа дисертација има *Ојконимијата во Радовишко* (16-104). Се работи за 69 населени места (ојконими), лоцирани во општините Радовиш, Конче и Подареш.

Теренот е планински и затоа топонимискиот репертоар е толку богат и разновиден. Селата, поради етничкиот состав на населението, се или турски или македонски, поточно 15 се турски, а 34 се македонски. Останатите 20 села веќе се исчезнати, т.е. се забележани само во историската документација. Пред да почне со обработката, Спасовски, исто така, ги претставува според географската разместеност (од север кон југ). Највисоко поставена е шопска група села, и тоа Јуруклук –шопска регија, со македонско население и Јуруклук – турска регија со турско население. По долината на Стара или Радовишка Река е групата со измешано турско и македонско население и на крајот, најјужно се селата во конечката област (со хомогено македонско население).

Секој ојконим се претставува како речничка статија со следниве податоци: местоположба, односно оддалеченост на селото од градот, географски карактеристики и опис на теренот, демографски податоци, етнички состав на населението, етникот и ктетикот од соодветниот ојконим, историски податоци за ојконимот и неговите форми што се запишани во средновековните ракописи, турски дефтери и во други записи и натписи. Секако, значајно место има обработката на ојконимот од лингвистички аспект со посебен осврт на неговите етимологија и структура. Може да се заклучи дека некои ојконими имаат старо прасловенско потекло (*Ракитец, Лубница*), некои турско *(Али Коч, Чешме Махале*), за некои се претпоставува дека се калки (*Шаинташ*, сп. мак. Орлов Камен или *Коз Бунар*, сп. мак. Ореов Кладенец). На крајот од овој преглед се дадени исчезнатите ојконими. Тоа се села кои исчезнале при турските освојувања (*Сениште, Костадинци*) или во текот на османлискиот период (*Боров Дол, Трескавец*).

Потоа следува главата со обработка на микротопонимите во Радовишко. Одделно се претставени македонските микротопоними, одделно турските и на крајот македонските топоними со турски елементи. Според Спасовски, тоа е неопходно затоа што на теренот има 2 јазични групи топоними посебно, но има и голема интерференција меѓу јазиците. Се забележува дека мотивот за именување на местата е ист кај двата јазика, но различни се нивните структури, т.е. начините на нивната изведба. Класификацијата е направена по примерот на онаа (за нас) вообичаена што ја реализираше В. Пјанка во неговата монографија „Топонимијата на Охридско-преспенскиот базен“, но со нужно дополнување што го наложува материјалот од Радовишко. Најпрвин е дадена **лексичко-семантичката класификација** на микротопонимите (стр. 109-267). Македонските микротопоними се поделени на образувања од *апелативи* или од *оними* во основата. Оние од апелативи се претставени посебно како *нелични апелативи* и *лични апелативи.* Неличните се всушност физиографски објекти (како ороними: *Брего, Вели Вр, Чукаре;* хидроними: *Кладенецо, Средорека, Стубел*; термини според карактеристиката на месноста: *Гладница, Голина, Смрдел*: според атмосферски одлики: *Ветрина, Припеко* итн., потоа според имиња од растителниот и животинскиот свет (*Буката, Габер Дол, Пруниа, Кобилата*, *Маскарци, Осарнико),* земјоделски култури и производи, индустриски и житни растенија (*Орничката, Сажденико, Афионо, Бубаќите*

итн.). Следат и подгрупите кои се однесуваат на мануфактурата, комуникациите, административните целини, воени и верски објекти и др.: *Валавица, Воденица, Колиба, Споменико*. Нетопонимиските апелативи како многу ретки се со метафорична употреба. Тоа се делови на куќа и покуќнина (*Кладите, Тремник,*), садови (*Шиник*, *Врчва*), алати и други предмети во домаќинството, верски објекти (*Манастириште, Црква*), делови од човечко тело (*Грбавец, Стапката*).

Топонимите образувани од лични апелативи ги опишуваат луѓето според некое нивно својство (старост, пол, професија, роднинска врска итн.). На пр. *Кукударница* (од дијал. Кукудар 'изработувач или продавач на железна топка за кантар'), *Падарница, Дедова Нива*.

Топонимите со придавски основи, исто така, се поделени според нивната функција да означуваат боја (*Жѓата Вода, Зелен Рид*), вкус (*Киселачка, Соленио Кладенец*), големина (*Гулемта Чешма, Куса Пашка*), положба (*Горна Бара, Лева Река)*, физички и природни својства (*Смрдливче, Суите Дабје)*, старост (*Стара Краста, Фетката Црква*), форма (*Крива Рудина, Острата Ритка)*. Во продолжение се претставени топонимите од глаголски придавки (*Крстен Дап, Повиен Камен),* од заменки (*Сама Бука, Тој Колиба)*, броеви (*Двете Цреши, Шесте Колиби)* и прилози (*Спротијата, Одовадно Маало)*. Се среќаваат и топоними со глаголски основи: *Виканец, Игралишта, Спружи Црево*. Претставени се топонимите еднакви на предлошки синтагми: *Под Врба, У Срепсело, В Бајрам Сокак* и др.

Во одделна глава се обработени *топонимите образувани од антропоними*, т.е. од други сопствени имиња како што се етнонимите (*Арнаутка, Ерменков Трап, Грко*), личните имиња (машки и женски: *Грујовица, Ил'ова Ливатка,Трајанова Корија* и *Босилкиното Парче, Ружина Њива*), од патроними (*Виткоски Брес, Димоски Бунар*) и од прекари (*Боримечкова Маала, Ушковица*).

Детално се обработени микротопонимите образувани од други топоними. Поделени се на оние од имиња на градови (*Радовишки Пат, Струмички Рит*), од имиња на села (*Габрешка Река, Козбунарска Воденица, Штуроф Дол),* од други топоними во рамки на населбите (*Варошка Маала, Г'рмада Маалата),* од други микротопоними (*Рет Круши Воденица, Зад Тркалаф Рит Пато, Дреневечката Корија).*

Во продолжение е лексичко-семантичката класификација на турските топоними (166-192). Кандитатот истакнува дека ова одделно претставување на турските микротопоними е неопходно за да се видат особеностите на двата топонимиски система на теренот. Обрасците на изведување се различни од јазик

до јазик. Впрочем, турскиот јазик е со сосема различна граматичка структура од македонскиот. Но, Спасовски докажува дека лингвистичката класификација на топонимискиот јазичен материјал може да биде општо-топономастичка, бидејќи се базира на топономастички универзалии. Сепак, поради скудноста на материјалот и тешкотиите да се обработи топонимија на друг, туѓ јазик, можеме да кажеме дека е ова повеќе обид да се даде лингвистичка интерпретација на турските топоними. Самиот тој обид, без сомнение, е исчекор во нашите топономастички истражувања. Пред да почне со обработка, Спасовски констатира дека во сите јазици, како и во турскиот, топонимите можат да се поделат на топоними кои го опишуваат теренот, т.е. неговата физиографија: *Изб'еден Балк'ани, Ќут̄'ук Јурт̄, Тус'ус Кајн'ак;* флората и фауната: *Армут̄л'ук, Кирезл'к, Мандал'к* итн. Следуваат оние кои ги маркираат објектите според производите на материјалната култура (социјални објекти, поточно верски: *Вак'уф, Ц'ами;* воени: *Исарл'ик, Бурџ'ас Калеси)*, кои укажуваат на сопственоста (од етноними и од лични имиња: *Масрл'и; Сејф'ула Д'ереси, Јус'уфчулу*) итн. Покрај именки и турските топонимите содржат придавки во својата основа (*Ак Бун'ар, Кар'а Теп̄'е*), глаголски придавки (*Бат̄'ан Ч'ешме),* изведени (*Ќирл'и К'ајнак*), потоа заменки *(От̄'е Јака),* броеви (*Беш Бун'ар*), глаголи (*Карт̄'ал Јед'и*) и прилози (*К'арши Т'арла)*. Во македонскиот јазик голема е групата топоними образувани со предлози + именки (Пјанка ги нарекува предложни изрази). Но, во турскиот јазик не постои посебна зборовна група предлози бидејќи просторните односи се изразуваат со именски конструкции, т.е. со т.н. изафет 2. Тоа се номинации од две именки од кои првата го именува објектот, а втората ја прецизира неговата лоцираност. И тука се јавува проблемот каде да се претстават овие конструкции. Кандидатот изнаоѓа решение, па ги презентира како образувања кои во македонскиот јазик можат да се преведат како формации со предлози. На пр. *Баир Аркаси* (од тур. arka 'задна страна') соодветствува на македонското *Зад Брдо* итн. На крајот од оваа лексичко-семантичка класификација на турските топоними авторот ги дава и тур. топоними образувани од антропоними (од етници: *Арапли,* од лични имиња: *Саидин Чешме, Јус'уфчулу*) и од други топоними (*Тонат̄'ар Дереси*). Во Заклучокот констатира дека многу топоними на турски јазик се со архаични лексеми (од турски дијалект, веќе непостоечки), па затоа се тешко препознатливи и разбирливи.

Лексичко-семантичката класификација на македонските топоними со турски елементи во својата структура е претставена од 193 до 214. страница. Тоа се всушност хибридни образувања, за чудо не толку застапени како во другите региони во Македонија. И тие се поделени на ороними, хидроними, антротопоними итн. Но, она што треба да се истакне кај овој тип е појавата на турски лексеми во нивната основа приспособена на македонскиот јазик претежно со член (*Дервено, Ендеко, Меризит̄е)*, потоа со македонски суфикс (*Доџанчевица)* или со додадена некоја определба пред именката, најчесто придавка кај синтагмите (*Горно Кајн'аче, Селска Кор'ија*). Кај топонимите од антропоними обично антропонимот е од турскиот јазик (*Џафер'овец, Шукриев Бун'ар)*. Многу од овие турски лексеми се всушност турцизми во македонскиот јазик, т.е. лексеми кои ѝ се веќе познати на македонската апелативна лексика. Чудно е што не се среќаваат обратни структури каде што на словенска лексема се

додадени суфикси од турскиот јазик. Нив ги има во апелативната лексика: бојаџија, винарџија итн.

Централно и многу важно место во дисертацијата има **Структурно-граматичката класификација** на топонимите во Радовишко (215-328). Тоа е граматичка анализа којашто ги открива зборообразувачките и семантичките средства со коишто се образуваат топонимите. Се однесува на сите изведени топоними, независно од нивната структура. Тоа се изведби со суфикси и префикси или и суфикси и префикси заедно. Синтаксичката анализа е применета само кај сложените топоними и со неа се проучуваат граматичките односи помеѓу елементите во синтагмата.

Во структурно-граматичката класификација, топонимите се поделени на еднокомпонентни (*неизведени* и *изведени)* и сложени образувања. При оваа класификација, исто така е применет принципот на посебно претставување на македонските топоними од оние на турскиот јазик и на хибридните. Неизведените македонски микротопоними се апелативи (*нетопономастички* и *топономастички*) кои покрај постоечката апелативна семантика добиваат и друга семантика, т.е. топономастичко значење. Тие се од областа на физиографијата (*Вис, Плочата*), хидрографијата (*Б'аарта, Изворо),* од растителниот и животинскиот свет (Кап'инте, *Р'акита; Л'ил'ако, Маѓ'аре*) итн. Од нетопономастичките апелативи (т.е. метафорите) се изведбите како '*Уште, Туп'ано, Старецо* и др. Речиси 90% од овие топоними имаат членувана форма. Пред да ги разгледаме изведените номинации, едно теоретско прашање. Дали овие членувани топоними им припаѓаат на неизведените апелативни формации? Треба да се размисли. Тоа засега останува отворено прашање. Ако веќе тврдиме дека членот кај некои примери има функција на топоформант, тогаш тие примери треба да си најдат место кај топонимите со деривација.

Изведените топоними чијашто деривација е на апелативно рамниште можат да бидат деминутиви со суф. *-ица* (*Глав'ица*), *-ка* (*Т'рнката*), *-че* (*Дапчето, Мосче*), *-це* (*Г'рлцето, Селце).* Некои топоними се изведени со полиморфните суф.: *-енце* (*Гум'енце), -очка* (*Сред'очка),* а некои се колективни именки *(Дабјето, Др'ењто*). Оние имиња што означуваат место се главно со суф. *-иште* (*Ечмен'иште, Ливад'иште*, *С'ечишче*), *-ар* (*Јасик'аро, Скрк'ариште)* и *–ник (Коњарник, Шилеѓ'арнико).* Споменати се и топонимите со предлог+именка (*Под Врба, Над Тумбата)* , потоа оние од придавки (*Гул'ем, Средња*), од етноними *(Влаинките),* од л. имиња *(Јанѓел, Мар'инко),* патроними *(Бојковци*) и др.

Најзначајна група топоними се т.н. изведени, секундарни топоними. Тоа се суфиксни формации во кои суфиксот има структурно-топономастичка функција. Најчесто се со именски, придавски и глаголски основи. Во продолжение Спасовски ги претставува суфиксите: *-ач* (*-Вртач, Прскач),-ија*

(*Домија, Просија), -ен* (*Руен, Меѓлен, Врбен), -ец* (*Превалец, Јастребец*), *-ика* (*Кленика, Трника), -ица* (којшто често се јавува како проширен во форми: *-овица, -ешница, -алица, -иница, -штица: Киселица, Драчевица, Ѓавица, Петралица, Жежница*). Следуваат и суфиксите *-ка* (*Бршланка, Прошл'енка*) и *-ок* (*Мравул'ок, Средок),*потоа топонимите со основен формант *-л* (*Буч'ало, Коз'ила,Топилата)* и *-ш* (*Подар'еш, Клек'уша*). Префиксно-суфиксни се топонимите: *Зализина, Про'орница, Растребовец, Раскрсје*. Топонимите присвојни придавки ги содржат суфиксите *-ов* (*Лозово, Мантово, Фрчево)* и *-ин* (*Клешино, Кујнарино).*

Двокомпонентните топоними, најчесто синтагми од придавки и именки, можат да бидат неконгруентни состави (*Топлико Пато, Секул Дупки)* или конгруентни состави *(Старите Кул'иби, Фетката Црква)*. На крајот се повеќекомпонентните образувања коишто изразуваат присвојни односи или даваат опис на местото (*Баба Танкин Дол, Ред Круши Воден'ица*).

Структурно-граматичката класификација на турските топоними е поинаква од онаа на македонските. Имено, турската топонимија се покажа како посиромашна во однос на изведувањето со наставки, но многу побогата во изведувањето со граматички конструкции како што е конструкцијата изфет. Сепак, Спасовски прави обид да ја примени истата организираност и топонимите на турски јазик ги дели на еднокомпонентни и повеќекомпоненти. Еднокомпонентните се или топономастички апелативи (*Једик* 'теснец', *Кајнак* 'врело', *Манта* 'темјанушка', *Арман 'гумно'*) или нетопономастички (*Ќумб'ет, Чатал, Тонат'ар* од тур. danadar 'кравар'). Изведените топоними, именки, се главно со наставки за чувствен однос. И покрај тоа што постојат повеќе суфикси за образување на деминутиви во турскиот јазик, во Радовишко е забележан само еден: -çık (*Арманџ'к, Арманџик* 'гумненце'). Пространствен однос во турскиот се прави со суф. –lık: *Арманл'к* 'гумниште', *Бокл'ук* 'ѓубриште'. Некои топоними со овој суфикс би можеле да се преведат како топоними со македонската наставка *-арник*: *Армашл'ук* 'крушарник' или со *-иште: Кумл'ук* 'песочиште'. Во тур. јазик со суф. –lı се образуваат придавки од именки. Во радовишката топонимија тој се врзува и со лични имиња (*Елезли),* со етноними (*Арапли),* со фитоними *(Кавакли)* итн. Според Спасовски, малку наставки се јавуваат со структурно-топономастичка функција. Тој изделува само еден топоним со суф. –ça: *Јесилџ'е* (yeşil 'зелен'). Исто така смета дека тур. суфикс –çık има топономастичка функција (*Аланџ'к* 'змијарник', *Бунарџ'к*). Кај двокомпонентните топоними се претставени изафетните конструкции. Потоа се повеќекомпонентните топоними и топонимите-реченици.

Кај структурно-граматичката класификација на хибридните топоними се забележува присуството на членот –о (од *-от, -та, -то, -те*) како доминантен елемент за приспособување на турските топоними во македонскиот јазик. Адаптација постои и со наставката *-а* и *-ја*. Оваа појава се следи кај неизведените апелативни образувања (кај физиографските, кај хидронимијата,

флората, фауната, кај оние номинации што се производ на човекова дејност: *(Ендеко,Ѓоловето,Меризите)* и кај изведените (на пр. кај колективите: *Чаирјето*). Турски суфикс за означување на место е –lık. Го среќаваме со македонски именки како *Габерлик, Троскотлук*. Што се однесува до придавските образувања на -lı во улога на топоними тие се приспособени со суф. *–ија* (*Бараклија, Казанлија*) или добиваат македонски суфикси *-ово* (Ашово), *-ин* (*Кујнарино* од С. Коња) и *-ски* (*Карацал'иско*). Структурно-топономастичките суфикси кај овој мешан тип именувања се од македонско потекло, а основата е секогаш турска. Такви се суф. - *овец* (*Џаферовец, Муовец*), *-ица* (*Лиланица* од тур. yılan 'змија'), т.е. *-евица/-овица* (*М'улевица,С'ул'овица*), *-ка* (*Инџирка, Арнаутка)*. Сложенките се многу ретки и тоа се со прв елемент македонски: *Дај Бунар, Малас'аница* (од Мала Хасаница, л. име Хасан). Синтагмите и тука се претставени преку изафетните конструкции (1, 2 и 3).

Следното поглавје е *Јазичните карактеристики на радовишката топонимија* (стр.329-366). Во него Спасовски ја потенцира статичноста на топонимискиот материјал, неговата архаичност, но и динамичноста, бидејќи го следи развојот на дијалектот, т.е. на македонскиот јазик низ времето. Како и претходно посебно се претставени јазичните карактеристики на македонските топоними, посебно на оние од турски јазик. Обработени се областите фонетика и морфологија. Притоа, потпирајќи се на монографијата на проф. Стојка Бојковска *Радовишкиот ѓовор,* кандидатот направи и некои дополнувања што ги нуди топ. материјал. Од морфологијата се обработени бројот, родот, определеноста и морфолошките средства за образување на топонимите. Нивната лексиката е стара и затоа се изделени: архаизмите (со прасловенска генеза), карактеристичните дијалектни апелативи, грцизмите, турцизмите и малкуте романизми.

Јазичните карактеристики на топонимите од турскиот јазик се презентирани со сите тешкотии што се карактеристика на турскиот дијалект од едно минато време и неговото прилагодување на локалната, т.е. радовишката област. Затоа неговиот изговор се разликува од стандардниот турски, па имаме појава на фонемата *Ц* која не постои во турскиот јазик (*Цивр'и Џумај'а*), премин на консонантот *џ* во *ж* (*Али Ожа Тарлас'ă*) и сл. Турскиот јазик не ја познава граматичката категорија род, а категоријата определеност се изразува сосема спротивно од македонскиот (во основната форма, без наставка), инвентарот на зборообразувачки наставки е мал (во споредба со македонскиот), а категоријата падеж е сè уште жива (*Таш'и* е акузатив) итн. Што се однесува до хибридните формации да споменеме дека во областа на фонетиката немаме затврднување на консонантите како во македонскиот, дека вокалите речиси не претрпеле измени, а оние кои се карактеристични само за турскиот (*ı,ö,ü*) се заменувале со повеќе различни вокали или како во случајот со *ı* исчезнувале. Како морфолошка особеност се јавува хибридна структура од турска лексема со нашата членска морфема (*Мерд'евено*), со множинска *('Азмаците)*, или и членска и множинска морфема (*Т'ашлко)*. Покрај адаптацијата по род, турските тополексеми добивале и македонски зборообразувачки наставки (*Ѓубреник, Чаирјето, Асаница)*.

Бидејќи турскиот јазик речиси нема сложенки, тие се малку и во топонимијата, како што речиси нема турски наставки на македонски лексеми. Лексиката на хибридите може да се види од посебниот речник на топонимиските бази во турскиот јазик (404-409). На крајот е главата *Заклучок* (365-393), каде што Кандидатот ги сублимира неговите истражувања и ги потенцира особеностите на топонимијата во Радовишко. Потоа следуваат: Азбучен список на апелативните бази кај македонските топоними (394-403), на турските топоними (404-409), Список на информатори (410-412), Список на скратеници (412-414). Потоа следуваат: Речник на топонимите (415-580), Скратеници од цитираната литература (581-589), Библиографија (се мисли на извори за ексцерпција, 590-592), Користена литература (593-606) и, на крајот, Содржина.

Во дисертацијата на м-р Зоран Спасовски, *Топонимијата во Радовишко,* е дадена детална анализа на топонимите од лексичко- семантички и структурно-граматички аспект. Функционално-структурниот пристап кон зборообразувањето е во согласност со теоретскиот и методолошкиот пристап прифатен и во проучувањето на зборообразувањето во современиот македонски јазик. Земена е предвид релевантната општа и специјална литература што овозможува заклучоците да бидат добро фундирани. И што е најважно, за првпат е направен обид да се обработат и топонимите од друг јазик, во конкретниов случај од турскиот јазик коишто со векови опстојуваат на еден дел од радовишката област. Тоа не е ниту лесно, ниту едноставно. Турцизмите во македонскиот јазик се обработени на повеќе нивоа, но за прв пат имаме компаративна анализа на топоними од различни јазици кои имаат различна генеза и развој. Најважно е што обидот е успешен и го отвора патот за понатамошни компаративни истражувања во топонимијата.

Врз основа на нашата позитивна оценка на докторската дисертација *Топонимијата во Радовишко,* со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ **да го прифати овој извештај и да го повика кандидатот м-р Зоран Спасовски на јавна одбрана.**

Рецензенти

Д-р Марија Коробар-Белчева, научен советник, с.р.

Д-р Стојка Бојковска, редовен професор, с.р.

Д-р Симон Саздов, вонреден професор, с.р.

Д-р Катерина Велјановска, редовен професор, с.р.

Д-р Станислава Тофовска, редовен професор, с.р.

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	м-р Бојан Петревски	„Неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик (синтаксички, семантички и информацискоструктурни аспекти)“	„Detached Constructions in the Macedonian Language (syntactic, semantic and information structure aspects)“	Проф. д-р Станислава Сташа Тофоска-Јанеска	27.6.2017 10-327/9

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“- СКОПЈЕ

1. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Мирјана Липковска	„Толкувањето во областа на полициското работење во фокус на Република Македонија“	„Police Interpreting with Focus on the Republic of Macedonia“	Проф. д-р Соња Витанова - Стрезова	27.6.2017 10-1550/3
2.	Маја Трајановска	„Професионалниот статус на толкувачите во Република Македонија актуелни состојби и визии за иднината на толкувачката професија“	„Professional status of Interpretes in the Republic of Macedonia current state of affairs and perspectives regarding the interpreting profession“	Проф. д-р Зорица Николовска	27.6.2017 10-1529/3

ПРЕГЛЕД

НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	***Име на кандидатот***	***Наслов на темата***	***Ментор***	***Одлука од Научен совет***
1.	Данче Бошковски	„Странски директни инвестиции со посебен осврт кон спојувањето и преземањето како стратегија за влез на СДИ“ “Foreign Direct Investments with particularly overview on mergers and acquisitions as a strategy for attracting FDI”	Д-р Биљана Ангелова	Бр. 02-1175/2 од 6.7.2017 година
2.	Бошко Стојановски	„План за преодни тарифи како основа за воспоставување на бизнис план за водните услуги во јавните комунални претпријатија во Република Македонија“ „Transition Tariffs Plan as a basis for establishing business plan for water services in Public Communal Enterprises in Republic of Macedonia“	Д-р Биљана Ангелова	Бр. 02-1190/2 од 6.7.2017 година
3.	Милена Петрушева	„Улогата на Меѓународната унија за патен транспорт-ИРУ во развојот на патниот сообраќај “ “The role of the International Road	Д-р Марија Таковска	Бр. 02-1194/2 од 6.7.2017 година

		Transport Union, the IRU in the development of road transport”		
4.	Јасемин Фејзула Имери	„Улогата и значењето на обуката за развојот на вработените во финансискиот сектор во приватни компании “ “The role and the importance of training for development of the employees from financial sector in private companies”	Д-р Васил Поповски	Бр. 02-1173/2 од 6.7.2017 година
5.	Јасна Сивевска	„Компаративни и конкурентски предности на текстилната индустрија“ “Comparative and competitive advantages of textile industry”	Д-р Биљана Ангелова	Бр. 02-1183/2 од 6.7.2017 година
6.	Кирил Самојловски	„Европската Унија – носечки столб на интеграциските процеси во Европа “ “European Union - the main pillar of the integration processes in Europe”	Д-р Силвана Мојсовска	Бр. 02-1180/2 од 6.7.2017 година
7.	Александра Мизговска	„Управување со ризици во јавниот сектор во Република Македонија“ “Risk management in public sector in Republic of Macedonia”	Д-р Биљана Ангелова	Бр. 02-1182/2 од 6.7.2017 година
8.	Емилија Ѓорѓиовска	„Криптовалута-нов чекор во монетарниот развој“ „Virtual (crypto) currency – new step in monetary development“	Д-р Биљана Ангелова	Бр. 02-1147/2 од 6.7.2017 година

9.	Васил Насковски	„Франшизингот во претприемништвото – можности и предизвици“ “Franchising in Entrepreneurship - Opportunities and Challenges”	Д-р Татјана Петковска-Мирчевска	Бр. 02-1181/2 од 6.7.2017 година
10.	Мато Гласновиќ	„Управување со јавниот комунален сектор во градот Загреб“ “Management with the public utility sector in the City of Zagreb”	Д-р Снежана Костадиноска -Милошески	Бр. 02-1184/2 од 6.7.2017 година
11.	Даниела Трајчевска	„Финансиското управување и управувањето со ризик во Република Македонија наспроти најдобрите Европски практики“ „Financial management and risk management in the Republic of Macedonia versus the best European practices“	Д-р Неда Петроска-Ангеловска	Бр. 02-1054/2 од 6.7.2017 година
12.	Ивана Вељаноска	„Финансирање на семејните бизниси-студија на случај “ “Financing family businesses-case studies”	Д-р Климентина Попоска	Бр. 02-1011/2 од 6.7.2017 година
13.	Гордана Иловска	„Управување со кредитниот ризик и кредитна анализа во банкарството-студија на случај “ “Managing credit risk and credit analysis in banking-case study”	Д-р Климентина Попоска	Бр. 02-1160/2 од 6.7.2017 година
14.	Мартин Арсовски	„Финансиско известување и финансиска анализа- со посебен осврт врз практичната примена на финансиската анализа на финансиски извештаи и студија на случај “ “Financial reporting and financial analysis	Д-р Биљана Ангелова	Бр. 02-1159/2 од 6.7.2017 година

		- with special emphasis on practical application of financial analysis on financial reports and case study”		
15.	Маја Смилевска Кокаловиќ	„Управување со трошоци-студија на случај ОКТА АД Скопје“ “Cost management –case study OKTA AD Skopje”	Д-р Диана Бошковска	Бр. 02-1156/2 од 6.7.2017 година
16.	Славица Јовановска Краљевска	„Странскиот капитал како фактор за развој на секторот на информатичко комуникациски технологии (ИКТ) во Република Македонија“ “Foreign capital as factor of development of Information and Communication Technologies (ICT) sector in the Republic of Macedonia”	Д-р Силвана Мојсовска	Бр. 02-1166/2 од 6.7.2017 година
17.	Светлана Чивчиристова	„Финансиски менаџмент во здравството со посебен осврт на Република Македонија“ “Financial Management in Health Sector with particularly overview of Republic of Macedonia”	Д-р Биљана Ангелова	Бр. 02-1178/2 од 6.7.2017 година
18.	Габриела Николовска	„Влијанието на меѓународните стандарди за квалитет врз работењето на компаниите-студија на случај “ “The role of nternational quality standards in company performance”	Д-р Марија Таковска	Бр. 02-1196/2 од 6.7.2017 година
19.	Јоана Станиќ	„Примената на логистиката и социјалните мрежи во дигиталната економија“	Д-р Марија Таковска	Бр. 02-1197/2

		“The application of logistics and social networks in digital ecomomy”		од 6.7.2017 година
20.	Елена Ивановска	„Финансиска анализа на општините во Град Скопје“ “Financial analysis of the municipalities of city of Skopje”	Д-р Владимир Петковски	Бр. 02-1198/2 од 6.7.2017 година

П Р Е Г Л Е Д

на прифатена тема за изработка на магистерски труд на

ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје

Студиска програма *Македонистика со комуникологија*

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата на македонски јазик и на англиски јазик**	**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на одлуката на Научниот совет за прифаќање на темата**
1.	Ивана Блажевска-Ристовска	Боите во македонската фразеологија (Colors in Macedonian phraseology)	Проф. д-р Снежана Велковска	бр. 10-40/1 од 20.5.2016 г.
2.	Бисерка Велковска-Блажева	Критичка анализа на дискурсот на пиар-соопштенијата на македонски во дигиталната ера (Critical Discourse Analysis of Press Releases in Macedonian in the Digital Age)	Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска	бр.10-76/1 од 5.12.2016 г.

3.	Благица Ангеловска	Употребата на стандарднојазичната норма во македонската забавна музика (преку примери од музичките текстови на Владо Јаневски) (The use of language standard in Macedonian pop music (through examples of musical text of songs by Vlado Janevski))	Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска	бр. 10-34/1 од 23.5.2017 г.
4.	Даница Гавриловска	„Карактеристики на јазичниот израз и употребата на стандарднојазичната норма на македонскиот јазик кај студентската популација во Штип“ „The characteristics of language expression and the use of Macedonian standard language norm among the student population in Stip“	Проф. д-р Снежана Веновска-Антевска	10-35/1 од 23. 5. 2017 г.

ПРЕГЛЕД

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје
Магистерски трудови

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Фидан Колев	Образованието во функција на вработување - студија на случај Струмица	Education in the function of employment – case study Strumica	Проф.д-р Јорде Јаќимовски	02-900/1 од 5.7.2017
	Бојана Генова	Анализа на критериумите за селекција на млади кандидати за вработување во Република Македонија Топузовска Латковиќ	Analysis of the selection criteria for young candidates for employment in Republic of Macedonia	Вонр. проф.д-р Марија Топузовска Латковиќ	02-900/3 од 5.7.2017
	Иван Ѓорѓиевски	Иван Ѓорѓиевски на тема Влијанието на бизнис лабораторијата и студентската практика врз перцепцијата за вработливост на студентите по бизнис и менаџмент	The influence of Business Laboratory and Internship Programs on the Perception of Employability for Business and Management Students	Проф.д-р Мирјана Борота Поповска	02-900/4 од 5.7.2017
2.	Јована Богеска	Високообразовниот кадар на пазарот на труд	Highly qualified staff in the labor market	Проф.д-р Јорде Јаќимовски	02-900/2 од 5.7.2017